Борче Илиевски

# ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ
(анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)

Наслов на оригиналот
**ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ**
**(анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)**

Автор
**Борче Илиевски**

Рецензент
**проф. д-р Виолета Ачкоска**
**проф. д-р Никола Жежов**

Лектор
**д-р Катица Трајкова**

Компјутерска подготовка
**Дизајн и принт солушн студио „Мавроски“**

Издавач
**Филозофски факултет**

Печати
**МАР-САЖ - Скопје**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

314(497.7)“1918/1939“
930

ИЛИЕВСКИ, Борче
Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни : (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година) / Борче Илиевски. - Скопје : Филозофски факултет, 2017. - 210 стр. : табели ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 201-209

ISBN 978-608-238-126-8

а) Демографија - Македонија - 1918-1939 б) Историографија - Македонија - 1918-1939
COBISS.MK-ID 103248906

**Борче Илиевски**

# ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВАРДАРСКА МАКЕДОНИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

**(анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година)**

**Скопје**
**2017**

# СОДРЖИНА

Предговор ____ 7

Пописите на населението како историски извори ____ 11

Извори за бројноста и структурата на населението во т.н. претстатистичка епоха ____ 11

Првите пописи – вредност и значење ____ 18

Пописите на населението во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Југославија во 1921 и 1931 година – методологија ____ 23

Етничка и верска структура на населението во Кралството на СХС/Југославија во 1921 и 1931 година ____ 28

Демографски прилики и административна поделба во време на балканските војни и Првата светска војна – обликување на границите на Вардарска Македонија ____ 37

Пописот од 1913 година ____ 40

Пописни податоци на бугарските власти од 1916/1917 година ____ 44

Спроведување на пописите во Вардарска Македонија од 1921 и 1931 година ____ 47

Демографски карактеристики ____ 55

Природно движење на населението (наталитет, морталитет, природен прираст) ____ 55

Стапка на писменост ____ 62

Социјална структура (земјоделско и неземјоделско население) ____ 64

Депопулација на градовите 1913 – 1921 година ____ 69

Верска структура 1921 – 1931 година ____ 87

Етничка структура во Вардарска Македонија според пописите од 1921 и 1931 година ____ 97

Бројност и структура на македонското православно население „Срби или Хрвати“ по мајчин јазик ____ 97
Македонски муслимани „Срби или Хрвати“ – муслимани (бројност, структура, миграции) ____ 141
Влијанието на колонизацијата на српското население врз етничката структура во Вардарска Македонија ____ 149

Бројност, структура и миграции на албанското население според пописите од 1921 и 1931 година – „Арнаути по мајчин јазик“ ____ 159

Турците во Вардарска Македонија според податоците од пописите во 1921 и 1931 година (бројност и миграции) ____ 187

Бројност и структура на помалите заедници ____ 207

Влашкото население во Вардарска Македонија на попиисите во 1921 и 1931 година – „Романци/Цинцари по мајчин јазик“ ____ 207
Еврејското население во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни ____ 213
Ромското население во Македонија на пописот од 1931 година ____ 216
Останати заедници ____ 217

Влијанието на пописните резултати врз одредени аспекти на политиката на Кралството Југославија кон малцинствата ____ 219

Заклучок ____ 225

Summary ____ 231

Извори и литература ____ 237

Извори: ____ 237
Литература: ____ 240

ИНДЕКС ____ 249

ПРИЛОГ ____ 255

# Предговор

Во историографската литература често пати се сретнуваат поими како *мнозинство* или *малцинство*, се даваат квантитативни проценки за одредени појави, за бројноста и структурата на населението во одреден период итн. Ваквите квантитативни податоци можеме да ги употребиме како предуслов за разбирање на одредени историски појави. Интересот за статистичките и демографските податоци е голем во историографијата, особено во историската демографија и социјалната историја. Меѓутоа, кога во историографските истражувања ги користиме статистичките податоци (дури и оние што имаат официјалност или се архивски обработени) мораме да поставиме неколку критички прашања. Дали податоците што ги користиме се прецизни? Дали податоците можеме да ги споредиме со некои други историски извори? Дали се репрезентативни за целината за која сакаме да дознаеме нешто и др.

Секако, податоците што произлегуваат од официјалните пописи и други статистички истражувања треба да ги споредиме со други историски извори и студии за да добие истражувањето целосна научна форма. Ваквата методологија се разбира ќе ни помогне и при проучување на демографските карактеристики и промени што се одвивале на територијата на Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Книгата е напишана врз основа на објавени статистички извори од кои најголемиот дел се од периодот на Кралството Југославија. Како поткрепа на статистичките извори се користат и бројни историографски, антропогеографски и етнографски трудови, чие вклопување во една синтеза во овој труд понекогаш претставуваше истражувачки предизвик.

Драматичните политички и цивилизациски промени што настанале по балканските војни и по протерувањето на Османлиите од Македонија, која сега се нашла во едно сосема поинакво политичко

опкружување, придонеле за две до три децении да настанат значајни демографски промени. Токму овие демографски движења и промени се предмет на интерес во овој труд согледани преку споредба со многубројните статистички податоци (официјални и неофицијални) и со исто така многубројните архивски изворни материјали што се однесуваат токму на оваа проблематика. Трудов во одредени делови се однесува и на историската демографија, историографска дисциплина што кај нас сè уште не го добила потребното научно значење.

Научниот интерес за посочената проблематика се јави пред повеќе од една деценија во време на изготвување на докторската дисертација „Етничките и демографските промени на територијата на денешна Република Македонија во периодот 1912 – 1994 година“ одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје во 2008 година пред комисијата: д-р В. Ачкоска (ментор), д-р Д. Пачемска Петреска, д-р М. Манојловски, д-р М. Пешевска и д-р М. Ташева. Помал дел од текстот во книгава претставува дел од споменатата дисертација, која подетално ги анализира етнодемографските промени во Македонија по Втората светска војна.

Дополнителен поттик за навраќање на историскодемографските процеси во Македонија во периодот меѓу двете светски војни пронајдовме во можноста да ги користиме статистичките податоци од пописот од 1931 година, кои се однесуваат на мајчиниот јазик на населението и кои од југословенската статистика не биле објавени до 1941 година. Во текот на Втората светска војна германските окупациони власти поради свои потреби ги обработиле овие податоци и ги објавиле. Благодарение на овие податоци може да се направи споредбена анализа на етничката структура во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни како и да се направи споредба со статистичките податоци од повоениот период.

Во македонската историографија за областите од Македонија што по балканските и Првата светска војна стануваат дел од државната територија на Кралството Србија, односно Кралството на СХС/Југославија најчесто се употребува терминот Вардарска Македонија (*Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969; Историја на македонскиот народ, том четврти, Скопје, 2000*). Во последните години се употребуваат и термините Македонија/Македонци под Кралството на СХС/Југославија (*Историја на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 2008*). Во некои понови истражувања се употребува и терминот југословенска Македонија на пример: Nada Boškovska, *Das jugoslawische Makedonien 1918–1941 Eine Randregion zwischen Repression und Integration, Bohlau Verlag Wien•Koln•Weimar, 2009.* Во книгава го користиме терминот Вардарска Македонија, кој сепак е најупотребуван во македонската и во балканските историог-

рафии. Бидејќи Вардарска Македонија во овој период нема утврдени политички граници, територијата на којашто се однесуваат податоците соодветствува со границите на Македонија утврдени во 1945 година.

Иако сме свесни дека статистиката и пописите често пати биле и се предмет на интерес на најразлични пропагандисти и често пати се алатки на националистичките идеологии, сепак се надеваме дека критичкиот осврт врз пописите во Кралството Југославија барем малку ќе придонесе во научно втемелените истражувања на демографските карактеристики на Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни и во одреден степен ќе пополни една празнина во нашата историографија.

Скопје, април 2017 Авторот

# Пописите на населението како историски извори

## Извори за бројноста и структурата на населението во т.н. претстатистичка епоха

Историографијата во текот на XX век, особено во неговата втора половина, бележи значајни промени во ширината и структурата на темите коишто претставуваат предмет на нејзин интерес. Под влијание на развојот на општествените и хуманистичките науки историчарите извршиле низа мошне значајни методолошки промени, пред сè преку проширување на своите научни интереси на истражување надвор од дотогашните традиционални политички и воени теми.

Научниот интерес за демографијата, поточно за бројноста и структурата на населението во одредени конкретни периоди од човековата историја, се јавува уште во XVII и XVIII век. Во XVII век Џон Грант (1620 – 1674) критички ги проучувал расположливите демографски податоци. Неговата проникнлива анализа резултирала со објавување на капиталното дело *Природни и политички заклучоци изведени врз основа на податоците за смртност* во 1662 година, коешто на многу начини ги поставило основите за развојот на демографијата. Томас Роберт Малтус (1766 – 1834) систематски ги анализирал демографските податоци што му биле на располагање и меѓу 1798 и 1826 година објавил шест изданија од својот познат трактат *Есеј за принципите на населението*[1]. Теоријата за населението на

1 Peter Laslett, "Gregory King, Robert Malthus and the Origins of English Social Realism", Population Studies, *Journal of Demography*, 1985, Vol. 39/3, 351–362; Ronald D. Lee, Malthus and Boserup: A dynamic synthesis, *The State of Population Theory: Forward from Malthus*, Oxford, 1986, 96–130. Многу други истражувачи, како Вилијам Пети (1623 – 1687), Грегори Кинг (1648 – 1712), Јохан Зусмилх (1707 – 1767), Адолф Кетеле (1796 – 1874) и Вилијам Фар (1807 – 1883), го проучувале населението и собирале и анализирале демографски податоци во

Малтус, иако многу контроверзна, извршила огромно влијание врз интелектуалната мисла, особено врз начинот на размислувањето за населението во светот во следните двесте години.

Историчарите дури од средината на XX век, под влијание на бројните демографски, економски и мултидисциплинарни истражувања, проучувањето на населението го ставиле во фокусот на својот научен интерес. Тоа пак довело до проучување на меѓусебното влијание на одредени историски настани и демографски промени врз глобалните историски процеси. Во ваков контекст се развила и историската демографија, која како посебна дисциплина ќе даде нова вредност на бројните историски извори што дотогаш воопшто не биле или биле недоволно користени, односно проучувани[2].

Научниот интерес за нови историографски теми им дале една нова вредност на мноштвото архивски материјали од коишто поголемиот дел и дотогаш биле познати, но речиси воопшто не биле користени. Во рамки на историската демографија започнале детално да се проучуваат пописите на населението. Историската демографија главно се фокусира на добивање прецизни демографски информации за населението во минатото, природното движење (наталитет, морталитет, природен прираст, склучени бракови и др.), неговата број-

периодот меѓу XVII и XIX век. Нивните трудови дале непосреден придонес за подоцнежниот развој на историската демографија и уште повеќе ги збогатиле демографските теории во тоа време (Alica Wertheimer-Baletić, *Stanovništvo i razvoj*, Zagreb, 1999, 62–69).

2 Историската демографија дала значаен придонес за развојот на одредени историографски теми. Со тоа што го збогатува нашето знаење за демографското однесување и промените кај населението во минатото, историската демографија ни помага подобро да ги разбереме демографските трендови во современите општества. За основач на историската демографија се смета францускиот демограф и историчар Луи Анри (1911 – 1991). Тој во една прилика рекол дека за да се даде одговор на двете прашања поврзани со промените кај населението што ги мачеле демографите во средината на XX век, „Каде сме?“ и „Каде одиме?“, треба најпрвин да го одговориме прашањето: „Каде бевме вчера и завчера?“ Ова навраќање на минатото, рекол, е клучно затоа што само така може да се добие одговор за она што следува. И пред Анри во четириесеттите години од XX век шведскиот демограф Ханес Хирениус ги анализирал податоците од црковните општини и применил методи слични на оние што ги применил Анри десет години подоцна. Пионерската работа на Анри извршила огромно влијание врз развојот на демографијата и истражувањата за историјата на населението. Тој понудил важна концептуална рамка, која била директна врска меѓу истражувањата на демографските податоци од минатото и низа значајни прашања поврзани со современото население и применил моќен метод на пресоздавање на семејството врз податоците од црковните општини коишто биле широко достапни во западните земји. Како резултат на ова влијание набргу започнал период на брз развој на историската демографија (Paul-Andre Rosental, “The Novelty of an Old Genre: Louis Henry anf the Founding of Historical Demography”, *Population*, 58/3, 2003, 97–129).

ност и структура (полова, старосна, верска, јазична, национална). Со тоа што нуди детални и веродостојни демографски информации за општествата во минатото, историската демографија може многу да го збогати нашето знање за историјата, а особено за историјата на населението. Структурните промените кај населението во минатото, како и денес, се во тесна интеракција со политичките, општествените и економските движења и имале значајна улога во општествените процеси и промени. Всушност, со проширувањето на подрачјето на интерес на историската наука во текот на XX век бил создаден простор за развој на повеќе гранични дисциплини, меѓу кои и историската демографија.

Од најстари времиња постои интерес на владетелите за бројот на населението во нивната земја, првенствено од економски и од воени причини. Првите системски, но сè уште парцијални анализи за структурата на населението датираат од XVII век. Првите проучувања се однесувале на природното движење на населението, односно стапката на наталитет, морталитет, природниот прираст и сл.[3].

Во историографските истражувања движењето на населението во минатото се проследува главно преку два пристапа. Првиот се базира на официјалните пописи на населението, а вториот пристап, најпрво развиен во западните историографии, се заснова на архивски материјали што потекнуваат од црковните (парохиските) книги или регистри за кои се развил значаен научен интерес. Некои истражувачи го увиделе потенцијалот што се крие во користењето на сочуваните податоци од црковните општини за бројот на новородени, склучени бракови и за бројот на умрени лица при изучување на историјата на населението, притоа следејќи ги структурните демографски промени што настанувале во определени области или во цели држави. Првите вакви систематски историскодемографски истражувања се вршени во Франција[4], Шведска

3 David I. Kertzer, Qualitative and Quantitative Approaches to Historical Demography. *Population and Development Review,* Vol. 23, No. 4, 1997, 839–846. Alica Wertheimer-Baletić, *Stanovništvo i razvoj*, 46–47.

4 Во споредба со другите европски земји, стапката на наталитет во Франција почнала да паѓа многу порано и останала на ниско ниво со децении, процес што долго време ги загрижувал демографите и политичарите во оваа земја. Споменатиот Л. Анри, кој работел во Националниот институт за демографски истражувања (L'Institut national d'études démographiques) и бил еден од научниците коишто активно работеле на овие истражувања, започнал да користи историски податоци од сочуваните црковни регистри. Како и работата на други демографи во тоа време, така и почетното истражување на Анри било во голема мерка ограничено поради недостиг на податоци. Како што претходно кажавме, наталитетот опаѓал неколку децении, па дури и повеќе од еден век во некои развиени земји. Најновите демографски податоци едноставно не им овозможувале на де-

и Британија[5]. Всушност, парохиските црковни регистри настанале

мографите да дадат одговор на прашањата за неконтролираниот наталитет (доколку постел) и почетниот пад. За да ја поткрепи својата теорија за природен наталитет со цврсти емпириски докази и за да даде детален опис и објаснување за падот на наталитетот, Анри се свртел кон податоците за населението од минатото. Најпрвин ги проучил генеолошките податоци за семејствата од владејачката класа во Женева, почнувајќи од средината на XVI век. Преку анализа на овие податоци се дошло до значајни сознанија за демографското однесување на оваа урбана елита и се открило дека нивната смртност и наталитет почнале да опаѓаат веќе при крајот на XVII и почетокот на XVIII век. Меѓутоа, ова население припаѓало на една посебна општествена група и демографските карактеристики што се востановиле кај него се очекувало да бидат различни од оние кај вкупното население. За да го надмине овој проблем, Анри и неговите колеги се свртеле кон сочуваните податоци за бројот на крштевки, погреби и бројот на бракови од црковната општина во француското село Круле, во Нормандија. Овие податоци се чувале непрекинато од средината на XVII век до Француската револуција и давале детални демографски информации. Овие детални информации овозможиле скоро сите податоци точно да се поврзат едни со други и со тоа да станат извор на податоци од непроценливо значење за проучување на демографските карактеристики во минатото и нивните промени со текот на времето. Но, и покрај нивната потенцијална вредност за демографските истражувања, сепак податоците од црковната општина не биле примарно создадени за демографско истражување и не можеле лесно да се анализираат со примена на конвенционални демографски методи. Ова претставувало голем методолошки предизвик за Анри. Како одговор на тоа, тој развил метод што бил сличен на методите што пред него ги користел Хирениус во Шведска, но демографски бил пориґорозен од нив. Овој метод денес е познат како пресоздавање на семејството. Со овој метод Анри и неговите колеги можеле да ја пресоздадат демографската историја на многу поединци за чиешто крштевање, склучен брак и погреб се чувале податоци во црковната општина, можеле да ги воспостават роднинските врски меѓу овие луѓе и да ги пресоздадат нивните семејства. Резултатите му дале на Анри и на неговата група ретка прилика да ја проучат демографската историја на Круле. Нивната работа довела до низа интересни откритија за демографското однесување и за промените во наталитетот, смртноста и трендот на склопување бракови во Круле во периодот од средината на XVII век до Француската револуција (Paul-Andre Rosental, “The Novelty of an Old Genre: Louis Henry anf the Founding of Historical Demography”, 109–114; Thomas H. Hollingsworth, *Historical Demography, The sources of History: Studies of the Use of Historical evidence,* Cambridge University Press, London, New York, Melbourne, 1969, 52–54).

5 Уште еден клучен момент во развојот на историската демографија било формирањето на Групата Кембриџ во 1964 година чија цел било проучување на историјата на населението и општествената структура во Англија. Во следните три децении повеќе истражувачи се насочиле кон проучување на црковните регистри на англиканската црква. Работата на Групата Кембриџ посебно се сконцентрирала на 26 црковни општини со подобри регистри и ја реконструирала историјата на нивното населението во периодот меѓу 1580 и 1837 година. Резултатите од оваа реконструкција не ја отсликувале само демографската состојба во црковните општини од кои се црпеле податоци туку и состојбата во целата земја. Во текот на седумдесеттите години било извршено уште подетално истражување

како потреба да се евидентира бројот на родените, венчаните и бројот на умрените припадници на одредена верска заедница во рамките на некоја парохија (црковна општина), која опфаќала едно или повеќе населени места[6]. Проучувајќи ги матичните книги од римокатоличка и протестантска провиниенција, како што видовме, историчарите дошле до заклучок дека преку нивна анализа може да се дојде до бројни и мошне значајни податоци за природното движење на населението (раѓања, умирања, склучени бракови) на определен простор, во одредена хронолошка рамка, и до податоци за миграциите и за дел од нив што дотогаш биле непознати. Значењето на матичните книги е мошне големо со оглед на фактот дека тие често пати претставувале единствена пишана трага за големо мнозинство луѓе во минатото.

Најстарите откриени црковни регистри потекнуваат од XIV век од областите што денес им припаѓаат на Франција и на Италија. Црковните регистри, односно матичните книги што биле водени од црковните власти, започнале да се водат во времето на ренесансата во поголем број западноевропски земји и за среќа дел од нив се зачувани до денес. Сепак, црковните регистри коишто се значајни за проучување на историската демографија, заради нивната целосност, потекнуваат од подоцнежниот период[7]. Во 1538 година Томас Кромвел во име на англискиот крал издал наредба да се водат и да се чуваат парохиските книги[8]. Слична наредба издал и францускиот крал Франсоа I во 1540 година за задолжително водење на евиденција за крстени лица[9]. Слични регистри од втората половина на XVI век задолжително биле водени и во Шкотска[10].

Во јуни 1614 година папата Павле V го објавил т.н. Римски обредник, кој содржел обрасци за водење на книги на крстени, венча-

---

во кое се користеле податоци од околу четиристотини црковни општини. Ова истражување дало детални податоци за историјата на населението во Англија во периодот 1541 – 1871 година (A. E. Wrigley, S.R. Schofield, *The Population History of England 1541 – 1841, A Reconstruction*, London, 1981).

6 Војин Дабић, „Морталитет и старосна структура српског становништва у Хабзбуршкој монархији у XVIII веку: пример православних парохија Вуковар, Итебеј и Дероње", *Срӣске сӣудије*, књ. 5, Београд, 2014, 14.

7 Николай Ботев, „Historia magistra vitae, или още за методите и средствата на историческата демография", *Население,* кн. 1, 17–20.

8 Thomas H. Hollingsworth, *Historical Demography, The sources of History: Studies of the Use of Historical evidence,* 140.

9 Во 1579 година во Франција бил воведен и задолжителен регистар на склучени бракови и смртни случаи (Урош Живановић, „Методолошка решења савремених пописа становништва у Француској", *Демоīрафија*, књ. XIII, Београд, 2016, 192).

10 Thomas H. Hollingsworth, *Historical Demography, The sources of History: Studies of the Use of Historical evidence,* 142.

ни, умрени и регистар на парохијаните, со што била создадена основа за унифицирање на парохиските книги, односно црковните регистри во римокатоличката црква[11]. Овие парохиски, односно матични книги биле користени како историски извори во повеќе историографски трудови, но нивното значење како важен историски извор добива вредност во втората половина на XX век кога француските историчари во рамките на *l`Ėcole des Annales* започнале подетално да ги вреднуваат овие историски извори, а со тоа започнало и нивното систематското методолошко и теориско проучување и употреба во современите историскодемографски истражувања[12].

Така, историчарите сѐ почесто во своите истражувања ги користат демографските извори за објаснување на одредени историски процеси, при што се нагласува влијанието на демографските феномени и на мноштвото аспекти на историскиот развој. Повеќемина историчари, следбеници на школата *Annales,* во своите истражувања посебно внимание обрнувале на бројноста на населението на определен простор, во одредена хронолошка рамка, на неговата структура, процентуалната застапеност на градското и селското население, миграциите и др. со што се поставиле нови хипотези и се дале поинакви објаснувања за значајни историски случувања и процеси[13].

Особено се важни истражувањата што произлегуваат од анализата на матичните книги, кои пак потекнуваат од т.н. претстатистички период кога пописи на населението, како што денес ги знаеме, не се спроведувале. Првите упатства за користење на матичните книги како изворен историски материјал се објавени во Франција во 1956 година[14]. Со анализа на црковните матични книги и нивно вметнување во одреден историски контекст било овозможено да се евидентираат определени историски процеси и да се утврди нивната динамика. Со тоа матичните книги влегуваат во корпусот на значаен из-

11 Под влијание на римокатоличката црква слични парохиски книги во вид на регистри биле водени и во православната Карловачка митрополија чија јурисдикција се протегала во границите на Хабсбуршката монархија (Војин Дабић, „Морталитет и старосна структура српског становништва у Хабзбуршкој монархији у XVIII веку“, 15–18).

12 Џон Тош, *У трагању за историјом, циљеви, методи и нови правци у проучавању савремене историје*, Београд, 2008, 298; Davor Lauc, Darko Vitek, Logika i povjesne znanosti – problem rekonstrukcije obitelj na temelj matičnjih knjiga, *Povjesni prilozi*, 2010, 93–94.

13 V. Stipetić, N. Vekarić, *Povjesna demografija Hrvatske*, Zagreb – Dubrovnik, 2004, 10–11.

14 Paul-Andre Rosental, "The Novelty of an Old Genre: Louis Henry anf the Founding of Historical Demography", 102; Miroslav Bertoša, "Matične knjige – arhivsko vrelo o demografskim previranjima predindustriske Europe", *Vjesnik državnog arhiva u Rijeci,* br. 41 – 42, Rijeka, 2000, 315–352.

ворен материјал не само за историската демографија туку и за општата историја[15].

Основниот пак извор на податоци за бројот и структурата на населението во поголемиот дел од балканските земји во т.н. претстатистички период се османските пописни дефтери, кои претставуваат фискални документи на османската администрација[16]. Преку нив можеме да ги следиме не само демографските туку и социокултурните промени што ги зафатиле балканските земји по османското освојување. Потребата да се зачува воената способност на османската спахиска војска, како и обезбедувањето контрола врз неа, биле причина да се води една строга контрола врз земјата која во вид на феудални имоти им била давана на војниците во замена за нивната воена служба. Заради ова било потребно да се има еден силен катастарски систем преку кој се регистрирале приходите од доделената земја. Османските пописни дефтери претставуваат драгоцен извор за проучување на историскодемографските движења на просторот на Османската Империја.

Фискалниот карактер на османските дефтери ги прави прилично различни во однос на историските извори од политички или воен карактер или пак во однос на парохиските книги водени во западна Европа. Сепак, османските пописни дефтери ни овозможуваат да ја реконструираме демографската, социјалната, верската и економската структура на населението во Османската Империја, особено во XV и XVI век. Во пописните дефтери биле евидентирани домаќинствата, односно носителите на даночните задолженија. Во нив не биле евидентирани жените (освен доколку како вдовици не биле носители на домаќинството и даночни обврзници) и сите други категории на население што биле ослободени од плаќање данок. Но поради наведените недостатоци не смееме да го потцениме значењето на османските пописни дефтери како значаен историски извор, бидејќи преку нив можеме приближно да го одредиме вкупниот број на население на одредена област под власта на Османската Империја, можеме да ја одредиме структурата на населението, понекогаш и миграционите движења што се мошне важни како за историската географија така и

15 V. Stipetić, N. Vekarić, *Povjesna demografija Hrvatske*, 11.

16 За значењето на османските пописни дефтери за историскодемографските проучувања види: Бистра Цветкова, „Османските tahrir defterleri като извори за историята на България и балканските страни“, *Известия на държавните архиви*, 3, София, 1975, 127–158; Драги Ѓоргиев, *Населението во македонско-албанскиот граничен појас (XV и XVI век),* Скопје, 2009; 19–22. Ема Миљковић, „Османске пописне књиге дефтери као извори за историјску демографију: могућности истраживања, тачност показатеља и методолошке недоумице“, *Теме*, XXXIV, бр. 1, Ниш, 2010, 363–367.

за топонимијата и економските карактеристики на Османската Империја, но се важни и за утврдување на верската и делумно етничката структура на населението[17].

## Првите пописи – вредност и значење

И покрај тоа што податоците од црковните регистри и другите извори имаат несомнено значење за одредени историографски теми, сепак модерните пописи на населението на историската наука ѝ даваат можност за користење на исклучително богат изворен материјал преку кој може да се согледа целокупната структура на населението на одреден простор во определен временски период. Пописите на населението претставуваат прагматична државна потреба што настанала како последица на севкупниот развој на државите, нивната администрација, но и нужност да се создаде што попрецизна евиденција за структурата на населението[18]. Првите познати систематски пребројувања на населението потекнуваат од Кина од вториот милениум пред Христос. Релативно точно пребројување на кинеското население било спроведено на почетокот на нашата ера во време на династијата Хан. Слични пребројувања биле спроведени и во Египет, Асирија, Персија. Ваквите пребројувања на населението се споменуваат и во Библијата. Пребројувања, односно пописи се спроведувале и во Рим од VI век пред Христос, а Римјаните го дале и самиот збор

17 Ема Миљковић, „Османске пописне књиге дефтери као извори за историјску демографију: могучности истраживања, тачност показатеља и методолошке недоумице", 363–367. Врховната османска власт на секои две до три децении вршела пописи на населението и населбите (села и градови), како и на феудалните имоти на кои се наоѓале соодветните населби. Притоа поименично во дефтерите биле запишувани сите спахии и сите машки жители што живееле на пример во одредено село, кое пак било дел од феудалниот имот на одреден спахија. По евидентирањето на жителите следел список на даноците со кои населението било обврзано кон феудалниот господар и кон државата. На овие пописи всушност биле евидентирани семејствата (домаќинствата) коишто претставувале даночна единица според која се плаќале даноците. Се смета дека едно семејство во просек било составено од пет члена. И покрај нивниот фискален карактер, сепак османските пописни дефтери од XV и XVI век се првостепен историски извор за утврдување на приближниот број жители во определена област (Драги Ѓоргиев, *Населението во македонско-албанскиот граничен појас (XV и XVI век),* 19).

18 Alica Wertheimer-Baletić, *Stanovništvo i razvoj*, 46–47.

за попис „census“[19]. Сепак ова биле само првични, примитивни обиди за систематизирање на евиденциите за населението. Од средновековните обиди за спроведување попис најпознато е пребројувањето на населението во Англија од 1086 година во времето на Вилхелм Освојувачот. Во другите делови од Европа во средновековниот период не постоеле организирани административни акции за пребројување на вкупното население. Дури во XV и XVI век во италијанските градови Венеција, Фиренца, Пиза, Рим, како и во Лондон и Аусбург биле спроведени определени пребројувања на населението. Во Пиза во 1428/1429 година градската администрација располагала со регистар на жителите по возраст. Во текот на XVI век пребројувања на населението имало и во Шпанија, но како и во другите делови на Европа во овој период, овие т.н. пописи прилично се несигурен извор и немаат целосна статистичка и демографска вредност. Во повеќето европски држави во посочениот период немало ниту капацитет за спроведување на едно сеопфатно пребројување на населението, додека и оние градови што имале определени регистри за своето население не ги објавувале, бидејќи сметале дека е слабост непријателите да го знаат бројот и структурата на нивното население. Пребројување на одредени категории на население се спроведувало во неколку европски земји. Во Норвешка во 1664/1666 година било попишувано машкото население, во 1702 година во Бохемија биле евидентирани сите потрошувачи на сол за да се воведе данок. На почетокот на XVIII век пребројување на населението било спроведено и во Исланд. Претходно во 1665 година било спроведено пребројување на населението и во Квебек, во Северна Америка[20].

Се поставува прашањето какво е значењето на овие пребројувања, односно првични обиди за пописи на населението во одредени држави. Најчесто во сите споменати пописи биле евидентирани само одредени категории население, на пример: даночните или воените обврзници, а често пати се евидентирал само бројот на домаќинства. Понекогаш биле евидентирани само слободните граѓани, но не и странците или робовите. Не се ретки случаите каде се попишувале само мажите, а не жените и децата и сл. Сето ова создава потешкотии при анализирање на ваквите пописни материјали во историските истражувања.

Во моментот кога податоците за бројот на населението и неговата структура државната администрација од повеќе причини веќе не ги користела од црковните матични книги започнува историјата на современите пописи базирана на точно определена статистичка

---

19 Thomas H. Hollingsworth, *Historical Demography, The sources of History: Studies of the Use of Historical evidence,* 66–69.

20 *Ibidem,* 70–73.

методологија. Често пати се покажало дека свештенството не ја водело со нужното внимание евиденцијата за родените, умрените, венчаните, доселените и за отселените. На европските држави од втората половина на XVIII век сè повеќе им биле потребни детални податоци за вкупниот број на населението, неговата верска, старосна, полова и образовна структура. Ваквите податоци биле потребни за следење на општествените текови и економските промени. Сето ова довело државните институции систематски да се зафатат со евидентирање на статистичките податоци[21]. Тоа пак ќе доведе до создавање на цел административен систем, кој периодично (најчесто на десет години) ќе врши попис на вкупното население во државата.

Историјата на современите пописи започнува во Шведска со пописот на населението од 1749 година од кога започнале да се водат и евиденции за природното движење на населението (раѓања, умирања, венчавки). Во 1790 година бил спроведен попис на населението во САД, а во 1801 во Франција и Англија. Од почетокот на XIX век пописите станале редовна практика на европските држави, кои започнале систематски да ги спроведуваат во определен временски интервал. Првиот современ попис во Норвешка бил спроведен во 1815 година, во Холандија во 1824, во Данска во 1834, во Швајцарија 1837. Од триесеттите години на XIX век пописи биле спроведувани во германските држави, а од 1871, по обединувањето, во цела Германија. Во Русија и покрај неколку обиди во текот на XVIII и XIX век, првиот модерен попис бил спроведен во 1897 година[22]. Во другите делови на светот, со мали исклучоци, пред почетокот на XX век ниту имало услови ниту биле спроведувани систематски пописи на населението со употреба на определена статистичка методологија.

Првите обиди за спроведување на пописи во Османската Империја коишто се доближувале до принципите и методологијата на западните земји започнуваат во 1831 година кога бил спроведен првиот општ попис на машкото население во државата[23]. Во 1891 година во времето на султанот Абдул Хамид II (1876 – 1909) при Високата порта бил основан Совет за статистика по моделот на тогашните статистички институции во Европа. Овој Совет во 1893 година го довршил

21 Petar Korunić, "Početak moderne statistike u Hrvatskoj i Slavoniji od 1850. do 1857. godine", *Historijski zbornik*, 63/1, Zagreb, 2010, 53–54.

22 Alica Wertheimer-Baletić, *Stanovništvo i razvoj*, 46–49.

23 Види: Stanford J. Shaw, "The Ottoman Census System and Population, 1831 – 1914", *International Journal of Middle East Studies*, Vol. IX, No. 3, 1978, 325–326; Engin Deniz Akarlı, *Ottoman Population in Europe in the Nineteenth Century; its Territorial, Racial and Religious Composition,* up. MA Thesis, University of Wisconsin, 1972, 30–37. K. H. Karpat, *Ottoman Population 1830 – 1914: Demographic and Social Characteristics,* Wisconsin, 1985, 20.

пописот што започнал во 1881 година и бил прв попис во Османската Империја со кој се евидентирало и женското население. Советот за статистика набрзо, во 1905/1906 година, спровел нов попис за да се исправат грешките од претходниот попис и попрецизно да се процени бројот и структурата на населението во Македонија[24].

Балканските држави ја прифатиле методологијата на спроведување на пописи веднаш по стекнување на автономија или независност. Четири години по здобивањето на автономија во Србија бил спроведен попис на населението, но овој попис имал исклучиво фискален карактер[25]. Првиот попис по стекнувањето на независноста на Грција бил спроведен, исто како во Србија, во 1834 година[26]. Во Бугарија првиот попис на населението бил спроведен во 1880 година, две години по стекнувањето на автономијата[27]. Во Црна Гора првиот методолошки прифатлив попис бил извршен во 1910 година[28]. Во Албанија првиот попис по прогласувањето на независноста бил спроведен во 1923 година кога во државата имало 803 959 жители[29].

Општоприфатените научни начела и методологијата за спроведување на современите пописи биле прифатени при пописот во Белгија од 1846 година, кој се смета за прв современ европски попис спроведен по методологија што во основа се применува и денес[30]. Сите современи пописи имаат неколку битни заеднички карактерис-

24 *Историја Османског царства*, приредио Робер Мантран, Београд, 2002, 654–655.

25 Холм Зундхаусен, Историја Србије *од 19. до 21. века* (превод од германски Томислав Бекиќ), Београд, 2009, 158. Sundhaussen Holm, *Historische Statistik Serbiens 1834 – 1914. Mit europäishen Vergleichsdaten*, München, 1989, 31. Мошне динамичниот демографски развој и територијалните проширувања биле причина во Србија во периодот 1834 – 1910 година да се одржат шеснаесет пописи на населението. (Aleksandra Vuletić, "Censuses in 19 th century Serbia inventory of preserved microdata", 3 -4, (http://www.demogr.mpg.de/papers/working/wp-2012-018.pdf).

26 Мајкл Паларет, *Балканските економии (1800 – 1914),* Скопје, 2015, 17.

27 На почетокот на XX век Бугарија како и другите балкански држави има исклучително динамичен демографски развој. Во 1900 година Бугарија имала 3 744 283 жители. За само пет години, во 1905 год. кога бил одржан следниот попис, бројот на населението се зголемил на 4 035 575 жители (*Кратки извлечения отъ общите резултати по преброяване на населението на Царство България на 31 декемврий 1905*, София, 1910, 2).

28 Милош Јагодић. „Процена броја Срба (1880 – 1910)", *Српске студије*, књига 1, Београд, 2010, 68.

29 Петер Бартл, *Албанци од средњег века до данас*, Београд, 2001, 11.

30 Alica Wertheimer-Baletić, *Stanovništvo i razvoj*, 46–47; Božena Vraneš Šoljan, "Prvi opći popis stanovništva u Habsburškoj monarhiji", *Časopis za suvremenu povjest*, br. 2, Zagreb, 2008, 519–520.

тики. Пописите по правило го опфаќаат вкупното население на една територија; на пописите податоците се добиваат директно од населението; пописите даваат исцрпен преглед на податоците за населението и неговите обележја; пописите треба да се спроведуваат секоја десетта година со што се изразува периодочност во попишувањето[31].

31 Alica Wertheimer-Baletić, *Stanovništvo i razvoj*, 47–48.

# Пописите на населението во Кралството на Србите, Хрватите и Словенците/Југославија во 1921 и 1931 година – методологија

Помеѓу новите држави што се појавуваат на политичката карта на Европа по завршувањето на Првата светска војна, во однос на верската и националната структура на населението, Кралството на СХС/Југославија претставува најсложена заедница, пред сè заради исклучително хетерогениот состав на населението[32].

Хетерогеноста на верски и национален план се огледа во резултатите од пописите во меѓувоена Југославија, кои биле спроведени во 1921 и 1931 година. Објавените податоци од пописите се основен статистички извор за промените во бројната состојба на населението и за проучување на неговата структура во периодот меѓу двете светски војни[33]. Втората светска војна и крахот на кралска Југославија го спречиле одржувањето на пописот во 1941 година. Покрај неодржувањето на планираниот попис, не биле објавени и сите податоци од пописот одржан во 1931 година.

---

32 Мари Жанин Чалић, *Историја Југославије 20. века*, Београд, 2013, 104.

33 Резултатите од пописот спроведен во 1921 се објавени во публикацијата *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* Сарајево, 1932. Објавените податоци се однесуваат на присутното население по вероисповед и мајчин јазик, како и за присутното население по пол и старост. Резултатите од пописот во 1931 година се објавени во четири книги: *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva*, Beograd. 1937; *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, Beograd, 1938; *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, kniga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti*, Beograd, 1938; *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, knjiga IV, Prisutno stanovništvo po glavnom zanimanju*, Beograd, 1940.

Демографската анализа на пописните податоци од 1921 и 1931 година, особено проучувањето на националниот состав, во одредени случаи може да претставува сложена задача, бидејќи покрај уставотворните Срби, Хрвати и Словенци во државата живееле и непризнати јужнословенски народи, како и бројни нејужнословенски малцинства. Објавените податоци од пописите се однесуваат на верската припадност и мајчиниот јазик на населението.

Заради наведените причини податоците од меѓувоените југословенски пописи треба да се анализираат критички, особено кога податоците за мајчиниот јазик на населението ќе сакаме да ги вметнеме во современите национални категории. Покрај тоа, недоволното искуство, недоволната техничка опременост, интересите на властите, статистичките прашалници и нивната интерпретација укажуваат на нужноста од споменатото критичко анализирање на објавените статистички податоци[34].

Пописот од 31 јануари 1921 година во Кралството на СХС бил спроведен во т.н. историски покраини, кои на еден или на друг начин суштествувале до 1918 година, бидејќи сè до донесувањето на Видовденскиот устав од 28 јуни 1921 година, Кралството во административен поглед сè уште не било еднообразно организирано[35]. Пописот во 1931 година се одвивал како во изменети политички услови така и во сосема променета административна слика во однос на пописот од 1921 година. Старите покраини биле укинати со Видовденскиот устав и со посебен закон од април 1922 година наместо дотогашните седум покраини, Кралството било поделено на 33 области[36].

До нови промени дошло во октомври 1929 година кога наместо дотогашните области биле оформени девет бановини и посебна управа на градот Белград. Со поделбата на области од 1922 година во голема мера биле зачувани границите на т.н. историски покраини, додека со границите на бановините поранешните историски граници биле анулирани и не се совпаѓале ниту со историските ниту со на-

34 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine (po svim zvaničnim a u nekim slučajevima i korigovanim popisima),* sveska I, Bibliothèque Dialogue, Paris, 1998, xi, xvi.

35 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva*, VI. Во објавената публикација за спроведениот попис во 1921 година пописните податоци освен за Кралството во целина се објавуваат и како посебни целини за Србија, Северна Србија во границите до пред балканските војни и Јужна Србија (односно Македонија, Косово, Метохија и Санџак), потоа за Црна Гора, Босна и Херцеговина, Далмација, Хрватска, Славонија со Меѓумурје и островот Крк со општината Кастав, Словенија и Банат, Бачка и Барања (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 2–3).

36 *Službene novine* br. 92, 28. April 1922 g.

ционалните граници во Кралството (со исклучок на Дравската Бановина, која ја опфаќала Словенија). Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија биле поделени во неколку бановини. Дринската Бановина опфаќала делови од Босна и Херцеговина и западна Србија. Дунавската Бановина се протегала во источните делови на денешна Хрватска, северните делови на Србија, вклучувајќи ја и целата територија на денешна Војводина. Зетската Бановина, покрај Црна Гора, се протегала и во јужните делови на Далмација, југоисточните делови на Босна и Херцеговина и делови од Метохија[37]. Во Вардарската Бановина, покрај Македонија, влегувале и делови на Косово и јужна Србија. Од наведените примери се гледа дека во бановините биле вклучени области кои до 1918 година имале сосема различен историски развој, припаѓале на различни држави и на различни култури и традиции.

Податоците од пописот од 1921 година претставуваат значаен извор за споредба на демографските состојби на населението од пред Првата светска војна и последиците што војните (вклучувајќи ги и балканските) ги оставиле врз бројноста и структурата на жителите на новата држава[38]. Во однос на етничката структура на населението, таа може да се утврди само посредно, односно преку податоците за мајчиниот јазик и вероисповедта, така што за одредени области податоците може да бидат само приближни.

Во упатството за пополнување на прашалниците на пописот на прашањето за мајчин јазик се истакнувало дека како мајчин јазик може да се наведе само еден јазик, а на попишувачите им било забрането секакво наговарање или влијание. На прашањето за вероисповед, жителите можеле да се определат за една од наведените вероисповеди на пописницата, а тоа биле: православна, римокатоличка, евангелистичка, муслиманска, еврејска (Сефарди или други Евреи), или пак на крајот од прашањето можеле да наведат на која друга вероисповед ѝ припаѓаат[39]. Во објавената публикација со резултатите од пописот од 1921 година, податоците за мајчин јазик се објавени во следниве лингвистички групи: Срби или Хрвати, Словенци, Че-

37 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska I, xii; *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva*, VII.

38 За историскодемографските истражувања податоците од пописот во 1921 година се значајни и заради можноста за споредба со австроунгарскиот попис од 1910 година, пописот во Кралството Србија од 1910, пописот во Кралството Црна Гора од 1910 и сл. (За вкупните губитоци на населението во Вардарска Македонија, Косово, Метохија и Санџак во периодот 1912 – 1921 види: Милош Јагодић, „Процена демографских губитака Срба у периоду 1910 – 1921", *Српске студије,* књ. 6, Београд, 2015, 15–22).

39 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* knjiga IX, Beograd, 1954, Uvod, x.

хословаци, Русини (Рутернијци, Малоруси), Полјаци, Руси, Унгарци, Германци, Арнаути, Турци, Романци – Цинцари, Италијанци, Французи, Англичани, останато и непознато. Во однос на верската припадност, објавените резултати се однесуваат на следните вероисповеди: православни, римокатолици, гркокатолици, евангелисти, Евреи (Изреалци), други, без конфесија и непознато[40].

Пописите на населението во Кралството Југославија, исто како и во нејзината повоена наследничка, освен статистичко, имале и политичко значење. Властите на Кралството на СХС сметале дека објавувањето на бројот на припадниците на малцинските заедници би можело да ги загрози интересите на државата поради што Министерството за надворешни работи со вето го одложило објавувањето на пописните резултати од 1921 година[41]. Од одржувањето на пописот до објавувањето поминале единаесет години.

Вториот попис на населението во Кралството Југославија се одвивал од 1 до 20 април 1931 година. Пописот бил спроведен врз основа на Законот за попис на населението, земјоделски стопанства и стока од 31 јануари 1931 година. Пописот бил спроведен од Општата државна статистика во Белград за Вардарската, Дунавската, Моравската и Зетската Бановина, како и за управата на градот Белград. Статистичкиот завод во Загреб го спроведувал пописот во Савската и Приморската Бановина, додека статистичкиот завод во Сараево бил надлежен за спроведување на пописот во Врбаската и Дринската Бановина. Пописот го спроведувале општинските власти преку пописни одбори и попишувачи. Законот ги задолжувал и службениците, свештениците и другите писмени граѓани по потреба да вршат попишување. Сите индивидуални податоци собрани во текот на попишувањето во согласност со меѓународната статистичка методологија биле сметани за службена тајна и служеле само во општите статистички цели. На целата територија на Кралството биле определени над 52 000 попишувачи од кои мнозинството биле државни и општински службеници и свештеници[42].

Во упатството за пополнување на пописниците се наведувало дека точно треба да се наведе вероисповедта на секое лице, без раз-

40 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* vii; *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* knjiga IX, Beograd, 1954, Uvod, x.

41 Zoran Janjetović, *Deca careva pastorčad kraljeva Nacionalne manjine u Jugoslaviji 1918-1941*, Beograd, 2005, 62–63.

42 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva,* Beograd, 1937, VI.

лика дали е призната или не[43]. На овој попис, покрај мајчиниот јазик и вероисповедта, било поставено и прашање за народноста на населението. Податоците за мајчиниот јазик и народноста не биле публикувани до почетокот на Втората светска војна. На прашањето за народност сите јужнословенски народи биле евидентирани како една целина, односно како една народност – југословенска[44]. Доколку лицето не било од југословенска народност, тогаш се впишувала народноста на лицето. Податоците за народносната/националната припадност на населението во Кралството биле уништени за време на германското бомбардирање на Белград, кога бил уништен и дел од обработениот статистички материјал што се однесувал на мајчиниот јазик на населението обработен по општини. Зачувани останале обработените податоци за мајчин јазик по околии[45]. По окупацијата на Белград во април 1941 година германските трупи го заплениле материјалот од пописот од 1931 година и средените податоци ги објавиле во 1943 година во Виена[46], но во многу ограничен број примероци, бидејќи статистичкиот материјал без сомнение бил наменет за употреба на германските окупациони власти[47]. Заради малиот број публикувани примероци и тешката достапност овој статистички материјал, но мошне значаен историски извор, останува малку познат за нашата научна јавност.

Германските власти при дообработката статистичкиот материјал го објавиле во табели во кои на хоризонталната линија ги дале податоците за вероисповедта, а на вертикалната за мајчиниот јазик на населението во одредената бановина или околија. На тој начин податоците стануваат попрегледни и полесни за понатамошно научно користење во однос на објавените податоци од пописот одржан во

43 Вероисповедта на населението била поделена во следните категории: православна, римокатоличка, гркокатоличка, ерменокатоличка, старокатоличка, евангелистичка аусбуршка (германска), евангелистичка аусбуршка (словачка), реформаторска (хелветско-калвинистичка), други евангелистички, баптистичка, адвентистичка, методистичка, назаренска, други христијански, исламска (муслиманска), еврејско-сефардска, еврејско-ашкенаска, еврејско-ортодоксна, друга и без кофесија (*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* knjiga IX, Beograd, 1954, Uvod, xi).

44 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* Uvod, xi.

45 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska I, xi.

46 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession nach den unveröffentlichten Angaben der Zählung von 1931*, Wien, 1943.

47 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, xi

1921 година[48]. По војната во 1945 година дел од податоците од пописот од 1931 година, што се однесуваат на мајчиниот јазик и вероисповедта, биле објавени од Државниот статистички завод[49].

И покрај тоа што пописот од 1931 година формално предвидувал евидентирање на онаа народност на која лицето ѝ припаѓало, сепак пописните податоци не би можеле да го претставаат реалниот број на одредените народности бидејќи сите т.н. југословенски народности морале да се опфатат во една целина, односно како југословенска народност[50]. Во упатството за пополнување на пописниците било наведено дека е потребно да се впише народноста на која одредено лице ѝ припаѓа (југословенска или друга). Доколку народноста не била југословенска, требало да се назначи народноста на која лицето ѝ припаѓало: германска, унгарска, турска и др. Во упатството се наведувало дека секое лице може слободно да ја наведе својата народност и мајчиниот јазик, а пописните органи во тој поглед не смееле да вршат никаков притисок. Меѓутоа, и покрај посочените напомени и упатства, сепак политичките критериуми во согласност со тогашната политика на интегрално југословенство можат да претставуваат проблем при согледување на етничката структура на населението во некои делови од државата[51].

## Етничка и верска структура на населението во Кралството на СХС/Југославија во 1921 и 1931 година

На територијата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во јануари 1921 година живееле 11 984 911 жители. По вероисповед најбројни биле православните со вкупно 5 593 057 жители или 46,7 %. Во Кралството живееле 4 708 657 римокатолици (39,3 %), а трети по бројност биле муслиманите со 1 345 271 жител (11,2 %). Останатите религиозни групи биле далеку помалубројни и најголем дел од нив им припаѓале на малцинските заедници, како што биле евангелистите со 229 517 жители од кои најголемиот дел живееле во

48 *Ibidem*, xxv.

49 *Stanovništvo predratne Jugoslavije po veroispopvesti i maternjem jeziku po popisu od 31.III.1931 godine-pregled po srezovima,* Državni statistički ured, Serija II, sveska 3, Beograd, 1945.

50 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* Uvod, xi.

51 Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929–1941.*, Београд, 2011, 54.

Војводина, Хрватска и Словенија. На пописот биле евидентирани и 64 746 Евреи[52].

Во однос на мајчиниот јазик официјалната статистика бележи дека 8 911 509 жители се евидентирани како Срби или Хрвати и 1 019 997 како Словенци. Следејќи ги проценките на Богољуб Кочовиќ, релативно мнозинство од вкупното население во Кралството претставувале Србите со 4 813 860, односно 40,1 %[53]. Пописните резултати покажуваат дека најголем број Срби живееле на границите на Кралството Србија до 1912 година. Србите претставувале релативно мнозинство во Босна и Херцеговина, која на пописот во 1921 година постои како посебна историска покраина. Тука православното население, во најголем дел српско, било релативно мнозинство со 43,8 % од вкупното население. Србите биле мнозинско население во Босанска Краина, Семберија, источна Херцеговина и делови од источна Босна[54]. На просторот на денешна Војводина во 1921 година живееле 526 000 Срби, односно 34,5 % од вкупното население[55].

Значајно присуство на српско население се бележи и во тогашните покраини Хрватска и Славонија каде православното, односно српско население било застапено со 24 % од вкупното население, како и во Далмација каде што Србите претставувале 17 % од вкупното население. Во 1921 година се бележи умерено зголемување на бројот на православното српско население во Хрватска и Славонија во однос на последниот австроунгарски попис од 1910 година[56].

Втори по бројност во Кралството на СХС во 1921 година биле Хрватите. Мнозинство претставувале на просторот на денешна Хр-

52 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 2–3.

53 Во вкупниот број Срби, Кочовиќ ги вклучува и Црногорците. Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska II, 310–329.

54 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 2–3; 130–245. Значајна демографска карактеристика на Босна и Херцеговина е поголемото учество на муслиманското население кај градските жители во однос на православните (Срби) и католичките (Хрвати). Речиси во сите градови во Босна и Херцеговина во 1921 година муслиманското население претставувало повеќе од половина од вкупниот број на население.

55 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, sveska II, 322. Во 1910 година на просторот на денешна Војводина биле евидентирани 510 000 Срби. Во Бачка само 18 % од жителите биле Срби (Золтан Ђере, „Скица промена етничког састава становништва на тлу дањашње Војводине 1526 – 1910. године“, *Истраживања*, 13, Нови Сад, 2004, 121).

56 Спореди: Милош Јагодић, „Процена демографских губитака Срба у периоду 1910 – 1921“, 56.

ватска, каде живееле 2 234 770 Хрвати[57]. Во делови на Босна и Херцеговина, особено во западна Херцеговина, средна Босна и делови на Посавина, Хрватите претставувале значаен дел од населението. Во Босна и Херцеговина во 1921 година живееле 444 309 римокатолици[58] од кои, според проценките на Б. Кочовиќ, 410 890 биле Хрвати[59].

За разлика од Србите и Хрватите, третиот конститутивен народ, Словенците, мошне компактно во големо мнозинство живееле на територијата на Словенија. Од вкупно 1 054 910 жители на Словенија, во 1921 година 1 018 771, односно 96,6 % биле Словенци, односно жители со словенечки мајчин јазик[60].

Значаен дел од населението на Босна и Херцеговина во 1921 година биле евидентираните „Срби или Хрвати“ со муслиманска вероисповед, односно босанските муслимани. Пописот покажува дека во Босна и Херцеговина живееле 588 172 муслимани по вероисповед, односно 31,1 % од вкупното население[61].

Останатото население припаѓало на малцинските заедници од кои најбројни биле Германците со вкупно 505 790 жители. Најголем број Германци живееле во Банат, Бачка, Барања и Славонија[62]. Во одредени делови на денешна Војводина, Германците претставувале значајна компонента од населението. Во Банат, по Србите, Германците биле втори по бројност со 22,5 % учество во вкупното население[63]. Слично било и во соседните области Бачка и Барања, каде биле

57 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, sveska I, 250.

58 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 3.

59 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, sveska I, 250. За етничката структура на населението во Босна и Херцеговина види: Milena Spasovski, Dragica Živković, Milomir Stepić, „The Ethnic Structure of the Population in Bosnia and Herzegovina“*, The Serbian Questions in The Balkans,* Belgrade, 1995.

60 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 3.

61 *Ibid*, 2–3.

62 Германците во посочените области биле колонизирани главно во текот на XVIII век од страна на Хабсбуршката монархија. Германското население било мнозинско или застапено во значаен број во повеќе градови во овие области како Вршац, Панчево, Земун, Апатин, Бечкерек (Зрењанин) и др. (Zoran Janjetović, *Deca careva pastorčad kraljeva Nacionalne manjine u Jugoslaviji 1918–1941,* 39–43).

63 Значајно е нивното присуство и во поголемите градови во посочената област. Германците претставувале 53,8 % од вкупното население на градот Бела Црква, 49 % во Вршац и 37,4 % во Панчево. Во околиите Панчево и Јаша Томиќ, Германците претставувале релативно мнозинсто (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 347–355). Во однос на 1910 година на просторот на денешна Војводина се бележи умерено зголемување на бројот на герман-

евидентирани 190 049 Германци, односно 24,2 % од населението во овие области[64].

Втора малцинска заедница по бројност во Кралството на СХС во 1921 година биле Унгарците. Нивниот број изнесувал 467 658 жители, исто така населени во областите кои до 1918 година биле под власт на Австроунгарија. Како и Германците, присуството на Унгарците е најзначајно на просторот на денешна Војводина. Во областа Бачка живееле 260 998 Унгарци, односно 56 % од вкупниот број на Унгарци во Кралството[65].

На пописот во 1921 година биле евидентирани и 439 657 Албанци, во официјалната пописна евиденција Арнаути по мајчин јазик, населени во Косово, Метохија, западните и северните делови на Македонија и во делови од Црна Гора[66]. Албанците претставувале значително мнозинство долж границата со Албанија, особено во околиите Ѓаковица, Хас, Подрима, но и во внатрешноста, како во Дреница или Лапската Област. Освен во косовско-метохиските области албанско население живеело и во Вардарска Македонија, 110 669 жители, и во Црна Гора, 16 838 жители. Во Црна Гора албанското население било сконцентрирано во Барскиот и Подгоричкиот Округ[67].

---

ското население од 323 000 во 1910 година на 333 000 во 1921 година (спореди: Vladimir Djurić, S. Ćurčić, S. Kicošev, “The Ethnic Structure of the Population of Vojvodina”, *The Serbian Questions in The Balkans,* Belgrade, 1995; Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, II, 322).

64 Во околијата Апатин Германците претставувале релативно мнозинство со 45,5 %, наспроти Србите со 12,7 %. Во градот Апатин Германците претставувале 90 % од населението. Германците претставувале мнозинство со над 50 % и во околиите Кула, Оџаци и Бачка Паланка, а во градот Б. Паланка биле застапени со 80 % од населението (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 355–361).

65 Во градот Стара Кањижа Унгарците претставувале 94,7 % од вкупното население, а во Сента 86,4 %. Во Бачка Топола Унгарците претставувале 96,2 %, а во Стари Бечеј 57,8 %. Во околијата Сента во североисточна Бачка 80 % од населението биле Унгарци, во соседната околија Б. Топола биле 77,3 %, а во околијата Стари Бечеј 50,3 % (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 355–363). Унгарците претставувале значајна заедница во северните делови на Кралството, во Бачка каде биле релативно мнозинство, потоа во Банат, како и во делови на Хрватска и Словенија. За разлика од Германците, кај Унгарците се бележи намалување во однос на 1910 година (Золтан Ђере, „Скица промена етничког састава становништва на тлу дањашње Војводине 1526 – 1910. године“, 120–121).

66 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 2–3.

67 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, sveska, I, 12–13, 22–23; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 102–103, 108–109, 122, 127.

Според официјалната пописна публикација во Кралството живееле и 231 068 *Романци/Цинцари*, од кои најголемиот дел се евидентирани во Србија, 159 549, населени главно во источните делови на Србија, во пограничните области со Романија и во Банат. Во овој број влегува и влашкото население во Македонија. Од побројните малцински заедници ќе ги споменеме и Турците, кои броеле 150 332 жители, од кои сосема разбирливо во областите што по балканските војни влегуваат во границите на Кралството Србија, 148 019 Турци, односно 98,4 % од вкупниот број на турско население евидентирано во Кралството[68]. На просторот на Вардарска Македонија живееле 118 758 Турци, додека во околиите во Косово и Метохија биле евидентирани 27 915 Турци[69]. Покрај споменатите, во Кралството живееле 115 532 Чехословаци, 20 568 Руси, 25 615 Русини, 14 764 Полјаци, 12 553 Италијанци и др.

Во 1931 година во Кралството Југославија живееле вкупно 13 943 038 жители[70]. Во однос на вероисповедта, релативно мнозинство претставувале православните со 6 785 501 жител (48,7 %). Бројот на римокатолиците изнесувал 5 217 847 (37,4 %). Трети по бројност биле муслиманите со 1 561 166 жители, односно 11,2 %[71].

Во однос на мајчиниот јазик, 10 790 823 жители се евидентирани како *Срби/Хрвати*, од кои 6 577 398 православни, 3 186 295 римокатолици, 908 167 муслимани, 26 896 со еврејска вероисповед и 32 067 главно припадници на помали христијански цркви[72]. Во однос на пописот од 1921 година се бележи значаен пораст на бројот на вкупното население за 1 950 000 жители. Зголемување бележи и населението официјално евидентирано како *Срби/Хрвати* по мајчин јазик, како и Словенци. Според проценките на Богољуб Кочовиќ направени врз основа на пописните податоци во 1931 година во Кралството Југославија живееле 5 963 220 Срби и 3 195 380 Хрвати[73].

68 *Ibidem,* 3, 87.

69 Види: Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine*, I, 22–25.

70 Според тогашната административна поделба на девет бановини најмногу жители имала Савската Бановина – 2 700 000, додека најмал број жители биле евидентирани во Приморската Бановина – 901 000 (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća domaćinstva*, 4).

71 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 4.

72 Види: *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession* 10.

73 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* II, 251.

Пописот од 1931 година бил спроведен во согласност со новото административно уредување на државата, во бановините (вкупно девет), кои пак, како што напоменавме, не соодветствувале со историските и етничките граници. Границите на бановините биле повлечени на тој начин што во повеќето од нив мнозинство било српското население. Словенците биле апсолутно мнозинство во Дравската Бановина. Од вкупно 1 144 208 жители на бановината, 1 054 109, односно 92,1 % биле Словенци. Хрватите биле мнозинство во Приморската со 76,2 % и во Савската Бановина со 70,9 % од вкупното население. Значаен број на Хрвати живееле и во Врбаската Бановина (14,5 %) и во Дринската Бановина (10,2 %). Босанските муслимани, разбирливо официјално евидентирани како *Срби/Хрвати* по мајчин јазик, биле поделени во Дринската, Врбаската, Зетската и Приморската Бановина[74]. Во однос на 1921 година, муслиманското население во Босна и Херцеговина бележи зголемување за 22 %[75].

Во однос на малцинствата, најголемо зголемување бележат Албанците. Во 1931 година во Кралството живееле 505 259 Албанци, односно за 65 600 повеќе во однос на 1921 година. Најголемиот дел од албанското население живеело во Вардарската Бановина – 302 901, во Зетската – 150 062 и во Моравската Бановина – 48 300 жители[76]. И покрај значителната колонизација на српското население во косовско-метохиските области, особено во пограничните области кон Албанија, албанското население и натаму претставувало значително мнозинство. Во околијата Ѓаковица на пример, и покрај значителниот пораст на православните Срби од 2 049 во 1921 година на 6 684 во 1931 година, сепак доминантно останало албанско население (муслиманско и католичко) со 80,2 % од вкупното население на околијата[77].

74 Во Дринската Бановина биле евидентирани 353 987 *Срби/Хрвати* со муслиманска вероисповед, во Приморската Бановина живееле 69 068 *Срби/Хрвати* со муслиманска вероисповед, во Врбаската Бановина 249 626 и во Зетската Бановина 172 199 (*Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 13–20).

75 Во Босна и Херцеговина во 1931 година живееле 715 250 муслимани *Срби/Хрвати* по мајчин јазик (спореди: Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska I, 252–253).

76 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 10, 16, 18, 20.

77 Спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 101–102; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 390. Државата настојувала во косовско-метохиските области каде до 1912 година бројот на српското население бил исклучително мал да насели што поголем број колонисти. Така во Лапската Област (Подуево) во 1921 година биле евидентирани само 994 православни Срби (од вкупно 26 243 жители на околијата), додека во 1931 година нивниот број се зголемил

Во 1931 година во Кралството Југославија живееле 132 924 Турци[78]. Во однос на претходниот попис, турското население заради иселувањето бележи намалување. Најголемиот дел од Турците, како и во 1921 година, живееле во Вардарска Македонија со вкупно 105 407 жители и во косовско-метохиските области, пред сè во градовите, со вкупно 23 700 жители[79]. Пописните податоци од 1921 и 1931 година покажуваат дека Турците биле петто по бројност малцинство во Кралството.

Релативно мал пад се бележи во бројот на Ромаците населени во Војводина, најповеќе во Банат. За разлика од Романците, забележан е драстичен пад на бројот на влашкото население во Србија, од 149 000 во 1921 година на 58 640 во 1931 година, што секако се должи на различното декларирање по мајчин јазик на ова население кое во 1921 година е евидентирано како *Романци* по мајчин јазик, додека во 1931 година добар дел од нив се евидентирани како Срби. Во северните делови на Кралството (особено во денешна Војводина), Германците и Унгарците и во 1931 година претставуваат значителен дел од населението[80]. Пописните податоци покажуваат дека во 1931 година во Кралството Југославија живееле 499 969 Германци, што претставува намалување во однос на 1921 година за 5 821 жител. Бројот на Унгарците изнесувал 468 185, што во однос на 1921 година претставува незначително зголемување за 527 жители[81]. Најголемиот дел од Германците (односно население евидентирано со германски јазик) живееле во Дунавската Бановина со вкупно 343 185 жители, однос-

на 7 597 жители, но албанското население и понатаму претставувало значително мнозинство од 77,4 %. За потеклото на српското и албанското население во областа види: Косовка Ристић, *Мало Косово, антропогеографска студија*, Приштина 1971. Слично било и во Дреница. Во 1921 година во околијата живееле 1 544 православни Срби (7,9 %) од вкупното население. Во 1931 година бројот на Србите се зголемил на 4 247, но албанското население и натаму претставувало апсолутно мнозинство со 82,7 %. *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 101–102 94–97; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 193, 388 (за населението во Дреница види: Татомир Вукановић, *Дреница,* Приштина, 1998).

78 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 10.

79 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska, II, 253.

80 Vladimir Djurić, Slobodan Ćurčić, Saša Kicošev, *„The Ethnic Structure of the Population in Vojvodina",* The Serbian Questions in the Balkans, *Belgrade, 1995. http://www.rastko.rs/istorija/srbi-balkan/djuric-curcic-kicosev-vojvodina.html.*

81 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 10.

но 68,6 % од германското население во државата[82]. Значаен број Германци живееле и во Савската (80 501)[83] и во Дравската Бановина (28 998)[84].

Како Германците така и најголем дел од Унгарците во 1931 година живееле во Дунавската Бановина со вкупно 390 211 жители, односно 83,3 % од вкупниот број на жители со унгарски јазик во Кралството[85]. Унгарците претствувале мнозинство со над 50 % во повеќе околии во северна Бачка[86].

Податоците за населението од пописот во 1931 година биле основата и при преговорите помеѓу хрватските политички претставници (Хрватската селанска партија) и Владата на Кралството Југославија за границите на Бановина Хрватска, создадена во август 1939 година.

Втората светска војна и граѓанската, односно меѓуверската и меѓуетничката војна во периодот 1941 – 1945 ќе остават значајна трага врз етничката карта на Југославија. Најголемата промена во етничката структура настанала во Војводина по повлекувањето, а потоа и по протерувањето на речиси половина милион Германци на чие место биле населени повеќе десетини илјади колонисти, во мнозинство Срби и во помал број други јужнословенски народи (Црногорци,

82 Германците како и во 1921 година претставувале значаен дел од населението на Бачка и Банат. Тие биле мнозинство од вкупното население во околиите Оџаци (52,9 %), Кула (51,6 %) и Апатин (44,5 %) во Бачка. Во одредени градови биле мнозински или значаен дел од населението. Во градот Бела Црква тие биле релативно мнозинство со 45,6 %, во Вршац претставувале 40,4 %, во Панчево 35,6 % и во Земун 29 % (Види: Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska I, 169–202).

83 Во Савската Бановина германското население живеело пред сè во источните делови на Славонија околу Осиек, Ѓаково, Винковци. Во градот Осиек Германците претставувале 24 % од вкупното население, а во градот Вуковар 25 % (*Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 267, 302).

84 Во Дравската Бановина, односно во Словенија, германското население главно живеело во градовите. Позначително присуство на Германци се бележи во околијата на Кочевје (Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska, I, 41; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 96). За населувањето на Германците на територијата на денешна Словенија и етничките процеси види: Zoran Janjetović, *Deca careva pastorčad kraljeva Nacionalne manjine u Jugoslaviji 1918-1941,* 32–36.

85 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 10.

86 Како и на претходниот попис и во 1931 година, Унгарците претставувале мнозинство во околиите Бачка Паланка, Бачка Топола, Сента, Кањижа, Стари Бечеј. Во градовите како Сента и Кањижа сочинувале над 80 % од населението.

Македонци и други). Делумно била променета и етничката структура во Косово, бидејќи новите власти не дозволувале враќање на дел од меѓувоените колонисти, слично како и во Македонија.

По 1945 година заради низа политички, економски и културолошки фактори се бележат умерени промени во етничката структура на југословенските републики, кои на почетокот на деведесеттите години при распадот на југословенската држава ќе добијат сосема поинакви карактеристики.

## Демографски прилики и административна поделба во време на балканските војни и Првата светска војна – обликување на границите на Вардарска Македонија

Областите од Македонија во кои за време на Првата балканска војна била воспоставена власта на Кралството Србија во април 1913 година биле поделени на шест окрузи[87]. Ваквата административна поделба била во сила кратко време, бидејќи Втората балканска војна и настаните по неа диктирале нова политичка и територијална реалност. Со проглас на кралот Петар од 7 септември 1913 година териториите на кои Кралството Србија воспоставило власт по балканските војни биле присоединети кон Србија[88].

До поголеми промени во административната поделба на Македонија дошло есента 1913 година. Во областите освоени од Србија во

87 Вардарска Македонија во април 1913 година административно била поделена на шест окрузи: Тетовски, Скопски, Кумановски, Кавадаречки, Дебарски и Битолски. Тетовскиот Округ бил поделен во четири околии: Бродска, Гостиварска, Горнополошка и Долнополошка. Властите сосема погрешно Кичевската Околија ја именувале како Горнополошка. Скопскиот Округ бил поделен на три околии: Скопска, Велешка и Качаничка. Кумановскиот Округ бил поделен на пет околии: Кумановска, Прешевска, Кратовска, Кривопаланечка и Светиниколска. Кавадаречкиот Округ бил поделен на три околии: Неготинска, Гевгелиска и Валандовска. Дебарскиот Округ исто така бил поделен на три околии: Горнодебарска, Долнодебарска и Реканска. Битолскиот Округ бил најголем во однос на останатите окрузи и бил поделен на шест околии: Битолска, Леринска, Охридска, Преспанска, Прилепска и Крушевска (*Срйски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје, 1979, 9–10).

88 Милош Јагодић, *Уређење ослобођених области Србије 1912 – 1914: Правни оквир,* Београд, 2010, 32–34; Владимир Вучковић, *Стара Србија и Македонија – ослобођење и уређење,* Ниш, 2014, 134–135.

Втората балканска војна бил формиран Штипскиот Округ[89]. Административни промени имало и во западните делови во Македонија. Дебарскиот Округ бил укинат на крајот на ноември 1913 година, при што бил формиран нов Охридски Округ[90]. Разграничувањето со Грција направено врз основа на договорот за српско-грчката граница склучен 1913 година довело до промени и во територијално-административната структура на Битолскиот Округ[91].

По бројните промени што опфаќале територијална прераспределба и промени во имињата на окрузите и околиите, на почетокот на 1914 година била востановена административната поделба на областите коишто по балканските војни потпаднале под власт на Србија. Според ваквата поделба, територијата на Македонија била поделена на седум окрузи: Тетовски[92], Скопски[93], Кумановски[94],

89 *Српски извори за историјата на македонскиот народ,* 256–258.

90 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915),* Београд, 2013, 109; Владимир Вучковић, *Стара Србија и Македонија – ослобођење и уређење,* 124; Милош Јагодић, „Административна подела нових крајева Србије 1912 – 1914", *Косовско-метохиски зборник* 5, Београд, 2013, 158–159.

91 *Српски извори за историјата на македонскиот народ,* 150 – 151.

92 Со предлогот за привремена административна поделба од 28 октомври 1912 година бил формиран Тетовскиот Округ во чии граници биле Тетовската, Гостиварската, Поречката Околија со седиште во Брод и Горнополошката Околија со седиште во Кичево. Српските власти направиле превид со тоа што делови од поранешната Кичевска Каза административно ги нарекле Горнополошка Околија што не соодветствува со географската поставеност. Поделбата на окрузите и околиите во неколку наврати се менувала. На почетокот на декември 1913 година Горнополошката Околија со седиште во Кичево била одделена од Тетовскиот Округ и приспоена кон Битолскиот Округ. При новата административна поделба поправена е направената грешка така што називот Горнополошка Околија (Срез) е даден на дотогашната Гостиварска Околија (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 54–55; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915),* 109).

93 Скопскиот Округ е формиран уште со првата привремена административна поделба од крајот на октомври 1912 година. Округот бил составен од Скопската, Велешката и Качаничката Околија. Во следните територијални промени округот останува во истите граници (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912–1914,* 10).

94 Кумановскиот Округ бил формиран кон крајот на октомври 1912 година. Округот бил составен од Кумановската, Кратовската, Кривопаланечката и Прешевската Околија. На почетокот на декември 1912 година, по предлог на Милорад Вујичиќ, во рамките на Кумановскиот Округ била формирана и Светиниколската Околија. Во септември 1913 година Светиниколската Околија била издвоена од Кумановскиот и приспоена кон Брегалничкиот Округ (Штипскиот Округ). Во јануари 1914 година Кумановската Околија била преименувана во Жеглигиовска. Според административната поделба од март 1914 година, Кумановскиот Округ бил составен од четири околии: Жеглиговска, Кратовска Кривопа-

Тиквешки[95], Охридски[96], Битолски[97] и Брегалнички[98]. Окрузите биле поделени  на околии, а тие на општини. Според територијалната по-

ланечка и Прешевска (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 163; Милош Јагодић, „Административна подела нових крајева Србије 1912 – 1914, 159).

95 Округот како Неготински бил формиран на 24 декември 1912 година и се состоел од околиите: Неготинска со седиште во Неготино, Гевгелиска со седиште во Гевгелија и Дојранска со седиште во Дојран. Министерот за внатрешни работи во Владата на Кралството Србија, Стојан Протиќ, по три дена на 27 декември го преименувал округот во Кавадаречки со седиште во градот Кавадарци. Бидејќи во Дојран по Првата балканска војна не била воспоставена српска власт, Дојранската Околија не била формирана, а наместо неа на 15 април 1913 година била формирана Валандовската Околија со седиште во Валандово. По територијалните промени предизвикани од Втората балканска војна на 7 ноември 1913 година Валандовската Околија била преименувана во Дојранска со седиште во Дојран, додека подоцна Кавадаречкиот Округ бил преименуван во Тиквешки (*Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 68, 128; Милош Јагодић, „Административна подела нових крајева Србије 1912 – 1914, 143, 158, 160; Владимир Вучковић, *Стара Србија и Македонија – ослобођење и уређење*, 122–125).

96 Со административна поделба од април 1913 година градот Охрид и Охридската Околија биле дел од Битолскиот Округ. Но по укинувањето на Дебарскиот Округ на 30 ноември 1913 година бил основан Охридскиот Округ со седиште во Охрид. Округот го сочинувале Охридската, Струшката и Дебарската Околија (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 381; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 109).

97 По влегувањето на српската војска во Битола на 19 ноември 1912 година бил основан Битолскиот Округ, кој со првата административна поделба опфаќал четири околии: Битолска, Крушевска Охридска и Прилепска. Ваквата административна поделба не се одржала долго време, а во границите на округот била образувана и Преспанската Околија со седиште во Ресен, која како посебна каза постоела и до 1912 година. Во Битолскиот Округ била формирана и Мариовската Околија со седиште во Битола, која ќе постои и по 1918 година. Подоцна кон Битолскиот Округ била приспоена и Кичевската Околија. Со првичната територијално-административна поделба во Битолскиот Округ била формирана и Леринската (Флоринска) Околија, но по разграничувањето со Грција, само четири села од оваа околија ѝ припаднале на Србија, по што Леринската Околија била укината (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 150–151; Милош Јагодић, „Административна подела нових крајева Србије 1912 – 1914, 143, 149–150).

98 Во текот на Втората балканска војна во српско-бугарскиот судир, српската војска ја заземала долината на реката Брегалница. По завршувањето на воените дејства на овој простор во јули 1913 година бил формиран Штипскиот Округ. Административниот центар се наоѓал во градот Штип. Округот бил поделен на шест околии: Штипска, Кочанска, Малешевска, Радовишка, Светиниколска и Царевоселска. Во јануари 1914 година Штипскиот Округ бил преименуван во Брегалнички, претходно во ноември 1913 година Светиниколската Околија била преименувана во Овчеполска (*Српски извори за историјата на македонскиот народ,* 47, 54; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 108–110).

делба од март 1914 година во Вардарска Македонија имало 27 околии и 360 општини.

Ваквата територијално-административна поделба со релативно мали измени ќе се одржи и по 1918 година во време на одржување на пописот од 1921 година. Со одредбите на Нејскиот договор, Струмичката Околија, која дотогаш е под власта на Бугарија, е приклучена кон новоформираното Кралство на СХС. Неготинската Околија формирана кон крајот на 1912 година, а која ја опфаќала територијата на османската Тиквешка Каза, била поделена со што била основана нова Кавадаречка Околија. Во 1921 година Вардарска Македонија била поделена на 29 околии[99].

## Пописот од 1913 година

На почетокот на 1913 година Врховната команда на српската војска издала наредба за попис на населението во областите во кои воспоставила власт во текот на Првата балканска војна. Полициските власти во текот на февруари и март го извршиле попишувањето на населението, опфаќајки го вкупниот број на населението, бројот на домаќинствата, односно куќите, вклучувајќи ги и напуштените, половата и националната структура и говорниот јазик на населението[100]. Министерот за внатрешни работи на Србија на 3 октомври 1913 година наредил на територијата на Штипскиот Округ, односно во областите што потпаднале под српска власт по Втората балканска војна да биде спроведен попис на населението[101].

Податоците добиени од пописот се особено значајни за историскодемографските проучувања заради можноста за нивна споредба со демографските податоци од пред балканските војни. Во официјално објавениот статистички преглед не е набележана етничката, ниту верската припадност на населението[102], но во сочуваните архивски материјали може да се најдат и овие податоци со што приближ-

99 Надежда Цветковска, „Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни 1919 – 1941“, *Историја*, XXXIV/XXXV, бр. 1–4, Скопје, 1999, 57–58.

100 *Српски извори за историјата на македонскиот народ,* 100–103; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 111–118; истиот, *Административна подела нових крајева Србије 1912 – 1914*, 152–155.

101 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 115.

102 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима,* Београд, 1914.

но може да се добие претстава за етничката и верската структура на населението во посочените области непосредно по завршувањето на балканските војни.

Пописните податоци не ја отсликуваат вистинската етничка слика на населението во Македонија. За прецизноста на податоците сомнеж искажува и полицискиот инспектор при Врховната команда на српската војска Милорад Вујичиќ кој вели: „На распределбата кој е Србин, а кој Бугарин не е посветувано големо внимание, бидејќи тие што претходно се декларирале за Бугари сега самите се нарекуваат Срби така што во тој поглед податоците не можат да се сметаат за точни, бидејќи за Бугари се забележани само оние коишто заради близината на бугарската граница биле под силно бугарско влијание“[103]. Официјално објавените статистички податоци ни даваат само сумарен податок за вкупното население во деловите од Македонија под српска власт.

Началникот на полициското оделение при Врховната команда, Милорад Вујичиќ, статистичкиот материјал собран при пописот на населението пролетта и есента 1913 година го приспособил на административната поделба од почетокот на 1914 година и го објавил во форма на преглед на вкупниот број на населението во окрузите, околиите, општините и населените места, без внатрешната верска, етничка и полова структура.

Објавените податоци од пописот од 1913 година покажуваат дека во Вардарска Македонија (без Струмичко) живееле 889 404 жители[104]. Заедно со Струмичката Околија вкупниот број на жители изнесувал 926 020. Споредувајќи ги податоците од пописот во 1913 година со проценките на населението направени непосредно пред балканските војни, во одредени околии, во кои можеме да направиме споредба бидејќи не биле извршени територијални промени, се забележува намалување на вкупниот број на жители. Ќе наведеме неколку примери. Во Радовишката Каза според проценката на Ј. Иванов во 1912 година имало 21 925 жители, додека во 1913 година бројот на жителите се намалил на 16 361. Во Кочанската Каза во 1912 година бројот на жителите се проценува на 35 610, во 1913 година нивниот

103 *Српски извори за историјата на македонскиот народ,* 102.

104 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима,* 2–3. Во вкупниот број на жители не е пресметано населението од општините Стајевце и Трговиште во Кривопаланечката Околија, Општината Горанце, како и селата Глобочица, Ивање, Котлино и Стража во Општината Јажинце во Долнополошката Околија. Општината Горанце и споменатите села од Општината Јажинце по Првата светска војна биле дел од Качаничката Околија.

број изнесувал 27 295[105]. За разлика од наведените околии, во Скопската, Тетовската, Гостиварската и во Кумановската Околија се забележува стаганција или зголемување на вкупниот број на жители. Се разбира, проценките за населението од 1912 година треба да ги земеме како ориентир, а не како егзактен податок.

Структурата на населението во Македонија може приближно да се определи врз основа на бројните извештаи што ги испраќале окружните началници до своите претпоставени. Меѓутоа, податоците не секогаш се прецизни, а во нивната веродостојност сомнеж искажувале и претставниците на властите. Началникот на Охридскиот Округ Јован Ќирковиќ во извештајот до министерот за внатрешни работи Стојан Протиќ истакнува: „Иако неколку пати се врши попис на населението, сепак до денес немаме точна статистика. Овдешниот свет заради неоправдан страв и понатаму се обидува да ги прикрие своите членови на домаќинствата, па оттука се јавува невоедначеност во статистичките податоци“[106].

Како примери за непрецизности и неточности, односно примери за релативноста на податоците од овие пописи можат да ни послужат податоците за бројот и структурата на населението од Охридскиот и Тетовскиот Округ[107]. Според официјалната статистика објавена во Белград, градот Охрид во 1914 година имал 11 038 жители[108], додека во извештајот на охридскиот окружен началник Јован Ќирковиќ, во истата година Охрид имал 10 051 жител[109]. Истото се повторува и со Струга, во официјалниот статистички преглед во градот се евидентирани 4 120 жители[110], додека според податоците од споменатиот извештај во градот живееле 3 954 жители[111].

Податоците добиени од пописот во 1913 година понекогаш од властите биле погрешно интерпретирани. Покрај тоа што православното македонско население најчесто во извештаите на окружните и околиските началници е означувано како српско, често пати ма-

---

105 Спореди: Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* София, 1915, CIII; Мил. Ант. Вујовић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 29–31, 33–34.

106 Љубен Лапе, „Охридскиот округ во 1914 година“, *Гласник на ИНИ,* XII/3, Скопје, 1969, 168–169.

107 Глигор Тодоровски, „Еден извештај за Тетовскиот округ од 1913 година“, *Гласник на ИНИ*, XVIII/1, Скопје, 1974, 169–193.

108 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 79.

109 Љубен Лапе, „Охридскиот округ“, 168.

110 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 85.

111 Љубен Лапе, „Охридскиот округ“, 170.

кедонските муслимани се идентификувани како Турци. Така во извештајот на началникот на Тетовскиот Округ од април 1913 година (по завршувањето на пописот) се наведува дека во Горнополошката Околија, односно Кичевската Околија (која по грешка при првата територијална поделба е нарчена Горнополошка) живееле 6 978 Турци, а во соседната Бродска Околија живееле 2 747 Турци[112]. Несомнено македонското муслиманско население во градот Кичево и неколку околни села, а веројатно и помал дел од албанското население од околината на Кичево, како и македонските муслимани од селата Пласница, Преглово, Дебреште, Лажани и др. во Бродската (Поречката) Околија, во извештајот биле означени како Турци. Вакви и слични примери има и во другите околии. Со пописот од 1921 година ваквите статистички *йревиди* значително ќе бидат намалени.

И покрај ваквите оправдани сомнежи за прецизноста на податоците, сепак тие даваат релативно точен приказ на демографските прилики во Вардарска Македонија што настанале по балканските војни и по воспоставувањето на српската власт.

Од вкупниот број на населението во 1913 година 268 517 жители, односно 30,2 % живееле во градските населби или како што официјално биле евидентирани *вароши* и *варошици*. Тоа претставува висок процент на учество на градското население. Во Србија на пример во 1910 година процентот на градски жители бил 13,1 % од вкупното население[113]. Најголеми градови во 1913 година биле Битола со 48 370 жители и Скопје со 47 384 жители[114]. За споредба, Белград во 1910 година имал 90 000[115], а Софија околу 100 000 жители. Во однос на областите во Кралството Србија, Вардарска Македонија била поретко населена. Најретко населен бил Брегалничкиот Округ со само 20 жители на 1 км$^2$. Во останатите окрузи густината на населеност изнесувала меѓу 40 – 45 жители на 1 км$^2$. За споредба, во 1910 година во Србија просечната густина на населеност изнесувала 60,3 жители на 1 км$^2$[116].

112 *Срйски извори за исшоријаша на македонскиош народ 1912 – 1914,* 110–111.

113 Холм Зундхаузен, *Исшорија Србије,* 163.

114 Мил. Ант. Вујичић, *Речник месша у ослобођеној обласши Сшаре Србије,* 4–5.

115 Холм Зундхаузен, *Исшорија Србије,* 179.

116 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 137.

**Вкупен број на население во Вардарска Македонија во 1913 година по окрузи:**

| Округ | Окружно место | Население |
|---|---|---|
| Битолски | Битола | 232 646 |
| Брегалнички | Штип | 101 442 |
| Кумановски[117] | Куманово | 95 630 |
| Охридски | Охрид | 83 670 |
| Скопски[118] | Скопје | 148 784 |
| Тетовски[119] | Тетово | 143 851 |
| Тиквешки[120] | Кавадарци | 119 997 |
| Вкупно | | 926 020 |

Извор: Мил. Ант. Вујовић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*. По службеним податцима, Београд, 1914.

## Пописни податоци на бугарските власти од 1916/1917 година

Бугарските војски, влегувајќи во Првата светска војна на страната на Централните сили, во нападот на Србија успеале од средината на октомври до почетокот на декември 1915 година да воспостават контрола и власт во Вардарска Македонија[121].

117 Во вкупниот број на население во Кумановскиот Округ не се пресметани жителите на Прешевската Околија, како и жителите на општините Стајевце и Трговиште во Кривопаланечката Околија.

118 Не се пресметани жителите на Качаничката Околија.

119 Во вкупниот број на население во Тетовскиот Округ не се пресметани жителите од Општината Горанце, како и од селата Глобочица, Ивање, Котлино и Стража во Општината Јажинце во Долнополошката Околија.

120 Во вкупниот број на жители на Тиквешкиот Округ пресметани се и жителите на Струмичката Околија.

121 Седмата Рилска дивизија на 14 октомври 1915 година ги заземала Царево Село, Берово и Пехчево, а последен град од каде што отстапила српската војска на 8 декември 1915 година пред повлекувањето кон Албанија бил Струга. Со тоа Вардарска Македонија за неполни два месеци целосно била ставена под бугарска власт (види: Иван Петров, *Войната въ Македония (1915 – 1918),* София, 2008, 24–37; Мира Радојевић, Љубодраг Димић, *Србија у Великом рату 1914 – 1918, Кратка историја,* Београд, 2014, 180–181.

По воспоставувањето на власта и делумното стабилизирање на приликите, во текот на 1916 година бугарските административни и воени власти извршле попис, односно еден вид на административно пребројување на населението, кое во одредени области било повторено и следната година[122]. Податоците се објавени во Софија од Министерството за внатрешни работи и народно здравје. Во публикацијата се наведува дека пописот на населението не е изведен според прифатената статистичка методологија, туку било извршено пребројување на населението од страна на административните власти.[123] Приредувачите наведуват дека во областите што се наоѓале во зоната на воените дејства не било извршено попишување на населението[124].

Од објавените податоци се забележува дека во некои области што директно не се наоѓале на фронтовата линија податоците целосно соодветствуваат со објавените пописни податоци на српските власти од пописот одржан во 1913 година. Ова се забележува во Скопската Околија, во Општината Чајле во Гостиварската Околија и на други места[125].

Според податоците на бугарските власти од 1916 година, во Вардарска Македонија биле евидентирани вкупно 897 630 жители, односно за три години бројот на населението се намалил за околу 28 000 жители. И покрај фактот што овие податоци (слично како и податоците од 1913 година) не можеме да ги вреднуваме како апсолутно прецизни, сепак тие ги бележат реалните демографски состојби во текот на Првата светска војна и опаѓањето на вкупниот број на население во Вардарска Македонија, тенденција што ќе продолжи и по завршувањето на војната.

Податоците што ги објавил Димитар Гаџанов, а кои произлегуваат од административното пребројување на населението што го вршеле бугарските власти, содржат повеќе превиди, особено во однос на етничката припадност на населението во одредени околии. Ова е особено карактеристично за муслиманските заедници. Во Тетовската Околија на пример дел од Албанците се евидентирани како „Помаци“, а слични примери има и во Бродската (Поречката) Околија, Кру-

---

122 Ив. Странски, „Гъстота на населението въ Македонската военно-инспекционна област презъ 1916 година“, *Македонски преглед,* година II, книга 2, София, 1926, 77.

123 Пребројувањето на населението во Македонија било извршено од страна на административните и воени власти, а не од Главната дирекција за статистика.

124 *Списък на населенитѣ места въ Македония, Моравско и Одринско,* Државна печатница, София, 1917.

125 Спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 130–134; *Списък на населенитѣ места въ Македония, Моравско и Одринско, 91*–93, 99.

шевската и Битолската Околија. Во Крушево пак поголем дел од Власите што биле прогрчки ориентирани се евидентирани за Грци, вкупно 2 378, а само 507 биле евидентирани за Власи[126]. Посочените превиди биле коригирани во анализите на други бугарски истражувачи кои во текот на Првата светска војна биле присутни во Македонија, а ги користеле статистичките податоци за бројот и структурата на населението и испраќале извештаи до командата на бугарската војска[127].

**Вкупен број на население во Вардарска Македонија во 1916 година по окрузи:**

| Округ | Окружно место | Население |
|---|---|---|
| Скопски[128] | Скопје | 159 409 |
| Кумановски[129] | Куманово | 98 403 |
| Штипски | Штип | 138 450 |
| Битолски | Битола | 217 585 |
| Охридски[130] | Охрид | 82 037 |
| Тетовски[131] | Тетово | 136 510 |
| Струмички[132] | Струмица | 65 236 |
| *Вкупно* | | 897 630 |

Извор: *Списък на населенитѣ места въ Македония, Моравско и Одринско*, Државна печатница, София, 1917; Ив. Странски, „Гъстота на населението въ Македонската военно-инспекционна область през 1916 година“, *Македонски преглед,* година II, книга 2, София, 1926.

126 Димитар Г. Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи“*, Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993*,* 255–256, 260, 266, 267, 281.

127 Стефан Младенов, „Пътешествие из Македония и Поморавия“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 182; Стефан Димитров, „Северозападна Македонија (Народностопаска анкета – 1916)“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 87–88.

128 Не е пресметан бројот на населението во Качаничката Околија

129 Не е пресметан бројот на населението во поранешната Прешевска Околија која во 1916 година била се седиште во Бујановац.

130 Во Охридскиот Округ не е пресметан бројот жителите од општините и населените места кои со Лондонскиот договор од 1913 година биле составен дел од Албанија, а во 1916 година биле под бугарска окупација.

131 Во Тетовскиот Округ не е пресметан бројот на жителите од селата Глобочица, Ивање, Котлино и Стража од општината Јажинце, во Долнополошката Околија. кои по Првата светска војна административно ќе припаѓаат на Качаничката Околија.

132 Вкупниот број на жители се однесува на Дојранската, Гевгелиската и Струмичката Околија.

# Спроведување на пописите во Вардарска Македонија од 1921 и 1931 година

Пописот од 1921 година е првиот сеопфатен попис на територијата на денешна Р Македонија спроведен со употреба на современа статистичка методологија. Пописот во 1921 година е спроведен во границите на т.н. „историски покраини“, односно во границите што ги наследило новоформираното Кралство на Србите Хрватите и Словенците[133]. Вардарска Македонија во официјалната статистичка публикација во која биле објавени податоците за присутното население по вероисповед, мајчин јазик, пол и по старост, била дел од покраината Јужна Србија, која ја сочинувале сите области во кои по балканските војни била воспоставена власт на Кралството Србија[134].

Во периодот на одржување на пописот во 1921 година Вардарска Македонија административно е поделена на седум окрузи (Битолски, Брегалнички, Кумановски[135], Охридски, Скопски[136], Тетовски

133 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska I, xii.

134 Покрај Вардарска Македонија, тука спаѓаат и Косово и Метохија, Санџак и делови од денешна Црна Гора. Во Јужна Србија во 1921 година имало 1 476 747 жители. По мајчин јазик 59,5 % биле евидентирани како *Срби или Хрвати*, 28,2 % како *Арнаути*, 10 % како Турци (*Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* Сарајево, државна штампарија, 1932; Vladan Jovanović, *Jugoslovenska država i južna Srbija 1918 – 1929. Makedonija, Sandžak Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS*, Beograd, 2002, 45–46).

135 Во Кумановскиот Округ освен македонските влегувала и Прешевската Околија.

136 Уште со административната поделба од периодот на балканските војни покрај Скопската и Велешката составен дел на Скопскиот Округ била и Качаничката Околија.

и Тиквешки), дваесет и девет околии (срезови) и 343 општини[137]. Во административен поглед речиси и да нема промени во однос на територијалната организација спроведена од српските власти во 1914 година, освен споменатата поделба на Неготинската Околија и приспојувањето на Струмичката Околија во 1919 година, која административно припаѓала на Тиквешкиот Округ. Најнаселена околија била Скопската со 91 824 жители, која имала десетпати повеќе жители од Дојранската Околија во која биле евидентирани 8 667 жители[138].

Вкупниот број на население во Вардарска Македонија во 1921 година изнесувал 798 291 жители[139]. Бидејќи Вардарска Македонија во овој период нема утврдени политички граници, територијата на којашто се однесуваат податоците соодветствува со границите на Македонија утврдени во 1945 година. Ваквата методологија претходно ја применуваат и македонскиот економист Лазар Соколов во делото „Promena u strukturi stanovništva na teritoriji NR. Makedonije 1921 – 1953 kao odraz ekonomskog razvoja", како и југословенскиот демограф и статистичар Богољуб Кочовиќ во делото „Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine (po svim zvaničnim a u nekim slučajevima i korigovanim popisima), sveska I, II". Според вака прифатената методологија во вкупниот број на население не е пресметано населението на општините Стаевце, Радовница и Трговиште во Кривопаланечката Околија[140]. Овие општини со вкупно 22 села по 1945

137 Битолскиот Округ бил составен од Битолската, Кичевската, Крушевската, Мариовската, Преспанската и Прилепската Околија. Брегалничкиот Округ го сочинувале: Кочанската, Малешевската, Овчеполската, Радовишката, Царевоселската и Штипската Околија. Македонскиот дел од Кумановскиот Округ го сочинувале: Жеглиговската, Кратовската и Кривопаланечката Околија. Охридскиот Округ бил составен од Горнодебарската, Охридската и Струшката Околија, Полошкиот Округ од Галичката, Горнополошката, Долнополошката и Поречката Околија. Во македонскиот дел на Скопскиот Округ се наоѓале Велешката и Скопската Околија, додека Тиквешкиот Округ бил составен од Дојранската, Гевгелиската, Кавадаречката, Неготинската и Струмичката Околија (Надежда Цветковска, „Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни 1919 – 1941)", 58).

138 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 114–115, 118–119.

139 Според Лазар Соколов, кој ја применува истата методологија во Вардарска Македонија во 1921 година имало 798 286 жители (Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953 kao odraz ekonomskog razvoja*, Skopje, 1962, 30).

140 И овие податоци не се сосема најпрецизни, бидејќи според територијалната поделба што важела во 1921 година кога бил организиран пописот на населнието во рамките на Кривопаланечката Околија влегувале уште четири села кои по Втората светска војна се дел од Србија. Станува збор за селото Широка Планина во тогашната Општина Герман и селата Жеравна, Караманица и

година влегуваат во составот на НР Србија[141]. Во наведените општини во 1921 година биле евидентирани 10 433 жители. Овие села до 1912 година биле дел од Прешевската Каза[142], додека со административната поделба од 1913 и 1914 утврдена од Кралството Србија, тие биле приспоени кон Кривопаланечката Околија[143].

Доколку ги споредиме податоците за вкупниот број на население во 29 околии во Вардарска Македонија во 1921 година со податоците од пописот во 1913 година (вклучувајќи го и проценетиот број на население во Струмичката Околија во 1912 година), ќе забележиме пад од дури 127 729 жители. Најголемо намалување на бројот на населението се бележи во околиите кои за време на Првата светска војна се на фронтовата линија (Дојранска, Гевгелиска Битолска, Мариовска). Прилично голем пад во бројот на населението се бележи и во Галичката и Горнодебарската Околија, кои биле зафатени со вооруже-

Голеш во Општината Луке. Бидејќи податоците од пописот се објавени кумулативно само за општините, а не поединечно за населените места не може точно да се одреди бројот на нивните жители. Но имаме податоци од подоцнежните години. Во 1925 година бројот на жителите во овие села бил следен: Широка Планина 369 жители, Жеравина 197, Караманица 389 и Голеш 149 жители, односно вкупно во овие села живееле 1 104 жители (*Речник места*, Београд, Народна просвета, 1925, 57). Исто така во Охридската Околија во Општината Пештани влегувало селото Пискупштина, но затоа пак во објавените резулатати од пописот во 1921 година не е опфатена подоцнежната Општина Бањиште во Горнодебарската Околија. Споменатото село Пискупштина 1925 година било дел од Општината Пештани и имало 175 жители, додека според податоците од 1925 година во Општината Бањиште во Горнодебарската Околија имало вкупно 1 169 жители (*Речник места*, 16). Селото Пискупштина (Пискупље) било во рамките на Кралството на СХС сè до конечното разграничување меѓу Албанија и Кралството на СХС кон крајот на 1925 година (Кочо Сидовски, „Италија и прашањето на македонските села во Албанија во периодот на нејзиното разграничување со Југославија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* Скопје, 1990/91, 79–89).

141 За прашањето на разграничувањето меѓу Србија и Македонија во рамките на југословенската федерација во текот на 1945 година види: Виолета Ачкоска, *Братството и единството 1944 – 1974 помеѓу хармонија и дисхармонија,* Скопје 2003, 208–218; Драган Алексић, Горан Илић, „Утврђивање граница Федералне Србије 1945. године.“ *1945. крај или нови почетак?, тематски зборник радова*, Београд, 2016, 486–488.

142 Васил Кънчов, *Македония. Етнография и статистика,* второ фототипно издание, София, 1996, 218–220.

143 Спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 74–76. , Стефан Димитров, „Северозападна Македонија (Народностопанска анкета – 1916)“, 84. При анализата на статистичките податоци Б. Кочовиќ прави мал превид бидејќи половина од населението на општините Мождивњак и Подржикоњ ги вбројува во вкупното население на Србија (Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. sveska* I, xxxvii – xxxviii).

ните дејства во септември 1913 година Во повеќето околии се бележи намалување во вкупниот број на жителите од 10 до 20 %.

**Вкупен број на население во Вардарска Македонија по околии во 1913 и 1921 година:**

| Околија | 1913 | 1921 | | % |
|---|---|---|---|---|
| Битолска | 82 562 | 55 420 | - 27 142 | - 32,87 |
| Кичевска | 31 784 | 28 228 | - 3 556 | - 11,18 |
| Крушевска | 26 271 | 20 618 | - 5 643 | - 21,51 |
| Мариовска | 15 983 | 11 942 | - 4 041 | - 25,28 |
| Преспанска | 22 579 | 18 751 | - 3 828 | - 16,95 |
| Прилепска | 53 467 | 45 773 | - 7 694 | - 14,39 |
| Кочанска | 27 295 | 25 711 | - 1 584 | - 5,80 |
| Малешевска | 10 223 | 12 135 | + 1 912 | + 18,70 |
| Овчеполска | 15 237 | 18 179 | + 2 942 | + 11,30 |
| Радовишка | 16 361 | 16 440 | + 79 | + 0,48 |
| Царевоселска | 11 500 | 14 019 | + 2 519 | + 21,90 |
| Штипска | 20 826 | 17 863 | - 2 963 | - 14,22 |
| Жеглиговска | 53 009 | 53 244 | + 235 | + 0,44 |
| Кратовска | 19 318 | 19 755 | + 437 | + 2,26 |
| Кривопаланечка | 23 303 | 26 235 | + 2 932 | + 12,58 |
| Горнодебарска | 25 318 | 14 949 | - 10.369 | - 40,95 |
| Охридска | 32 083 | 29 118 | - 2 965 | - 9,24 |
| Струшка[144] | 26 269 | 25 144 | - 1.125 | - 4,28 |
| Велешка | 50 036 | 43 329 | - 6 707 | - 13,40 |
| Скопска | 98 748 | 91 824 | - 6 924 | - 7,01 |
| Долнополошка | 77 787 | 61 533 | - 9 254 | - 13,07 |
| Галичка | 20 995 | 11 510 | - 9 485 | - 45,17 |
| Горнополошка | 33 036 | 28 082 | - 4 954 | - 14,99 |
| Поречка | 19 033 | 16 054 | - 2 979 | - 15,65 |
| Дојранска | 19 657 | 8 667 | - 10 990 | - 55,90 |
| Гевгелиска | 19 404 | 11 314 | - 8 090 | - 41,69 |
| Кавадаречка | 45 596 | 25 151 | - 5 617 | - 12,31 |
| Неготинска | | 14 828 | | |
| Струмичка[145] | 35 340 | 32 475 | - 2 865 | - 8,10 |
| | 926 020 | 798 291 | 127 729 | 13,79 |

Извор: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*. По службеним податцима, Београд, 1914. Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године, Сарајево, државна штампарија 1932.

144 Во вкупниот број на жители не е пресметано населението на селото Лин.

145 Вкупниот број на население во Струмичката Околија се однесува на проценетиот број на жители за 1912 година од Јордан Иванов (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, CIV).

Од друга страна, во одредени околии доаѓа до зголемување на населението во 1921 година во однос на 1913 година. Тоа се Малешевската, Овчеполската[146], Царевоселската, Кратовската, Кривопаланечката Околија. Во Кумановската и Радовишката Околија се бележи стагнација, односно незначително зголемување. Заедничка карактеристика на сите околии во кои бројот на населението се зголемил е дека се наоѓаат релативно далеку од фронтовата линија и директните воени дејства за време на Првата светска војна. Друга заедничка карактеристика е дека во наведените околии (освен во Радовишката) до балканските војни апсолутно мнозинство било македонското население. Од некои околии, пред сè Малешевската, Кратовската, Кривопаланечката, Овчеполската и Кочанската Околија дел од турското и муслиманското население се повлекло уште за време на балканските војни заедно со османската војска така што тоа население воопшто и не било евидентирано од српските власти на пописот во 1913 година. Друга значајна карактеристика што се бележи на пописот од 1921 година е мошне големото намалување на бројот на население во градските и административните центри во Вардарска Македонија[147]. Од поголемите градски центри единствено Куманово и Гостивар бележат зголемување на бројот на населението во однос на 1913 година.

Податоците од пописот од 1921 година претставуваат значаен извор за споредба на демографските состојби на населението пред балканските и Првата светска војна и последиците што ги оставиле војните врз бројноста и структурата на жителите во Вардарска Македонија. Етничката структура на населението може да се утврди само посредно, односно преку податоците за мајчиниот јазик и вероисповедта така што податоците може да бидат само приближни. Како и во другите делови на Кралството и овде на прашањето за вероиспоглед населението имало можност да се изјасни за својата религиозна припадност според дадените одговори на пописницата или пак само то да ја додаде својата верска определба. Во однос на мајчиниот јазик во објавените податоци од пописот од 1921 година се наведуваат четиринаесет етнојазични групи.

Пописот во 1931 година, како што претходно истакнавме, и во административна и во политичка смисла се одвивал во различни околности во однос на пописот од пред една деценија. До промени дошло во октомври 1929 година кога наместо дотогашните 33 области биле оформени 9 бановини и посебната управа на градот Бел-

146 Реалното зголемување на вкупното население во Овчеполската Околија во периодот 1913 – 1921 година е помало, бидејќи по 1918 година повеќе села, кои во 1913 година биле дел од Кратовската и Кумановската Околија, територијално се префрлени во Овчеполската.

147 Vladan Jovanović, *Jugoslovenska država i južna Srbija 1918 – 1929.*, 48–56.

град. Вардарска Македонија влегла во новоформираната Вардарска Бановина, која била составена од 44 околии (срезови) од кои 29 биле на територијата на Вардарска Македонија[148]. Во границите на околиите Вардарска Македонија немала некои позначајни територијални поместувања. Вардарската Бановина ја сочинувале и околии од Косово и Јужна Србија. Во бановината во 1931 година имало вкупно 1 574 243 жители[149].

Според овие податоци на територијата на Вардарска Македонија во 1931 година живееле 938 625 жители[150]. Вкупниот број на население за една деценија се зголемил за 140 334 жители, односно секоја година бројот на населението се зголемувал за околу 14 000 жители. Тоа се должело, пред сѐ на високиот природен прираст кај населението. Меѓу 1929 и 1931 година наталитетот во тогашната Вардарска Бановина се движел меѓу 38 и 42 ‰. Морталитетот бил сѐ уште на високо ниво заради што природниот пораст бил меѓу 15 и 20 ‰[151]. Процентот на градската популација останал речиси непроменет како и во 1921 година и изнесувал 25 % од вкупното население[152]. Скопје бил најголем град и економски центар со 8 958 домаќинства и 64 807 жители[153], а заедно со предградијата во Скопје живееле 68 334 жители[154].

Нестабилниот политички развој во Кралството Југославија, особено по атентатот на кралот Александар, условил да дојде до пре-

148 Надежда Цветковска, „Локалната управа во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни 1919 – 1941)", 62–63.

149 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 98–107; Владан Јовановић, *Вардарска Бановина, 1929–1941.*, Београд, 2011, 42.

150 Од вкупниот број на население одземен е бројот на жителите од општините Трговиште, Стајевце и Радовница во Кривопаланечката Околија, кои по 1945 биле приспоени кон НР Србија. Во наведените општини во 1931 година живееле 11 333 жители (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 101).

151 *Statistički godišnjak, knjiga I, 1929,* Beograd, 1932, 119; *Statistički godišnjak, knjiga II, 1930,* Beograd 1933, 70; *Statistički godišnjak, knjiga III*, 1931, Beograd, 1934, 67.

152 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 98–107; Владан Јовановић, Вардарска Бановина, 1929–1941., 78.

153 *Almanah Kraljevine Jugoslavije, Opšta državna uprava Banovine, srezovi, opštine i gradovi*, Zagreb, 1932, 370.

154 По вероисповед 40 865 биле православни, 3 578 католици, 21 011 муслимани, 2 641 Евреи и 248 останати религиии (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 105).

говори во рамките на политичкиот естаблишмент на ревидирање на политиката на интегрално југословенство и цврст федерализам. Како резултат на овие преговори во август 1939 година е потпишана т.н. спогодба Цветковиќ – Мачек со која е формирана посебна бановина на национална основа, Бановина Хрватска, со што државата започнала да се федерализира. Како реакција на формирањето на Бановина Хрватска во српскиот политички корпус започнала да зрее идејата за формирање на посебна бановина на „српските земји" во која требало да влезе Вардарска Бановина, а со тоа и Македонија. Главен град на бановинината, според предлогот, требало да биде Скопје (како спомен на некогашното Душаново Царство)[155].

Во вакви околности требало да биде спроведен пописот предвиден за 1941 година, кој не се одржал заради окупацијата на Кралството Југославија.

155 Dejan Djokić, *Elusive Compromise: A History of Interwar Yugoslavia)* London, 2007, 231.

# Демографски карактеристики

## Природно движење на населението (наталитет, морталитет, природен прираст)

Вардарска Македонија меѓу двете светски војни претставува типичен пример за едно аграрно општество. За ваквите општества е карактеристична висока стапка на наталитет, но и на морталитет[156]. Во периодот 1934 – 1939 година, за кој имаме детални статистички податоци, стапката на наталитет во Вардарска Македонија изнесувала 35,6 ‰, додека стапката на морталитет е 19,1 ‰, односно стапката на природен прираст изнесувала 16,5 ‰[157].

Во посочениот шестгодишен период може прецизно да се следи стапката на наталитет во околиите во Вардарска Македонија. Поголемиот дел од околиите имаат изразито висок наталитет од преку 40 ‰. Сепак, следејќи го периодот 1934 – 1939 година во повеќето околии се забележува тенденција на опаѓање во однос на вкупната стапката на наталитет во претходниот период.[158]

156 Особено била висока стапката на морталитет кај доенчињата. И во средината на триесетите години, односно во периодот 1934 – 1937 година 28,3% од умрените лица во Вардарска Македонија биле деца помали од една година. Повисока стапка имале Босна и Херцеговина со 30,4 % и Косово со 31,3 %. (Vladimir Simeunović, *Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921 – 1961. ukupno stanovništvo polna i starosna struktura*, Beograd, 1964, 50).

157 Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953 kao odraz ekonomskog razvoja*, 33.

158 Vladimir Simeunović, *Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921 – 1961. ukupno stanovništvo polna i starosna struktura*, 43.

**Стапка на наталитет, морталитет и природен прираст во Вардарска Македонија во периодот од 1934 до 1939 година**

| Година | Родени | Умрени | Природен прираст |
|---|---|---|---|
| 1934 | 39,6 | 17,9 | 21,7 |
| 1935 | 37,8 | 19,7 | 18,1 |
| 1936 | 36,8 | 18,9 | 17,9 |
| 1937 | 34,6 | 18,8 | 15,8 |
| 1938 | 32,5 | 20,0 | 12,5 |
| 1939 | 32,8 | 19,0 | 13,8 |

Извор: Vladimir Simeunović, *Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921 – 1961.* ukupno stanovništvo polna i starosna struktura, Beograd, 1964, 42 – 52.

Во 1934 година стапка на наталитет преку 40 ‰ имаат Царевоселската, Дојранската, Галичката, Кавадаречката, Кочанската, Кратовската, Кривопаланечката, Мариовската, Овчеполаската, Поречката, Прилепската, Радовишката, Струшката, Струмичката, Штипската, Велешката и Жеглиговската (Кумановската) Околија[159]. Стапката на наталитет била најниска во Битолската, Гевгелиската, Неготинската, Малешевската и Скопската Околија, помеѓу 34,4 – 36 ‰. Сосема очекувано во поголемите градови стапката на наталитет била значително пониска. Во Битола на пример во 1937 година живееле 33 033 жители[160], истата година се родиле 728 деца, односно стапката на наталитет изнесувала 22 ‰, умреле 591 лице, односно стапката на морталитет изнесувала 17,9 ‰[161]. Стапката на природен прираст во Битола во посочената година изнесувала 4,1 ‰. Во градот Скопје истата година се проценува дека живееле 66 893 жители, се родиле 1 958 деца, што значи стапката на наталитет изнесувала 29,2 ‰, умреле 1 095 лица, односно стапката на морталитет изнесувала 16,3‰[162]. Стапката на природен прираст во Скопје изнесувала 12,9 ‰. Во градот Тетово во периодот 1934 – 1939 година просечно годишно се раѓале по 330 деца[163]. Статистичкиот оддел во Општина Тетово проценил дека во градот во

159 Спореди: *Statistički godišnjak 1938 – 1939,* knjiga, VIII, Beograd, 1938, 151–152. Особено висока стапка на наталитет во посочениот период имаат Галичката, Кочанската, Кратовската, Кривопаланечката и Мариовската Околија каде стапката на наталитет е над 45 ‰.

160 Јован Ф. Трифуноски, *Македонска градска насеља,* Београд, 1947, 47.

161 *Statistički godišnjak 1938 – 1939,* 143.

162 *Ibidem*, 144.

163 *Statistički godišnjak 1938 – 1939,* 144; *Statistički godišnjak 1940,* knjiga, X, Beograd, 1941, 119.

1935 година имало 18 631 жител[164], број на жители што ќе гоземеме како среден за пресметување на природното движење на населението во градот Тетово во периодот 1934 – 1939 година. Според статистичките податоци во посочениот шестгодишен период во Тетово стапката на наталитет изнесувала 17,7 ‰, стапката на морталитет изнесувала 13,4 ‰, додека стапката на природен прираст била 4,3 ‰[165].

Разбирливо, високата стапка на природен прираст условува и значаен дел од населението да се млади жители. Во 1921 година во Вардарска Македонија 48,1 % од населението било помладо од 19 години[166]. Во одредени окрузи и околии учеството на жителите помлади од 19 години во вкупното население бил и поголем. Во Брегалничкиот Округ 49,5 % од населението било помладо од 19 години, во Кумановскиот Округ 50,5 %, во Тетовскиот Округ 49,8 %, во Тиквешкиот Округ 48,1 %. Во Битолскиот Округ населението помладо од 19 години претставувало 46 % од вкупниот број на жители, во Охридскиот Округ 46 % и во Скопскиот Округ 47,6 %. Околиите што имале изразито висока стапка на наталитет имале и натпросечно учество на жителите помлади од 19 години во вкупното население. Во Царевоселската Околија нивното учество било 52,7 %, во Кратовската 51,5 %, во Кривопаланечката Околија 50,6 %, во Долнополошката 50,9 %, во Радовишката 50,4 %, во Малешевската Околија 50 % итн.

Единствено поголемите градови имале потпросечно учество на жителите помлади од 19 години. Во Скопје 43,6 % од жителите биле помлади од 19 години, во Куманово 46,8 %, во Кавадарци 46,5 %, во Штип 43,7 и во Битола 41,7,% од жителите биле помлади од 19 години[167].

Во 1931 година во однос на 1921 година не се бележат некои поголеми поместувања во однос на старосната структура на населението. Природниот прираст во текот на дваесеттите години е висок, што условило и големо процентуално учество на жителите помлади од 19 години. Според официјалните податоци на државната статистика во 1931 година населението помладо од 19 години во Вардарска Македонија било меѓу 44,6 % во Скопската Околија до 51 % во Поречката и Радовишката Околија. Се забележува дека во Скопската Околија каде што половина од населението живеело во градот Скопје и каде што стапката на природен прираст била релативно пониска, учеството на жителите помлади од 19 години е под просекот. Но во околиите со изразито висока стапка на наталитет и природен прираст жите-

164 Rudolf Petrović, *Polog: antropogeografski prikaz*, Zagreb, 1942, 72.

165 *Statistički godišnjak 1938 – 1939*, 144; *Statistički godišnjak 1940*, 111.

166 Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953*, 54.

167 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године*, 398–410.

лите помлади од 19 години учествувеле со над 50 % во вкупното население на околијата, како што е примерот со Долонополошката (50,2 %) и Кривопаланечката Околија (50,8 %)[168]. Учеството на населението помладо од 19 години во вкупниот број на жители во Вардарска Македонија во 1931 година било 47,9 %[169].

**Процент на население помладо од 19 години**

| Околија | 1921 | 1931 |
|---|---|---|
| Битолска | 43,7 | 45.3 |
| Кичевска | 48,7 | 49,7 |
| Крушевска | 47,8 | 49,4 |
| Мариовска | 44,5 | 45,9 |
| Преспанска | 46,5 | 47,6 |
| Прилепска | 46,7 | 46,9 |
| Кочанска | 49,4 | 49,3 |
| Малешевска | 50,0 | 48,2 |
| Овчеполска | 48,9 | 48,5 |
| Радовишка | 50,4 | 51,0 |
| Царевоселска | 52,7 | 49,0 |
| Штипска | 46,7 | 45,0 |
| Жеглиговска | 49,9 | 49,4 |
| Кратовска | 51,5 | 49,4 |
| Кривопаланечка | 50,6 | 50,8 |
| Горнодебарска | 44,6 | 46,3 |
| Охридска | 47,5 | 48,6 |
| Струшка | 45,2 | 48,6 |
| Велешка | 47,9 | 46,4 |
| Скопска | 46,9 | 44,6 |
| Долнополошка | 50,9 | 50,2 |
| Галичка | 46,4 | 50.3 |
| Горнополошка | 49,6 | 49,5 |
| Поречка | 48,9 | 51,0 |
| Дојранска | 48,1 | 49.3 |
| Гевгелиска | 47,4 | 45,3 |
| Кавадаречка | 48,2 | 48,2 |
| Неготинска | 47,9 | 48,4 |
| Струмичка | 48,5 | 47,9 |

Извор: *Statistički godišnjak 1938 – 1939,* knjiga, VIII, Beograd, 1938, 143 – 144, Статистички годишњак 1940, књига X, Београд, 1941, 134 – 135.Vladimir Simeunović, *Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921 – 1961. ukupno stanovništvo polna i starosna struktura*, Beograd, 1964.

168 Спореди: *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, kniga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti*, Beograd, 1938, 100–110.

169 Vladimir Simeunović, *Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921 – 1961. ukupno stanovništvo polna i starosna struktura*, 81.

Високата стапка на природен прираст, големиот процент на рурално население и сè уште виталните патријархални навики, меѓу другото, условувале и живеење во повеќечлени домаќинства. Во 1921 година просечното семејство во Вардарска Македонија го сочинувале 5,15 членови, додека во 1931 се зголемил на 5,94[170]. Во руралните области во Вардарска Македонија во меѓувоениот период не биле ретки семејните задруги. Во многу села традиционалната семејна задруга со својата цврста поврзаност меѓу членовите сè уште опстојувала[171]. Не биле ретки домаќинствата и со повеќе од десет членови[172]. Тоа го покажува и статистиката така што во одредени општини во руралните подрачја бројноста на домаќинствата е далеку поголема од просечната. Ќе наведеме повеќе примери од неколку општини населени со македонско и албанско население.

Во Општината Могила во Битолската Околија[173] во која живеело македонско православно население на почетокот на дваесеттите години во едно домаќинство просечно живееле 7,6 членови[174]. Во Општината Новаци, во соседната Мариовска Околија[175], исто така

---

170 *Ibidem,* 34–37.

171 Мари Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20 веку,* Београд, 2013, 122.

172 Во околината на Скопје семејства со повеќе од десет членови и кај македонското и кај албанското население биле честа појава. Најбројна била семејната задруга на родот Чурковци во селото Булачани, којашто ја проучувал професорот на скопскиот Филозофски факултет Миленко Филиповиќ. Во 1929 година семејната задруга броела 66 членови. Во селото Сопиште задругата на родот Пометковци во 1932 година кога се поделиле броела 54 души. И кај албанското население постоеле семејни задруги, иако поретко. На крајот на дваесеттите години во Скопско најбројна била задругата на Фетах Неби во селото Горно Количани, која броела 45 членови (Миленко Филиповић, *Обичаји и веровања у Скопској котлини*, Скопље, 1937, 288–289).

173 Општината ја сочинувале селата Могила, Кукуречани, Крклино, Раштани, Горно и Долно Оризари, Карамани, Трн и Драгарино. Во 1921 година во општината биле евидентирани 2 866 жители од кои 2 865 православни и еден муслиман. Според мајчиниот јазик 2 864 биле евидентирани како *Срби или Хрвати,* еден жител бил евидентиран како *Арнаут* и еден како *Романец/Цинцар* (*Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 88–89).

174 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 98.

175 Општината Новаци во Мариовската Околија ја сочинувале 16 села кои географски припаѓаат на Битолското Поле. Македонското православно население претставувало апсолутно мнозинство. Во 1913 година во општината биле евидентирани 3 201 жител (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 22). Наоѓајќи се на фронтовата линија во Првата светска војна општината изгубила голем дел од своите жители. Во 1921 година во општи-

мнозински населена со македонско православно население (98 %), на почетокот на дваесеттите години просечно во едно домаќинство живееле 7,6 членови[176], додека во 1931 година овој број останал речиси ист, 7,5 членови[177]. За разлика од Општината Новаци, во соседната Општина Кременеца, во која турското население во 1921 година претставувало 86 %, на почетокот на дваесеттите години едно домаќинство просечно броело 4,8 членови[178], исто како и во 1931 година[179].

Во соседната Крушевска Околија во Општината Кривогаштани населена речиси исклучиво со македонско православно население едно домаќинство на почетокот на дваесеттите години просечно имало по 9 членови[180]. Во 1931 година бројот се намалил на 7,6[181]. Слично било и во Скопската Околија. Иако биле блиску до еден релативно развиен економски и културен центар како Скопје, влијанието на градот прилично слабо и споро се пренесувало на блиските села. На почетокот на дваесеттите години во Општината Ракотинци, населена речиси исклучиво со македонско население, просечно во едно домаќинство имало 8,2 членови[182], во 1931 бројот бил речиси непроме-

ната биле евидентирани 2 350 жители. По вероисповед 2 310 жители биле православни, 39 муслимани и еден бил евреин. По мајчин јазик 2 310 биле евидентирани како *Срби или Хрвати,* 25 како *Арнаути* и 14 како Турци (*Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 90–91).

176 *Речник места,* 23.

177 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 102. По вероисповед во Општината Новаци во 1931 година живееле: 3 322 православни, 135 муслимани и 4 римокатолици (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 102).

178 *Речник места,* 23.

179 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 102. По вероисповед во 1931 година во Општина Кременица живееле: 2 102 муслимани, 493 православни и 12 римокатолици (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 102).

180 Општината ја сочинувале селата Кривогаштани, Крушеани и Светомитрани (*Речник места,* 22).

181 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 101. Во 1931 година од 2 803 жители, 2 785 биле православни (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 101).

182 *Речник места*, 292. Општината ја сочинувале македонските села Горно и Долно Солње, Добри Дол, Сушица, Варвара и Ракотинци. Во 1913 година во општината живееле 2 346 жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 133). Во 1921 година бројот на жителите се намалил на 2 224 од кои 2 277 православни и 17 муслимани (*Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 116–117).

нет на 8,3 членови[183]. Речиси двојно над просекот за едно домаќинство се бележи во Општината Булачани. На почетокот на дваесеттите години едно домаќинство просечно имало 10,2 членови[184]. До 1931 година се бележи умерено намалување и просечно во едно домаќинство живееле 9 членови[185].

Кај албанското население исто така е забележливо присуство на семејни задруги, иако анализирајќи ги статистичките податоци видливо е дека просечниот број на членови во едно домаќинство е помал во однос на македонското население. Како пример ќе наведеме неколку општини од Долнополошката Околија. Општината Селце во која 98 % од населението во 1921 година било албанско, просечно во едно домаќинство живееле 5,1 жител, што е во рамките на просекот за Македонија. Во Општината Желино просечно во едно домаќинство живееле 6 членови, а во Групчин 6,7. Во двете општини над 90 % од жителите биле Албанци[186]. Состојбата останала речиси непроменета и во 1931 година. Во Општината Селце просечно во едно домаќинство живееле 5,2 членови, а во Желино и Групчин 6,2 членови[187]. Во Долнополошката Околија во општините каде што живеело исклучиво македонско население или пак било во големо мнозинство, про-

183 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 105.

184 *Речник места*, 290. Општината ја сочинувале селата: Булачани, Црешево, Раштак и Бутел. До 1912 година селата Црешево и Раштак биле егзархиски, а Булачани патријаршиско. До истата година во Раштак живеело и албанско население.

185 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 105. Според истражувањата на Светозар Томиќ од почетокот на XX век во селото Булачани просечно во едно домаќинство живееле по 10 членови (Светозар Томић, „Скопска Црна Гора“, *Насеља српских земаља,* Београд, 1905). Всушност, за триесетина години во споменатото село немало суштински промени и покрај коренитите политички, па и цивилизациски промени, на микроплан еволуцијата на секојдневниот селски живот се одвивале мошне бавно.

186 Општината Селце во Долни Полог ја сочинувале селата: Шипковица, Лисец, Вешала, Гајре, Лавце, Бродец, Вејце, Бозовце и Селце. Освен во Лавце, каде што живеело православно македонско население со вкупно 65 жители, во останатите села живеело албанско население. Општината Желино ги опфаќала селата: Добарце, Стримница, Горна и Долна Лешница, Сараќино, Фалише и Желино. Просечно најмногу членови во едно домаќинство имало во македонското село Фалише. Општината Групчин ја сочинувале 12 села од областа Дервен. Од селата во Долни Полог во кои живеело исклучиво албанско население просечно најмногу жители на едно домаќинство, 8,6 биле евидентирани во селото Камењане (*Речник места*, 282, 283).

187 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 98.

сечниот број на членови во едно домаќинство е поголем во однос на општините каде што живеело албанско население. Во Општината Вратница во која 99 % од населението во 1921 година е македонско, просечно во едно домаќинство живееле 9 членови, додека во македонските села во Општината Шемшово едно просечно домаќинство броело над 10 членови[188]. Веќе во 1931 година се забележува опаѓање на просечниот број на членови во едно македонско домаќинство во Долнополошката Околија[189].

## Стапка на писменост

Пред балканските војни во Македонија била широко распространета мрежа на училишта во кои наставата се одвивала на турски, бугарски, грчки, влашки, српски и други јазици. По балканските и Првата светска војна еден дел од малубројниот слој на интелегенција, особено поранешните егзархиски учители емигрирале од Вардарска Македонија.

Меѓутоа и покрај наведената прилично распространета мрежа на училишта реалната функционална неписменост сè уште била исклучително висока. Податоците од пописите во 1921 и 1931 година покажуваат дека огромен број од населението во Македонија со над 10 години старост било неписмено. Во 1921 година стапката на неписменот изнесувала 77,4 %, додека во 1931 година оваа стапка била намалена на 67,5 %. Како за споредба, неписменоста во Словенија во 1921 година изнесувала 8,9%, а во 1931 изнесувала 5,5 % од вкупното население[190].

Единствена околија во 1931 година во која повеќе од половина од населението постаро од 10 години е писмено е Гевгелиската Околија во која 55,6 % од жителите постари од 10 години биле писмени[191]. Карактеристично е дека дури и во Скопската или Битолската Околија, чиишто административни центри биле релативно големи гра-

188 *Речник места*, 282, 284.

189 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 98–99.

190 Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953,* 77.

191 *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, kniga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti,* 101. Во Гевгелиската и Дојранската Околија во 1933 година 86,5 % од децата оделе на училиште. Единствено кај девојчињата од муслиманска вероисповед овој процент бил понизок (Владан Јовановић, *Вардарска бановина*, 410).

дови и кои до 1912 година биле вилаетски седишта каде што мрежата на училишта била особено развиена, процентот на неписменост е над половина. Во Скопската Околија во 1931 година 40,3 % од населението е писмено, додека во Битолската Околија стапката на писменоста кај жителите постари од 10 години е 44 %[192].

**Процент на писмено население во 1931 година.**

| Околија | % на писменост | % на неписменост |
|---|---|---|
| Битолска | 44,0 % | 56,0 % |
| Кичевска | 28,0 % | 72,0 % |
| Крушевска | 32,2 % | 67,8 % |
| Мариовска | 18,2 % | 81,8 % |
| Преспанска | 39,0 % | 61,0 % |
| Прилепска | 38,5 % | 61,5 % |
| Кочанска | 23,5 % | 76,5 % |
| Малешевска | 44,9 % | 55,1 % |
| Овчеполска | 21,1 % | 78,9 % |
| Радовишка | 19,6 % | 80,4 % |
| Царевоселска | 29,3 % | 70,7 % |
| Штипска | 42,0 % | 58,0 % |
| Жеглиговска | 28,6 % | 71,4 % |
| Кратовска | 24,2 % | 75,8 % |
| Кривопаланечка | 25,5 % | 74,5 % |
| Горнодебарска | 32,6 % | 67,4 % |
| Охридска | 32,0 % | 68,0 % |
| Струшка | 31,6 % | 68,4 % |
| Велешка | 35,3 % | 64,7 % |
| Скопска | 40,3 % | 59,7 % |
| Долнополошка | 20,4 % | 79,6 % |
| Галичка | 36,7 % | 63,3 % |
| Горнополошка | 20,8 % | 79,2 % |
| Поречка | 22,4 % | 77,6 % |
| Дојранска | 30,7 % | 69,3 % |
| Гевгелиска | 55,6 % | 44,4 % |
| Кавадаречка | 38,1 % | 61,9 % |
| Неготинска | 27,0 % | 73,0 % |
| Струмичка | 22,6 % | 77,4 % |

Извор: Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, knjiga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti, Beograd, 1938.

192 *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, kniga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti,* 100, 109. Во Битолската Околија во 1918 година имало 26 училишта, додека во 1933 година нивниот број пораснал на 56 (Владан Јовановић, *Вардарска бановина,* 410).

Во однос на поврзаноста на верската или етничката припадност со стапката на писменост не може да се направи некакво јасно разграничување. Во Гевгелиската Околија, која има највисока стапка на писменост од 55,6 %, во апсолутно мнозинство е православното македонско население со 96,7 %. Истовремено најниска стапка на писменост има во Мариовската Околија од 81,8 %. Во околијата во 1931 година апсолутно мнозинство претставувало македонското православно население со 81,7 %. Исклучително ниски стапки на писменост под ¼ од населението постаро од 10 години се бележи и во Радовишката, Долнополошката, Горнополошката, Овчеполската, Поречката и Кратовската Околија.

Друга значајна карактеристика е високата стапка на неписменост во околиите каде што мнозинство или значаен процент од населението било муслиманско. Во Долнополошката Околија 79,6 %, а во Горнополошката 79,2 % од жителите постари од 10 години во 1931 година се неписмени. Особено е висока стапката на неписменост кај женското население во споменатите околии. Исклучително висока стапка на неписмено население, над 70 %, се бележи и во Царевоселската, Кичевската, Кочанската, Кратовската, Кривопаланечката, Неготинската, Овчеполската, Поречката, Радовишката и Кумановската Околија[193].

## Социјална структура (земјоделско и неземјоделско население)

По завршувањето на Првата светска војна Вардарска Македонија влегла во едно ново политичко и економско опкружување. Од една прилично економски неразвиена држава, како што било Османското Царство, сè уште со феудални остатоци, пред сè во земјоделството, Македонија станува составен дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, држава во која влегле и области со сосема различни економски, политички и културни обележја и прилично развиена индустрија, како што биле Словенија и Хрватска. Вардарска Македонија во овој период претставувала периферна област на Кралството на СХС, одделена од природниот центар на југ, кон кој до 1912 година воделе главните економски и трговски патишта.

193 *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, kniga III, Prisutno stanovništvo po pismenosti i starosti,* 100–110.

Следејќи ја структурата на населението и неговите главни економски обележја се добива јасна претстава за степенот на развиеност на една земја. Во 1921 година во Вардарска Македонија од вкупниот број на жители 74,3 % било земјоделско население, а само 25,7 % од активното и неактивното население егзистирало од неземјоделските дејности. За споредба, истата година во Словенија од земјоделство егзистирале 63,1 % од жителите[194]. И покрај веќе споменатиот процент на градско население во Вардарска Македонија во споредба со други делови на Југославија, сепак земјоделството била основна можност за егзистенција и на дел од градското население така што бројот на земјоделското бил поголем од бројот на селското население. Според податоците што се однесуваат на триесеттите години, околу 75 % од активното население било ангажирано во земјоделството, а некои истражувачи сметаат дека во овој сектор вкупно било ангажирано и до 80 % од населенито[195].

Во 1931 година бројот на земјоделско население во Вардарска Македонија во однос на 1921 година се зголемил за околу 100 000 жители или просечно годишно за околу 10 000 лица. Споменатата година 74,4 % од вкупниот број на жители во Вардарска Македонија егзистирале од земјоделство, а 25,6 % од останатите неземјоделски дејности (занаетчиство, индустрија, трговија, јавни служби и др.)[196]. Истовремено во Словенија 60,5 % од вкупното население егзистирало од земјоделство, односно за споредба одливот на земјоделското население кон неземјоделските дејности во однос на другите делови на Југославија, особено во однос на Словенија, во Македонија бил побавен. Ваквата тенденција ќе продолжи и во триесеттите години на XX век. Според пописот од 1948 година земјоделското население во НР Македонија по завршувањето на Втората светска војна сочинувало 71,5 % од вкупниот број на жители на републиката. Во однос на 1931 година релативниот број на земјоделско население во Македонија се намалил за 2,9 %, додека во Словенија намалувањето изнесувало 11,5 %[197].

Карактеристично е дека, според податоците од 1931 година, во некои области од Македонија имало изразито ниска стапка на земјоделско население, како Галичката или Дебарската Околија и покрај

194 Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953,* 90.

195 Ристо Христов, *Селото во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, социо-економски истражувања*, Скопје, 1993, 53.

196 *Definitivni rezultati popisa stanovništva : od 31 marta 1931 godine, knjiga IV, Prisutno stanovništvo po glavnom zanimanju*, Beograd, 1940, 264–293.

197 Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953,* 91–94.

тоа што во овие области немало некои развиени градски центри. Во Галичката Околија дури 57,9 % од вкупното население не егзистирало од земјоделство, а во Дебарската 45,7 %. Вака високиот процент на неземјоделско население е последица на географските и економските одлики на областите, бидејќи најголем дел од населението уште од XIX век не егзистирало од земјоделство[198]. Најголем дел од жителите на споменатите пасивни области егзистирале од печалбарство, кое било мошне развиено и пред балканските војни[199]. Заради печалбарскиот начин на живот машкото население постаро од 15 години од повеќе области поголем дел од годината или подолго било отсутно од местата на постојано живеење. Бидејќи пописите го евидентирале присутното население, во печалбарските краеви се бележи поголемо присуство на женско од машко население. Така во споменатата Галичка Околија во 1921 година имало 1 688 женски жители повеќе во однос на машки. Слично било и во Полог[200], Кичевско и др. области[201].

---

198 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga IV, Prisutno stanovništvo po glavnom zanimanju*, 268–271.

199 Печалбарскиот начин на живеење на населението од овие области бил предмет на жив научен интерес уште во периодот меѓу двете светски војни кај бројни домашни и странски истражувачи. Во триесеттите години на XX век за печалбарството во Галичник било забележано: „Селото Галичник безмалку три илјади фити над морето... речиси единаесет месеци во годината живее без мажи, со исклучок на свештеникот и неколкумуна постари мажи. Сопрузите и постарите синови (со над 15 години) се наоѓаат во Централна или Западна Европа, Грција, Романија, Југославија, северниот брег на Африка, Мала Азија, Русија или Соединетите Американски Држави. Еднаш годишно, помеѓу 1–15 јули, најголемиот дел од мажите се враќаат од големиот свет. Оние што се наѓаат подалеку се враќаат еднаш на две-три години и учествуваат на свеченостите што се одржуваат на 12 јули. Кога ние бевме таму шеснаесет двојки се венчаа. Речиси сите беа печалбари, освен двајца кои беа овчари што го напасуваа добитокот на неколку часа од селото“ (Joel M. Halpern, *Some Perspectives on Balkan Migrations Patterns (with Particular Reference to Yugoslavia) Migrations and Urbanization*, London 1975, 81).

200 Надежда Цветковска, Лидија Ѓурковска, „Аграрната структура на Тетовскиот Округ (според пописот на населението од 31 март 1931 година)“, *Историја*, XLIX/1, Скопје, 2014, 249 – 254.

201 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 406–407.

**Процент на земјоделско и население со друга професија во Вардарска Македонија во 1931 година:**

| Околија | Земјоделство | Индустрија, занаетчиство | Трговија, кредити, сообраќај | Јавни служби, слободни професии | Други професии |
|---|---|---|---|---|---|
| Битолска | 53,68 | 19,52 | 11,66 | 7,75 | 7,45 |
| Царевоселска | 85,52 | 3,55 | 1,49 | 7,64 | 1,78 |
| Дојранска | 90,19 | 2,88 | 2,10 | 4,40 | 0,40 |
| Долнополошка | 78,11 | 9,28 | 3,58 | 2,83 | 6,18 |
| Гевгелиска | 76,43 | 7,70 | 5,54 | 6,06 | 4,24 |
| Галичка | 42,07 | 31,06 | 5,21 | 5,95 | 15,69 |
| Горнодебарска | 54,53 | 24,16 | 4,83 | 9,45 | 7,22 |
| Горнополошка | 79,81 | 7,98 | 4,39 | 3,22 | 4,56 |
| Кавадаречка | 82,35 | 7,39 | 4,48 | 3,80 | 1,95 |
| Кичевска | 84,37 | 6,95 | 2,87 | 3,16 | 2,62 |
| Кочанска | 83,89 | 6,39 | 2,65 | 2,96 | 4,09 |
| Кратовска | 90,38 | 5,08 | 1,41 | 2,17 | 0,94 |
| Кривопаланечка | 92,70 | 3,06 | 0,91 | 2,53 | 0,77 |
| Крушевска | 85,31 | 8,41 | 2,13 | 2,35 | 1,76 |
| Малешевска | 85,63 | 4,83 | 1,52 | 7,04 | 0,88 |
| Мариовска | 96,58 | 0,80 | 0,22 | 2,32 | 0,06 |
| Неготинска | 84,21 | 5,43 | 3,34 | 4,24 | 2,74 |
| Охридска | 74,75 | 7,85 | 3,36 | 5,09 | 8,93 |
| Овчеполска | 92,56 | 3,42 | 1,63 | 2,25 | 0,11 |
| Поречка | 96,27 | 1,54 | 0,38 | 0,16 | 0,14 |
| Преспанска | 79,06 | 10,02 | 3,22 | 4,03 | 3,65 |
| Прилепска | 73,91 | 13,77 | 6,00 | 3,54 | 2,78 |
| Радовишка | 88,08 | 4,59 | 1,49 | 2,60 | 3,23 |
| Скопска | 52,96 | 16,19 | 13,52 | 10,30 | 7,01 |
| Струшка | 69,72 | 20,39 | 3,27 | 4,08 | 2,52 |
| Струмичка | 80,26 | 8,56 | 3,92 | 5,22 | 2,01 |
| Штипска | 49,50 | 18,45 | 11,72 | 13,16 | 7,14 |
| Велешка | 64,36 | 12,48 | 5,18 | 5,26 | 12,69 |
| Жеглиговска | 79,72 | 9,23 | 4,53 | 3,60 | 2,89 |

Извор: *Definitivni rezultati popisa stanovništva: od 31 marta 1931 godine, knjiga IV, Prisutno stanovništvo po glavnom zanimanju*, Beograd, 1940, 264–293.

Податоците за главната професија од која населението обезбедувало егзистенција говорат дека најголем процент (над 90 %) на земјоделско население има во околиите каде што нема развиен и значаен градски центар, како Мариовската, Поречката, Овчеполската, Кривопаланечката, Кратовската и Дојранската. Исклучок претставува споменатата Галичка Околија каде голем процент од жителите егзистирале од печалбарство и затоа не треба да збунува фактот што во споменатата околија дури 31 % од жителите егзистирале од индустриски и занаетчиски дејности, иако во оваа околија немало ниту еден индустриски капацитет. Најниска стапка на земјоделско население, а со тоа и поголемо учество на жителите што егзистирале од индустрија, занаетчиство или трговија, се бележи во околиите што биле седиште на поголем развиен економски градски центар како Скопската, Битолската и Штипската Околија.

## Депопулација на градовите 1913 – 1921 година

Пописот од 1921 година отсликува една од најважните демографски карактеристики на градовите во Македонија – значителното опаѓање на бројот на нивното население во периодот на балканските и Првата светска војна. Карактеристично е дека во некои градови, особено во оние што биле на линијата на македонскиот фронт за време на Првата светска војна, се бележи големо намалување на бројот на населението, а некои речиси ги снемало од географската карта.

Најголем пад во бројот на градските жители во 1921 година, во однос на 1913 година, се бележи во Дојран, Битола, Крушево, Прилеп, Штип, Неготино, Гевгелија, Дебар, Тетово, Скопје, Ресен, Кичево, Радовиш, Кратово, Охрид, Струга, Кавадарци, и Кочани. Зголемување на населението во однос на 1913 се бележи во Берово, Св. Николе, Царево Село, Куманово, Крива Паланка и Гостивар. Од вкупното население во Вардарска Македонија во 1921 година 27 %, а во 1931 година 28,3 % живее во градовите.

Ќе наведеме неколку карактеристични примери за депопулацијата што зафатила најголем дел од градовите и административните центри во Вардарска Македонија во периодот на балканските и Првата светска војна. По завршувањето на Првата балканска војна на пописот спроведен од српските власти пролетта 1913 година во Битола биле евидентирани 48 370 жители[202], додека само по осум години, во 1921 година, како последица на војната градот, кој до 1912 година претставува значаен центар во балканските османски области

202 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 13.

со релативно развиена економија[203] и седиште на голем вилает[204], бил само пограничен град отсечен од својата економска позадина и затворен кон Солун со само 28 420 жители[205].

Во периодот 1913 – 1921 година бројот на жители во Битола се намалил за 41 % и истовремено градот во голема мера ја изгубил и дотогашната етничка колоритност. Според процените на српските власти од почетокот на 1913 година (веројатно пред спроведувањето на официјалниот попис) во градот живееле: „околу 50 000 жители од кои 24 000 христијани, 20 000 муслимани и 6 000 мојсиевци." Во однос на етничката припадност, според истата проценка, „10 000 биле Бугари, 12 000 Цинцари, најголем дел од нив грцизирани, останатите околу 2 000 биле Срби и Куцовласи." Од муслиманските заедници споменати се 4 000 – 5 000 Албанци[206]. Во 1921 година и верската структура била прилично променета во однос на 1913 година. Во градот живееле 17 577 православни (61,8 %), 7 928 муслимани (27,9 %), 2 640 Евреи (9,3 %) и помал број припадници на други конфесии. Етничката структура претрпела уште поголеми промени. Македонското православно население претставувало мнозинство со над 50 %. Според мајчиниот јазик 15 958 (56,1 %) биле евидентирани како *Срби или Хрвати*, 6 025 (21,2 %) како Турци, 1 801 (6,3 %) како *Арнаути*, 1 149 како *Романци-Цинцари* и 3 335 останати[207], во најголем број Евреи и Роми.

Во 1931 година во градот се бележи зголемување на вкупното население на 33 024 жители. Според верската структура жителите се делеле на: православни 22 326 (67,6 %), муслимани 6 181 (18,7 %) и Евреи 3 780 (11,4 %)[208]. Бидејќи податоците за мајчин јазик за насе-

---

203 Dalibor Jovanovski, "Redrawing State Borders: Prosperity to Poverty in Ottoman and post-Ottoman Bitola (Monastir)", *Wealth in the Ottoman and post-ottoman Balkans, A Socio-Economic History,* edited by Evgenia Davidova, London, New York, 2016, 154–155.

204 Битолскиот Вилает на почетокот на XX според османските статистики имал околу 824 000 жители (Kemal H. Karpat, *Ottoman Population 1830 – 1914: Demographic and Social characteristics,* 168–169).

205 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 88–89.

206 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* 223. Јован Хаџи Васиљевиќ забележал дека во Битола живееле повеќе богати турски семејства кои по своето потекло биле Албанци, но никако не признавале дека не се „прави Азијати" (Јован Хаџи Васиљевић, „Град Битољ", *Браство,* књига 23, Београд, 1911, 234).

207 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 85–86.

208 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 98.

лените места се изгубени во бомбардирањето на Белград во 1941 година, врз основа на податоците за вероисповед можеме да констатираме дека заради иселувањето во Турција во дваесеттите години доаѓа до намалување на турското и албанското население, а судејќи по бројот на православните, зголемување се бележи кај македонското население, како и кај администартивно-воениот државен апарат што во најголем број го сочинувале Срби и во помал број други народи од Кралството[209]. Битола бројот на жителите што го имала пред балканските војни го достигнала дури на почетокот на шеесеттите години.

Друг град преку кој најсликовито можеме да ја следиме депопулацијата на македонските градови за време на балканските и Првата светска војна е Дојран. Според проценките на В. К'нчов во Дојран, кој бил и седиште на истоимената каза, кон крајот на XIX век имало 6 780 жители[210]. Непосредно пред почетокот на балканските војни според проценките на современиците во градот имало помеѓу 1 600 – 1 800 куќи и 8 000 – 10 000 жители[211]. Градот во својата верска и етничка колоритност не заостанувал многу зад Битола. Меѓутоа, со почетокот на балканските војни започнал еден прилично силен процес на иселување на градските жители така што до пролетта 1913 година бројот на жителите се преполовил и на пописот биле евидентирани 4 032 жители[212]. Со Букурешкиот договор дотогашната Дојранска Каза била поделена меѓу Србија и Грција. Од градот, кој ѝ припаднал на Србија, жителите постојано се иселувале, турското население во Мала Азија, Истанбул и делови од Тракија, кои останале под осман-

---

209 Во 1941 година бугарските власти процениле дека во Битола живееле 33 033 жители од кои 22 751 православни, 6 279 муслимани, 3 431 евреи и 572 други (*Българското управление във Вардарска Македония (1941 – 1944), Документален сборник,* София, 2011, 173). На пописот во 1948 година во Битола биле евидентирани вкупно 30 761 жител од кои 23 734 Македонци, 3 543 Турци, 1 327 Албанци (Шиптари според официјалната евиденција), 420 Власи, 912 Срби и др. (*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 448).

210 Васил Кънчов, *Македония,* 162.

211 Борис Д. Янишлиев, *Гр. Дойран (Полянинъ, Пулинъ) и живота ни тамъ при турското владичество до 1912 година,* София, 1934, 8; Кирил Хаджидинев, *Дойран,* София, 1960, 31. Според Јанишлиев во градот непосредно пред почетокот на балканските војни населението било поделено на следните заедници: „...над деветстотини турски куќи, повеќе од петстотини бугарски – егзархиски, двесте бугарски – патријаршиски, од кои 40 – 50 куќи веќе се посрбуваа но патријаршиски, четириесет еврејски, шеесет цигански – муслимански, но говореа турски, две грчки и неколку цинцарски патријаршиски и егзархиски.“ Кирил Хаџијанев наведува: „Околу 1910 – 1912 година градот броеше 1 600 – 1 650 куќи од кои околу половина турски, 500 бугарски – православни, 150 гркомански, 20 србомански, 60 цигански, 40 – 50 еврејски и 10 бугарски протестантски.“

212 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 147.

ска контрола, додека македонското, пред сè егзархиско население, во Бугарија, во градовите Софија, Горна Џумаја, Бургас, Свиштов[213].

Од есента 1915 година по поразот на Србија во Дојран власт воспоставиле бугарските воени и административни органи. Со нивна наредба заради близината на фронтовата линија пролетта 1916 година поголемиот дел од жителите на Дојран биле евакуирани во Струмица и Валандово. За време на воените дејства на фронтот во периодот 1916 – 1918 година градот бил повеќе пати под артилериски оган на силите на Антантата. Преостанатите жители за време на војната, како и по запирањето на воените дејства засекогаш го напуштиле градот. Турското население заминало кај своите сонародници иселени веднаш по 1912 година во Мала Азија, пред сè во Бурса и Истанбул, додека македонските бегалци, освен во Бугарија, трајно се населиле и во околните места, Фурка, Валандово и др.[214]. Во 1925 година Дојран имал статусот на „варошица“, веројатно само како потсетување на неговата поранешна положба на административен центар, бидејќи имал само 328 жители и бил помал од повеќето околни села[215].

Значаен пад на бројот на населението бележат и местата кои за време на Првата светска војна не биле директно на фронтовата линија но биле изложени на воени дејствија и безредија во текот на балканските војни, односно на востанички движења и отпор кон српската власт. Таков е примерот на Неготино, кое до 1912 година било дел од Тиквешката Каза во состав на Солунскиот Вилает. Кон крајот на XIX век, според В. К’нчов, во Неготино живееле 2 395 жители од кои: „1 925 православни и 320 мухамедански Бугари“[216]. Иако бројот на муслиманското население бил нешто поголем од проценките на К’нчов, во гратчето мнозинство претставувало православното македонско егзархиско население, за разлика од седиштето на Тиквешката Каза, Кавадарци, каде муслиманското население до балканските војни било мнозински елемент.

213 Кирил Хаджидинев, *Дойран,* 58.

214 Борис Д. Янишлиев, *Гр. Дойран (Полянинъ, Пулинъ),* 1. Најголемиот дел од македонското православно население во текот на Првата светска војна и по нејзиното завршување останува на бугарска територија, најголемиот дел во соседната Струмица (која до 1919 година е под бугарска власт), 131 домаќинство, во Софија 113 домаќинства, Варна 18, како и во други места во Бугарија вкупно 290 домаќинства. Во областите кои потпаднале под грчка власт, во Солун, Кавала, Серез и блиските дојрански села се преселиле 68 домаќинства. Во границите на Кралството на СХС останале 190 домаќинства, од кои најголемиот дел 113 домаќинства го формирале Нов Дојран. (Мито Теменугов Железни, *Дојран и Дојранско во минатото и денес*, Скопје, 1972, 239 – 250).

215 *Речник места*, 17.

216 Васил Кънчов, *Македония,* 153.

Во текот на Првата балканска војна во Неготино била воспоставена српска власт, според чии податоци во градот пролетта 1913 година биле евидентирани 4 050 жители. Неготино било и седиште на истоимената околија што ја опфаќала целата Тиквешка Област[217]. Пред настаните од јуни 1913 година кога во акциите на Тиквешкото востание[218] настрадало речиси целото Неготино во градот имало околу 700 куќи од кои 105 биле „турски“, односно муслимански. Неготино било типичен пример за едно македонско гратче од неколку илјади жители. Барем две третини од жителите се занимавале исклучиво со земјоделство, а само околу 30 % биле трговци или занаетчии, но и на поголемиот дел од нив земјоделството им било дополнителна дејност[219].

Јован Хаџи Васиљевиќ муслиманите од областа ги карактеризира како големи фанатици[220]. Во метежот на воените акции за време на Тиквешкото востание во јуни 1913 година муслиманското население ја запалило чаршијата во Неготино, додека христијаните ги запалиле муслиманските куќи. По овие настани муслиманите се иселиле од градот, а најголемиот дел, околу 80 домаќинства, заминал за Мала Азија. Со тоа започнува демографскиот и економскиот пад на Неготино. Истата 1913 година од гратчето се иселиле и 14 влашки домаќинства. Освен во востаничкото движење, безредијата и иселу-

---

217 Мил. Aнт. Вујовић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 149–152.

218 Тиквешкото востание било кренато на 12 јуни 1913 година во селото Ваташа. Востаниците предводени од повеќе видни дејци на ВМОРО вооружено се спротивставиле на српската власт ослободувајќи повеќе села, како и Неготино и Кавадарци како административни центри во Тиквеш. Набрзо српската војска се консолидирала и со помош на неколку паравоени одреди успеала да ги врати под своја власт областите што биле под востаничка контрола. Востаниците не ја добиле очекуваната бугарска воена помош. Административниот и економски центар на Тиквеш, Кавадарци, српските сили го зазеле на 26 јуни 1913 година. За време на востанието, а особено по него, како последица на репресалиите на српските власти над 500 жители на Тиквеш биле убиени. Востанието било причина за поголемите демографски промени во Неготино, како и во неколку тиквешки села (За Тиквешкото востание види: Тодоровски Зоран, Петре Камчевски, Цочо Билјарски, Ива Бурилкова, *Револуционерните борби во Тиквешијата, спомени и материјали*, книга 1, 2, Скопје, 2001; Зоран Тодоровски, *Тиквешкото востание во 1913 година*, Кавадарци, 1999).

219 Војислав Радовановић, „Тиквеш и Рајец“, *Насеља и порекло становништва*, књига, 17, Београд, 1924, 338.

220 Според Хаџи Васиљевиќ неготинските муслимани при повлекувањето од Неготино говореле: „повеќе би сакале да јадат маџун во Мала Азија колевката на исламот, отколку да останат на своите стари огништа каде ќе суди крстот“ (Јован Хаџи Васиљевиќ, *Муслимани наше крви у Јужној Србији,* Београд, 1924, 36).

вањето, дел од населението на Неготино во 1913 година настрадало и од епидемија на колера што се јавила по пожарот[221].

Сето ова резултира со намалување на бројот на жителите на Неготино за близу 50 %. Во 1921 година во градот се евидентирани 2 118 жители од кои 2 108 православни и 10 муслимани[222]. Во текот на дваесеттите години чаршијата полека започнала да се обновува, но прекинатите економски врски со Солун тешко се надополнувале со нововоспоставениот тек на економијата и трговијата кон Скопје и понатаму на север. Бројот на градското население започнал умерено да се зголемува. Кон средината на дваесеттите години во Неготино имало 496 домаќинства со 2 240 жители[223], додека на пописот од 1931 година во градот се евидентирани 2 519 жители во 558 домаќинства[224] од кои 2 492 православни, 14 муслимани и 13 римокатолици[225]. Градот продолжил со демографскиот раст и во текот на триесеттите години, како и по Втората светска војна. Во 1948 година Неготино имало 3 115 жители[226], односно сè уште не го достигнал бројот на жителите од пред балканските војни.

Слична судбина поврзана со востаничките движења против српската власт во текот на 1913 година имал и градот Дебар. Кон крајот на XIX век забележано е дека градот имал околу 15 000 жители[227], но овој број на жители сепак е преценет. Непосредно по воспоставувањето на српската власт во градот живееле 10 199 жители[228], а по септемвриските настани во 1913 година, според извештаите на српските полициски органи, во градот имало 4 198 жители[229]. Подоцна состојбата се стабилизирала и во 1921 година во Дебар биле евидентирани 7 125 жители[230]. Овој град дел од своето население го изгубил уште во 1913 година за време на Охридско – дебарското востание што го кренало населението од овој простор против новата српска уп-

221 Војислав Радовановић, „Тиквеш и Рајец“, 366.

222 *Дефинишивни резулшаши йойиса сшановнишшва од 31 јануара 1921 їодине,* 120–121.

223 *Речник месша*, 24.

224 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva,* Beograd, 1937, 102.

225 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 102.

226 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 441.

227 Васил Кънчов, *Македония,* 259.

228 Мил. Ант. Вујичић, *Речник месша у ослобођеној обласши Сшаре Србије*, 4.

229 Љубен Лапе, „Охридскиот округ“, 171.

230 *Дефинишивни резулшаши йойиса сшановнишшва од 31 јануара 1921 їодине,* 104.

рава[231], при што во акцијата што била преземена од страна на српските власти некои села во Река како и делови од Дебар биле запалени, а дел од албанското население мигрирало во Албанија[232]. Градот имал и доста економски неприлики, бидејќи бил отсечен од својата економска позадина којашто по војните ѝ припаднала на Албанија. Градот продолжил да стагнира и во следниот период. Во 1948 година во Дебар биле евидентирани 4 844 жители од кои 71,9 % Албанци и 22,3 % Македонци.

Посочените примери се карактеристични како некогаш просперитетни центри со значаен економски развој, особено во занаетчиството и трговијата, го изгубиле своето значење како економски и културни центри.

Војните и миграциите оставиле трага и во депопулацијата на градовите и административните центри во внатрешноста, кои не биле директно изложени востанички движења за време на балканските војни или на воените дејства од македонскиот фронт. Карактеристичен пример за ваквата констатација претставува градот Крушево. Овој планински град на почетокот на XX век е карактеристичен пример за етничка колоритност својствена за османскиот Балкан. На почетокот на XX век градот, кој е седиште на нахија, имал околу 10 000 жители[233]. Демографското опаѓање на Крушево започ-

---

231 Организираниот напад од страна на востаниците се одвивал кон областите во Македонија и Метохија. Во македонските области нападите се одвивале во правец: Пешкопеја – Дебар и Ќафасан – Струга – Охрид. На 21 септември 1913 година востаниците од Пешкопеја се упатиле кон Жировница и Дебар кој бил заземен на 22. септември. Одредите кои се упатиле кон Живорвница до 25 септември стигнале речиси пред Гостивар, односно биле запрени од српската војска кај село Речани. По падот на Дебар заарди спорото пристигнување на засилување, српската војска се повлекла од Струга и Охрид, каде одреди на востаниците влегле на 25 септември. За релативно кратко време српската војска од правец на Ресен се упатиле кон Охрид, каде влегле на 30 септември, а од правец на Гостивар се упатиле кон Дебар, влегувајќи во градот без борба на 1 октомври. Во востанието покрај албанските првенци активно учествувале и реководителите на ВМОРО Петар Чаулев, Милан Матов и др. Задушувањето на востанието и акциите на српската војска имале клучно влијание во значајното намалување на бројот на населението (пред се́ албанско), особено во Дебарската област и Река. (Пърличев Кирил, *Сръбският режим и революционната борба въ Македония*, София, 1917; Тодоровски Зоран, „Охридско – дебарското востание во 1913 година,“ Зб. *Охридско дебарско септемвриско востание од 1913 година*, Скопје, 2014; Halim Purelku, “Kryengritja e Shtatorit e Vitit 1913”, *80 – vjetori i Kryengritjes Shqiptare të Shtatorit 1913*, Shkup, 1993, 39 – 61; Богумил Храбак, *Арбанашки упади и побуне на Косову и у Македонији од краја 1912. до краја 1915. године*, Врање, 1988, 52 – 71).

232 Глигор Тодоровски, *Македонија по распарчувањето 1912/13 – 1915 - општествено-политички, економски и просветни прилики во вардарскиот дел на Македонија*, Скопје, 1995, 29.

233 Спореди: Васил Кънчов, *Македония,* 240.

нува со Илинденското востание, а продолжило со балканските војни. Влашкото население најчесто мигрирало кон Грција, Романија, Бугарија, но и кон Скопје и Белград. По Илинденското востание од градот се иселил и дел од македонското население. Масовно било иселувањето на мијачките семејства, пред сè во Бугарија[234]. Како последица на иселувањето пописот од февруари/март 1913 година спроведен од српските власти покажува значително намалување на градското население. Во градот живееле 7 941 жител[235]. До 1921 година бројот на градските жители се намалил за повеќе од половина, во градот сега биле евидентирани 3 831 жител[236], што по Дојран претставува најголемо намалување на жителите во еден град во Македонија за осумгодишниот период 1913 – 1921 година, односно населението во Крушево се намалило за 51 %.

Намалувањето на бројот на градските жители продолжило и во третата деценија од XX век. Во 1931 година во Крушево имало 830 домаќинства со 3 595 жители[237]. Иселувањето на жителите, пред сè по балканските војни и промените во економските и сообраќајните токови по Првата светска војна придонеле Крушево да го изгуби некогашното значење што го имало до почетокот на XX век[238]. Градот демографски стагнирал и во следниот период. Во 1948 година имал 3 626 жители[239].

Покрај неведените градски центри, Охрид е еден од градовите што бележи континуиран пад на своето население. Кон крајот на XIX век во градот живееле безмалку 15 000 жители[240]. Во февруари/март 1913 година во градот биле евидентирани 11 038 жители[241], додека според извештајот на окружниот началник во градот во 1914 година живееле 10 051 жител од кои 5 203 православни и 4 848 муслимани[242].

234 Јован Ф. Трифуноски, „Варошица Крушево – прилог проучавању варошица у НР Македонији“ *Гласник етнографског института Српске академије наука, књ. IV – VI,* (1955 – 1957), Београд, 1957, 193.

235 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 20.

236 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 90–91.

237 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva,* 101.

238 Јован Ф. Трифуноски, „Варошица Крушево“, 189.

239 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 443.

240 Васил Кънчов, *Македония,* 252.

241 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 79.

242 Љубен Лапе, „Охридскиот округ“, 168.

Според пописот од 1921 година во Охрид биле евидентирани 9 587 жители од кои 5 148 православни, 4 331 муслимани[243], што значи верската структура не претрпела некои позначајни промени во однос на претходната деценија. Меѓу градските муслимани во мнозинство било турското население (односно жителите што се декларирале со турски мајчин јазик) со 38,3 %, додека албанското население било застапено со 6 %. Во Охрид биле евидентирани 4 943 жители (51,5 %) *Срби или Хрвати* по мајчин јазик од кои најголем дел претставувало локалното македонско население, бидејќи колонизацијата била во почетниот стадиум и просторот на Охрид и Охридско не биле значајни како колонистички центри, односно во градот живееле мал број Срби. Во третата деценија на XX век Охрид демографски стагнирал.

Иселувањето од градот, што било карактеристично и пред балканските војни при што населението мигрирало кон Битола, Солун или во Бугарија во Софија и Варна, продолжило и во периодот 1921 – 1931 година така што во 1931 година во градот живееле 9 754 жители[244]. Во следната деценија и годините по Втората светска војна во градот се бележи умерен пораст на населението. Во 1948 година во Охрид биле евидентирани 11 169 жители. Во однос на националната структура 6 094 (54,5 %) жители биле Македонци, 2 758 (24,7 %) Турци и 1 011 (9,1 %) Албанци[245].

Големо економско опаѓање и намалување на бројот на населението во однос на состојбите пред балканските војни се бележи и во градот Струмица. Во близина на фронтовата линија за време на Првата светска војна Струмица, според одредбите на Нејскиот договор од ноември 1919 година, заради статешкото значење станува дел од Кралството на СХС.

Според проценките кон крајот на XIX век Струмица имала околу 10 000 жители[246]. Првите поголеми етнички поместувања започнале уште за време на Првата балканска војна кога поголемиот дел

---

243 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 104.

244 Според вероисповедта во 1931 година во Охрид живееле 5 482 православни и 4 121 муслимани (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 103; *Македонија како природна и економска целина*, Скопје, 1978, 218).

245 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 445.

246 Според В. К'нчов во Струмица на крајот на XIX век живееле:„6 200 Бугари, 3 100 Турци, 700 Евреи и 160 Цигани" (Васил Кънчов, *Македония*, 159). Според проценките направени врз основа на османските нуфуз дефтери во Струмица во 1910 година имало околу 25 000 жители од кои 10 000 муслимани, 1 000 Евреи, а останатите христијани (А. Андријашевић, *Струмица, земља и народ,* Ниш, 1923, 29). Сметаме дека проценката од 25 000 жители пред балканските војни е нереална, односно бројот на градските жители бил помал.

од турското население го напуштило градот заради теророт што бил вршен од страна властите[247]. За Струмица е карактеристично што дел од македонското патријаршиско население по Втората балканска војна ги напуштило своите домови и заминало на територијата контролирана од грчките војски, главно во Кукуш, населувајќи се на местото на протераното македонско егзархиско население. Само во Кукуш по завршување на Втората балканска војна биле регистрирани околу 250 семејства од Струмица[248]. Во истиот период од градот се иселиле и поголемиот дел од Евреите, главно во Солун (од каде што биле дојдени во текот на XIX век) поради тоа што трговските врски со овој важен центар биле прекинати[249].

По воспоставувањето на власта на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците кон крајот на 1919 година во Струмица живееле 6 618 жители од кои 6 098 православни, 180 протестанти, 340 муслимани[250]. Веќе на првиот официјален попис во 1921 година во Струми-

---

247 Градот есента 1912 година бил под двојна српска и бугарска контрола. Веднаш започнале убиства на локалните муслимани, односно Турци, а сето тоа се одвивало под контрола на формираната комисија на чие чело бил српскиот командант мајорот Грбиќ. Локалните муслимани биле разоружани, а според проценките во градот биле убиени меѓу седумстотини и осумстотини жители. Српската власт не презела ништо за санкционирање на убиствата, додека според извештајот на Карнегиевата комисија бугарските офицери што учествувале во убиствата биле осудени од бугарскиот воен суд (*Поранешните балкански војни (1912-1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија,* Скопје, 2000, 105–106).

248 Непосредно со судбината на Кукуш се поврзани и настаните што се случиле во Струмица и околните патријаршиски села Колешино, Габрово, Зубово, Моркриево и Мокрени во август 1913 година. Грчките власти не сакале да се помират со фактот дека Струмица со својата околина со одредбите на Букурешкиот договор ѝ припаднале на Бугарија, при што започнале да шират пропаганда сред македонското патријаршиско население да ги напушти своите домови и да премине на грчка територија каде што грчката држава ќе изгради „Нова Струмица“ на темелите на уништениот Кукуш. Во периодот меѓу 10 – 18 август 1913 година дел од македонските патријаршисти од Струмица и околината тргнале кон Кукуш со она што можеле да го понесат со себе. По иселувањето грчките војски ги запалиле куќите на иселените жители, тврдејќи дека самото население ги запалило своите домови бидејќи не сакало да живее под бугарска окупација. Најголемиот дел од овие иселени семејства од грчката држава биле населени во Кукуш или во околните напуштени македонски села. Во дваесеттите години дел од македонските патријаршисти се вратиле во своите родни места во Струмичко (Боривоје Ж. Милојевић, „Јужна Македонија“, *Насеља и порекло становништва*, књига, 22, Београд 1921, 112–113).

249 *Македонија како природна и економска целина*, 145.

250 Милован Ристић, „Струмица“, *Браство*, књига 32, Београд, 1925, 125. Во Струмичката Околија без градот биле регистрирани 25 527 жители од кои 21 503 православни, 3 960 муслимани и само 7 протестанти и 57 унијати, што ми-

ца биле евидентирани 6 733 жители во огромно мнозинство православни 6 053 (91,4 %) и 485 (7,2 %) муслимани. Со мајчин турски јазик се изјасниле 434 граѓани на Струмица[251].

Турското население во однос на претходните децении драстично се намалило пред сè заради иселувањето. Од Струмица, освен иселувањата на турските жители по балканските војни, е карактеристично и иселувањето на дел од македонското егзархиско население во Бугарија по воспоставувањето на власта на Кралството на СХС. Главно се иселувале жители што имале роднини во Бугарија, како и „бежанци“ кои во периодот 1913 – 1919 година се населиле во Струмица и околијата од областите каде што била воспоставена грчка власт[252]. Српските власти опаѓањето на бројот на населението по воспоставувањето на нивната власт го објаснувале со иселувањето на „егзархистите“[253]. За бројот на иселеното македонско православно население од Струмица најдобро зборуваат податоците за бројот на староседелците во градот евидентирани во 1921 година. Од македонското население, односно жителите официјално евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик во градот само 3 690 не биле бегалци, односно во Струмица живееле само 60 % од македонските староседелци од пред балканските војни, не сметајќи ги бегалците. Како доселени во 1921 година биле регистрирани 2 763 жители на Струмица, што претставувало 40 % од градското население, речиси сите од Кукуш[254]. Во 1931 година Струмица имала околу 9 000 жители[255].

Во следната деценија Струмица демографски ќе расте, а бројот на населението од пред балканките војни градот ќе го достигне дури по 1945 година. Во 1948 година во градот живееле 10 868 жители од кои 9 805 (90,2 %) Македонци и 610 (5,6 %) Турци[256].

Во анализата на градското население во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни заради своите специфики не би требало да се одмине и градот Кавадарци каде што македонските мусли-

---

слиме дека е многу мал број за последниве две конфесии. Тоа ќе се покаже и на следните пописи.

251 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 122–123.

252 ДАРМ, ф. 121, к-1, а.е 16/67–72.

253 Милован Ристиќ, „Струмица“, 125.

254 А. Андријашевиќ, *Струмица, земља и народ,* 32.

255 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva,* 105. Општината Струмица во 1931 година имала 9 600 жители. Освен градот дел од општината биле и селата Градско Балдевци, Бањица и Водоча (*Речник места*, 29).

256 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 448.

мани претставувале мнозинство сè до балканските војни[257], додека во меѓувоениот период заради нивната миграција биле значително малцинство. Повеќемина автори чии предмет на интерес претставуваат демографските движења во Македонија и на Балканот не ја одминуваат Тиквешката Област како особено податлив простор за етноисториски и демографски проучувања[258]. Најголемиот дел од муслиманското население, со исклучок на релативно мал дел на Јуруци, било исламизирано македонско население.

Во централното место Кавадарци мнозинско било муслиманското население. Во 1913 година, според податоците на српските власти, во Кавадарци биле евидентирани 5 861 жител[259] во вкупно 1 209 домаќинства од кои 706, односно 58,4 % биле турски. Официјалната статистика православното македонско население на Кавадарци го поделила на: „240 српски и 261 бугарско домаќинство"[260].

Во 1921 година во градот се бележи демографска стагнација токму заради иселувањето на муслиманското население и вкупниот број на жителите се намалил во однос на 1913 година. Градот Кавадарци во 1921 година имал 5 522 жители, но за разлика од крајот на XIX век сега православното македонско население било побројно, односно претставувало 57 % од вкупниот број на жители[261]. Иселувањето на муслиманското население од градот била главна причина за на-

257 Кон крајот на XIX век во градот Кавадарци живееле 5 092 жители од кои 3 000 муслимани и 1 940 православни (Васил Кънчов, *Македония,* 153).

258 Јован Хаџи Васиљевић, *Муслимани наше крви,* 26–28; В. С. Радовановић, *Тиквеш и Рајец,* Насеља и порекло становништва, књига 17, 1924, 129–565.

259 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 147.

260 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915),* 118.

261 Во Кавадарци од вкупно 5 522 жители 3 189 или 56,8 % биле православни, а 2 368 или 42,9 % биле со муслиманска вероисповед. Од муслиманското население само 827 се определиле за мајчин јазик турски (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118–119). На почетокот на дваесеттите години во градот Кавадарци имало 1 330 домаќинства, од нив 620 биле христијански (православни), едно еврејско и 709 биле муслимански. Проучувајќи го градот на почетокот на дваесеттите години В. Радовановиќ забележал дека: „Од ослободувањето (се мисли на 1912 година, заб. на б.и.) многу муслимани се иселиле, а во нивните маала се рашириле христијаните. Сега единствен чисто 'турски' крај е Хасовско маало, таму се населуваат муслиманите од останатите делови на градот каде што христијаните се населуваат." Радовановиќ наведува дека за разлика од состојбите пред балканските војни, градското стопанство речиси целосно било во рацете на христијаните. Од 220 трговци и занаетчии 190 биле христијани" (Воислав С. Радовановић, „Тиквеш и Рајец", 380–381), односно градската економија на почетокот на дваесеттите години, една деценија од пропаста на османската власт, речиси целосно била во рацете на православното македонско население.

малување на бројот на жителите на Кавадарци и во третата деценија на XX век. Во 1931 година во градот биле евидентирани 5 504 жители. За разлика од претходниот попис, сега православното население (во големо мнозинство македонско) било апсолутно мнозинство во градот (92,2 %)[262]. Основен извор на егзистенција на градските жители биле земјоделството и занаетчиството[263]. Градот продолжил да бележи умерен демографски раст и во следниот период. Во 1948 година во Кавадарци биле евидентирани 6 225 жители од кои 97,2 % Македонци[264]. За три децении во градот се бележат коренити промени во верската и етничката структура.

Значително опаѓање на населението по балканските војни се бележи и во градот Штип[265]. Според официјалните податоци во 1913 година градот броел 15 314 жители[266], што претставува намалување за ¼ во однос на проценките на населението што Штип го имал пред балканските војни[267]. Според деталниот извештај на началникот на штипскиот Округ, Љ. Грковиќ, делови од градот биле уништени[268].

Во 1921 година во Штип биле евидентирани 11 173 жители[269] од кои 7 976 православни и 2 594 муслимани. Во градот, за разлика на пример од блиската Струмица, останало да живее и релативно бројно еврејско население со вкупно 491 жител. Градот и во наредната деценија продолжил да стагнира така што во 1931 година во Штип биле евидентирани 11 895 жители[270]. Населението и покрај релативно ви-

---

262 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 100. Во меѓупописниот период 1921 – 1931 година бројот на муслиманските жители, несметајќи го природниот прираст, се намалил за речиси 2 000.

263 *Македонија како йриродна и економска целина,* 182.

264 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 441.

265 Петъръ Завоевъ, „Градъ Щипъ минало и просвета до революционните борби,“*Македонски йреīлед*, година III, кн, 3, София, 1927, 37.

266 Мил. Ант. Вујичић, *Речник месūа у ослобођеној обласūи Сūаре Србије*, 27.

267 Според извештајот на началникот на Брегалничкиот Округ Љ. Грковиќ во градот Штип живееле 12 342 жители, додека подолу во извештајот наведува друг број „од 13 314 жители од кои 7 211 Срби, 5 590 муслимани и 530 мојсиевци“ (*Срūски извори за исūоријаūа на македонскиоū народ*, 263, 270).

268 *Ibidem,* 307.

269 *Дефиниūивни резулūаūи йойиса сūановнишūва од 31 јануара 1921 īодине,* 92.

270 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva.* По вероисповед во 1931 година во градот живееле 8 843 православни, 1 921 муслимани, 626 евреи, 480 римокатолици и 25 припадници на други христијански заедници (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po*

сокиот наталитет и доселувањето во градот по 1913 година не се зголемувало пред сè заради силниот иселенички бран на турското население што особено во периодот на дваесеттите години масовно заминувало за Турција. Во Бугарија се преселиле и повеќе македонски семејства. Се проценува дека по балканските војни од Штип за Мала Азија се преселие неколку стотици семејства[271]. И во следните години во Штип се бележи демографска стагнација и намалување на населението. Во 1948 година во градот биле евидентирани 11 361 жител од кои 79,6 % Македонци[272].

Слични процеси како во градот Штип се одвивале и во соседните Радовиш и Кочани. Во 1913 година во Радовиш се бележи намалување на населението во однос на периодот пред балканските војни[273]. Во градот биле евидентирани 4 045 жители „во мнозинство муслимани, а помалку Срби“[274]. Во 1921 година бројот на градските жители се намалил на 3 617[275]. Во текот на дваесеттите години бројот на жителите на градот постепено започнал да се зголемува. Во 1928 година во Радовиш, според статистиката на општинските власти, биле евидентирани 828 домаќинства со 3 754 жители. Бројот на жителите продолжил да расте и во следната деценија, но структурата на градското население се менувала. Во 1937 година во градот имало 923 домаќинства со 3 952 жители од кои „3 035 Срби и 917 Турци“[276], односно во Радовиш продолжил демографскиот тренд започнат со балкан-

*veroispovesti*, 106). Во однос на претходниот попис продолжил трендот на зголемување на бројот на православното, пред сè македонско население и намалување на муслиманите.

271 *Македонија како природна и економска целина*, 152.

272 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 449.

273 Според проценката на К’нчов кон крајот на XIX век во Радовиш живееле 6 230 жители, од нив 2/3 биле Турци (Васил Кънчов*, Македония,* 233). Кристаќ Прифти врз основа на повеќе извори проценува дека во првата деценија на XX во Радовиш живееле 4 100 жители од кои 65 % биле Турци (Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912,* 915).

274 *Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 270; Мил. Ант. Вујовић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 34.

275 Во Радовиш во 1921 година верската структура била следнава: 2 144 православни, 1 323 муслимани и 149 протестанти (*Дефинитивни резултати пописа становништва*, 94).

276 Архив на МАНУ ф. Бранислав Русиќ, к- 9, а.е, 116/III 1 – 161. Наведените статистички податоци се резултат на истражувањата на Мих. Ј. Миладиновиќ и В. Петровиќ кои во текот на дваесеттите години вршеле антропогеографски истражувања во Радовишко. Нивните истражувања во текот на педесеттите години биле испечатени, но не биле објавени во едицијата „Насеља и порекло становништва“ во САНУ. Примерок од испечатениот, а необјавен труд на спомenатите истражувачи се наоѓа во фондот Бранислав Русиќ во Архивот на МАНУ.

ските војни на зголемување на православното (во најголем дел македонско население и околу 25 колонстички домаќинства од Црна Гора и Шумадија) и намалување на турското население. Посочената демографска тенденција во градот е евидентирана и на првиот попис во НР Македонија во 1948 година кога во Радовиш биле евидентирани 3 668 Македонци и 900 Турци[277].

Во Кочани во 1921 година имало 4 105 жители[278], што во однос на 1913 година претставува значително опаѓање кога во градот живееле 5 420 жители[279]. Во 1921 година Кочани имал помалку жители и од проценките што биле правени за периодот пред балканските војни[280]. Во дваесеттите години, по стабилизирањето на состојбите, како и повеќето градови во Вардарска Македонија така и Кочани бележи пораст на бројот на населението. Во 1931 година во градот биле евидентирани 5 411 жители од кои 4 431 православни и 907 муслимани[281], односно Кочани релативно побрзо од некои други поголеми градови го достигнал бројот на жителите од 1913 година. Градот продолжил демографски да расте и во следните години. Во 1948 година во Кочани биле евидентирани 6 657 жители од кои 5 349 (80 %) Македонци.

277 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 446.

278 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 92–93.

279 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 31. Според деталниот извештај на окружниот началник Грковиќ во Кочани во 1913 година биле евидентирани 3 794 жители „во мнозинство муслимани, значително помалку Срби, а уште помалку Куцовласи и Цигани“ (*Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 270). Овој податок зборува за фактот дека статистичките податоци сепак треба да ги земеме со резерва. Но дека во Кочани доаѓа до значен пад на бројот на населението зборува и извештајот на Стефан Димитров, началник во главната дирекција за статистика на Бугарија, според кого во Кочани на пример пред балканските војни имало околу 1 600 куќи, додека во 1916 год само околу 850 куќи биле населени (Стефан Димитров, „Северозападна Македония (Народностопанска анкета – 1916)“, 82). Димитров наведува дека непосредно пред Првата балканска војна турското население го напуштило градот и се повлекло кон Велес и Солун. За време на неговиот престој во градот во 1916 година во градот се вратиле стотина домаќинства.

280 Несомнено во Кочани дошло до пад на бројот на населението бидејќи кон крајот на XIX век во градот според проценката на К’нчов живееле 5 950 жители од кои 2 600 Турци. Кристаќ Прифти наведува дека во периодот 1905/1907 во градот Кочани живееле 4 304 жители, од кои релативно мнозинство претставувале Турците со 45 % од вкупното население (Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912,* 918).

281 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 101.

Намалување на бројот на населението во 1921 година во однос на 1913 година се бележи и во повеќето други градски и административни центри во Вардарска Македонија. Во Гевгелија како пограничен град и место што се наоѓало на самата фронтова линија за време на Првата светска војна во споменатиот период бројот на населението се намалил за 43 %. Во Тетово бројот на жителите се намалил за 24,6 %, во Ресен за 21,5 %, во Прилеп за 16,7 %, во Струга за 15,8 %, во Скопје за 14 % и во Кичево за 11 %[282].

Во 1921 годинi во градовите и административните центри на околиите во Вардарска Македонија живееле 215 514 жители, односно 27 % од вкупното население, што претставува прилично висок процент во однос на други делови од Кралството на СХС. Големото учество на градското население во вкупниот број на жители во Вардарска Македонија властите го објаснувале како остаток од состојбите од пред балканските војни, односно како последица на „лошата јавна безбедност и суровиот феудален систем“[283] во османскиот период, заради што селаните ги напуштале своите места бегајќи во градовите каде што имало поголема безбедност и подобри економски услови.

Повеќето градови во периодот 1921 – 1931 година бележат пораст на населението заради миграцијата на дел од селското население, кое заради аграрната пренаселеност ги напуша селата и мигрира во градските центри. Во оваа група на градови спаѓаат: Скопје, Струмица, Кичево, Кочани, Куманово, Гостивар, Прилеп, Гевгелија, Ресен и др. Меѓутоа кон крајот на дваесеттите години Кралството Југославија е зафатено од економска криза којашто за локалната економијата има особено лоши последици. Како последица на кризата одредени, пред сè помали градови во 1931 година бележат намалување на своето население во однос на претходната деценија. Ќе ги спомeнеме: Велес, Крушево, Кавадарци и Дебар.

Дел од градовите во периодот 1921 – 1931 година, како што споменавме, бележат значаен пораст на своето население. Во Скопје на пример во посочениот период вкупното население се зголемува за 68,6 %. Кон Скопје како економски центар на јужните делови на Кралството мигрирале голем број доселеници од повеќе области на државата. Податоците од пописот од 1931 година покажуваат дека во Скопје 13 289, односно 19,4 % од вкупното население од градот било доселено надвор од Вардарската Бановина. Во Битола, како втор по големина град во Вардарска Македонија, во 1931 година 16,6 % од жи-

282 Спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 4–5; *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 88–91, 106–107, 112–113, 116–117.

283 Владан Јовановић, *Вардарска Бановина 1929–1941.,* 42.

телите биле доселени од други делови на Вардарската Бановина, а 6,4 % од други делови на Југославија[284], но овие два града, особено Скопје биле исключок.

**Споредбен број на жители во градовите во Вардарска Македонија во 1913 и 1921 година:**

| Град | 1913 г. | 1921 г. |
|---|---|---|
| Битола | 48 370 | 28 420 |
| Кичево | 5 430 | 4 792 |
| Крушево | 7 941 | 3 831 |
| Ресен | 4 756 | 3 731 |
| Прилеп | 22 237 | 18 508 |
| Кочани | 5 420 | 4 105 |
| Берово | 2 279 | 2 507 |
| Свети Николе | 1 942 | 2 302 |
| Радовиш | 4 045 | 3 617 |
| Царево Село | 1 701 | 1 926 |
| Штип | 15 314 | 11 173 |
| Куманово | 12 469 | 13 400 |
| Кратово | 2 770 | 2 493 |
| Крива Паланка | 1 893 | 2 149 |
| Дебар | 10 199 | 7 125 |
| Охрид | 11 038 | 9 587 |
| Струга | 4 120 | 3 470 |
| Велес | 15 624 | 14 155 |
| Скопје | 47 384 | 40 666 |
| Тетово | 20 070 | 15 119 |
| Гостивар | 4 384 | 4 830 |
| Дојран | 4 032 | 328 |
| Гевгелија | 5 188 | 2 909 |
| Кавадарци | 5 861 | 5 520 |
| Неготино | 4 050 | 2 118 |
| Струмица | | 6 733 |
| Вкупно | 268 517 | 215 514 |

Извор: Мил. Aнт. Вујовић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима,* Београд, 1914. Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево, 1932.

284 *Статистички годишњак 1940,* књига X, Београд, 194, 70–73; Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953,* 68.

## Верска структура 1921 – 1931 година

Поразот во балканските војни, а потоа и распадот на Османското Царство довеле до суштински политички и цивилизациски промени во балканските области кои до 1912/1913 година биле под османска власт. Една од последиците на тие промени била масовната миграција на дел од Турците и другите муслимански заедници во Мала Азија[285]. Муслиманското население честопати водено од своите верски чувства пропаста на Османското Царство ја доживеало како сопствена несреќа[286]. Освен објективните фактори, како на пример страв од новата власт, особено кај носителите на дотогашната управа, причините за иселувањата може да ги бараме и во неприфаќањето на дел од муслиманите да живеат во христијанска држава. Знаејќи ја реалната положба на привилегираност на муслиманското население во Османското Царство, новите прилики за дел од ова население значеле еден вид на деградација[287].

Војните во периодот 1912 – 1918 година само го потврдиле правилото дека на Балканот значајните политички промени најчесто носат и етнички промени и поместувања[288]. Со право во извештајот на

285 Vladan Jovanović, „Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine – između stihije i državne akcije“, *Zbornik Pisati istoriju Jugoslavije: Viđenje srpskog faktora*, Beograd, 2007, 80–81.

286 Дел од набљудувачите на процесот на иселување на турското и муслиманското население во првата половина на XX век оваа миграција ја објаснуваат со несакањето на Турците да живеат под „туѓ суд и туѓа власт.“ „Довчерашните господари заминувале за Мала Азија сметајќи го тоа како судбина, како к'смет“ (Мита Костиќ, „Из историје колонизације Јужне Србије крајем прошлог века, *Гласник скопског научног друштва, књ. 12*, Скопље, 1933, 235).

287 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 305.

288 Мил. С. Филиповић, „Етничке прилике у Јужној Србији“, *Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912 – 1937,* Скопље, 1937, 428.

Карнегиевата комисија од 1914 година се истакнува дека Првата балканска војна и поразот на османската армија „ги ослободила со векови насобраните омрази и одмазди. За неколку месеци ги направи угнетуваните христијани господари и судии на своите дотогашни муслимански врховни господари.“ Всушност, поразот на Османлиите „значел нешто повеќе од политичка промена, тој ги променил односите на освојувачот и кметот.“[289] Како резултат на ваквата промена повеќе десетина илјади муслимани во овој период се упатиле кон Мала Азија[290].

Еден помал дел од муслиманското население по поразот во 1912 година се повлекло заедно со османската војска. Тоа биле османски државни службеници, припадници на војската или пак лица кои имале причина да не ја дочекаат новата власт. Но покрај нив и дел од „обичното“ население, а во некои области и жителите на цели села се повлекле заедно со војската. Некои дотогаш големи и богати села останале празни[291]. Бидејќи по завршувањето на балканските војни станало јасно дека Османското Царство неповратно ги изгубило дотогашните владеења, миграцијата се засилила.

Статистичките податоци што произлегуваат од пописот од 1921 година ги потврдуваат посочените миграциони движења кои се огледуваат во значајните промени во верската структура на населението во однос на состојбата од пред балканските војни. Најголем дел од населението на Вардарска Македонија по вероисповед биле православни, 518 229 (64,9 %). Втори по бројност биле муслиманите со вкупно 270 925 жители (33,9 %). Евреите биле застапени со 5 047 (0,63 %)[292]. Во Вардарска Македонија во 1921 година живееле и 2 215 католици (0,27 %) од кои најголем дел во околината на Струмица каде што биле евидентирани и 765 (0,10 %) унијати (гркокатолици) и 1 103 (0,14 %) евангелисти[293].

Најголема процентуална застапеност на православното население на пописот во 1921 година со над 90 % била евидентирана во Кри-

---

289 *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија*, 103.

290 За вкупниот број на иселено муслиманско население од балканските земји во периодот 1912 – 1914 година види: Джъстин Маккарти*, Смърт и изгнание: Етническо прочистване на османските мюсюлмани 1821 – 1922*, София, 2010, 169–215; Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929–1941.*, 106–107.

291 Повеќе десетици села население со турско население во периодот 1912 – 1918 биле целосно или делумно иселени (Jovan Trifunoski, “Tursko stanovništvo u SR Makedoniji”, *Novopazarski zbornik,* 10, 1986, 132–133).

292 Најголем дел од еврејското население во Македонија биле Сефарди населени во XVI век.

293 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 88–123.

вопаланечката (97,3 %), Гевгелиската (96,8 %), Кратовската (95,5 %), Крушевската (93,2 %) и Малешевската Околија (93,2 %). Во сите наведени околии има значителен пораст на процентуалната застапеност на православното население во однос на периодот пред 1912 година.

Во овој контекст како карактеристична ќе ја спомeнеме Гевгелиската Околија каде во 1921 година се бележи значајно намалување на бројот на муслиманското население во однос на состојбите во 1912 година. Ќе ги искористиме податоците на В. К'нчов според чија статистика во деловите на Гевгелиската Каза, кои со одредбите на Букурешкиот договор влегле во границите на Кралството Србија, кон крајот на XIX век имало 11 819 православни жители, односно 61 % од вкупното население. Бројот на православното население во однос на состојбите пред балканските војни се намалил, но заради исклучително силната миграција на муслиманското (турско) население процентуално православните бележат значајно зголемување[294].

Сличен процес се забележува и во спомeнатите Кратовска и Малешевска Околија. Во Кратовската Каза кон крајот на XIX век живееле 23 850 жители од кои 19 385 (82,7 %) православни[295]. Османските статистички податоци од почетокот на векот бележат 19 811 православни жители (83 %)[296]. Иселувањето на најголемиот дел од муслиманското (турско) население придонело во 1921 година во Кратовската Околија православното (македонско) население да претставува 95,5 % од вкупниот број на жители во околијата[297].

Заради иселувањето на муслиманското население во текот на балканските војни, пописот од 1921 година покажува значително процентуално зголемување на православното (македонско) население и во Малешевската Околија[298]. Намалувањето на муслиманското население е последица на нивното иселување, пред сè од административниот центар Пехчево. Според проценките на Ј. Иванов, непосредно пред балканските војни во Пехчево живееле 5 680 жители[299]. Иселувањето на муслиманското население од гратчето започнало за

294 Спореди: Васил Кънчов, *Македония*, 151–153.

295 *Ibidem*, 221–223.

296 Цитирано според: Милош Јагодић, *Српско-албански односи у Косовском вилајету 1878-1912,* Београд, 2010, 256; Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912,* Tiranë, 2014, 747.

297 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 100–101.

298 Во Пехчевската Каза (Османие), која ги опфаќала подоцнежните Малешевска и Царевоселска Околија на почетокот на XX век вкупно живееле 25 962 жители од кои 17 012 православни а 8 950 муслимани (Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912,* 784).

299 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* 7. Прифти наведува број од 3 865 жители од кои 3 200 Турци (Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912,* 921).

време на Првата балканска војна, дури пред влегувањето на бугарската војска во Пехчево. Тие се повлекле заедно со турската војска[300]. Во есента 1913 година Пехчево броело само 694 жители[301] и затоа приматот на административен центар го презело Берово.

Во еден дел од околиите во кои православното население до балканските војни било во малцинство, заради иселувањето на муслиманското, пред сѐ турското население, пописот од 1921 година покажува променета верска структура со мнозинство на православното (македонско) население со над 50 %. Како пример ќе ја наведеме Радовишката Околија, која го опфаќала просторот на поранешната Радовишка Каза. Во 1921 година во Радовишката Околија живееле 16 440 жители од кои 8 836 (53,7 %) православни и 7 454 (45,3 %) муслимани[302]. Со започнувањето на балканските војни во Радовишката Околија дошло до значајни промени во верската и етничката структура на населението. Ваквата промена била предизвикана

300 Даринка Пачемска Петреска, *Малешевијата низ историјата, 1912-1945,* Берово, 2003, 32; *Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 270.

301 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 31. Во 1913 година било разурнато селото Безгаштево, а неговите жители, главно мухаџири, се иселиле во М. Азија (Димитар Г. Гаджанов, *Мюсюлманското население в новоосвободените земи, Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 141). Во споменатото село по Берлинскиот конгрес биле населени мухаџири од Херцеговина, Бугарија и Србија (*Seobe kao sudbina,* Priredio: Ismet Kočan, Skoplje, 2011, 132, 153).

302 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 94–95. Верската, како и етничката структура на населението во Радовишката Каза до балканските војни била поинаква. Кон крајот на XIX век според проценките на К'нчов во казата живееле вкупно 20 494 жители од кои 44,1 % православни Бугари и 55,9 % муслимани Турци и Цигани (Спореди: К'нчов, *Македония*, 233–235). Според официјалната османска статистика кон крајот на XIX век во Радовишката Каза живееле 18 482 од кои 10 685 муслимани и 7 797 христијани (*Салнаме на Вилаетот Косово,* 198, 216, 231, 235). Османските статистички податоци од почетокот на XX век покажуваат сличен сооднос како и проценката на К'нчов. Според овие податоци во 1903 година во Радовишката Каза живееле 20 258 жители од кои 8 485 православни жители припадници на Бугарската егзархија и 11 773 муслимани (спореди: Милош Јагодић, *Српско-албански односи у Косовском вилајету 1878-1912,* 260–262). Според Прифти верската структура на населението во Радовишката Каза била следнава: 20 856 жители од кои 11 773 муслимани, 8 632 православни и 451 Роми (Kristaq Prifti, *Popullsia e Kosovës 1831 – 1912, Tiranë, 2014,* 770–784). Според проценката на Димитар Мишев од 1905 во казата живееле 11 240 христијани од кои 10 920 православни и 320 протестани Бугари (D. M Brancoff, *La Macédoine et sa Population Chrétienne,* Paris, 1905, 134–141). Според проценките на Ј. Иванов во Радовишката Каза непосредно пред почетокот на Првата балканска војна живееле 21 925 жители, од кои 12 750 муслимани Турци и Цигани (58,1 %), [Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* София, 1915, CIII].

пред сè од иселувањето на турското население. Пописот спроведен од српските власти во октомври 1913 година покажува дека во Радовишката Околија живееле 16 361 жител, односно околу 5 500 жители помалку во однос на проценките од 1912 година. Според деталниот извештај на окружниот началник на Штипскиот Округ, каде административно припаѓала Радовишката Околија, во 1913 година во градот Радовиш биле евидентирани 4 045 жители „во мнозинство муслимани“[303]. Во однос последната деценија од турското владеење градот во балканските војни изгубил над една третина од населението[304]. Поголемо намалување на муслиманското население се бележи и во Кочанската и Струмичката Околија, како и во Тиквеш.

Најголемо намалување на муслиманско население на пописот во 1921 година е забележано во областите населени со турско и исламизирано македонско население. Во околиите каде меѓу муслиманското население доминирале Албанците (Полог, Скопско, Кумановско, Струшко), намалувањето во однос на 1912 година е поумерено. Најмала пак процентуална застапеност на православното население (под 50 %) во 1921 година е евидентирана во Горнополошката Околија (31,3 %), Неготинската (33,3 %), Долнополошката (33,7 %), Горнодебарската (39,8 %) и Дојранската Околија (49,5 %).

Како и на претходниот попис и во 1931 година најголемиот дел од жителите во Вардарска Македонија биле припадници на православната и муслиманската вероисповед. Православни биле 637 667 жители (67,9 %), а муслимани 282 813 (30,1 %)[305]. За период од една деценија православното население се зголемило за 119 438 жители. Тоа се должело како на споменатот висок природен прираст така и на колонизацијата што била масовна во дваесеттите години. Податоците од пописот во 1931 година ја прикажуваат тенденцијата започната со балканските војни, односно во некои околии продолжило значителното намалување на муслиманското население. Тоа е особено видливо во областите каде што живело турско и македонско муслиманско население. Во Тиквеш, односно Кавадаречката и Неготинската Околија, продолжило значителното намалување на муслиманското население, кое започнало веднаш по 1912 година. Во однос на 1921 година во Кавадаречката Околија бројот на муслиманите, несметајќи го природниот прираст, се намалил за 3 534 жители, односно учеството на муслиманските жители во вкупното население во споменатата околија се намалило од 20,6 % во 1921 година на 6,9 % во 1931 го-

303 *Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 270; Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 34.

304 Спореди (Васил Кънчов, *Македония,* 233).

305 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 98–107.

дина. Слична била промената и во Неготинската Околија каде бројот на муслиманското население се намалил за 4 220 жители, односно учеството на муслиманското население во вкупниот број на жители се намалил од 66,2 % во 1921 година на 43,5 % во 1931 година[306]. Во двете тиквешки административни околии меѓу муслиманите во мнозинство биле македонските муслимани, официјално евидентирани како *Срби или Хрвати* со муслиманска вероисповед[307]. Верата несомнено влијаела тие, без оглед на нивното потекло, својот идентитет да го градат на турски национални основи, што ќе придонесе и нивната миграција кон Мала Азија која започнала со балканските војни, а се засилила во дваесеттите години, да биде мошне интензивна[308].

Карактеристичен пример за промени во верската структура во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни е Велешката Околија. Ќе се осврнеме подетално на верската структура во првите три децении на XX век каде меѓу муслиманите, мнозинство претставувале Турците, а по бројност следеле македонското муслиманско и албанското население. Според османските пописни податоци од почетокот на XX век во Велешката Каза живееле 53 837 жители од кои 21 247 (40 %) муслимани, 32 563 (60 %) православни, поделени на егзархисти 28 462 и патријаршисти 4 101[309].

306 Спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118–121; *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 100, 102.

307 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,322, 332*.

308 Како мошне интересен пример за изречената констатација ќе го наведеме големото тиквешко село Тимјаник. Кон крајот на XIX век во селото според К'нчов живеле: „100 православни и 1 150 Бугари муслимани" (Васил Кънчов, *Македония*, 155). Јован Хаџи Васиљевиќ селото го опишува како „чисто потурчењачко." По завршувањето на балканските војни во селото имало 297 куќи и околу 1 500 жители (Јован Хаџи Васиљевиќ, *Муслимани наше крви у Јужној Србији*, *Брасшво,* књига 32, Београд, 1925), меѓутоа официјалните податоци се поинакви; во 1913 година во селото од страна на српските административни власти биле евидентирани 1 030 жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 151). Во 1912 година по воспоставувањето на српската власт од селото се иселиле 10 семејства (Војислав Радовановић, *Тиквеш и Рајец, 319).* Во 1921 година во селото биле евидентирани 1 029 *Срби или Хрвати* со муслиманска вероисповед (*Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 120). Како последица на иселувањето во текот на дваесеттите години во селото во 1931 година биле евидентирани 101 жител со муслиманска вероисповед (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 100).

309 Милош Јагодић, *Српско-албански односи*, 260. Повикувајќи се на османски и други статистички податоци од почетокот на XX век Кристаќ Прифти дава мошне слична демографска слика за Велешката Каза, според кого на по-

По воспоставувањето на српската власт дотогашната Велешка Каза во непроменети граници прераснала во Велешка Околија, која бил дел од Скопскиот Округ. Според пописот спроведен од српската управа во 1913 година во Велешката Околија имало 50 036 жители, односно се бележи намалување на вкупниот број на население во однос на состојбите пред почетокот на балканските војни[310]. Според проценките на српската околиска административна управа во околијата 2/3 биле православни, а 1/3 муслимани[311]. Македонското православно население претставувало мнозинство во Велешката Околија, но и присуството на муслиманските заедници било значајно[312].

За време на балканските војни и по нив имало иселување на дел од муслиманското население од областа. Во 1921 година најголем дел од населението било со православна вероисповед – 27 454 жители (63,4 %), со муслиманска вероисповед биле евидентирани 15 817 жители (36,5 %)[313]. Муслиманското население живеело во градот, но и во повеќе општини во околијата. Во однос на религиозната структура во Велешката Околија пред балканските војни се бележи намалување и кај православното и кај муслиманското население[314].

---

четокот на XX век во казата имало 53 833 жители од кои 21 942 (40%) биле муслимани и 32 871 (60 %) биле христијани (Kristaq Prifti, *Popullsia e Kosovës 1831 – 1912*, 786).

310 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 127–129.

311 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914*, 146.

312 Поголеми села населени со турско население биле Иванковци, Горно Оризари, Мамутчево и др. Албанско население живеело во селата Горно и Долно Јаболчиште, Согле, Бузалково, Оморани, Лавчани и Бањица. Исламизирано македонско население живееело во големите села Горно и Долно Врановци и Мелница во сливот на реката Тополка и според посписот од 1913 година имале околу 5 000 жители. Населението во Г. Врановци и Мелница потекнувало од долнореканскиот крај доселено во велешката област кон крајот на XVIII век (Jovan F. Trifunoski, "Oblast Babune i Topolke", 207, 275–281). Македонско муслиманско население живеело и во селата Водоврати, Виничани и Долно Чичево (Војислав Радовановић, *Тиквеш и Рајец,* 461, 465, 468). Според податоците од бугарскиот попис од април 1916 година исламизирано македонско население официјално помаци живееле во селата Г. Врановци, Мелница, Водоврати и Виничани. Вкупно како помаци биле евидентирани 5 993 жители (Димитар Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи", 269).

313 Речиси исклучиво муслиманско население живеело во општините Водоврати, Г. Врановци, Иванковци, Јаболчиште, Мелница, Оризари. Православното македонско население живеело во 27 општини во околијата од кои во 15 општини било единствено население (*Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 112).

314 Карактеристично е дека во селата населени со македонско православно население на почетокот на дваесеттите години просечниот број на членови

Пописот од 1931 година покажува намалување на вкупното населението во Велешката Околија во однос на пописот од 1921 година. Во 1931 година во околијата живееле 42 236, односно 1 093 жители помалку во однос на претходниот попис[315]. Бројот на православното население се зголемил на 29 884 (70,7 %), односно за 2 430 жители повеќе во однос на 1921 година. Зголемувањето се должи како на високиот природен прираст кај православното македонско население така и на колонизацијата која во дваесеттите години се спроведувала во Повардариeто. Во велешките села во овој период се населувало и македонско православно население од пасивните краишта во селата од каде се иселувале Турците. Но, истовремено од велешкиот крај се иселувало и македонско православно население во прилепските села (Десово и Браилово) каде што добивале земја[316].

Муслиманското население во 1931 година како резултат на иселувањето, претежно на турското население бележи голем пад, односно во Велешката Околија живееле 11 998 (28,4 %) жители со муслиманска вероисповед, што во однос на 1921 година претставува намалување за речиси 4 000 жители. Во градот Велес, кој бележи намалување на населението во однос на 1921 година за околу 700 жители, живееле 2 250 жители со муслиманска вероисповед помалку во однос на една деценија порано, додека бројот на православното население во градот се зголемил за речиси 1 300 жители и изнесувал 11 591 (86,2 %)[317]. Ваквите демографски тенденции продолжиле и во текот на триесеттите години.

Слична тенденција на намалување на бројот на муслиманското население има и во Кочанската, Овчеполската, Битолската, Штипската, Кратовската Околија. Стагнација, односно непроменети демографски состојби во споредба со 1921 година се евидентирани во Кру-

во домаќинствата е поголем во однос на бројот на членовите во домаќинствата во селата населени со муслиманска популација. Во Општината Богомила во едно домаќинство живееле 6,1 членови, во Општината Подлес исто 6,1 членови на едно домаќинство, во Општината Рудник 7,1. Во Г. Врановци каде живеело македонско население со муслиманска вероисповед (торбеши), имало 2 620 жители во 488 домаќинства, односно 5,4 членови во едно домаќинство. Во Општината Иванковци каде живееле Турци просечно во едно домаќинство живееле 4,2 членови, додека во Општината Јаболчиште населена со албанско население, просечно во едно домаќинство живееле 5,4 членови. Просечно најмал број на членови во едно домаќинство имало во турските села (спореди: *Речник места*, 278–280).

315 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 106.

316 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина,* 384–388.

317 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 106.

шевската, Мариовската, Прилепската, Малешевската, Горнодебарската, Охридската и Галичката Околија.

До позначително зголемување на муслиманското население во меѓупописниот период се бележи во областите каде што меѓу муслиманското население мнозинство претставувале Албанците, како Полог, Скопско и Кумановско. Во Скопската Околија бројот на муслиманското население се зголемил за 9 760 жители, но заради значителното зголемување на православното население учеството на муслиманите во Скопската Околија опаднало од 44,7 % во 1921 година на 39,7 % во 1931 година. Во Долнополошката и Горнополошката Околија бројот на муслиманското население се зголемил за 10 194 жители, односно во споменатите околии процентуалното зголемување на муслиманското население е поголемо во однос на православното. Во Кумановската Околија бројот на муслиманското население во меѓупописниот период се зголемил за 2 988 жители. Слично како и во Скопската Околија и овде заради поголемото зголемување на православното население се бележи опаѓање на муслиманите во однос на вкупното население од 29,6 % во 1921 година на 28,2 % во 1931 година[318]. Зголемување се бележи и во Струшката и Кичевската Околија.

До стабилизација и зголемување на муслимаското население и во областите каде меѓу муслиманите доминирало турското население дошло во Струмичката, Дојранската и Радовишката Околија. Умерено зголемување на муслиманското население се бележи и во Преспанската, Царевоселската и Поречката Околија.

Кај муслиманското население во Вардарска Македонија и покрај високата стапка на природен прираст, заради иселувањето во дваесеттите години, дошло до релативно мало зголемување на вкупниот број од 12 000 жители и до намалување на процентуалната застапеност за 3,9 % во однос на 1921 година[319].

318 *Ibidem,* 98, 100, 105, 107.

319 За проценките на вкупниот број на иселено муслиманско население од Кралството Југославија во меѓувоениот период види: Edvin Pezo, *Zwangsmigration in Friedenszeiten? Jugoslawische Migrationspolitik und die Auswanderung von Muslimen in die Tükei (1918 bis 1966)*, Oldenbourg Verlag, München, 2013, 51–86.

**Структура на населението според вероисповед во 1921 и 1931 година:**

| | 1921 | | | 1921 | | | 1931 | | 1931 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Околија | Вкупно | Прав. | % | Мус. | % | Вкупно | Прав. | % | Мус. | % |
| Битолска | 55 420 | 39 852 | 71,9 | 12 653 | 22,8 | 65 164 | 49 549 | 76,0 | 11 098 | 17,0 |
| Кичевска | 28 288 | 14 454 | 51,1 | 13 774 | 48,7 | 32 101 | 16 096 | 50,1 | 15 853 | 49,4 |
| Крушевска | 20 618 | 19 216 | 93,2 | 1 402 | 6,8 | 23 570 | 22 114 | 93,8 | 1 435 | 6,1 |
| Мариовска | 11 942 | 9 205 | 77,1 | 2 736 | 22,9 | 15 891 | 12 984 | 81,7 | 2 848 | 17,9 |
| Преспанска | 18 751 | 14 671 | 78,2 | 4 070 | 21,7 | 21 631 | 16 823 | 77,8 | 4 737 | 21,8 |
| Прилепска | 45 773 | 37 541 | 82,0 | 8 054 | 17,6 | 54 480 | 46 296 | 84,9 | 7 929 | 14,5 |
| Кочанска | 25 711 | 18 814 | 73,2 | 6 890 | 26,8 | 31 784 | 25 822 | 81,2 | 5 835 | 18,3 |
| Малешевска | 12 135 | 11 307 | 93,2 | 820 | 6,7 | 15 394 | 14 345 | 93,2 | 892 | 5,6 |
| Овчеполска | 18 179 | 11 837 | 65,1 | 6 341 | 34,9 | 21 938 | 16 740 | 76,3 | 5 044 | 23,0 |
| Радовишка | 16 440 | 8 836 | 53,7 | 7 454 | 45,3 | 19 461 | 11 467 | 58,9 | 7 814 | 40,2 |
| Царевоселска | 14 019 | 9 926 | 70,8 | 4 083 | 31,3 | 15 727 | 11 033 | 70,1 | 4 595 | 29,2 |
| Штипска | 17 863 | 10 764 | 60,2 | 6 496 | 36,4 | 19 892 | 12 572 | 63,2 | 6 181 | 31,0 |
| Жеглиговска | 53 244 | 37 430 | 70,3 | 15 789 | 29,6 | 66 501 | 47 323 | 71,2 | 18 777 | 28,2 |
| Кратовска | 19 755 | 18 861 | 95,5 | 838 | 4,2 | 20 300 | 19 980 | 98,4 | 265 | 1,3 |
| Кривопаланечка | 26 235 | 25 525 | 97,3 | 699 | 2,6 | 29 199 | 28 656 | 98,1 | 441 | 1,5 |
| Горнодебарска | 14 949 | 5 946 | 39,8 | 8 898 | 59,5 | 16 296 | 6 707 | 41,1 | 9 177 | 56,3 |
| Охридска | 29 118 | 24 363 | 83,7 | 4 608 | 15,8 | 33 066 | 28 357 | 85,7 | 4 524 | 13,7 |
| Струшка | 25 144 | 14 452 | 57,4 | 10 491 | 41,7 | 28 055 | 15 610 | 55,6 | 12 393 | 44,2 |
| Велешка | 43 329 | 27 454 | 63,4 | 15 817 | 36,5 | 42 236 | 29 884 | 70,7 | 11 998 | 28,4 |
| Скопска | 91 824 | 47 793 | 52,0 | 41 085 | 44,7 | 128 052 | 70 592 | 55,1 | 50 845 | 39,7 |
| Долнополошка | 61 533 | 20 726 | 33,7 | 40 780 | 66,3 | 70 983 | 23 236 | 32,7 | 47 543 | 66,9 |
| Галичка | 11 510 | 5 953 | 51,7 | 5 524 | 48,0 | 12 051 | 6 493 | 53,9 | 5 532 | 45,9 |
| Горнополошка | 28 082 | 8 782 | 31,3 | 19 211 | 68,4 | 32 666 | 9 939 | 30,4 | 22 636 | 69,3 |
| Поречка | 16 054 | 11 548 | 71,9 | 4 506 | 28,0 | 18 740 | 13 610 | 72,6 | 5 119 | 27,3 |
| Дојранска | 8 667 | 4 288 | 49,5 | 4 368 | 50,4 | 11 713 | 6 388 | 54,5 | 5 208 | 44,5 |
| Гевгелиска | 11 314 | 10 949 | 96,8 | 319 | 2,8 | 15 943 | 15 423 | 96,7 | 264 | 1,6 |
| Кавадаречка | 25 151 | 17 585 | 69,9 | 7 550 | 30,0 | 23 919 | 22 138 | 92,5 | 1 648 | 6,9 |
| Неготинска | 14 828 | 4 944 | 33,3 | 9 829 | 66,2 | 12 876 | 7 061 | 54,8 | 5 600 | 43,5 |
| Струмичка | 32 475 | 25 207 | 77,6 | 5 840 | 17,9 | 38 996 | 30 429 | 78,0 | 6 582 | 16,9 |
| | 798 291 | 518 229 | 64,9 | 270 925 | 33,9 | 938 625 | 637 667 | 67,9 | 282 813 | 30,1 |

Извор: Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево, 1932, 88–121; Definitivni *rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, Beograd, 1938, 98–107.

# Етничка структура во Вардарска Македонија според пописите од 1921 и 1931 година

## Бројност и структура на македонското православно население „Срби или Хрвати“ по мајчин јазик

Иако главна одредувачка тема на овој текст не се идентитетите на населението во Вардарска Македонија туку согледување и анализа на неговата структура преку демографијата и статистиката, користејќи ги меѓувоените југословенски пописи од 1921 и 1931 година само попатно ќе се осврнеме на статистичката одредница „*Срби или Хрвати*“ по мајчин јазик.

За најголемиот дел од селското население на балканските простори, кое на почетокот на XX век сè уште се наоѓало под османска власт, примарна им била верската, а не националната идентификација. Оваа констатација, се разбира, важи и за Македонија, веројатно и повеќе отколку за другите балкански османски владенија[320].

Во периодот на прогласувањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во Македонија сè уште биле живи сеќавањата за случувањата до почетокот на балканските војни и борбата на соседните држави преку црквите и училиштата да извршат што поголемо влијание врз македонското православно население, кое во најго-

320 Марија Тодорова, *Замислувајќи го Балканот*, Скопје, 2001, 240–242; Владан Јовановић, „Демографске одлике Вардарске бановине и проблеми самоидентификације“, *Етноантрополошки проблеми*, год. 7, св. 1, (2012), 577, 580. Српскиот и југословенски антропогеограф Атанасије Урошевиќ при теренските проучувања на населението во областа Горна Морава (просторот на денешно Југоисточно Косово) забележал дека православното српско население од посочената област до балканските војни најчесто себеси се идентификувало како „каурско“ или „христијнско“ (Атанасије Урошевић, „Горња Морава и Изморник“, *Насеља и порекло становништва*, Београд, 1935, 143).

лем дел до 1912 година било под јурисдикција на Бугарската егзархија. Тоа ќе биде причина српските власти по балканските војни да започнат со процес на оформување и наметнување на српски идентитет, истовремено проследен со остра борба против бугарската црква и просвета.

Властите на Кралството на СХС/Југославија во меѓувоениот период преку своите институции, особено преку образованието, настојувале македонското православно население во Вардарска Македонија да го приклонат и да го слеат во рамките на српската култура и традиција. Министерот за образование во Владата на Кралството на СХС, демократот Светозар Прибичевиќ (1875–1936), во 1922 година предложил повеќе мерки со кои морало да се сузбие бугарското влијание сред македонското население преку кои во наставата требало да се потенцираат т.н. национални предмети: српски јазик, национална географија и историја[321].

Ваквата политика била прекината со априлската војна во 1941 година. Освен преку образовниот систем, црквата и другите административни, полициски и воени органи ваквата политика била спроведувана и преку статистичките операции, односно пописите одржани во 1921 и 1931 година на кои македонското население е евидентирано како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик, меѓу другото и затоа што македонските дијалекти сè уште не биле издигнати на ниво на книжевен јазик како што тоа го направиле другите балкански народи во текот на XIX или на самиот почетокок на XX век.

Мошне податливи за историографско проучување се извештаите што ги испраќале српските воени, полициски и административни службеници до своите претпоставени, а се однесувале на идентитетската определба на населението во Македонија. Поголем дел од нив се придржувале до анализите и ставовите на Јован Цвијиќ (1865 – 1927) за словенското население во Македонија како една флотантна маса што може национално да се обликува[322]. Притоа ставовите и анализите на Цвијиќ често пати се совпаѓале со надворешнополитичките интереси на српската и југословенската држава и биле користе-

321 Владан Јовановић, *Вардарска бановина*, 423. Значењето и влијанието на образованието во процесот на обликување на националната свест (српска) кај македонското население, особено во оној негов дел каде бугарското влијение до балканските војни било мошне силно, можеби најдобро ја илустрира извесен Блажо Поповиќ, кој пишувајќи за просветните прилики во Македонија го потенцирал фактот: *чија је школа тога је Мађедонија* (Vladan Jovanović, *Slike jedne neuspele integracije, Kosovo, Makedonija, Srbija, Jugoslavija*, Beograd, 2014, 184–186).

322 Јован Цвијић, *Проматрања о етнографии македонских Словена*, Београд 1906, 7–69.

ни за потребите на дипломатијата[323]. Во своите извештаи окружните и околиските началници македонското православно население понекогаш го означувале со терминот *Словени* или едноставно *христијани,* како што се примерите од Битолскиот и Охридскиот Округ[324]. Според извештајот на инспекторот на полицијата при Врховната команда на српската војска, Милорад Вујичиќ, при пописот на машките жители на возраст од 20 до 25 години, кој бил спроведен од војската во текот на мај 1913 година, дел од евидентираните се изјасниле како Бугари, а во некои општини попишаните потенцијални регрути по националност се определиле како Македонци. Меѓутоа, споменатиот инспектор на полицијата при Врховната команда во обработката на податоците сите Бугари и Македонци ги евидентирал како Срби[325].

Споменатиот Јован Цвијиќ во трудот *Проматрања о етнографији македонских Словена* наведува дека: „македонските Словени немале одредена национална свест, ниту пак имале самостојно историско минато и книжевен јазик.“ Вршејќи теренски истражувања во Македонија Цвијиќ заклучува: „македонските Словени во мнозинство немаат никаква народна свест, немаат ниту српско, ниту бугарско народносно чувство, но имаат предиспозиција народносното чув-

323 Владан Јовановић, „Демографске одлике Вардарске бановине и проблеми самоидентификације“, 564.

324 Во извештајот за состојбите во Охридскиот Округ од 1914 година составен од началникот Јован Ќирковиќ и испратен до министерот за внатрешни работи во Владата на Кралството Србија, Стојан Протиќ, меѓу другото се сугерира властите да обрнат поголемо внимание, односно *поактивна агитација* во градот Охрид „со оглед на овдешното население, бидејќи се знае дека Охрид до скоро време бил центар на бугарската пропаганда и влијание“ (*центар бугарске народне ствари*). Опишувајќи ги состојбите во Струга, Кирковиќ е малку поoптимистичен наведувајќи: „Што се однесува пак до расположението кон денешниот режим во овие краеви, стружани кои некогаш први ја започнале (браќата Миладинови) борбата за *бугарску ствар* во Македонија, денес покажуваат дека ќе бидат први меѓу првите кои ќе ги прифатат новите прилики и за тоа заслужуваат признание“ (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 381–382). Подолу во извештајот Ќирковиќ прилично песимистички констатира дека заради претходното влијание на егзархијата, асимилацијата на населението во Срби, особено во градот Охрид би била невозможна (*Ibidem*, 388–389; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије,* 144–145).

325 Спореди: Глигор Тодоровски, *Македонија по распарчувањето 1912/13 – 1915,* 29*;* Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије,* 142. Коментирајќи го изворот историчарот Милош Јагодиќ напоменува дека е тешко да се каже дали младите жители коишто се изјасниле за Македонци навистина така се чувствувале или пак терминот Македонци го употребиле како погоден компромис меѓу Срби и Бугари.

ство брзо да го примат и лесно да се преобратат во Бугари или Срби“[326].

Погледите на Цвијиќ се труделе да ги остварат државните и воените авторитети. Моќните луѓе во воениот врв, каков што бил генералот М. Недиќ, сметале дека државата ќе ги употреби сите механизми, вклучувајќи и сила бидејќи: „Можеби Македонците се силни и вредни, но државата ќе биде посилна од нив со добро или со сила. Државата може да го употреби и едното и другото според потребата. Силата обликува и создава нации... па така и нашата држава од Македонците ќе направи добри граѓани и добри Срби...“ – изјавил генералот Недиќ во разговор со познатиот југословенски уметник Иван Мештровиќ (1883–1962)[327].

Зборувајќи за силата и нејзината моќ во обликувањето на идентитетите во Македонија Леонард Шулце Јена[328], опишувајќи го големиот чифлик во селото Паликура во Тиквеш со кој до крајот на Првата светска војна раководело едно германско семејство, попатно зборува и за локалните жители што работеле на чифликот и за нивниот идентитет. Опишувајќи ги српско-бугарските односи по 1912 година наведува: „Наскоро се заостриле односите помеѓу доселените Срби – победници и староседелското христијанско население. Селаните се изјаснувале дека се од бугарско потекло додека камшикот не ги разубедил да се произнесат како Македонци“[329]. Началникот на Битолскиот Округ во својот извештај за народноста за дел од населението во округот го употребува терминот Словени[330]. Во командата на битолската дивизиона област во ноември 1919 година констатирале дека поимот народност сè уште бил нејасен, а неговата употреба е

---

326 Јован Цвијић, *Промайрања о ейнографији македонских Словена,* 7, 16–17.

327 Ivan Meštrović, *Uspomene na političke ljude i događaje*, Zagreb, 1969, 177–178.

328 Леонард Шулце Јена (1872 – 1955) бил професор по Географија на Универзитетите во Јена, Кил и Марбург. Во Првата светска војна Шулце Јена бил дел од „Македонската земска комисија“ при германскиот генерелштаб во Ниш. Како член на комисијата извршил повеќе обиколки низ Македонија. За да ги дополни своите истражувања во 1922 година повторно се нашол во Македонија, сега во сосема други политички услови, а тој бил еден од ретките германски истражувачи коишто добиле дозвола од властите на Кралството на СХС за влез и истражување во државата. Како резултат на истражувањата во 1917 – 1918 и 1922 година Шулце Јена во 1927 година во Германија ја објавил книгата *Makedonien Landschafts und Kulturbilder*.

329 Леонард Шулце Јена, *Македонија – йредел и кулйура на живеење* (превод од германски Слободанка Поповска), Скопје, 2013, 238.

330 *Срйски извори за историјаша на македонскиош народ 1912-1914,* 222–225.

крајно произволна и затоа се случувало родени браќа различно да се изјаснат по прашањето за нивната национална припадност[331].

Опишувајќи го идентитетот на македонското православно население во Полог (за кое го употребува терминот Словени), каде во текот на триесеттите години вршел антропогеографски истражувања, Рудолф Петровиќ во својата докторска дисертација наведува: *„ниту како поединци, освен во ретки исклучоци, ниту како целина до денес не се јасно национално-политички определени“*, притоа констатирајќи дека српската власт во двете меѓувоени децении не успеала да изгради српска свест кај ова население: *„не водејќи сметка за спецификите на областа, ниту за состојбата до 1912 српските власти едноставно го наметнале својот систем на политички живот... Слабата управа и корумпираното чиновништво, без потребните или без никакви квалификации, претставува најголем проблем. Народот тука, како и секаде, државата ја идентификувал и чуствувал преку управата.“* Внимателно набљудувајќи го полошкото македонско население Петровиќ ќе го донесе следниот заклучок: *„Полошките Словени го негуваат сето она за што мислат дека е нивна специфична карактеристика: својот дијалект, своите песни, славењето на имендените и сл. ... Во врска со запоставувањето на домашните интелектуалци, пред доселените Срби, кај нивните образовани луѓе во бивша Југославија се разви тежнеење за автономија. Поекстремните размислуваат за слободна Македонија од Скопје до Солун независна од Срби и Бугари.“*[332] Всушност, ваквите размислувања, што јасно ги забележал споменатиот истражувач, на одреден начин ќе се реализираат во годините што следуваат.

Интересни се набљудувањата и на А Андријевиќ, претседател на првостепениот суд во Струмица, кој на почетокот на дваесеттите години шест месеци ја вршел оваа функција. Водејќи се од постулатите на Цвијиќ, а зборувајќи за населението во Струмичко, ги забележува своите видувања: „Вие сте Србин? – прашувам еден парничар во судот. Кога беа Бугарите јас бев Бугарин, дојдоа Србите јас сум Србин, ама христијанин сум.“ На прашањето упатено до жител на Струмица дали е Грк, Андријевиќ наведува дека го добил следниот одговор: „Не ѕанум, Грк е нешто друго, јас сум Македонец – побрза да ми одговори. Кога ќе каже дека е Македонец, а тоа нејчесто ќе го слушне-

331 Владан Јовановић, „Демографске одлике Вардарске бановине и проблеми самоидентификације“, 571.

332 Rudolf Petrović, *Polog: antropogeografski prikaz*, Zagreb, 1942, 28–30. Своите теренски истражувања вршени во Полог во триесеттите години на XX век Р. Петровиќ ги преточил во докторска дисертација одбранета на Универзитетот во Загреб на 31 март 1942 година.

те, струмичанецот смета дека со тоа Ви угодил и Вам и себеси... свесен дека зборот Македонец нема етнички да го одведе ниту кај Србите ниту кај Бугарите.“ Наведувајќи ги примерите Андријевиќ ќе заклучи: *„Таква е денес концепцијата на струмичанецот за неговата националност... тој самиот себеси си создава поим за својата народност и во ова време на силно племенско и верско групирање сака да остане во својот дом во својата Македонија и гордо, прилично гордо ќе побрза да ви каже јас сум Македонец (аз сам Македонац)“*[333].

Видливо изразената тенденција на оформувањето на македонскиот национален идентитет во текот на триесеттите години јасно е нотирана и од германските окупациони власти во текот на Втората светска војна. Во однос на идентитетот и спецификите на населението во Македонија, кое на пописот во 1931 година е евидентирано како *Срби или Хрвати,* за одбележување е коментарот на приредувачот на пописните податоци објавени во Виена во 1943 година. Погоре во текстот веќе напоменавме дека податоците за мајчиниот јазик на населението во Кралството Југославија биле подготвени, но не биле објавени до април 1941 година. Германските окупациони власти тие податоци и податоците за вероисповед што биле објавени од југословенската статистика ги средиле и ги објавиле, пред сè за внатрешна употреба на германската управа. Во дел од предговорот се вели: *„Пред самата употреба на табелите треба да се посочат некои основни недостатоци на југословенската статистика. Во бројот што ги опфаќа лицата што зборуваат српскохрватски како мајчин јазик присилно се земени предвид и Бугарите од источните погранични места, како и Македонците. Покрај тоа што со помош на табелата V се прави разлика меѓу Срби, Хрвати и муслимански Бошњаци, односно Јужнословени, сепак недостига поделба на Бугари и на Македонци. Постоењето на Бугари на источносрпскиот пограничен појас кај Пирот, Цариброд и Босилеград едноставно се занемарува. Во колоната „Бугари“ наведените жители се всушност бугарски државјани што престојуваат во југословенската држава. Од тие причини таа колона се спојува со колоната „други.“ На Македонците не им се признава дури ни засебен македонски дијалект, тие едноставно се претопуваат во Срби. Разбирливо е при ваков став што ни Црногорците не се признаваат како самостоен етникум, туку се вбројуваат во Србите. Овие ограничувања мора да се земат предвид при користењето на табелите – особено кога станува збор за јужниот и за југоисточниот дел на поранешна Југославија“*[334].

---

333 А. Андријевић, *Струмица, земља и народ,* Ниш, 1923, 34–36.

334 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 6. Преводот од германски јазик е на проф. д-р Сил-

Но да се вратиме на статистиката. Повеќе историчари и демографи консултирајќи мноштво извори се обидувале да го проценат и по можност да го утврдат приближниот број на Македонците во Кралството на СХС/Југославија. Веќе споменатиот демограф и статистичар Богољуб Кочовиќ проценува дека во 1921 година во Кралството живееле 465 430 Македонци од кои 463 220 православни, 800 римокатолици, 400 гркокатолици и 1 010 останати. Од вкупниот број, 460 660 живееле во Вардарска Македонија[335]. Кочовиќ за Македонци ги вбројува 88,9 % од православните жители во Вардарска Македонија. Македонското муслиманско население, чии број според официјалната статистика изнесувал околу 34 460[336], според методологијата на Кочовиќ не е вброено во рамките на Македонците[337]. Следејќи ја истата методологија Кочовиќ наведува дека во 1931 година во Југославија живееле 589 710 Македонци од кои во Вардарска Македонија 584 890[338]. Споменатиот автор проценува дека во 1921 година во Вардарска Македонија живеле 46 000 Срби, додека десет години подоцна нивниот број се зголемил на 48 970. Сметаме дека проценетиот број од 1921 година е преголем, бидејќи најголемиот дел од колонистите биле населени по одржувањето на пописот, за разлика од 1931 година бројот на српско население во Вардарска Македонија бил поголем од проценетите 48 970 жители.

Југословенскиот историчар Бранко Петрановиќ, прифаќајки некои претходно објавени процени, наведува дека во Кралството на СХС во 1921 година живееле 630 000 Македонци[339]. Истиот број се наведува и во Историјата на македонскиот народ[340]. Хрватскиот истори-

вана Симоска за што авторот во оваа прилика ѝ се заблагодарува.

335 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* 250. Бројот на македонските гркокатолици (унијати), главно *бежанци* од Кукушката Област според пописните податоци во 1921 изнесувал околу 650 жители во Струмичката Околија. Во Гевгелиската и Струмичката Околија живееле и 96 македонски римокатолици, додека во Радовишката и Струмичката Околија во 1921 година евидентирани се околу 865 евангелисти (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 94, 120, 122). За бројот и структурата на македонските унијати види: Kiro Stojanov*, Povijesno-pravni razvoj Katoličke crkve bizantsko-slavenskog obreda u Makedoniji*. Zagreb, 1990.

336 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* 272.

337 На пописите во Македонија по Втората светска војна, освен во 1948 година, најголемиот број од македонските муслимани се декларирале како Турци.

338 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* 251.

339 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988,* prva knjiga, Beograd, 1989, 32.

340 *Историја на македонскиот народ,* том четврти, Скопје, 2000, 135.

чар Иво Банац, исто така повикувајќи се на претходни проценки, наведува дека во Кралството на СХС живееле 585 558 „Македонци или Бугари“[341]. Според проценките на македонскиот економист Лазар Соколов, во 1921 година во Вардарска Македонија живееле 540 000 Македонци, односно посочениот автор речиси сите декларирани *Срби/Хрвати* по мајчин јазик ги вбројува во Македонци[342].

Анализирајќи ги изворните статистичките податоци, како и другите демографски извори и проценки, сметаме дека во 1921 година во Вардарска Македонија македонското православно население броело околу 480 000 жители, односно околу 60 % од вкупното население. На пописот во 1931 година 618 870 (65,9 %) од жителите во Вардарска Македонија се евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед. Од нив околу 65.000 жители се колонисти и жители што биле дел од административно-полициските и воените структури. Врз основа на овие податоци проценуваме дека македонското православно население броело околу 565 000, односно не повеќе од 60 % од вкупниот број жители.

Според државната статистика во 1921 година на територијата на Вардарска Македонија живееле 546 023 жители кои официјално се евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик, односно 68,4 % од вкупното население. Во овој број освен православните, вбровени се и македонските муслимани. Околии со најголем процент на евидентирани *Срби или Хрвати* по мајчин јазик се: Малешевската, (98 %), Кривопаланечката (97,2 %), Кратовската (94 %), Кавадаречката (89,2 %), Гевгелиската (89,1 %), додека најмал процент, односно помалку од половина од населението е евидентирано во Горнополошката (31,7 %), Долнополошката (32 %) и Дојранската (45,8 %) Околија. Во најголем дел од околиите процентот на евидентираните *Срби или Хрвати* по мајчин јазик е помеѓу 70 – 90 % (Битолска, Крушевска, Мариовска, Преспанска, Прилепска, Кочанска, Царевоселска, Охридска, Горнодебарска, Галичка, Поречка, Неготинска и Струмичка), односно помеѓу 50 – 70 % (Скопска, Радовишка, Штипска, Струшка, Кумановска, Кичевска, Овчеполска и Велешка Околија)[343].

Најголем дел од населението што официјалната статистика го евидентирала како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик е македонско население со православна вероисповед, македонските муслимани и сосема мал дел унијати и протестанти, како и колонизираното во го-

341 Ivo Banac, *The National question in Yugoslavia, origins, history, politics*, Cornell University Press, 1984, 49–50, 58.

342 Lazar Sokolov, *Promene u strukturi stanovništva na teritoriji NR Makedonije 1921 – 1953 kao odraz ekonomskog razvoja*, 81.

343 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–121.

лемо мнозинство српско население, како и административно-полицискиот и воен кадар.

Во однос на проценетиот број на македонско православно население пред балканските војни, како и во однос на пописот спроведен од властите на Кралството Србија во 1913 година се бележи демографски пад. До особено големо намалување на бројот на македонското православно население (како и кај останатото население) во периодот 1912 – 1918 година се бележи во областите во кои имало директни воени дејства или се наоѓале на фронтовата линија за време на Првата светска војна. Пример за наведеното се градовите Дојран, Битола, како и Дојранската, Гевгелиската, Битолската, Мариовската Околија, но и други области.

Друга причина за намалување на бројот на православното македонско население е миграцијата, односно иселувањето по балканските војни. Освен иселување од економски причини, како што било печалбарството, имало иселување и од политички причини, што започнало уште за време на османлиското владеење и најчесто било насочено кон Северна Америка[344], Бугарија[345] или Србија[346], што продолжило и по 1912 година. Особено била силна миграцијата кон Бу-

344 Според податоците на бугарскиот трговски агент во Битола, Рачо Петров од февруари 1904 година, а кои се однесувале за процесот на иселување од Битолскиот Вилает, само во 1903 година во Америка се иселиле околу 4 000 жители (*Миграциони движения на Българите 1878 – 1941, първи том 1878-1912*, София, 1996, 312). Иселувањето од овие области продолжило и по Илинденското востание, како последица од влошената економска состојба како и поради политичката нестабилност во државата. Областите на Охрид, Лерин и Битола продолжиле да бидат едни од најфреквентните во поглед на мигрирањето, особено во Америка.

345 Кон крајот на XIX век дури една шестина од жителите на Софија биле родени во Македонија, а вкупниот број на емигранти од Македонија кои трајно се населиле во Бугарија се проценувал на 50 000 илјади. Во истиот овој период од 20 500 чиновници со колку што располагало бугарското кнежевство, 955 биле родени во Македонија, односно во Битолскиот, Скопскиот или Солунскиот Вилает (Васил Кънчов, *Македония,* 34).

346 Сличен процес на иселување, како кон Бугарија, иако не со вака силен интензитет се одвивал во Србија. Македонските иселеници главно се населувале во поголемите градови на тогашна Србија, особено во Белград, при што се занимавале со трговија, занаетчиство, градежништво или земјоделство. Иселениците во Србија главно потекнувале од северните или западните краеви на Македонија. Оттука тие релативно лесно успевале да дојдат од некои од поголемите градови во тогашна Србија каде лесно успевале да се приспособат на тамошната средина и начин на работа. Особено бројни биле иселениците од Полог, Маврово, Реканската Област и Дебарско. Печалбарите од овие краишта биле ценети како исклучително „вредни, трезвени и претприемчиви“ (Јован Цвијић, *Балканско полуострво и јужнословенске земље,* Београд, 1922, 217).

гарија, каде доброволно или под присила се иселувало дел од македонското егзархиско население, којашто е потврдена и во официјалните статистички податоци. Во 1905 година на територијата на Бугарија живееле вкупно 37 045 жители, поголемиот дел бугарски државјани родени во Македонија. Од нив 15 118 биле родени на територија на Битолскиот Вилает, 10 190 во Скопскиот, а 11 737 во Солунскиот Вилает. Од иселениците коишто се иселиле во Бугарија кон крајот на XIX век добар дел веќе биле бугарски државјани, што значи дека станувало збор за трајна миграција. Од вкупниот број жители родени во Македонија во моментот на пописот 25 460 веќе имале државјанство на Бугарија[347]. Меѓу овие жители имало и голем број жени, односно во овој случај не станувало збор за класична печалба, туку за трајно иселување, што се разбира имало и последици врз етничките односи во Македонија.

За бројноста на македонското православно население што потекнувало од Вардарска Македонија говорат пописите спроведени во Бугарија по Првата светска војна. Според податоците од пописот од 31 декември 1926 година 31 695 жители на Бугарија биле родени во Македонија под југословенска власт. Од нив 30 185 имале бугарско, а 1 164 југословенско државјанство[348].

Во однос на спометотото значително намалување на бројот на македонското православно население во одредени области ќе наведеме повеќе карактеристични примери преку споредба на статистичките податоци во кои во периодот на балканските и Првата светска војна се бележат големи демогрфски загуби. Во Општината Могила во Битолската Околија во 1913 година живееле 3 475 жители[349], за осум години во 1921 година бројот на населението опаднал на 2 866 жители[350]. Само во Општината Могила македонското население се намалило за 609 жители, односно 17,5 %. Слично е и во соседната Општина Логоварди каде македонското православно население бележи демографски пад за 20 %. Поголемо намалување на бројот на македонското население се бележи и во соседната Мариовска Околија. Во општините Брод, Будимирци, Новаци и Старавина во кои живеело речиси исклучиво македонско православно население во 1913 година

347 *Кратки извлечения отъ общитъ резултати по преброяване населението на Царство България, на 31 декемвриъ 1905 година*, София, 1910, 4–6.

348 Во Бугарија во 1926 година биле евидентирани и 69 449 жители родени во Македонија под грчка власт (*Общи резултати отъ преброяване на населението въ Царство България, на 31 декемврий 1926 год.* книга I, София, 1931, 16–17).

349 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 16.

350 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88.

имало 9 005 жители, додека во 1921 година на пописот биле евидентирани 6 539 жители, односно се бележи намалување за 27,4 %[351]. Посочените околии биле изложени на директните воени дејства во текот на Првата светска војна заради што и демографските губитоци се големи.

По посочените демографски губитоци во периодот на балканските војни и Првата светска војна во текот на дваесеттите години во Битолската и Мариовската Околија, како и во другите области во Македонија, се бележи стабилизација и зголемување на македонското православно население.[352] Вкупниот број на *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед во двете околии во 1921 година изнесувал 46 767[353] од кои најголемиот дел биле македонско православно население. Во 1931 година официјалната статистика евидентирала 58 663 жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед[354] што претставува 72,4 % од вкупниот број на жители во Битолската и Мариовската Околија, а македонското православно население во двете околии сочинувало околу 70 %.

Македонското православно население за време на балканските и Првата светска војна бележи голем демографски пад и во Гевгелиската Околија. Во деловите од Гевгелиската Каза во кои по 1913 година била воспоставена власт на Кралството Србија кон крајот на XIX век, според проценките, живееле околу 11 800 православни македонски жители под јурисдикција на Бугарската егзархија, на Цариградската патријаршија и мал дел унијати[355]. Воените дејства за време на Првата светска војна и иселувањето придонеле како вкупното така и македонското православно население да бележи демографски пад. Споредувајќи ги статистичките податоци од 1921 година и бројот на проценките од почетокот на XX век, не сметајќи го природниот прираст,

351 *Ibidem,* 88–91.

352 Релативно стабилната состојба и високиот природен прираст во меѓувоениот период условиле брзо зголемување на бројот на македонското православно население. Како пример ќе наведеме две села од спомената општина Могила. Во селото Радобор во 1921 имало 25, а во 1948 година 51 домаќинства. Родот Шамбевци во Радобор се доселиле кон крајот на XIX век како една семијство со седум членови. Во 1956 година родот го сочинувале десет семејства со околу 100 членови. И селото Могила во меѓувоениот период имало брз демографски раст, Во 1921 година селото имало 96, а во 1948 година 176 домаќинства. (Јован Ф. Трифуноски, *Битољско прилепска котлина,* 161 – 163).

353 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–91.

354 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 308, 331.

355 Спореди: Васил Кънчов, *Македония,* 151–153.

бројот на православното македонско население се намалил за околу 2 000 жители.

Во Гевгелиската Околија, каде по балканските војни доаѓа до значајни етнички поместувања предизвикани пред сè од иселувањето на турското население, покрај мнозинското македонско население, значајно е присуството и на колонистичко (српско) население коешто влијаело врз етничката структура во меѓувоениот период. Најголем дел од колонистите во Гевгелиската Околија биле населени во селата од каде што по 1912 година се иселило турското население, кое оставило пространи површини обработлива земја[356]. Колонистите во Гевгелиската Околија биле население во градот Гевгелија (неколку семејства) и во селата: Горничет, Негорци, Прдејци (Степаново), Богородица, Стојаково и Селемли[357].

Според податоците на властите во Гевгелиската Околија во дваесеттите години биле населени 163 колонистички домаќинства со 811 жители[358]. Во 1921 година во околијата имало 10 081 *Србин или Хрват* по мајчин јазик[359] со православна вероисповед од кои најголемиот дел биле македонско православно население. Во 1931 година бројот на евидентираните *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед пораснал на 14 390 (90,2 %) од вкупното население во околијата[360]. Анализирајќи ги пописните податоци и другите извори заклучуваме дека колонистичкото српско население претставувало околу 6 % од евидентираните *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед, односно околу 5 % од вкупното население во околијата. Следејќи ги статистичките податоци проценката е дека македонското православно население сочинувало околу 85 % од вкупниот број на жители во околијата.

Слични демографски процеси се одвивале и во соседната Дојранска Околија. Кон крајот на XIX век во деловите од казата во која по Букурешкиот договор била воспоставена власт на Кралството

356 Александар Апостолов, „Колонизацијата во составот на аграрната реформа во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни со посебен осврт на Гевгелиско“, сп. *Историја, XIV/1*, Скопје, 1978, 35 –41.

357 Во Горничет и Селемли живеело само колонистичко население доселено од Црна Гора, Херцеговина и Србија (Драгиша И. Кецојевић, „Насељеници из Ђевђелиског среза“, *Вардарски зборник* (2015), бр. 10, 294–313.

358 Богдан Лекић, *Аграрна реформа и колонизација у Југославији 1918 – 1941,* Београд, 2002, 469.

359 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 120–121.

360 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 313.

Србија се проценува дека имало околу 7 000 православни македонски жители (Егзархисти и Патријаршисти)[361].

Во 1921 година жителите еводентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик биле застапени со 45,8 % од вкупниот број на население во Дојранската околија. Процентот на македонското православно население поради започнатата колонизација бил помал од процентот на евидентирани *Срби или Хрвати*. Кралството Србија воспоставувајќи власт во деловите од поранешната Дојранска Каза во текот на балканските војни затекнало област со големо мнозинство на турското население. Според податоците на српските власти од 1913 година во тогашната Валандовска Околија (која е истоветна со Дојранската Околија), 83,7 % од домаќинствата биле турски, 9,3 % бугарски и 2,5 % српски[362]. Дојранската Околија за време на Првата светска војна наоѓајќи се на фронтовата линија претрпела значителни демографски загуби. Во 1913 година во околијата имало 19 657 жители[363], додека во 1921 година нивниот број се намалил на 8 667[364]. Споредувајќи ги наведените статистички податоци во периодот 1913 – 1921 година се иселувало и турското и македонското население, меѓутоа миграцијата на Турците била помасовна, поради што македонското православно население и покрај иселувањето бележи процентуален раст. Дојранската Околија поради стратешкото значење како гранична област, но и поради големите површини на слободна земја била населена со значаен број колонисти. Најголемата колонистичка населба на територијата на Вардарска Македонија, Караѓорѓевац (денешно Јосифово), била формирана токму во Дојранската Околија [365].

Во 1931 година бележиме значаен пораст на бројот на евидентираните *Срби или Хрвати* во околијата, односно за десет години нивниот број се зголемил на 6 133, што претставувало 52,3 % од вкупното население во Дојранската Околија[366]. Оваа околија бележи и најголем процентуален раст во Вардарска Македонија меѓу двата пописа

---

361 Васил Кънчов *Македония,* 162 – 164; Мито Теменугов – Железни, *Дојран и Дојранско во минатото и денес*, 220 – 238.

362 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915),* 118.

363 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 147–148.

364 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118.

365 Колонистичката населба Караѓорѓевац била формирана на атарите на селата Калково и Калуцково од каде турското население се иселило по упадот на вооружени чети од бугарска територија во април 1915 година.

366 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 311. Меѓу евидентираните православни жители во Дојранската Околија во 1931 година има и 266 *Грци,* кои несомнено претставуваат дел од поранешното патријаршиско население кое и покрај поминатите две

на жителите *Срби или Хрвати* за дури 54 %, што се должи на значителното населување на српско население по Првата светска војна. Дојранската Околија е карактеристична по високиот удел на колонистичкото, во најголем дел српско население помеѓу жителите евидентирани како *Срби или Хрвати* на пописот во 1931 година. Следејќи ја колонизацијата во околијата во текот на дваесеттите години сметаме дека во 1931 година 20 % од жителите *Срби или Хрвати* се колонисти, додека православното македонско население било застапено со околу 30 – 35 % од вкупното население во околијата.

Покрај во наведените околии кои за време на Првата светска војна се наоѓале на фронтовата линија, намалување на бројот на македонското православно население се бележи и во одредени околии во внатрешноста кои не биле директно изложени на фронтовата активност. Како пример ќе ја наведеме Кичевската Околија, каде во општините населени исклучиво со православно македонско население демографскиот пад во периодот 1913 – 1921 година изнесува 11,7 %[367]. Стабилизирањето на приликите во дваесеттите години придонело да се зголеми бројот на православното македонско население во Кичевската Околија. Во 1931 година во околијата живееле 15 957 православни жители *Срби или Хрвати по мајчин јазик*[368], речиси без исклучок православно македонско население кое во однос на 1921 година се зголемило за 10 %. Македонското православно и албанското население во Кичевската Околија во периодот 1921 – 1931 година имаат речиси идентичен процентуален пораст. Кај албанското население порастот е 9,35 %.

Поголем пораст од просечниот кај македонското православно население во Кичевската Околија се бележи во пооделни селски општини. На пример, во Општината Кленоец во периодот 1921 – 1931 македонското православно население се зголемило за 14,2 %[369].

---

децении во сосема поинакви општествени услови останале верни на националната кауза од пред балканските војни.

367 Во општините Белица, Кленоец, Мало Црско и Цер во кои живеело исклучиво македонско православно население во 1913 година имало 6 929 жители. Во 1921 година нивниот број опаднал на 6 118 жители (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 17–19; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, 88–89.*

368 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 323.

369 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine*, *knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 101. Има и спротивни примери, како што е селото Цер, кое било засебна општина, каде од 1913 до 1931 година се бележи постојан пад на бројот на жителите. Селото Цер е исклучиво населено со македонско православно население. Кон крајот на XIX век во Цер се проценува дека имало 1 560 жители (Васил Кънчов, *Македония,* 240*)*. Веќе во 1913 година бројот на

Бројот на жителите во Кичевската Околија продолжил да расте и во следниот период, вклучувајќи го и бројот на Македонците[370].

И во други области на Вардарска Македонија што не биле директно изложени на воените дејства за време на Првата светска војна во периодот 1913 – 1921 година се бележи намалување како на вкупното така и на македонското православно население. Меѓутоа, од почетокот на дваесеттите години официјалните статистички и другите демографски податоци покажуваат постојан пораст на населението. Ќе наведеме неколку примери од областите каде што статистичката категорија *Срби или Хрвати* речиси целосно се однесува на македонското православно население. Во Охридската Околија во 1921 година, како и во периодот пред балканските војни, апсолутно мнозинство претставувало македонското православно население[371]. Официјалната статистика бележи 24 247 (83,3 %) *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[372]. Во однос на 1913 година во повеќето општини во Охридската Околија, каде што во мнозинство живеело македонското православно население, се бележи опаѓање или стагнација на бројот на жителите. Како пример ќе ја земеме областа Дебарца. Со административната поделба од 1913 година дотогашната нахија Дебарца ја сочинувале четири општини (Белчишта, Велмеј, Слатина и Сливово). Во спомнатите општини пролетта 1913 година биле евидентирани 9 736 жители[373]. Во 1921 година на истиот простор биле евидентирани 9 026 жители од кои 8 967 православни и 65 муслимани. Од вкупниот број на жители 52 биле евидентирани како *Арнаути* по мајчин јазик, а останатите како *Срби или Хрвати*[374].

---

жители опаднал на 1 169, во 1921 во селото имало 953 жители, а во 1931 година 887. Ова е пример за една рана миграција од селата и населување на нивните жители во поголемите градски центри.

370 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 441–442.

371 До 1912 година Охридската Каза, покрај поблиската околина на градот, ја сочинувале и Струшката и нахијата Дебарца. Во Струшката Нахија населението било прилично различно по својата етничка и верска структура, додека во Дебарца, освен во село Песочани во кое живеело албанско население, во останатите села живеело македонско православно население (Васил Кънчов, *Македония,* 253–254; Јован Ф. Трифуноски, *Охридско-струшка област: антропогеографска проучавања*, Београд, 1992, 115–308). Во текот на четириесеттите години антропогеографски истражувања во Дебарца вршел проф. Бранислав Русиќ, кој оставил мноштво податоци за потеклото на населението и миграциите во областа (Архив на МАНУ, ф. Бранислав Русиќ).

372 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

373 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 82–83.

374 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

Статистичките податоци покажуваат дека бројот на жителите во Дебарца во периодот на балканските и Првата светска војна, не сметајќи го природниот прираст, се намалил за 710 жители[375]. Во текот на дваесеттите години се бележи пораст на бројот на македонското население и во Охридската Околија. На пописот во 1931 година во околијата се евидентирани 28 100 (84,9 %) православни жители *Срби или Хрвати*[376].

Во 1931 година во четирите споменати општини во Дебарца биле евидентирани 10 480 жители од кои 10 341 православни, 93 муслимани и 16 римокатолици и евангелисти[377]. Бидејќи во Дебарца немало колонизирано српско население православните жители речиси без исклучок претставуваат дел од македонското православно население во Охридската Околија. Во просек во едно семејство во Дебарца живееле шест членови[378]. Македонското население во Охридската Околија продолжило да бележи раст и во следната деценија. Во 1948 година во околијата биле евидентирани 40 059 жители од кои 34 418 (85,9 %) Македонци. Во Дебарца во 1948 година имало 12 264 жители[379], односно вкупниот број на жители во однос на 1931 година се зголемил за 17 %. Во следните децении Дебарца ќе бележи голем демографски пад.

И во соседната Преспанска Околија во меѓувоениот период се одвиваат слични демографски процеси. Во Преспанската Околија во 1913 година биле евидентирани 22 579 жители[380]. Пописот од 1921 година покажува намалување на вкупниот број на жители, односно во Преспанската Околија биле евидентирани 18 751 жители. Во периодот 1913 – 1921 година населението во Преспа се намалило за 16,9 %.

375 Во 1921 во однос на 1913 година се бележи пад во вкупниот број на жители во четирите споменати општини. Најголемо е намалувањето во Општината Слатина, во чии состав било и селото Песочани чии жители по еден инцидент биле раселени на почетокот на дваесеттите години. Неколку десетини жители биле убиени од војската.

376 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 334.

377 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 103.

378 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 103.

379 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 444– 445.

380 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 22–23. Околијата била поделена на седум општини. До 1912 година областа Преспа администартивно припаѓала на Ресенската Каза. Според проценките во казата во 1912 година имало 26 915 жители (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIV). Меѓутоа Ресенската Каза опфаќала и делови од областа Преспа, кои по 1913 година станале дел од територијата на Грција или Албанија.

Како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик официјалната статистика од 1921 година наведува 13 930 жители (74,3 %)[381]. Речиси без исклучок евидентираните *Срби или Хрвати* по мајчин јазик се дел од македонското православно население. Во 1931 година во околијата биле евидентирани 21 631 жител од кои 16 823 православни[382], а од нив 16 125 официјалната статистика ги евидентира како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[383], во огромен дел македонско православно население[384]. Бројот на жители евидентирани како *Срби или Хрвати* во меѓупописниот период 1921 – 1931 година пораснал за 15,7 %. Во однос на другите делови на Вардарска Македонија во Преспанската Околија се забележува поспоро зголемување на бројот на македонското население.

Преспа уште во периодот пред балканските војни, како и други области од Македонија, била карактеристична по печалбарството. Ваквиот начин на заработка продолжил и во меѓувоениот период, со таа разлика што сега се селеле цели домаќинства. Според теренските истражувања на Бранислав Русиќ вршени кон крајот на четириесеттите години јасно може да се согледаат карактеристиките на миграцијата на македонското население од Преспа. Речиси и да немало село од кое во меѓувоениот период не се иселиле по неколку домаќинства. Жителите најчесто се иселувале во Северна Америка, Бугарија, Аргентина и Австралија. За масовноста на миграцијата од Преспа ќе наведеме неколку карактеристични примери. Од селото Кривени населено со православно македонско население кое на почетокот на дваесеттите години имало 535 жители[385], во Северна и Јужна Америка, Бугарија и Австралија се иселиле околу 30 домаќинства, од нив повеќето во меѓувоениот период. Сличен процес се одвивал и во соседните села Крушје, Избишта, Болно и др.[386].

---

381 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 90–91.

382 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 104.

383 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 340.

384 Во Преспанската Околија немало колонизирано српско и друго население.

385 *Речник места*, 26.

386 Од Преспанските села уште кон крајот на XIX век жителите започнале масовно да заминуваат на печалба во прекуокеанските земји. Карактеристика, која поретко се среќава во другите делови на Македонија, е иселувањето во Јужна Америка. На пример од селата Крушје, Избишта и Лева Река триесетина домаќинства биле иселени во Аргентина (Архив на Ману, ф. Бранислав Русиќ, к -2, 86/2б, 5–56).

Процесот на миграција од Преспанската Околија го потврдуваат и статистичките податоци од периодот по Втората светска војна. Во 1948 година во Ресенската Околија биле евидентирани 23 137 жители од кои 17 354 (75 %) Македонци[387]. Во периодот 1931 – 1948 година Македонците во Преспанската Околија бележат раст од 7,62 % што претставува низок раст во однос на други делови на Македонија[388]. Тоа се должи и на споменатиот прилично силен миграционен процес, кој продолжил и по Втората светска војна.

Намалување на бројот на македонското православно население за време на балканските и Првата светска војна и демографски раст во меѓувоениот период се бележи и во Поречката Околија. До балканските војни областа Порече административно била дел од Кичевската Каза[389]. Со административната поделба од 1913 година кон Поречката Околија биле придодадени и неколку села од северозападните делови на Прилепско Поле. Во 1913 година во околијата што била дел од Тетовскиот Округ биле евидентирани 19 033 жители[390]. До балканските војни поголемиот дел од православното македонско население во Порече било просрпски ориентирано под јурисдикција на Цариградската патријаршија[391]. Според одредени проценки во 1908 година околу 7 500 православни жители во 35 села во Порече биле приврзаници на српското црковно, просветно и политичко влијание[392].

Во 1921 година во Поречката Околија биле евидентирани 11 548 православни жители (71,9 %)[393], речиси без исклучок православно македонско население. Во околијата имало 16 054 жители, односно 15,6 % помалку во однос на 1913 година. Во меѓупописниот период

387 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 446. Процентот на Македонци во 1948 бил речиси идентичен како во 1921 година.

388 За разлика од меѓувоениот период кога се бележи зголемување на бројот на македонското население во Преспанската Околија во периодот по Втората светска војна, особено по 1953 година, Македонците бележат континуиран демографски пад. Слично е и кај останатите заедници.

389 Васил Кънчов, *Македония,* 257–258;

390 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 142–144.

391 D. M Brancoff, *La Macédoine et sa Population Chrétienne,* Paris, 1905, 154–156.

392 Урош Шешум, „О броју Срба у Јужној Старој Србији“, *Вардарски зборник* (2015), бр. 10, 163–164. Дел од поречките села како Крапа, Црешнево, Белица до 1912 година биле дел од Прилепската Каза.

393 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118–119.

1913 – 1921 година дошло до намалување на населението и во православните и во муслиманските села[394].

За разлика од нестабилните години на балканските и Првата светска војна, во текот на дваесеттите години доаѓа до стабилизација на состојбите и до пораст на бројот на жителите. Во 1931 година во Поречката Околија живееле 18 740 жители[395] и безмалку бројот на жители го достигнал нивото од 1913 година. Официјалната статистика во 1931 година во Поречката Околија евидентирала 13 603 православни жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[396]. Македонското православно население во 1931 година во околијата претставувало 72,6 % од вкупниот број на жители, а во однос на 1921 година бележи демографски раст од 17,8 %.

Во текот на дваесеттите и триесеттите години неколку десетина македонски домаќинства од поречките села се преселиле во Дебреште и Лажани во Поречката Околија и во Десово и Браилово во Прилепската Околија од каде се иселувало муслиманското население[397]. Во 1931 година просечно едно македонско православно семејство имало пет до седум членови[398].

Бројот на македонското насление во Поречката Околија продолжил да расте и во текот на триесеттите и четириесеттите години. Во 1948 година во тогашната Бродска Околија биле евидентирани 17 377 Македонци[399]. За разлика од меѓувоениот период кога се бележи постојан демографски раст, во периодот по Втората светска војна областа Порече е опфатена од силен процес на депопулација.

394 И покрај тоа што за време на Првата светска војна областа била настрана од директните фронтовски воени дејствија, сепак се бележи прилично големо намалување на бројот на жителите. Демографски пад се бележи во повеќе големи македонски села. Селото Локвица во 1913 година имало 751 жител а во 1921 имало 653 жители. Селото Крапа во 1913 година имало 673 жители, а во 1921 година имало 515 жители (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 142–144; *Речник места,* 289). Слично е и во останатите македонски села. Демографски пад се бележи и во Општината Дебреште каде во мнозинство било муслиманското население.

395 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 104.

396 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 339.

397 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина, антропогеографска проучавања*, Београд, 1998, 281–288, 384–389.

398 Просекот се однесува на општините Локвица, Манастирец, Растеш и Самоков (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo, broj kuća i domaćinstva,* 104).

399 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 438.

Слични процеси се одвивале и во соседните Крушевска и Прилепска Околија. Некогашната Крушевска Нахија со територијалната поделба од 1913 година била проширена со повеќе села од Прилепско и Демирхисарско. Во 1913 година во околијата живееле 26 272 жители[400]. Во 1921 година во Крушевската Околија имало 20 618 жители од кои 17 499 (84,9 %) биле евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јзик[401] и од нив голем дел бил македонско православно население. Во однос на 1913 година, како и кај останатите заедници, во околијата се бележи демографски пад и кај македонското православно население[402]. Освен во градот Крушево намалување на бројот на жители се бележи и во повеќето општини во околијата.

Во 1931 година официјалната статистика евидентирала 20 552 *Срби или Хрвати* по мајчин јзик со православна вероисповед (87,2 %)[403]. Во 1931 година македонското православно население сочинувало околу 86 %[404]. Демографскиот раст на македонското население, кој започнал по Првата светска војна, продолжил и во триесеттите години.

Слични демографски процеси се одвивале и во соседната Прилепска Околија. Во 1913 година во околијата вкупниот број на жители изнесувал 53 467[405]. Во 1921 година во околијата биле евидентирани 45 773 жители[406] од кои околу 37 000 биле македонско пра-

400 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима,* 19–20. Реалниот број на жители е помал бидејќи селото Растовица според официјалната статистика имало 1 952 жители. Бројот на жителите во селото бил повеќекратно помал, но веројатно поради превид е набележана посочената бројка. Во селото кон крајот на XIX век живееле 170 жители (Васил Кънчов, *Македония,* 240). На почетокот на дваесеттите години во Растовица биле евидентирани 232 жители во 35 домаќинства (*Речник места*, 22). Во селото живеело македонско православно население. Официјалната статистика го намалува и бројот на жителите во општината Жван на само 130 иако реалниот број бил неколку пати поголем.

401 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–91.

402 Во Крушевската Околија од вкупно 19 општини во 1921 во однос на 1913 година зголемување на македонското православно население се бележи само во три општини, Годивје, Доленци и Журче. Намалувањето на бројот на жителите во селата на Крушевската Околија е поумерено во однос на демографскиот пад во градот Крушево.

403 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 327.

404 Во околијата биле населени мал број колонисти, повеќето во колонистичката населба Милошево.

405 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима,* 24–26.

406 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 90–93.

вославно население. Намалувањето на вкупниот број на жители во 1921 во однос на 1913 година изнесува 14,4 %. Најголемо намалување се бележи во градот Прилеп за 16,7 % и во општината Дуње, која опфаќала повеќе села од прилепскиот дел на Мариово за дури 31 %[407]. Во општината живеело само македонско православно население. Во општините Долнени и Врбјани се бележи минимално зголемување на бројот на жители. Како и во другите околии и во Прилепската во текот на дваесеттите години доаѓа до зголемување на бројот на македонското православно население. Православното население во околијата во периодот 1921 – 1931 година бележи раст од 23,1 %. Во 1931 година официјалната статистика во Прилепската Околија евидентирала 46 136 жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед (84,7 %)[408]. Следејќи ги статистичките податоци и процесот на колонизација заклучуваме дека македонско православно население во Прилепската Околија во 1931 година било застапено со околу 80 % од вкупниот број на жители. За разлика од соседната Битола, градот Прилеп за релативно брзо време успеал да ги надомести демографските губитоци од периодот на балканските и Првата светска војна. Во 1931 година Прилеп имал повеќе жители отколку во 1913 година[409]. Демографскиот раст во Прилепската Околија продолжил и во триесеттите години.

Покрај војните и иселувањето во однос на демографските прилики пред балканските војни македонското православно население во областите што биле поодалечени од фронтот и директните воени дејства за време на Првата светска војна претрпело релативно мали губитоци. Во одредени околии доаѓа и до пораст на православното македонско население. Ќе наведеме повеќе примери од Кумановскиот и Брегалничкиот Округ со кои ќе ја аргументираме искажаната констатација. Тоа се единствените окрузи во Вардарска Македонија во кои се бележи пораст на населението во периодот 1913 – 1921 година[410].

Во Кривопаланечката Околија во 1921 година православното македонско население претставувало околу 97 % од вкупниот број на

---

407 Спореди: Мил. Ант. Вујовић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије. По службеним подацима,* 25; *Речник места,* 27.

408 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 342.

409 *Definitivni rezultai popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 104. Во 1931 година во Прилеп биле евидентирани 22 821 жител од кои 19 302 православни (84,6 %). Во градот во 1913 година живееле 22 237 жители.

410 Милош Јагодић, „Процена демографских губитака Срба у периоду 1910 – 1921", 18, 20.

жители. Од Кривопаланечката Област најголем дел од турското население, кое живеело само во гратчето К. Паланка, се иселило уште за време на балканските војни[411]. Во околијата во 1921 година живееле 26 235 жители, односно 2 983 жители повеќе во однос на 1913 година[412]. Во повеќето општини се бележи зголемување на вкупниот број на население. Во К. Паланка населението во посочениот период се зголемило за 256 жители, а во Општината Ранковце за 505 жители. Слично е и во другите општини во околијата. Во Кратовската Околија во која македонското православно население претставувало над 90 % од вкупниот број на жители и покрај одредени промени во административната поделба, во 1921 во однос на 1913 година во повеќето општини се бележи умерен пораст на населението[413]. Покрај иселување од споменатите околии[414], бројот на православното македонско население продолжил да се зголемува и во третата деценија на XX век благодарејќи на високата стапка на природен прираст. Во 1931 година во Кривопаланечката Околија биле евидентирани 28 656 православни жители[415], најголем дел православно македонско население. Во Кратовската Околија во 1931 година биле евидентирани 19 847 православни жители, *Срби или Хрвати* по мајчин ја-

411 Турското население од гратчето К. Паланка се повлекло кон Куманово по почетокот на воените дејства во Првата балканска војна. Неколку седмици по воспоставувањето на српската власт во градот помал дел од Турците започнале да се враќаат. Во 1916 година во К. Паланка имало 80 турски домакинства (Стефан Димитров, „Северозападна Македония (Народностопанска анкета – 1916)“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 84).

412 Во вкупниот број на жители на Кривопаланечката Околија не е пресметано населението на општините Трговиште, Радовница и Стајевце.

413 Во 1921 година бројот на жителите се зголемил во општините Злетово, Калниште, Пробиштип. Во 1913 година во посочените општини живееле 4 626 жители, во огромно мнозинство православно македонско население. Во 1921 бројот на населението се зголемил на 5 614 жители (Спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 72–76; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 100–103).

414 Како карактеристичен пример за иселување од Кривопаланечката Околија во текот на дваесеттите години ќе го наведеме селото Горобинци во Овче Поле во кое до 1924 година живеело исклучиво турско население. Во периодот 1924 – 1927 година од селото се иселиле околу 70 турски домаќинства, а на нивно место до крајот на дваесеттите години се населиле 59 домаќинства од Кривопаланечката Околија, 33 од село Петралица, 19 од Подржи Коњ, 4 од Осиче и 3 од Огут (Jovan F. Trifunoski, „Ovčepoljska kotlina“, 722).

415 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 101.

зик (97,7 %)[416], а од нив огромен процент бил македонско православно население чиј број за една деценија се зголемил за повеќе од 1 000 жители. Во двете околии ваквата демографска тенденција продолжила и во текот на триесеттите и четириесеттите години[417].

Бројот на македонското православно население во 1921 година во однос на 1913 година се зголемил и во Малешевската Околија. Во општините Владимирово и Митрашинци на пример, во кои живеело исклучиво православно македонско население, во периодот октомври 1913 – јануари 1921 година бројот на жителите се зголемил за 527[418]. Во споменатите општини во 1931 година биле евидентирани 6 334 православни жители[419], односно 15 % повеќе во однос на 1921 година. Во Малешевската Околија во 1931 година биле евидентирани 14 301 православни жители, *Срби или Хрвати* по мајчин јазик (92,9 %)[420]. Всушност, македонското православно население во 1931 година претставувало повеќе од 90 % од жителите на Малешевската Околија. За десет години, меѓу 1921 и 1931 година, македонското православно население во Малешевската Околија се зголемило за 26 %. Демографски раст македонското православно население бележи и во текот на триесеттите и четириесеттите години. Во 1948 година во Беровската Околија живееле 17 538 Македонци (96,6 %)[421].

Сличен демографски процес се бележи и во соседната Царевоселска Околија каде во сите општини во периодот 1913 – 1921 година се бележи зголемување на населението[422]. Слично е и во другите око-

416 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 325.

417 Спореди: *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 443.

418 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 30–31; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 92–93.

419 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine*, *knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 102.

420 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 329.

421 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 437.

422 Во споменатиот период вкупниот број на жители во Царевоселската Околија се зголемил од 11 500 во 1913 година на 14 019 во 1921 година (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 34–35; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 94–95). Во 1921 година во околијата биле евидентирани 9 926 православни жители. Во 1931 година, 11 004 православни жители на околијата се евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик (*Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 310). Бидејќи во Царевоселската Околија не била спроведена колонизација на српско население, речиси без исклучок православните *Срби или Хрвати* по мајчин јазик се дел од македонското православно на-

лии на Брегалничкиот Округ каде во општините со мнозинско македонско население се бележи умерено зголемување на жителите, додека во општините со турско мнозинство бројот на населението е во опаѓање[423].

Пописот од 1921 година покажува дека во западните области на Вардарска Македонија каде и до балканските војни значителен дел од населението било албанско, не доаѓа до поголеми внатрешни промени во етничката структура, за разлика од Повардарието и дел од источните области каде турското население до балканските војни било во мнозинство или во значителен број. Како пример ќе го наведеме Полог.

Најмал процент на македонско православно население, официјално *Срби или Хрвати по мајчин језик,* во 1921 година е евидентиран во Горнополошката (31,7 %) и Долнополошката Околија (35,7 %). Во Горнополошката Околија живееле 8 910, а во Долнополошката 21 968 *Срби или Хрвати*[424]. Бидејќи овие области речиси воопшто не биле зафатени со процесот на колонизација, огромниот дел од евидентираните *Срби или Хрвати* претставува македонското православно население[425].

селение, кое за десет години се зголемило за 10,8 %. Зголемувањето би било и поголемо, но заради пасивноста на областа, високиот природен прираст и недостигот на обработлива површина во планинските села дел од македонското православно население се иселувало во соседните области, особено во Кочанската Котлина, најчесто купувајќи ги имотите на иселените Турци (види: Јован Ф. Трифуноски, *Кочанска котлина*, 37–39, 53–149). Детален приказ на демографските карактеристики на населението во Царевоселската Околија, особено за миграциите дава Бранислав Русиќ во необјавените антропогеографски истражувања во Пијанец и Делчевска Осоговија (Архив на Ману, ф. Бранислав Русиќ, к -5, а.е 96).

423 Како пример ќе ги наведеме општините Немањци, Мечкуевци и Трооло од Овчеполската Околија, каде во огромно мнозинство било македонското православно население. Во трите општини во 1913 година имало 4 320 жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 31–32). Во 1921 година во споменатите општини биле евидентарани 4 647 жители (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 92–93). За осум години, од кои шест воени, населението во посочените општини од Овчеполската Околија се зголемило за 327 жители. Во 1931 година во споменатите општини живееле 5 305 православни жители (*Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 103). Односно бројот на православното македонско население за десет години се зголемил за 14,1%).

424 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–119. Од вкупниот број на евидентирани *Срби или Хрвати* во Долни Полог околу 21 000 биле православни, а речиси 1 000 биле македонски муслимани што живееле во селата Урвич и Јеловјане, кои биле дел од Општината Долно Палчиште.

425 Единствено во селото Брвеница биле население поголем број колонисти од северните делови на Кралството. Во периодот 1928 – 1931 година во се-

Во однос на пописот од 1913 година како и кај останатите жители на Полог (албанското население) се забележува намалување на бројот на македонското население, што соодветствува и со проценките на Ј. Иванов[426]. Во извештајот на началникот на Тетовскиот Округ испратен до инспекторот на полицијата при Врховната команда во Скопје се наведува дека во Гостиварската Околија живееле 10 297 Срби[427]. Споредувајќи го бројот на *Србиѿе* од 1913 година со бројот на *Срби или Хрваѿи* во 1921 година во Горнополошката Околија се бележи пад од 1 387 жители, односно 13 %. Поумерен пад на македонското православно население се бележи во Долнополошката Околија.

лото биле колонизирани 38 семејства по потекло од Србија, Црна Гора, Херцеговина и Лика (Јован Ф. Трифуноски, *Полоī*, 429).

426 Според Јордан Иванов во 1912 година во Тетовската Околија живееле 22 640 Бугари, додека во Гостиварската нивниот број бил 10 300 (Йорданъ Ивановъ, *Бълīареѿе въ Македония*, CIV). Постојат бројни податоци за бројот и структурата на населението во Полог кон крајот на XIX и почетокот XX век. Анализата на овие демографски податоци ќе не доведе до приближниот број на македонско (егзархиско и патријаршиско) население, како и на останатите жители на областа. Според податоците од османскиот попис, кој започнал во 1881 година во Полог, во Тетовската Каза живееле 44 032 машки жители (Kemal H. Karpat, *Ottoman Population 1830 – 1914: Demographic and Social characteristics,* 142–143), односно според проценките на М. Јагодиќ во казата во 1881 година живееле вкупно 83 661 жител од кои „55 503 муслимани, 9 481 патријаршисти и 18 677 егзархисти (Милош Јагодић, Српско-албански односи у Косовском вилајету 1878-1912, 259). Во салнамето на Косовскиот Вилает за 1896/1897 година се наведува дека во Тетовската Каза живееле „30 348 муслимани, 5 528 Грци и 10 175 Бугари, вкупно 46 051 жител од машката популација“ (*Салнаме на Вилаеѿоѿ Косово*, 338). Васил К’нчов проценува дека кон крајот на XIX век во Тетовската Каза живееле 79 509 жители од кои: „31 897 биле Бугари православни, 1 554 биле Бугари мухамеданци, 15 680 биле Турци, 27 793 биле Арнаути мухамеданци, 874 биле Арнаути православни, 1 661 Цигани и 50 Власи“ (Васил Кънчов, *Македония,* 210–214). Приближна проценка на бројот на православното население во Полог дава и секретарот на Бугарската егзархија Димитер Мишев (D. M. Brancoff, *La Macédoine et sa population chrétiene*, Paris, 1905). Според податоците на Мишев на почетокот на XX век во Тетовската и Гостиварската Каза живееле вкупно: „33 928 православни жители, од нив 22 424 биле Бугари егзархисти а 11 504 биле Бугари патријаршисти.“ Карактеристично е дека во Горни Полог, односно во Гостиварската Каза бројот на егзархиското и патријаршиското македонско население е речиси изедначен. Во споредба со податоците на Егзархијата објавени од Д. Мишев, избраниот скопски патријаршиски митрополит Фирмилијан посочува на релативно поголема бројност на патријаршиското население во Полог. Според податоците на Скопската патријаршиска митрополија од март 1902 година во Тетовската Каза имало 1 212 патријаршиски куќи, од кои 330 во градот Тетово, а останатите во 25 околни села, додека во Гостиварската Каза имало 1 128 патријаршиски куќи во Гостивар и во 26 села (ДАРМ. 1.17.13/101-105).

427 *Срѿски извори за исѿоријаѿа на македонскиоѿ народ 1912-1914,* 109–110; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије,* 129.

Според српските власти бројот на *Србите* во околијата (без градот Тетово) во 1913 година бил 14 537[428], додека бројот на православните во 1921 година изнесувал 13 826[429]. Од споредбата на статистичките податоци се заклучува дека во Долнополошката Околија (без градот Тетово каде се бележи поголем демографски пад) бројот на македонското население во периодот 1913 – 1921 година, не сметајќи го природниот прираст, се намалил за 712 жители. Следејќи ја критички официјалната статистика може да заклучиме дека во 1921 година православното македонско население било застапено со околу 31 % од жителите на Горнополошката Околија и околу 33 % од жителите на Долнополошката Околија, што претставува најнизок процент на учество на македонското население во околиите во Вардарска Македонија.

Во следната деценија ќе дојде до стабилизација на состојбите во однос на статусот и положбата што ги имало македонското население до балканските војни.Повеќемина автори се сложуваат дека до преломната 1912 година Полошката Област била една од областите на Османската Империја каде што владеела полуанархична состојба. Заради ваквата состојба голем дел од македонското православно население се повлекувало пред самоволијата на дел од муслиманските, пред сè албански моќници, ги напуштало своите села, се групирало во некои поголеми села или се населувало во Тетово, град што бил седиште на казата и каде како административан центар безбедноста била поголема. Дел од православните жители спас, но и егзистенција нашле во рамничарските, полски села каде што работеле како чифчии на имотите на муслиманските чифлик-сајбии[430].

Статистичките податоци од 1913 година покажуваат дека селата населени со македонско население биле главно мали, често пати со околу 100 жители или помалку (Брвеница, Долно Седларце, Фалише, Лавце, Озормиште, Подбреге, Прељубиште, Требош, Јегуновце, Ратае, Тумчевиште, Ново Село, Лешница и др.). Само во селото Вратница живееле над 1 000 жители[431]. Веќе на почетокот на дваесеттите го-

428 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 109–110;

429 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118.

430 Јован Ф. Трифуноски, *Полог,* 53; Васил Кънчов, *Македония,* 92–93; Rudolf Petrović, *Polog*, 27, 64.

431 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 138–142. Македонското православно население претставувало компактна маса во североисточното подножје на Шар Планина (селата Вратница, Рогачево, Беловиште и Старо Село, каде според пописните податоци живееле 2 557 жители, што претставувало 17,6 % од македонското население во Долнополошката Околија без градот Тетово. Поголема група на села со македонско православ-

дини сите наведени македонски села бележат зголемување на населението[432]. Проучувачот на Полог, Јован Трифуноски, и покрај неговата носталгија за меѓувоена Југославија, правилно заклучува дека: „По балканските и Првата светска војна Македонците започнале брзо да се издигнуваат... Во Полог завладува безбедност... Македонските населби се зголемуваат, зафаќајки поголема површина, истовремено и бројот на населението од година во година се зголемува“[433]. Заклучоците на Трифуноски ги потврдуваат и официјалните статистички податоци. Бројот на евидентираните *Срби или Хрвати,* односно на македонското население на пописот во 1931 година во двете полошки околии е повисок во однос на претходниот попис. Во Долнополошката Околија биле евидентирани 24 882, додека во Горнополошката 9 904 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик. Во Горнополошката Околија во однос на 1921 година се бележи зголемување за 994 жители, односно 11,1 %, додека во Долнополошката Околија зголемувањето е поголемо и изнесува 2 854 жители, односно 12,9 %[434].

---

но население биле сконцентрирани и во подножјето на Жеден, кои до 1912 година главно биле чифлици.

432 До средината на дваесеттите, односно десетина години од балканските војни се забележува значајно зголемување на православното македонско население во поголем дел од споменатите села, особено во поранешните чифлици. Во селото Ратае во 1913 година имало 148 жители, а кон средината на дваесеттите години имало 232. Слична е состојбата и во селото Јегуновце во кое во 1913 година имало 171 жител, а за десетина години бројот пораснал на 332. Поумерен бил растот во Туденце, Раотинце, Брвеница и др. (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 138–142; *Речник места,* 282–284). Во споменатите села живеело само македонско православно население. Зголемувањето на бројот на жителите во споменатите села се должи на доселувањето од Полог, но и од соседните области, на купената земја од дотогашните чифлик-сајбии. Само во споменатото село Ратаје од 1912 до 1921 година се доселиле 8 семејства, кои потекнувале од соседните села, но и од Качаничката Област и од Средска, на Косово. Слични доселувања имало и во Јегуновце, Јанчиште и соседните села (Јован Ф. Трифуноски, *Полоī*, 344–346, 454, 462–464).

433 *Ibidem,* 40.

434 Спореди: *Дефинишивни резулшаши йойиса сшановнишшва 1921 īодине,* 116–119; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 312, 318. Од вкупно евидентираните *Срби или Хрвати,* во Долнополошката Околија во 1931 година 23 101 се православни 1 628 се муслимани и 93 се римокатолици. Најголем дел од муслиманското население живеело во селата Урвич и Јеловјане. И на пописот во 1921 година македонските муслимани од споменатите села се евидентирани како *Срби или Хрвати.* На пописите по Втората светска војна најголем дел од жителите од посочените села се декларирале како Турци. Во Горнополошката Околија во 1931 година од вкупниот број на евидентираните *Срби или Хрвати,* 9 444 биле православни, 411 биле муслимани и 48 биле римокатолици. И во двете околии римокатолиците се дел од полицискиот, воениот и административниот апарат.

Во третата деценија на XX век доаѓа до забележително зголемување на бројот на православното население во Тетовската и Гостиварската Околија по децениите стагнација и постојано намалување до 1912 година[435]. Зголемување на македонското население се бележи во речиси сите општини[436], особено во градовите, пред сѐ во Гостивар. Во 1913 година во градот од страна на српските власти биле евидентирани „276 Срби“[437]. Според статистиката на бугарските власти од 1916 година во градот Гостивар живееле „100 Албанци православни и 350 Бугари“[438]. Во 1921 година во градот живееле 792 православни, односно 846 жители евидентирани како *Срби или Хрвати*[439]. Во 1931 година бројот на жителите со православна вероисповед во Гостивар пораснал на 1 380[440]. Во период од осумнаесет години 1913 – 1931 македонското православно население во градот Гостивар бележи постојан пораст. Во 1913 тоа претставувало само 6,3 % од вкупното население во градот, додека во 1931 година се зголемило на 23,2 %.

Зголемувањето на македонското население во Гостивар е резултат на доселувањето од околните села, како и од реканскиот крај. Споменатиот Рудолф Петровиќ за доселувањето во Гостивар во меѓувоениот период наведува: „*...доселувањето на словенскиот елемент по 1918 година е мошне силен. Доселеници доаѓаат од горнополошките села повеќето имотни печалбари, потоа економски силните реканци, особено галичани и мавровци. Доселениците изградија цели маала како галичаните во западниот дел на градот. Повеќето од нив се занимаваат со трговија и занаети, а многумина заминуваат и на печалба, најчесто во странство*“[441].

---

435 Според проценките на М. Јагодиќ во Тетовската Каза од најразлични причини во периодот 1881 – 1903 година се иселиле 3 360 православни христијани (Милош Јагодић*, Српско-албански односи*, 289).

436 Забележително е зголемувањето на македонското православно население во општините Брвеница, Раотинце, Шемшово, Теарце и др. (Спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118 – 119; *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 98).

437 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 110.

438 Димитар Г. Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г*. съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 257

439 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

440 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 100.

441 Rudolf Petrović, *Polog*, 76.

Во периодот 1921 – 1931 година зголемување на македонското население бележи и градот Тетово[442], иако не во обем како соседниот Гостивар. Во 1921 година во Тетово се евидентирани 6 900 православни, односно 7 120 *Срби или Хрвати*[443]. Во 1931 година бројот на жители со православна вероисповед во градот се зголемил на 7 688, што претставувало 47 % од вкупното градско население[444]. Со исклучок на дел од административниот и полицискиот апарат, најголемиот дел од православните жители на градот се локалните македонски православни жители.

Бројот на македонското население во Полог би бил и поголем, но еден дел од жителите се иселувале, пред сè заминувајќи на печалба. Следејќи ги антропогеографските проучувања се констатира дека нема село од областа од кое барем по неколку семејства не се иселиле во соседните земји, но и подалеку. На почетокот на печалба заминувале само мажите, но подоцна тие ги повлекувале и своите семејства[445]. Повторно следејќи ги официјалните статистички податоци може да заклучиме дека во Горнополошката Околија и покрај зголемувањето на вкупниот број на македонско православнно население доаѓа до нивно процентуално намалување заради поголемата стапка на зголемување на албанското население. Во 1931 година во споменатата околија биле евидентирани 9 444 *Срби или Хрвати* со православна вероисповед, од нив многу мал дел биле доселени административни и полициски службеници, односно околу 28 % од жителите на Горнополошката Околија претставувало македонското православно население. Анализирајќи ги пописните податоци од 1931 година за Долнополошката Околија заклучуваме дека македонското православно население било застапено со околу 31 % од вкупниот број на жители во околијата[446].

---

442 Во периодот на балканските и Првата светска војна македонското население, судејќи според податоците на пописот од 1913 година, бележи намалување. Во градот Тетово во 1913 година биле евидентирани вкупно 20 070 жители „во 3 600 домови, од кои 1 800 турски, 1 263 бугарски и 537 српски" (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 135; Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915),* 118).

443 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

444 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 99.

445 Ј. Трифуноски забележал дека во селото Вратница *немало куќа а да нема по некој во Америка*. Македонците од Полог најчесто се иселувале во Србија, пред сè во Белград, во Бугарија, Романија и Скопје (Јован Ф. Трифуноски, *Полог*, 65, 122–123).

446 Во Долнополошката Околија освен во селото Брвеница и во селата Камењане и Палатица биле колонизирани по две домаќинства (Јован Ф. Трифуноски, *Меѓуратна колонизација,* 88–89).

Бројот на македонското население во Полог се намалил во текот на Втората светска војна како последица на иселувањето од италијанско-албанската окупациона зона. Во 1948 година во Тетовската Околија на пример живееле 25 459 Македонци[447], што во однос на евидентираните *Срби или Хрвати* во 1931 година претставува зголемување од само 637 жители. По значителниот раст на бројот на македонското население во периодот 1921 – 1941 година во следните години од наведените причини се забележува негова стагнација.

Мошне податлива за историскодемографски истражувања е Скопската Околија со нејзиниот исклучително колоритен етнички состав, како и значителниот демографски раст што е сосема разбирливо, бидејќи Скопје во меѓувоениот период е еден од центрите во јужниот дел на Кралството. Анализата на пописните податоци од 1921 година покажува дека учеството на македонското православно население во околијата било помеѓу 45 – 50 %, односно Скопската Околија не претрпела коренити етнички промени во однос на состојбата пред балканските војни. Според проценките во 1912 година во Скопската Каза имало 94 590 жители[448]. Околу половина од населението во Скопската Каза до балканските војни го сочинувале муслиманските заедници[449]. Српските власти на почетокот на ноември 1912 година, неполн месец по воспоставувањето на власта во Скопје, проценуваат дека во градот живееле до 50 000 жители, мнозинство муслимани, од кои „поголемиот дел староседелци, а помал дел доселени

447 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 449–450.

448 Од вкупниот број на жители според Ј. Иванов „49 600 биле Бугари." Во овој број е пресметан и бројот на македонското муслиманско население во шест села во сливот на Маркова Река (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, ciii).

449 По османлиските порази во војните 1876 – 1978 година и по повлекувањето на османската војска, маса муслимански бегалци ги напуштале областите што влегле во границите на Србија или Бугарија и следејќи ја војската се населувале на територијата на османска Македонија. На овие бегалци им се придружиле и маса бегалци од Босна и Херцеговина окупирана од австроунгарските војски. Населувањето на муслиманските бегалци на просторот на Македонија и во другите области на Балканот што останале под османлиска власт имала стратешка цел за верска хомогенизација на муслиманските популации на овие простори со што се обезбедувало и присуството на османлиската власт. Скопската Каза како централна каза на Косовскиот Вилает имала посебно значење за власта поради што и дел од бегалците бил населен токму тука. Во 1908 година по анексијата на Босна и Херцеговина, младотурците повторно спровеле организирана колонизација со истите цели. Дел од бегалците биле населени и во Скопје во посебно определени урбани целини со што се менувала како урбанистичката така и демографската, верската и етничката слика на градот (види: Драги Ѓоргиев, „Мухаџир махала у Скопљу крајем XIX века", Зборник радова*: Просторно планирање у Југоисточној Европи (до Другог светског рата),* Београд, 2011, 493–503.

Арнаути“[450]. Пред балканските војни македонското население во казата е поделено на големо мнозинство егзархисти и малцинство патријаршисти[451].

Во 1913 година во Скопската Околија биле евидентирани 98 730 жители. Анализата на податоците од 1913 година покажува дека во околијата (без градот Скопје) имало околу 24 000 – 25 000 православно македонско население и околу 4 600 македонски муслимани. За разлика од соседниот Полог, во Скопската Околија покрај бројните мали чифлички села, каде во мнозинство живееле православни жители, значаен дел од македонското православно население живеело и во големите села во подножјето на Скопска Црна Гора кои имале над или близу 1 000 жители, како што биле Кучевиште (најголемо село во околијата со 1 492 жители), Љубанци, Мирковци, Црешево, Булачани. Други поголеми села населени со македонско население биле Драчево со 1 486 жители, Кучково со 936 жители, како и македонските села во сливот на Маркова Река[452].

Податоците од пописот од 1921 година ја покажуваат структурата на евидентираните *Срби или Хрвати* од кои најголемиот дел се локалните македонски православни и муслимански жители. Во Скопската Околија во 1921 година биле евидентирани 50 128 *Срби или Хрвати* (54,6 %), од кои околу 47 000 (51,4 %) по вероисповед биле православни[453]. Бидејќи колонизацијата тукушто го добивала својот интензитет, сосема мал број од жителите *Срби или Хрвати* биле српски колонисти. Поголем бил бројот на административен кадар во државните институции и полициско-воените сили коишто биле стационирани во градот, но тешко е да се процени нивниот прецизен број. Сепак, бројот на македонското православно население во околијата не изнесувал повеќе од 50 %. Споредувајќи ги овие податоци со попис-

---

450 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* 60.

451 Според секретарот на Егзархијата Димитар Мишев во Скопската Каза на почетокот на XX век живееле: „27 256 егзархисти и 5 864 просрпски ориентирани патријаршисти” (D.M Brancoff, *La Macédoine et sa Population Chrétienne,* 114–116*)*. Во еден извештај на избраниот скопски патријаршиски митрополит Фирмилијан од март 1902 година стои дека во Скопската Каза 1 190 домаќинства биле под негова јурисдикција (ДАРМ, 1.17.1.17.101–105). Според одредени процени во Скопската Каза во 1908 година живееле 7 878 Срби, (Урош Шешум, „О броју Срба у Јужној Старој Србији“, 156), односно патријаршисти.

452 Православното македонско население живеело и во повеќе мали села во околијата од кои поголем дел чифлици (како што биле селата Бардовци со 274 жители, Визбегово со 51 жител, Тафталиџе со 73 жители, Влае со 29 жители, Кисела Вода со 36 жители, како и во селата во Блатија, каде мнозинско било македонското православно население меѓу 60 – 200 жители), (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 130–134).

453 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 115–116.

ните податоци од 1913 година се забележува стагнација и опаѓање на бројот на жителите во општините во кои речиси исклучиво живеело македонско православно население[454].

Меѓутоа, во текот на дваесеттите години бројот на македонското население во Скопската Околија се зголемува, како заради доселувањето од другите делови на Македонија, пред сѐ во градот, така и заради високиот природен прираст. Пописот од 1931 година покажува дека бројот на евидентираните *Срби или Хрвати* се зголемил за 25 923, односно за 51,7 %. Освен веќе наведените причини, зголемувањето на оваа статистичка категорија е одраз и на релативно масовната колонизација во Скопската Околија. Од вкупно евидентираните *Срби или Хрвати* во 1931 година 68 134 жители по вероисповед биле православни, 5 699 муслимани, 1 984 римокатолици и 254 од други вероисповеди[455].

Во Скопската Околија сосема е јасно, зголемување на евидентираното население по мајчин јазик *Срби или Хрвати* е последица на брзиот раст на Скопје како центар на јужниот дел на државата. Од 1922 година Скопје е центар на област, а од октомври 1929 седиште на Вардарската Бановина каде што биле сконцентрирани мноштво државни и административни служби. Скопје како економски центар привлекувал и бројни доселеници од Македонија и јужните делови на Кралството со што во градот дошло до зголемување на македонското и српското население. Во околината на градот во текот на дваесеттите години биле населени и колонистички семејства, кои исто така придонеле за зголемување на евидентираните *Срби или Хрвати*.

Во просек бројот на православното македонско население во општините во Скопската Околија (без градот Скопје) се зголемува за

454 Ќе наведеме неколку примери: Во Општината Кучевиште, која ја сочинувале истоимената село и соседното Побожје населена исклучиво со македонско православно население до балканските војни во мнозинство приврзаници на Патријаршијата, во 1913 година имало 2 177 жители, додека во 1921 година нивниот број опаднал на 2 085. Слично е и во Општината Ракотинци во која влегувале селата Горно и Долно Солње, Добри Дол, Сопишта и Сушица. Во споменатите села до 1912 живеело исклучиво православно македонско население приврзаници на Егзархијата. Во 1913 година во општината имало 2 346 жители, додека во 1921 нивниот број опаднал на 2 294. Во Општината Кожле, исто населена со македонско православно население кое до 1912 година било поделено меѓу Егзархијата и Патријаршијата, во 1913 година живееле 1 324 жители, а во 1921 година 1 120 (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 130–134; *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 114–117).

455 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 344.

21,5 %, што е резултат на прилично високиот природен прираст[456]. Исклучително висок пораст на православното население и на евидентираните *Срби или Хрвати* во 1931 година се бележи во општините Петровец (Ибраимово) и Бунарџик[457], каде во дваесеттите години биле населени неколку стотици колонистички семејства. Во Општината Петровец православното население во 1931 година во однос на 1921 година бележи пораст за дури 180 %, додека во Општината Бунарџик порастот е 90 %[458]. Колонисти биле населени во повеќе села во споменатите општини, а била формирана и сосема нова колонистичка населба Маријино Село[459] во Општината Бунарџик[460]. Анализата на податоците по вероисповед и мајчин јазик за Скопската Околија од пописот од 1931 година покажува дека македонското православно население претставувало 45 – 50 % од вкупното население на околијата. Во следната деценија ќе продолжи зголемувањето на вкупниот број на жители во Скопската Околија, меѓу кои и на македонското население.

Во 1941 година од страна на бугарските власти биле иселени најголемиот дел од колонистите[461] со што бројот на српското населе-

456 Македонското православано население во периодот 1921 – 1931 година бележи пораст во сите општини во Скопската Околија. Ќе наведеме неколку примери. Во Општината Ракотинци нивниот број за десет години се зголемил за 356 жители, односно 15 %, во Општината Говрлево бројот пораснал за 277 жители, односно 19,6%, во Општината Булачани за 11,3%, а највисок пораст се бележи во Општината Драчево – 38,3 % и Општината Шишево со 31,9 % (спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 114–117; *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 105).

457 Општината Петровец ја сочинувале селата: Мралино, Идризово, Огњанци, Јурумлери, Ќојлија, Ржаничино и Петровец. Општината Бунарџик била составена од селата Марино, Кадино, Грушино, Ајватовци, Бујковци, Белимбегово, Александрово (Аџалари, денешно Миладиновци) и Бунарџик (*Речник места*, 290–291).

458 Спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 114–117; *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 105.

459 Населбата го добила името по кралицата Марија, сопруга на кралот Александар Караѓорѓевиќ.

460 Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација Срба у Македонији*, 72.

461 Според нецелосните податоци на бугарската управа на почетокот на 1942 година било констатирано дека во Скопје се иселиле 72 колонистички семејства кои оставиле 2 435 декари земја; од тогашното село Тафталиџе се иселиле 9 колонистички семејства и оставиле 130 декари земја; од село Кисела Вода се иселиле 3 семејства и слободни останале 7 декари; во Маџари останале слободни 1 730 декари земја што ги оставиле 45 српски семејства, во Долно Водно 22 семејства се иселиле со 145 декари земја, Горно Водно 3 семејства 4,8 декари, Гор-

ние во околијата драстично се намалил[462]. Според податоците на првиот повоен попис од 1948 година Македонците во Скопската Околија биле застапени со 54 %, што претставува зголемување во однос на меѓувоените пописи[463].

Во меѓувоениот период со околу половина од вкупниот број на жители македонското православно население било застапено во неколку западномакедонски околии. Во 1921 година под 50 % од вкупниот број на жители македонското православно население е во Горнодебарската Околија, додека во Галичката, Кичевската и Струшката Околија претставувало околу 50 %. Во Горнодебарската Околија во 1921 година биле евидентирани 5 920 *Срби или Хрвати* со православна вероисповед (39,6 %), во огромен дел македонско население[464]. Во 1931 година бројот на православните *Срби или Хрвати* се зголемил на 6 684 жители, односно 41 % од вкупното население во околијата[465]. Во меѓупописниот период забележливо е иселување на македонското население од околијата. Според истражувањата на Б. Русиќ само од областа Жупа во дваесеттите години се иселиле триесетина православни македонски семејства[466]. Иселувањето на православното македонско население продолжило и во триесеттите години, а особено се засилило за време на окупацијата, како и по завршувањето на Втората светска војна. На пример, само од селото Рајчица во 1942 година во Скопје се иселиле единаесет македонски домаќинства[467].

Слични процеси се одвивале и во соседната Галичка Околија, мошне специфична по својата етничка и верска структура. Во големите планински села живеело македонското православно население

но и Долно Нерези 16 српски семејства со 483 декари земја. Вкупно во Скопско имало 4 987 декари земја оставена од колонистите (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Кирилъ Коларовъ, 9.II.1942).

462 Во текот на месец мај 1941 година од градот Скопје биле иселени 6 417 жители, Срби, Хрвати, Словенци и Црногорци, главно поранешни жандарми, службеници во бановинската управа и други административни работници со нивните семејства (*Българското управление във Вардарска Македонија (1941 – 1944), Документален сборник*, София, 2011, 59).

463 Во 1948 година во Скопската Околија живееле 95 276 Македонци. Тука се вброени и македонските муслимани, во селата Цветово, Елово, Држилово, Пагаруша, Умово и Д. Количани кои на следните пописи во мнозинство ќе се декларираат како Турци.

464 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

465 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 317.

466 Бранислав Русић, *Жупа Дебарска*, Скопље, 1957, 54–103.

467 Истиот: „Поље Дебарско“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, книга 7, Скопје, 1954, 156–157.

(Мијаци), македонските муслимани, албанско муслиманско население, како и православни албанофони[468]. Во 1921 година во околијата биле евидентирани околу 4 700 *Срби или Хрвати* со православна вероисповед[469], речиси без исклучок православно македонско население. Во 1931 година бројот на православните *Срби или Хрвати* се зголемил на 5 709 жители[470]. Како прилично пасивна област иселувањата во текот на дваесеттите години, како и во претходниот период, имале значајно влијание врз демографската структура[471]. Само благодарејќи на високата стапка на природен прираст доаѓа до умерен пораст на македонското православно население во меѓупописниот период, кој се бележи во општините Галичник, Лазарополе и Ростуше. Иселувањето продолжило и во текот на триесеттите години, како и во текот на Втората светска војна и по нејзиното завршување. Во Галичник во 1948 година живееле 954 жители, тројно помалку отколку во 1913 година[472]. Иселувањето продолжило и во следните децении. Преку анализа на пописните податоци за вероисповед и мајчин јазик од 1931 година прилично прецизно можеме да го определиме бројот на македонското православно население во споменатите околии.

Во Горнодебарската Околија во 1931 година евидентираните *Срби или Хрвати* со православна вероисповед биле 41 % од вкупното население во околијата, во Галичката Околија 47,4 % и во Кичевската Околија 49,7 %. Бидејќи во споменативе околии немало колонизирано српско население, речиси сите жители од православна вероисповед евидентирани со мајчин јазик како *Срби или Хрвати* се Македонци. Во однос на етничката структура во споменатите околии не дошло до поголеми промени споредено со податоците од претходниот попис.

Како и во споменатите области од западна Македонија така и во Струшката Околија во периодот 1913 – 1921 година се бележи намалување на бројот на македонското православнио население. Во околија-

468 За православното население во Горна Река види: Мирјана П. Мирчевска, *Вербални и невербални етнички симболи во Горна Река*, Скопје, 2007, 54 – 108.

469 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

470 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 314. Во посочениот број на православни *Срби или Хрвати* е вклучен и одреден број православни албанофонски жители од горнореканските села (спореди: *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 99).

471 Тома Смиљанић, „Мијаци, Горња Река и Мавровско Поље", *Насеља и порекло становништва,* књига 20 ,Београд, 1925, 44.

472 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 439. Во 1913 година во Галичник имало 3 112 жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 137).

та во 1913 година биле евидентирани 28 719 жители[473], од кои околу 15 000 (52 %) православно македонско население[474]. Во 1921 година во Струшката Околија биле евидентирани 25 144 жители[475], од кои околу 13 100 биле православно македонско население. Вкупниот број на жители во Струшката Околија за време на балканските и Првата светска војна се намалил за 12,4 %. Кај македонското православно население намалувањето е околу 12,6 %.

Во дваесеттите години по подолг период се бележи демографски раст. Во 1931 година од вкупно 28 055 жители 14 483 (51,6 %) официјалната статистика ги евидентирала како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед[476], односно македонското православно население претставувало околу 51 % од вкупниот број на жители во околијата. Како и од соседните околии и од Струшката Околија во меѓувоениот период се бележи значајна миграција на жителите, пред сѐ од некои македонски села[477]. Демографскиот раст на македонското население во околијата ќе продолжи и во текот на триесеттите години, но во некои македонски села се забележува стагнација, што ќе продолжи и по Втората светска војна[478].

Во останатите околии на Вардарска Македонија во 1931 година во однос на деценија претходно доаѓа до зголемување на населението евидентирано како *Срби или Хрвати* во однос на пописот од 1921 година. Во одредени околии, особено онаму каде што во текот на дваесеттите години колонизацијата била поинтензивна, се бележи значителен пораст. Ќе наведеме неколку карактеристични околии во кои

473 Во вкупниот број не се пресметани жителите на село Лин, кое со конечното разграничување меѓу Кралството на СХС и Албанија станало составен дел на Албанија.

474 Спореди: *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* 385–386.

475 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–107.

476 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 345.

477 Ќе наведеме неколку карактеристични примери изведени од теренските истражувања на Б. Русиќ. Од селото Брчево населено со македонско население меѓу двете светски војни девет семејства се иселиле, од кои осум во Белград, а едно во Софија. Од село Ташмаруништа во периодот 1918 – 1941 година шест семејства се иселиле во Романија, Белград и Софија (Архив на МАНУ ф. Бранислав Русиќ, к- 3, АЕ, 88/I 1 – 142). Од областа Малесија, односно од селата Ржаново, Збажди, Присовјани и Локов во меѓувоениот период се иселиле околу 40 домаќинства (Бранислав Русић, „Малесија", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*, книга 6, Скопје, 1953, 37–50).

478 Како пример ќе го наведеме селото Вевчани кое во 1913 и во 1948 година има ист број на жители.

колонизацијата, пред сè на српско население, делумно влијаела врз нивната демографска структура.

До балканските војни Овче Поле, односно Овчеполската Околија била густо населена со турско население. Во 1913 година во тогашната Светиниколска Околија, според податоците на српските власти, живееле вкупно 15 275 жители од кои, според бројот на куќите „1 270 или 47,8 % биле бугарски, а 1 336 или 51,3 % биле турски“[479].

Во 1921 година евидентираните *Срби или Хрвати* во Овчеполската Околија претставувале 63,5 %, во огромен дел православно македонско население[480]. Како последица на високиот природен прираст кај македонското население[481], како и поради доселувањето од други околии (пред сè Кривопаланечката и Кратовската), но и поради прилично силниот интензитет на колонизација, бројот на евидентираните *Срби или Хрвати* во 1931 година пораснал на 16 193, односно 73,8 %[482]. Следејќи ги статистичките податоци може да заклучиме дека македонското православно население во Овчеполската Околија било застапено со околу 60 – 65 % од вкупниот број на жители. Демографскиот раст ќе продолжи и во текот на триесеттите и четириесеттите години. Во 1948 година во Светиниколската Околија живееле 22 834 (77 %) Македонци.

Во меѓувоениот период македонското православно население бележи демографски раст и во Кумановската Околија, иако и колонизираното српско население имало значан удел во нејзиниот вкупен број на жители. Оваа околија немала особено стратешко значење за Кралството (блискост до бугарската граница, или значителна бројност над 50 % на малцинско население, пред сè албанско, каде вообичаено биле населувани колонисти, особено во косовско-метохиските области). Кумановската Околија е карактеристична и по високиот удел на патријаршиско (просрпски) ориентирано православно население до балканските војни[483]. Сепак, слободните простори на об-

479 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912-1915)*, 118.

480 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 92–93.

481 Наталитетот во Овчеполската Околија во периодот 1934 – 1939 година изнесувал околу 40 ‰.

482 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 335.

483 Според извештајот на скопскиот патријаршиски митрополит Фирмилијан во Кумановската Каза во 1902 година имало 1 674 српски домаќинства (ДАРМ. 1.17.13/102-103), односно семејства што ја признавале јурисдикцијата на Цариградската патријаршија. Во 1908 година во Кумановската Каза се проценува дека живееле 16 850 Срби (Урош Шешум, „О броју Срба у Јужној Старој Србији“, *Вардарски зборник* (2015), бр. 10, 157–158), односно жители што биле под јурис-

работлива површина условиле во околијата да бидат населени поголем број колонисти.

Во Кумановската Околија биле формирани сосема нови колонистички населби или пак колонистите биле населувани во постојните села. Како и во другите области во Вардарска Македонија и во Кумановската Околија колонистите помасовно биле населувани по одржувањето на пописот од 1921 година така што евидентираните *Срби или Хрвати* во најголем дел се православните македонски жители. Во 1921 година во околијата живееле 37 200 *Срби или Хрвати,* односно 69,8 % од вкупното население[484]. За десет години бројот на жители коишто по мајчин јазик биле евидентирани како *Срби или Хрвати* пораснал на 47 402, односно 71,3 % од вкупното население во околијата[485], односно нивниот пораст во меѓупописниот период изнесува 27,3 %.

Порастот на населението во дваесеттите години се должи како на високиот природен прираст[486] така и на колонизацијата. Колонистите биле населувани од повеќе делови на Кралството, од Лика, Србија, Црна Гора, Далмација, Херцеговина, дури и од Банат[487]. Колонистичките домаќинства од државата добивале во просек меѓу 5 – 20 хектари обработлива земја. До 1924/1925 година во селата во кои живеело само колонистичко население имало 1 234 жители, што прет-

---

дикција на скопскиот патријаршиски митрополит, односно половина од вкупниот број на православно население во Кумановската Каза.

484 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 100–101. Во однос на 1912 година се бележи пораст на бројот на православното македонско население.

485 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 351. Од евидентираните Срби или Хрвати 46 910 (70,5 %) од вкупното население во околијата биле со православна вероисповед.

486 Во Кумановската Околија во периодот 1934 – 1939 година природниот прираст изнесувал околу 20 ‰.

487 Во Кумановската Околија голем дел од колонистите биле населени во сосема нови населби подигнати на почетокот на дваесттите години. Тоа се Тромеѓа, Љубодраг, Речица, Брзак, Умин Дол и др. Како карактеристичен пример ќе ја наведеме Тромеѓа. До балканските војни просторот на кој е основана Тромеѓа бил пространа утрина во сопственост на неколку бегови. Властите ги населиле првите колонисти од Лика во 1920 година. До 1923 година селото нараснало на 40 куќи. Во 1924/1925 година во Тромеѓа имало 62 домаќинства со 324 жители (*Речник места*, 285). Следните години продолжило населувањето и во 1926 година во селото имало 75 домаќинства, кои потекнувале од Лика, Војводина и Јужна Србија. Во 1941 година селото се зголемило на 130 домаќинства. Поголемиот дел од колонистите биле иселени од бугарските власти во Србија во 1941 година (Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација Срба у Македонији,* 42–43).

ставува околу 2 % од вкупното население во околијата[488]. Од споредбата на пописните податоци се забележува дека во општините од Кумановската Околија каде биле населени колонисти порастот на православното население е прилично голем. Во Општината Отља во која мнозинство било албанското население во 1921 година живееле 428 православни жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[489], што претставувало 10 % од вкупното население на општината. Во селото Матејче, каде што било и седиштето на општината, во текот на дваесеттите години биле населени неколку десетина домаќинства, главно од околината на Пирот[490]. Во 1931 година во општината биле евидентирани 838 жители со православна вероисповед, односно зголемувањето на православните во меѓупописниот период изнесува 95 %[491]. Слично е и во Општината Романовце во која во периодот 1921 – 1931 година учеството на православното население во вкупниот број на жители на општината се зголемило за 89 %[492]. Во општините на Кумановската Околија каде немало населено колонистичко население, просечниот пораст на македонско православно население во текот на дваесеттите години изнесува 10 – 15 %.

Анализирајќи ги пописните податоци и другите изворни податоци за населението во Кумановската Околија меѓу двете светски војни може да заклучиме дека околу 5 % во вкупното население во околијата на пописот во 1931 година било колонистичко. Учеството на колонистите во православното население е околу 7 – 8 %, па оттука е и заклучокот дека без разлика на изградениот национален идентитет, околу 64 % од вкупното население во околијата било православ-

488 *Речник места*, 284–286. Станува збор за селата Тромеѓа, Љубодраг, Умин Дол, Ново Село, Речица и Мршевци. Бројот на колонистите бил и поголем, бидејќи во посочениот број не е вброено и колонистичкото население од селата со мешано население, на пример Матејче.

489 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 100–101.

490 Види: Јован Ф. Трифуноски, *Кумановско-прешевска Црна Гора*, Београд, 1951, 127–132.

491 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 107. Православните жители во Општината Отља во 1931 година претставувале 15,1 % од вкупното население.

492 Во Општината Романовце според административно-територијалната поделба за време на пописите од 1921 и 1931 година биле и селата со колонистичко население: Мршевци, Ново Село, Умин Дол и Брзак. Во 1921 година во општината имало 1 553 жители со православна вероисповед (64 %), додека во 1931 година бројот на православните жители се зголемил на 2 943, што претставувало 75 % од вкупното население во општината.

ното македонско население[493]. Најголем дел од колонистите биле иселени од бугарските власти во 1941 година[494].

Слични процеси се одвивале и во околиите во Повардарието и источните области на Македонија. Во Кочанската Околија во 1921 година живееле 18 316 (71,2 %) *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед[495] од кои најголем дел македонско православно население. Како и во другите области во Вардарска Македонија така и во Кочанската Околија властите во текот на дваесеттите години, меѓу 1923 – 1926 година и во помал број во текот на триесеттите години, населуваат колонистичко население, 130 домаќинства со 662 жители[496]. Во 1931 година во околијата биле евидентирани 24 868 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед[497], што претставувало 78,2 % од вкупното население во околијата. Согледувајќи ги статистичките и другите изворни податоци заклучуваме дека колонистичкото население не учествувало со повеќе од 2 % во населението евидентирано како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик, односно македонското православно население претставувало околу 76 % од вкупниот број на жители во Кочанската Околија во 1931 година. Демографскиот раст на Македонците продолжил и во текот на триесеттите и четириесеттите години. Во 1948 година во Кочанска-

493 Во 1948 година во Кумановската Околија живееле 79 498 жители од кои 44,525 (56 %) Македонци и 9 057 (11,4 %) Срби (*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 443–444).

494 Во Кумановско колонистите се иселиле од 14 села со вкупно 294 семејства кои оставиле речиси 20 000 декари земја. Најмногу колонисти се иселиле од селата Умин Дол, Љубодраг, Речица, Тромеѓа и др. Колонистите што потекнувале од Пиротско и јужните делови на Србија, чии број бил прилично голем, бугарските власти не ги иселиле, бидејќи областите од каде што потекнувале по поделбата на Кралството Југославија се наоѓале под бугарска окупација (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Владиміръ Тодоровъ 9.II.1942).

495 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 92–93. Во однос на 1912 година се бележи релативно мало намалување на бројот на православното македонско население (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIII).

496 Споменатите колонистички домаќинства биле население во селата Бања, Теранци, Зрновци, Мородвис, Облешево и Долни Подлог. Колонисти имало и во градот Кочани. Најголем дел од нив потекнувале од Србија и Црна Гора (Александар Апостолов, „Колонизацијата на Кочанско меѓу двете светски војни“, *Кочани и Кочанско во НОВ 1941 – 1945,* Кочани 1985, 82–83. Јован Ф. Трифуноски, *Кочанска котлина*, 99, 120, 137, 138, 143; Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација Срба у Македонији,* 55–57).

497 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 324.

та Околија биле евидентирани 41 298 жители, од нив 33 172 (80,3 %) биле Македонци[498].

Во Радовишката Околија според проценките во 1912 година бројот на македонското православно население изнесувал околу 9 000 жители[499]. Според официјалната статистика во 1921 година во околијата имало 9 343 жители *Срби или Хрвати* по мајчин јзик[500], односно бројот на македонското православно население во периодот на балканските и Првата светска војна стагнирал. Во текот на дваесеттите години се бележи зголемување на вкупниот број на жители во Радовишката Околија. Во 1931 година во околијата се евидентирани 11 319 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед (58,1 %)[501] и 120 протестанти, кои ги бележи уште османската статистика од крајот на XIX век[502]. Анализата на статистичките податоци за Радовишката Околија покажува дека во 1931 година македонското православно население сочинувало околу 55 % од вкупниот број на жители во околијата, што претставува значајно зголемување во однос на состојбата пред балканските војни кога мнозинство било турското население. Демографскиот раст продолжил и во триесеттите и четириесеттите години. Во 1948 година во Радовишката Околија биле евидентирани 14 055 Македонци (57,9 %)[503]. За триесетина години од балканските војни до 1948 година македонското население во Радовишката Околија се зголемило за 55 %.

Во соседната Штипска Околија до балканските војни македонското православно население претставувало околу 40 % од вкупниот број на жители. Во 1921 година во Штипската Околија биле евидентирани 10 481 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик (58,6 %)[504]. Во 1931 година бројот на евидентираните *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед се зголемил на 12 052 жители (62 %)[505]. Споредувајќи ги статистичките податоци може да заклучиме дека во

498 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 442.

499 Јордан Иванов наведува дека во 1912 година во Радовишката Каза живееле 9 050 Бугари.

500 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 94–95.

501 *Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 343.

502 *Definitivni rezultai popisa stanovništva 31 marta 1931 godine*, *knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 104.

503 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 446.

504 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 92–95.

505 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 348.

1931 година македонското православно население претставувало околу 55 – 56 % од вкупниот број на жители во околијата[506].

Мошне специфична по својот етнички и особено верски состав е Неготинската Околија. Во 1921 година мнозинско население според официјалната статистика се *Срби или Хрвати* со муслиманска вероисповед[507], односно локалното муслиманско население коешто во секојдневна употреба го користело македонскиот јазик. Православното македонско население во 1921 било застапено со околу 33 % од вкупниот број на жители. Во околијата живееле и околу 5 500 (37 %) *Срби или Хрвати* со муслиманска вероисповед, како и Турци (27,8 %) и Власи (1 %)[508].

Анализата на пописните податоци од 1931 година покажува дека само во Неготинската Околија се бележи намалување на статистичката категорија *Срби или Хрвати* во однос на 1921 година. Намалувањето се должи на иселувањето на македонското муслиманско население од околината на Неготино, од соседните големи села Тимјаник, Д. Дисан, Тремник и др. Меѓутоа, заради иселувањето и на Турците од Неготинската Околија, во 1931 година доаѓа до процентуално зголемување на жителите *Срби или Хрвати* во однос на претходниот попис од 70,7 % во 1921 на 76,9 % во 1931 година[509]. Во околијата во текот на дваесетите години биле населени речиси петстотини колонистички семејства.

Во Струмичката Околија непосредно пред почетокот на балканските војни, според проценките македонското православнио население (егзархиско, патријаршиско и мал дел протестанти) било застапено со 52 – 53 % од вкупниот број на жители, околу 18 500[510]. Во 1921 година во Струмичката Околија се бележи намалување на вкупниот број на жители, додека македонското население бележи зголе-

506 Во Штипската Околија во 1931 имало околу 1 000 жители колонисти и администартивен кадар (спореди: Богдан Лекиħ, *Аīрарна реформа и колонизација у Јуīославији 1918 – 1941,* 469–470; Јован Ф. Трифуноски, *Међураīна колонизација Срба у Македонији,* 27–29; Апостолов Александар, *Колонизацијаīа на Македонија во Сīара Јуīославија,* 208–211).

507 За потеклото на муслимасното население во Тиквеш види: Војислав Радовановиħ, Тиквеш и Рајец, *Насеља и īорекло сīановнишīва*, Београд, 1924. Васил К'нчов проценува дека кон крајот на XIX век во Тиквешката Каза живееле речиси 18 000 Бугари муслимани

508 *Дефиниīивни резулīаīи īойиса сīановнишīва 1921 īодине,* 120–121.

509 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 332.

510 Йорданъ Ивановъ, *Бълīареīе в Македония,* CII. К'нчов проценува дека кон крајот на XIX век во Струмичката Каза имало „40 882 жители од кои 23 602 Бугари (57 %)“, (Васил Кънчов *Македония,* 159–161).

мување. Зголемувањето се должи на прилично големиот број „бежанци“ кои по 1913 година, а најдоцна до 1919 година до кога Струмичката Област била под бугарска власт се населиле главно од Кукуш и околните села, како и од Дојран. Во 1921 година во околијата се евидентирани 26 483 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[511]. Демографскиот раст на македонското население во Струмичката Околија продолжил и во текот на дваесеттите години. Во 1931 година во официјалната статистика во околијата се евидентарани 30 292 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со православна вероисповед, 839 унијати (гркокатолици), 832 протестанти и 235 римокатолици[512]. Македонското православно население во Струмичката Околија претставувало околу 80 % од вкупниот број на жители. Иселувањето на еден помал дел од македонското население во дваесеттите години во Бугарија[513] не влијаело врз неговиот демографски раст. Зголемувањето на бројот на македонското население продолжило и во текот на триесеттите и четириесеттите години. Во 1948 година во Струмичката Околија биле евидентирани 42 140 Македонци (82 %)[514].

Следејќи ги официјацните статистички податоци, како и другите изворни податоци, може да заклучиме дека по демографските губитоци во текот на балканските и Првата светска војна, од почетокот на дваесеттите години македонското православно население во Вардарска Македонија бележи постојан демографски раст. Тоа го потврдуваат и пописните податоци од 1948 година кога во НР Македонија живееле 789 498 жители од кои 752 000 православни Македонци (и во помал број од другите христијански заедници) и 37 000 македонски муслимани. Официјалната статистика го покажува постојаниот и стабилен демографски раст. Во периодот 1921 – 1948 година Македонците бележат раст од 56 %.

Значајниот демографски раст во меѓувоениот период, кој се огледа во мнозинството на Македонците во поголемиот дел од Вардарска Македонија, покрај политичките околности ќе биде еден од клучните факторите при прогласувањето на македонската државност во 1944 година.

511 Од вкупниот број на евидентирани *Срби или Хрвати* 25 207 биле православни, 652 унијати и 716 протестанти (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 120–121).

512 *Die Glederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 346.

513 ДАРМ, ф. 121, к-1, а.е.94 / 195–198.

514 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 447–448.

**Број и процентуална застапеност на населението официјално евидентирано како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик:**

| Околија | Вкупно | 1921 | % | Вкупно | 1931 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битолска | 55 420 | 37 564 | 67,78 | 65 164 | 46 317 | 71,07 |
| Кичевска | 28 228 | 18 670 | 66,10 | 32 101 | 21 307 | 66,37 |
| Крушевска | 20 618 | 17 499 | 84,87 | 23 570 | 20 593 | 87,36 |
| Мариовска | 11 942 | 9 203 | 77,06 | 15 891 | 12 950 | 81,49 |
| Преспанска | 18 751 | 13 930 | 74,28 | 21 631 | 16 184 | 74,81 |
| Прилепска | 45 773 | 37 669 | 82,29 | 54 480 | 46 380 | 85,13 |
| Кочанска | 25 711 | 18 316 | 71,23 | 31 784 | 25 027 | 78,74 |
| Малешевска | 12 135 | 11 893 | 98,00 | 15 394 | 15 023 | 97,58 |
| Овчеполска | 18 179 | 11 555 | 63,56 | 21 938 | 16 193 | 73,81 |
| Радовишка | 16 440 | 9 143 | 55,61 | 19 461 | 11 495 | 59,06 |
| Царевоселска | 14 019 | 11 406 | 81,36 | 15 727 | 13 625 | 86,63 |
| Штипска | 17 863 | 10 481 | 58,67 | 19 892 | 12 342 | 62,04 |
| Жеглиговска | 53 244 | 37 200 | 69,90 | 66 501 | 47 402 | 71,28 |
| Кратовска | 19 755 | 18 730 | 94,81 | 20 300 | 19 902 | 98,03 |
| Кривопаланечка | 26 235 | 25 505 | 97,21 | 29 210 | 28 656 | 98,10 |
| Горнодебарска | 14 949 | 8 636 | 57,76 | 16 296 | 10 070 | 61,79 |
| Охридска | 29 118 | 24 247 | 83,27 | 33 066 | 28 268 | 85,48 |
| Струшка | 25 144 | 15 577 | 61,95 | 28 055 | 17 435 | 62,14 |
| Велешка | 43 329 | 31 773 | 73,32 | 42 236 | 34 836 | 82,36 |
| Скопска | 91 824 | 50 128 | 54,59 | 128 052 | 76 071 | 59,40 |
| Долнополошка | 61 533 | 21 968 | 35,70 | 70 983 | 24 822 | 34,96 |
| Галичка | 11 510 | 8 952 | 77,77 | 12 051 | 10 124 | 84,00 |
| Горнополошка | 28 082 | 8 910 | 31,72 | 32 666 | 9 904 | 30,31 |
| Поречка | 16 054 | 13 858 | 86,32 | 18 740 | 17 015 | 90,79 |
| Дојранска | 8 667 | 3 973 | 45,90 | 11 713 | 6 133 | 52,36 |
| Гевгелиска | 11 314 | 10 081 | 89,10 | 15 943 | 14 601 | 91,58 |
| Кавадаречка | 25 151 | 22 191 | 88,23 | 23 919 | 22 980 | 96,07 |
| Неготинска | 14 828 | 10 482 | 70,69 | 12 876 | 9 901 | 76,89 |
| Струмичка | 32 475 | 26 483 | 81,54 | 38 996 | 32 308 | 82,84 |
| | 798 291 | 546 023 | 68,39 | 938 625 | 667 864 | 71,15 |

Извор: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, Сарајево, 1932, 88–122; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession nach den unveröffentlichten Angaben der Zählung von 1931*, Wien, 1943, 308–351.

## Македонски муслимани „Срби или Хрвати“ – муслимани (бројност, структура, миграции)

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век бројот на исламизираното македонско население на просторот на географската територија на Македонија се проценува на околу 148 000[515]. Македонските муслимани се покажале како исклучително мигрантно население во периодот по балканските војни и особено во меѓувоениот период. Ова население живеело во компактни заедници во Скопско, реканскиот крај, Жупа, Дримкол, Тиквеш, Пијанец, во неколку села во Пелагонија и во шарпланинските села Јеловјане и Урвич. Во градовите Кичево[516] и Кавадарци[517] до балканските војни мнозинство биле локалните исламизирани жители.

Покрај одредени превиди, грешки и непрецизности што биле направени при попишувањето (помал дел од македонските муслимани, пред сè во Скопско и Велешко во 1921 година се евидентирани со турски мајчин јазик), податоците што ги добиваме од пописот во 1921 година се драгоцени и дозволуваат да се следи движењето на населението и во етнички и во верски поглед, но да се забележат и сите социоекономски промени што се развиле како последица на поразот и протерувањето на Османското Царство, како и промените што настанале под притисок на новата политичка реалност.

Анализата на податоците од меѓувоените југословенски пописи покажува дека во Вардарска Македонија во 1921 година живееле околу 35 000 македонски муслимани официјално евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик. За една деценија во 1931 година

515 Васил Кънчов, *Македония,* 289.

516 Според В. К’нчов кон крајот на XIX век во Кичево живееле 3 560 „Бугари мухамеданци“, односно 73,5 % од населението во градот(*Ibidem,* 255). Јован Хаџи Васиљевиќ наведува дека во 1912 година во Кичево живееле околу 4 500 жители од кои 2/3 „потурчењаци“ (Јован Хаџи Васиљевиќ, *Муслимани наше крви у Јужној Србији*, *Браство,* књига 32, Београд, 1925, 21–95).

517 К’нчов наведува дека на крајот на XIX век во Кавадарци живееле 5 092 жители од кои 3 000 „Бугари мухамеданци“ (Васил Кънчов, *Македония,* 153). Според податоците на бугарските власти од 1916 година во градот биле регистрирани 3 223 „Помаци“ (Димитар Г. Гаджанов, *Мюсюлманското население в новоосвободените земи, Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г*. съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 248).

официјалната статистика бележи зголемување на околу 40 000 жители[518]. Заради констатираните слабости на официјалната статистика може да заклучиме дека во 1921 година бројот на македонските муслимани изнесува околу 40 000 жители.

Пописните резултати од 1921 година покажуваат дека македонските муслимани како и пред балканските војни географски најповеќе биле распространети во областите на десната страна на Вардар. Околии со позначително присуство на македонско муслиманско население биле: Велешката, Кичевската, Скопската, Галичката, Струшката, Поречката, Царевоселската, Кавадаречката, додека во Неготинската Околија, според официјалната статистика, муслиманското население по мајчин јазик *Срби или Хрвати* претставувале релативно мнозинство.

Во Велешката Околија во 1921 година официјалната статистика евидентира околу 4 300 жители *Срби или Хрвати* по мајчин јазик во општините Г. Врановци, Водоврати, Чичево и Црквино[519]. Во 1931 година во Велешката Околија биле евидентирани 5 058 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед[520]. Во 1948 година најголемиот дел од македонските муслимани во Велешката Околија се евидентирани како Македонци[521], но во видоизменети политички околности во 1953 година најголемиот дел од македонските муслимани во Велешко се изјаснуваат за Турци. Тоа е периодот по Втората светска војна кога започнал процесот на нивно иселување во Турција.

Значајно присуство на македонски муслимани се бележи и реканската област. Во Галичката Околија во 1921 година живееле околу 4 200 македонски муслимани[522]. Во 1931 година официјалната ста-

518 Спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–121; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 308–351; Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* II, 272–273.

519 Доколку ги споредиме официјалните статистички податоци со повеќе историски и етнографски истражувања се забалежуваат повеќе разлики. В. К'нчов жителите на селата Водоврати, Виничани и Долно Чичево ги евидентира како Турци (Васил Кънчов, *Македония,* 158). В. Радовановиќ муслиманските жители од споменатите села ги опишува како исламизирани староседелци (Војислав Радованивић, *Тиквеш и Рајец,* 461–468). Официјалната статистика ги евидентира како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 114–115).

520 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 349.

521 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 450.

522 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117. На крајот на XIX век во селата што по балканските војни ќе бидат дел од Галичката Околија живееле 5 185 македонски муслимани (според: Васил Кънчов,

тистика евидентирала 4 398 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед[523]. Благодарејќи на методологијата на објавување на дел од пописните резултати од пописот во 1931 година бројот на македонските муслимани можеме подетално да го анализираме. Највисок процент на учество на македонските муслимани во вкупното население се бележи во Галичката Околија (36,5 %).

Позначајно присуство на македонско муслиманско население во 1921 година се бележи и во Кичевската Околија, околу 4 200 жители. Според пописот од 1921 година во градот Кичево живееле 4 792 жители, од нив 3 547, односно 74 % биле муслимани и 1 245, односно 25,9 % православни. Една од спецификите на Кичево е дека муслиманските жители во најголем број по мајчин јазик се евидентирани како *Срби или Хрвати*. Само 35 жители се попишани како Арнаути, а 70 како Турци[524]. Всушност, во градот најбројни биле македонските муслимани[525]. Освен во Кичево, македонски муслимани живееле и во селата Лисичани и Челопеци во тогашната Општина Орланци. На пописот спроведен во 1931 година во Кичевската Околија биле евидентирани 5 269 муслимани *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[526]. Во 1921 година во Горнодебарската Околија живееле околу 2 700 македонски муслимани, најголем дел во општините Долна Жупа, Осој и Рајчица[527]. Во 1931 година во Дебарската Околија биле евидентирани 3 026 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед[528].

Меѓувоените југословенски пописи евидентираат македонски муслимани и во Скопската Околија. Во 1913 година во шест скопски

*Македония,* 263). За демографските прилики во реканските села по балканските војни види: Јован Хаџи Васиљевић*, Муслимани наше крви у Јужној Србији,* 21–22.

523 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 314.

524 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 89.

525 Тома Смиљаниќ, кој ја проучувал Кичевската Област, во средината на дваесеттите години за муслиманското население во Кичево вели: „Староседелците што го примиле исламот ја зачувале својата земја и сталешките редови. Тие го сочувале и српскиот јазик со брсјачко наречје. Тоа најверојатно бил единствениот град во Јужна Србија каде за време на Турците се зборувало само на српски јазик. Него го научиле и доселените Арбанаси од Дебар и Зајас. Турскиот јазик се слушал само во турската управа“ (Тома Смиљанић, Кичевија, *Насеља и порекло становништва*, књига 28 Београд, 1935, 413).

526 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession 323.*

527 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 104–105.

528 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession* 317.

села (Д. Количани, Пагаруша, Цветово, Елово, Држилово и Умово) имало 4 649 жители, речиси без исклучок македонски муслимани[529]. Во 1921 година заради одредени пропусти официјалната статистика прикажува помал број македонски муслимани. Ќе го наведеме примерот во Општина Горно Количани во околината на Скопје каде што живеело албанско и македонско население со муслиманска вероисповест, при што 1 111 жители се запишани како Турци по мајчин јазик. Очигледно македонските муслимани од селата Долно Количани и Пагаруша се евидентирани како Турци. Во 1931 година во Скопската Околија биле евидентирани 5 699 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед[530] од кои најголем дел биле македонски муслимани[531].Во 1948 година во споменатите шест села биле евидентирани 3 800 македонски муслимани[532], односно за околу 800 жители помалку во однос на 1913 година.

Позначајно присуство на македонски муслимани пописите од 1921 и 1931 година бележат и во Струшката Околија. Во 1913 година во околијата живееле околу 3 100 македонски муслимани[533]. Пописните податоци покажуваат дека во 1921 година во околијата живееле околу 2 400 македонски муслимани. Еден помал дел од македонските муслимани, пред сè во селото Октиси, официјалната статистика ги евидентира како Турци и *Арнаути* по мајчин јазик[534]. Во 1931 година во Струшката Околија живееле 2 915 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед[535], односно македонски муслимани. Во 1948 година најголемиот дел од македонските муслимани во

529 Само во селото Пагаруша живееле две православни македонски семејства (Јован Хаџи Васиљевић, *Скопље и његова околина*, Скопље, 1930, 263–264).

530 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 344.

531 Во Скопската Околија во мал број живееле и јужнословенски муслимани населени како мухаџири по 1878 година, особено во селото Асанбегово (Сингелиќ), (Redžep Škrijelj, „Muhadžiri Nikšića u Makedoniji“, *Almanah*, 21–22, Podgorica, 2003, 197–200).

532 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 446–447.

533 Спореди: *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* 385–386. Најголемиот дел од македонските муслимани во Струшката Околија живееле во селата Лабуништа, Подгорци, Октиси и Боровец. За потеклото на македонските муслимани во споменатите села види: Јован Ф. Трифуноски, *Охридско-струшка област*,183–186, 190–199.

534 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 104–105.

535 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 345.

Струшката Околија се декларирале како Македонци[536]. Слични процеси се бележат и во Поречката Околија. Во 1921 година македонските муслимани биле сконцентрирани во општините Долно Рабетино и Дебреште[537]. Во 1921 во двете општини живееле речиси 3 000 македонски муслимани. Како и во другите околии, еден дел од ова население (во Дебреште) е евидентиран како Турци по мајчин јазик[538]. Во 1931 година во Поречката Околија живееле 3 403 *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслимаска вероисповед[539].

**Број и процентуална застапеност на македонските муслимани, официјално *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед во 1931 година.**

| Околија | Вкупно население | Македонски муслимани | % |
|---|---|---|---|
| Царевоселска | 15 727 | 2 569 | 16,4 |
| Долнополошка | 70 983 | 1 628 | 2,3 |
| Галичка | 12 051 | 4398 | 36,5 |
| Горнодебарска | 16 296 | 3 026 | 18,6 |
| Горнополошка | 32 666 | 411 | 1,2 |
| Кавадаречка | 23 919 | 918 | 3,8 |
| Кичевска | 32 101 | 5 269 | 16,4 |
| Малешевска | 15 394 | 597 | 3,9 |
| Неготинска | 12 876 | 3 192 | 24,8 |
| Поречка | 18 740 | 3 403 | 18,1 |
| Скопска | 128 052 | 5 699 | 4,4 |
| Струшка | 28 055 | 2 915 | 10,4 |
| Велешка | 42 236 | 5 058 | 11,9 |

Извор: *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession nach den unveröffentlichten Angaben der Zählung von 1931*, Wien, 1943, 308–351.

536 Исклучок претставува селото Подгорци каде од 1 053 жители 144 се декларирале за Турци, а 64 за Албанци (*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 448).

537 Во селата Пласница, Преглово, Дебреште и Лажани.

538 *Дефинишивни резулшаши йойиса сшановнишшва 1921 іодине*, 118–119.

539 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 339.

Една од главните демографски карактеристики на македонското муслиманско население е мошне силниот процес на миграција што започнал со балканските војни. Пописните резултати покажуваат дека речиси и да нема населено место во кое живееле македонските муслимани а од кое барем по неколку семејства не се иселиле во Турција. Карактеристична област од каде што се иселил најголемиот дел од ова население е Тиквеш. Според Јован Хаџи Васиљевиќ, пред балканските војни во Тиквешката Област македонско муслиманско население живеело во 23 села[540]. Во дваесеттите години живееле во 20 села[541]. Според пописот што го извршиле бугарските власти во април 1916 година во областа имало 12 494 „Помаци“[542]. Во дваесеттите години започнало нивното масовно иселување од Тиквешката Област. Ќе го наведеме примерот на големото село Тимјаник близу Неготино во кое во 1921 година живееле 1 029 жители, во согласност со тогашните политички критериуми евидентирани како муслимани *Срби или Хрвати* по мајчин јазик[543]. Како резултат на иселувањето по една деценија во истото село живееле стотина муслимански жители[544].

Слично било и во другите населени места во областа во кои живеело македонско муслиманско население. Во 1931 година во тогашните околии (срезови) Кавадарци и Неготино живееле 4 110 жители (од кои 918 во Кавадаречката и 3 192 во Неготинската Околија) со муслиманска вероисповед по мајчин јазик евидентирани како *Срби или Хрвати*[545].

Иселување на македонското муслиманско население меѓу двете светски војни, иако со релативно помала масовност во споредба со Тиквеш, имало и во други области. Од селата во Скопско, по сливот на Маркова Река, во дваесеттите и триесеттите години во Турција се иселиле околу стотина семејства[546]. Од шарпланиските села Урвич и

---

540 Јован Хаџи Васиљевић, *Муслимани наше крви у Јужној Србији,* 21–95.

541 Спореди: Војислав Радовановић, *Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва*, књига, 17, Београд, 1924, 247–251.

542 Димитар Г. Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи“,247–248.

543 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 120.

544 *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 102.

545 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 322– 332.

546 Најмасовно било иселувањето од селата Држилово од каде се иселиле 40 семејства и од селата Умово и Елово од каде се иселиле педесетина семејства (Јован Ф. Трифуноски, *Слив Маркове Реке, антропогеографска проматрања*, 163–182).

Јеловјане во меѓувоениот период во Турција се иселиле над четириесетина семејства[547]. Слично било и во пелагониските села Дебреште, Пешталево и Трновци[548], како и во велешките села Мелница и Долно Врановци. Од Д. Врановци во периодот 1925 – 1928 година во Турција се иселиле околу 40 семејства, додека од Мелница иселувањето започнало за време на балканските војни. Помеѓу 1912 – 1914 година во Мала Азија се иселиле околу 20 семејства. Процесот продолжил и во меѓувоениот период, меѓу 1924 – 1938 година кога од селото во Турција се иселиле околу 80 семејства[549].

Иселување на муслиманското население имало и од Кичевската Област. Тоа започнало во 1913 година, а помасовно продолжило во периодот 1924 – 1927 година. Според одредени проценки во наведениот период од областа во Турција се иселиле околу 200 домаќинства со 1 200 жители[550]. Македонското муслиманско население по балканските војни се иселувало и од областа Жупа. Во 1916 година, според податоците на бугарските власти, во селата во Жупа биле евидентирани 2 204 „Помаци"[551]. Според проучувањата на проф. Бранислав Русиќ[552], во меѓувоениот период од селата во Жупа во Турција се иселиле повеќе десетици семејства[553]. Значително иселување на македон-

547 Јован Ф. Трифуноски, *Полоӣ*, 383–388. Во споменатите села во 1916 година живееле 1 470 жители (Димитар Г. Гаджанов, *Мюсюлманскоѿо население в новоосвободениѿе земи,* 256).

548 Според истражувањата на Ј. Трифуноски од Дебреште во Турција во меѓувоениот период се иселиле околу 30 семејства. Во 1913 година од Пешталево во М. Азија се иселиле 9 семејства. Најмасовно било иселувањето на муслиманското население од селото Трновци од каде во меѓувоениот период се иселиле околу 50 семејства. Иселените жители на наведените села се населиле во градовите Бурса, Јенишехир и Адапазар (Јован Ф. Трифуноски, *Биѿољско-ӣрилеӣска коѿлина, анѿроӣоīеоīрафска ӣроучавања,* 77, 283, 321, 368).

549 Jovan F. Trifunoski, Oblast Babune i Topolke, *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena*, Zagreb, 1977, 204, 277. Во селото Мелница, Велешко, каде живеело исклучиво македонско население со муслиманска вероисповед, во 1921 година безмалку сите муслимански жители според официјалната статистика се евидентирани со мајчин јазик турски (*Дефиниѿивни резулѿаѿи ӣойиса сѿановнишѿва од 31 јануара 1921 īодине,*114 – 115).

550 Jovan F. Trifunoski, Kičevska oblast, *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena*, Zagreb, 1975, 357.

551 Димитар Г. Гаджанов, *Мюсюлманскоѿо население в новоосвободениѿе земи,* 260.

552 Бранислав Русић, *Жуӣа Дебарска*, 57–99.

553 Според теренските истражувања на Русиќ од 1954 година, 6 семејства од селото Горенци во триесеттите години се иселиле во Турција, од Житинани од 1913 до крајот на триесеттите години се иселило 21 семејство, од Кочишта во истиот период во Турција се иселиле 13 семејства, како и од Голем и Мал Папрад-

ското муслиманско население се бележи и во Малешевската и Пијанечката Област.

Според истражувањата на Б. Русиќ, во периодот на балканските и Првата светска војна еден дел од муслиманското население од областа Пијанец се иселил во Мала Азија, но процесот на иселување бил поумерен во однос на Кочанската или Овчеполската Област каде што живеело турско население. Најголемо иселување имало од селото Цр(в)ник, од каде во 1913 година околу 100 семејства се иселиле во Мала Азија[554]. Српските власти во есента 1913 година евидентирале дека во селото Црник, кое административно ѝ припаѓало на Општината Пехчево во Малешевската Околија, живееле 109 жители[555]. Според извештајот на Д. Гаџанов во селото запишано како Црквеник живееле „468 Помаци и 34 Бугари“[556]. Во 1917 година селото од бугарските власти било евидентирано како Црвник со 468 жители[557]. Иселувањето од ова село продолжило и во периодот по 1918 година. Во 1931 година во тогашната Царевоселска Околија живееле 2 569 жители, *Срби или Хрвати* по мајчин јазик со муслиманска вероисповед, додека во Малешевската Околија нивниот број е 597[558], што претставува големо намалување во однос на бројноста пред балканските војни.

Иселувањето било причина бројот на македонските муслимани во меѓувоениот период да стагнира, а во одредени околии и да се намалува. На првиот повоен југословенски попис од 1948 година во НР Македонија 37 096 жители[559], што претставува 3,2 % од вкупното население, се определиле како Македонци муслимани. Географската распространетост на македонските муслимани останала непроменета како и во меѓувоениот период. По кратко затишје во педесеттите години продолжил процесот на иселување на македонските муслимани.

---

ник, од каде за две децении се иселиле 13 семејства (Бранислав Русић, *Жупа Дебарска*, 57–99).

554 Архив на МАНУ ф. Бранислав Русиќ, к- 3, АЕ, 96/І в, 10-230.

555 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 31. Кон крајот на XIX век во селото живееле 1 660 муслимански жители (Васил Кънчов, *Македония,* 229).

556 Димитар Г. Гаджанов, *Мюсюлманското население в новоосвободените земи,* 242.

557 *Списък на населените места въ Македония, Моравско и Одринско*, Държавна печатница, София, 1917, 104.

558 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession* 310, 329.

559 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* xvii.

## Влијанието на колонизацијата на српското население врз етничката структура во Вардарска Македонија

Веќе споменатата критичка анализа на статистичките податоци свој најголем удел има токму во обработката на податоците за бројот на населението по мајчин јазик, кои треба да се преобразат во етнички категории. Истражувачот релативно лесно може да го утврди бројот на албанското, турското, влашкото или еврејското население врз основа на евидентираното население како *Арнаути*, Турци или *Романци/Цинцари* по мајчин јазик. Најголем „проблем“ за истражувачите претставува определувањето на бројот на македонското и српското население. Проценка за нивниот број дава демографот Б. Кочовиќ[560].

На просторот на Вардарска Македонија, според Б. Кочовиќ, во 1921 година живееле 46 000 Срби[561]. Наведениот број сметаме дека е поголем од реалниот, бидејќи во времето на одржување на пописот колонизацијата на српското население тукушто започнала. Колонизацијата ќе се интензивира по одржувањето на пописот, а во овој период населените Срби од северните делови на Кралството биле пред сè дел од административниот и военополицискиот апарат на државата. Се разбира дека еден дел од православното македонско население, особено во северните делови на Македонија, како и во Порече, и делови на Велешко и Прилепско, каде што српското национално влијание било особено силно до 1912 година, имале српско национално чувство. Впрочем, и по Втората светска војна мали делови од автохтоното македонско население во Скопско, Кумановско, Тетовско и Кривопаланечко се декларирале како Срби[562].

560 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine, sveska* II, 329.

561 Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine, sveska,* I, 250.

562 На првиот повоен попис во ФНРЈ во 1948 година во тогашната НР Македонија живееле 29 721 Срби. Од вкупниот број на српско население, поголемиот дел се доселеници главно во поголемите градови, а еден помал дел се староседелци што имале српски идентитет. Ова е карактеристично за Кривопаланечката Околија, каде околу 1 170 жители на селата Герман и Огут се декларирале за Срби. Слично е и во Кумановско каде околу 5 000 жители од селата Четирце, Челопек, Старо Нагоричане, Никуљане и др. помали села се декларирале за Срби. Во овој број не се вклучени колонистите и нивните наследници од Умин Дол, Љубодраг, Ново Село, Тромеѓа, Матејче и др. села. Исто така и во Скопско во повеќе села на Скопска Црна Гора староседелците се декларирале за Срби. Бројот

Ќе се обидеме да го определиме приближниот број на Срби во Вардарска Македонија на пописите во 1921 и 1931 година. До балканските војни релативно мал дел од православното македонско население биле приврзаници на српската црковна и национална пропаганда, односно се наоѓале под црковна јурисдикција на Цариградската патријаршија и ја признавале власта на скопскиот и велешко-дебарскиот патријаршиски митрополит, кои биле Срби по народност[563]. Според одредени проценки во 1908 година во Македонија, односно во Скопскиот Санџак, во Битолскиот Вилает и во Тетовската и Гостиварската Каза, кои биле дел од Призренскиот Санџак, живееле „87 805 Срби"[564]. Дел од ова население останало силен приврзаник на српската национална идеја меѓу двете светски војни, за време на Втората светска војна, а помал дел и по 1944 година.

Бројот на Србите во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни се зголемува преку процесот на колонизација[565] и доселување на административен и полициско-воен апарат, како и на одреден број трговци, занаетчии, но и на интелектуалци во градовите.

Колонизацијата во период меѓу двете светски војни била најмасовна токму во меѓупописниот период 1921 – 1931 поради што во одредени области во Вардарска Македонија имала влијание врз демографските прилики и етничката структура. Подготовките за спроведување на аграрна реформа и колонизација на териториите каде што Кралството Србија воспоставило власт по Букурешкиот договор започнале веднаш по воспоставувањето на српската власт. На 5

е околу 3 850 жители. Ваквата појава е карактеристична и за Тетовско, но во помал број. Речиси 500 жители на Вратница во 1948 година се декларирале за Срби (спореди: *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 443, 440, 447, 449). Во сите наведени места до балканските војни српското црковно и просветно влијание било мошне силно и прифатено од дел од локалното македонско население.

563 Од 1902 година Синодот на Цариградската патријаршија за архиереи на патријаршиската Скопска митрополија поставувал митрополити што биле од српска народност. Истото правило ќе важи и за Велешко-дебарската митрополија од 1910 година.

564 Урош Шешум, „О броју Срба у Јужној Старој Србији", *Вардарски зборник* (2015), бр. 10, 167.

565 Под поимот колонизација се подразбира населување, најчесто на земјоделско население од едни краеви или држави во други краеви или држави. При колонизацијата доселувањето на населението се врши плански, под контрола на надлежните државни органи. Колонизацијата подразбира и претходно обезбедување на услови за населување и вклучување на доселеното население во економскиот живот на колонизираната област. Второто значење на поимот колонизација е освојување и потчинување на други земји заради економска експлоатација и остварување на политичка културна доминација над нив.

март/20 февруари 1914 година била донесена Уредба за населување на присоединетите краеви[566] со која се предвидувало населување на Срби од разни краишта на Србија, како и од Австроунгарија и други земји, особено во областите кон границата со Албанија и Бугарија [567]. Се предвидувало во Македонија, Косово и Метохија да се населат повеќе илјади жители. Преку колонизацијата српската влада имала за цел што поскоро да ја осигура својата власт и да го наметне српското влијание во новоприсоединетите области[568].

Процесот на аграрна реформа и колонизација започнал набргу по создавањето на Кралството на СХС. На 21 декември 1918 година бил донесен проглас од страна на престолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ во кој се потенцирала нужноста од аграрна реформа и укинување на остатоците од феудалните односи во некои делови од земјата. За спроведување на одредбите била формирана Управа за аграрна реформа во чии делокруг спаѓале прашањата за внатрешната колонизација, како и враќање на иселениците од странство во земјата. Оваа управа била под надзор на Министерството за социјална политика. Малку подоцна било основано и Министерство за аграрна реформа на Кралството на СХС[569.]

Всушност, колонизацијата не бил нов и непознат процес за Македонија и воопшто за европските владенија на Османлиите. Од втората половина на XIX век во Македонија биле населувани бројни муслимански бегалци – мухаџири, кои најчесто доаѓале од балканските држави што стекнувале независност. Со населувањето на ова муслиманско население, кое било од најразлично етничко потекло, османската власт имала за цел да го осигура своето владеење на преостанатите балкански простори[570]. Така улогата којашто Кралството на СХС им ја доделувала на колонистите и т.н. воени доброволци, која пред сè имала национално и политичко значење за зголемување на бројот на српското население, а со тоа и побрзо зацврстување на власта, воопшто не била нова[571]. Во текот на дваесеттите години колонис-

566 Милош Јагодић, *Уређење ослобођених обласӣи Србије 1912 – 1914: Правни оквир*, Београд, 2010, 96–100.

567 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије,* 310–314.

568 Александар Апостолов, *Колонизацијаӣа на Македонија во сӣара Јуīославија*, 38.

569 Богдан Лекић, *Аīрарна реформа и колонизација у Јуīославији 1918 – 1941,* 223–224.

570 Александар Апостолов, „Колонизацијата на мухаџири во Македонија и растројство на чифличките односи од крајот на XIX век до 1912 година", *Гласник на ИНИ,* IV/1 – 2, Скопје, 1960, 113–132.

571 Поголемиот дел од колонистите населени во Македонија потекнувале од изразито пасивни области така што власта со доделување на земја се оби-

ти биле населувани на местото на старите османски мухаџирски колонии (Ново Село, крај Куманово, Мршевци, Скопско и др.).

Населувањето на колонистите започнува уште во 1919 година. Во Вардарска Македонија се населувани повеќе области, најмногу во периодот до 1928 година. Населувањето продолжило и потоа, но со значително помал интензитет. Најмногу колонисти биле населени во Скопската Околија. Други области каде што биле населени поголеми групи колонисти биле Овчеполието, Кумановско, Штипско, Прилепско, Тиквеш, долж Повардарието, Струмичко, во околината на Дојран[572]. Во другите области колонизацијата била со послаб интензитет. Некои околии во Вардарска Македонија воопшто не биле опфатени со колонизацијата, како дебарскиот, гостиварскиот, рекански от и кривопаланечкиот крај, додека во некои области како Кичевско, Преспа или Кратовско, колонизацијата воопшто не влијаела врз демографската структура на населението[573]. Помали групи на колонисти биле населени и во Пехчево, т.н. галиполски Срби[574], во Кочани, Охрид и др. места[575]. Ќе наведеме неколку карактеристични примери од процесот на колонизација којшто имал капацитет да влијае врз етничката структура на населението во Вардарска Македонија, но не ги постигнал планираните ефекти.

Најголемата колонистичка населба Караѓорѓевац (денешно Јосифово) била подигната во Повардарието, каде населувањето на српско население што потекнувало од Босна, Црна Гора, Далмација, Лика, Кордун и Банија започнало во 1919 година, а голем дел на коло-

дувала да реши едно значајна економско и социјално прашање (Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација*, 11).

572 Според Богдан Лекиќ во Скопската Околија биле населени 626 семејства со 3 163 жители кои потекнувале од Зетската, Моравската, Приморската, Дунавската и Врбаската Бановина. Најголемиот дел од нив биле Срби, 2 783, но имало и еден дел на Хрвати од Далмација, 363 лица. Други области каде што биле населени поголеми групи на колонисти биле Овчеполието со 3 036 колонисти во 606 семејства, Кумановско 500 семејства и 2 497 колонисти, Штипско 209 семејства и 1 046 колонисти, Струмичко 233 семејства со 1 149 лица, Дојранско 243 семејства со 1 193 лица, Прилепско 250 семејства со 1 265 лица (Богдан Лекић, *Аграрна реформа и колонизација у Југославији 1918 – 1941,* 468–470).

573 Атанасије Урошевић, „Аграрна реформа и насељавање", *Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије*, Скопље, 1937, 832.

574 Миљенко С. Филиповић, *Галиполски Срби,* Београд, 1946.

575 Според Ј. Трифуноски, колонистичко население било населено во 110 населби во Вардарска Македонија. Во Скопската Котлина колонисти биле населени во 24 населби, во Тиквеш во околу 15 населби, во Битолската и Прилепската Околија во 14 населби, во Кумановската област во 10 населби, во Валандовско-гевгелиската Котлина во 10 населби итн. (Јован Ф. Трифуноски, Међуратна колонизација, 11).

нисти се населиле во 1922 година (по одржувањето на пописот), а помасовното населување продолжило до 1926 година. Пред почетокот на Втората светска војна во селото имало близу 1 000 жители[576]. Следејќи го темпото на колонизација, во споменатата населба за време на пописот во 1931 година веројатно живееле околу 800 Срби, што претставува 13 % од евидентираните жители *Срби или Хрвати,* во Дојранската Околија, каде освен Караѓорѓевац, била изградена и новата колонистичка населба Сретеново, веднаш крај грчката граница[577]. Колонисти биле население и во повеќе други села, Удово, Црничани, Марвинци и др.[578].

Иселувањето на голем дел од турското население од Овче Поле оставил простор за населување на колонисти. Колонистите ќе претставуваат значаен процент од вкупното население во околијата во 1931 година, бидејќи нивното населување главно се одвивало во 1922 година.

По завршувањето на Првата светска војна во Овчеполската Котлина биле населени околу 600 семејства. Најголеми колонистички населби биле Ерџелија, во која биле населени околу 100 домаќинства, Мустафино со 63 домаќинства, Кадрифаково со 25 домаќинства, Буриловци со 18 домаќинства и неколу соседни села каде што биле населени повеќе домаќинства. Колонистите по потекло биле од различни делови на Кралството: Црна Гора, Далмација, Босна и Србија[579]. Во 1941 година колонистите од Овче Поле биле иселени од бугарските власти[580].

576 Драгиша Кецојевић, „Село Карађорђевац насеље Срба у Македонији, I део: 1919 – 1941“, *Вардарски зборник,* бр. 1, Београд, 1999, 351–401. Јован Трифуноски наведува дека во Караѓорѓевац во 1941 година живееле околу 840 колонисти. Најголемиот дел од колонистите во 1941 година биле иселени од бугарските власти во Србија. По 1945 се вратил помал дел (Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација Срба у Македонији,* 38–39).

577 Бранислав Русић, „Насељеничко село Сретеново крај Дојранског Језера“, *Гласник Етнографског института Српске академије наука и уметности,* књ, VIII (1959), Београд, 1960.

578 Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација Срба у Македонији,* 90.

579 Секое колонистичко домаќинство во Овче Поле во просек добивало по околу 10 – 12 хектари земја. Земјата претходно им припаѓала на турските чифлик-сајбии. На поголем дел од колонистите државата им изградила и куќи (Jovan F. Trifunoski, „Ovčepoljska kotlina“, 648–649).

580 Според податоците на бугарските власти во Светиниколската Околија најмногу колонисти имало во селата Кадрифаково, а колонистите зад себе оставиле 38 куќи, Мустафино го напуштиле 77 српски семејства коишто поседувале 11 359 декари земја, во Каратманово живееле 8 српски семејства, а поседувале 2 500 декари земја (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Д. Берберовъ, 9.II. 1942).

Колонистите влијание и врз етничката структура во Прилепската Околија каде што биле населени 250 домаќинства со 1 265 жители[581]. Во Штипската Околија биле населени 209 домаќинства со 1 046 членови[582]. Властите предвидувале најголема колонија во Штипската Околија да биде Нова Батања изградена во 1924 година. Во колонијата биле населени 163 домаќинства со околу 800 жители од кои 95 % биле Срби. Но заради лошите природни услови жителите се иселувале и до 1930 година во колонијата останале само 7 домаќинства[583]. Колонистите од Штипската Околија биле иселени во 1941 година[584]. Во текот на дваесеттите и триесеттите години колонистичко српско население по потекло од Србија, Црна Гора и Далмација било населено и во Радовишката[585] и Струмичката Околија[586].

---

581 Богдан Лекић, *Аīрарна реформа и колонизација у Јуīославији 1918 – 1941,* 469–470. За Прилепската Околија се наведува и број од 281 колонизирано домаќинство со 1 507 лица (Александар Апостолов, „Колонизацијата во Прилепско“, 69). За колонизацијата на Прилепско и Битолско види: Петар Солакоски, *Колонизацијаша во Биšолско и Прилеšско (1919 – 1941)*, Битола, 1992). Во Прилепската Околија во селата Александрово, Петрово и Ново Лагово биле население колонистички српски домаќинства од Далмација, од околината на Книн, Бенковац и Сињ. Населувањето започнало во 1922 година, а до 1941 година во споменатите села, вклучувајќи ја и малата колонија Милошево (каде живееле само девет домаќинства), имало околу 130 домаќинства со 780 жители (Јован Ф. Трифуноски, *Међураšна колонизација Срба у Македонији,* 21–23).

582 Богдан Лекић, *Аīрарна реформа и колонизација у Јуīославији,,* 469–470.

583 Јован Ф. Трифуноски, *Међураšна колонизација Срба у Македонији,* 27–29. По 1931 година властите во Нова Батања населиле нови колонисти од Добруџа и Далмација.

584 Во градот Штип во 1942 година имало 104 напуштени куќи што им припаѓале на поранешните колонисти или на членовите на полициско-административниот апарат, а од околните села се иселиле речиси сите колонисти. Од село Дољани се иселиле 38 семејства и оставиле 4 739 декари земја, од Карбинци се иселиле 12 српски семејства со 623 декари, од Таринци се иселиле 35 семејства со 4 564 декари а 45 куќи останале слободни, од Караорман 23 семејства поседувале 1 927 декари и 18 куќи, од Батања 33 семејства со 64 куќи (ДАРМ, м-4410, Доклад отъ Михаилъ Георгиевъ).

585 Во Радовишката Околија во 1923 година биле населени 63 домаќинства од Србија (Шумадија) и Црна Гора (Архив на МАНУ ф. Бранислав Русиќ, к-9, а.е 116/III, 63). Во 1941 година бугарските власти ги иселиле колонистите од Радовиш, 25 семејства коишто оставиле 1 393 декари земја и 44 куќи, Конче 2 семејства со 102 декари, Ракитница 1 семејство со 90 декари, Подареш 3 семејства со 157 декари, Злеово 4 семејства со 257 декари, Калугерица 1 семејство со 58 декари, Ораовица 6 семејства со 328 декари, Покрајчево 3 семејства со 125 декари, Радичево 5 семејства со 75 декари земја. Вкупно од Радовишко биле иселени 76 семејства кои поседувале околу 4 000 декари земја (ДАРМ, м-4410, 1942 година).

586 Во Струмичката Околија, за разлика од соседните области, најголем дел од колонистите биле население во текот на триесеттите години, 1934 – 1935

Како што се гледа од прикажаните примери колонизацијата на српското население не оставила позначајни последици врз етничката структура во Вардарска Македонија. Освен во Дојранската Околија, каде српското население во 1931 година е застапено со околу 20-25 % од вкупниот број на жители во околијата, и делумно во Овчеполската Околија, во останатите околии колонизираното српско население не претставува повеќе од 10 % од вкупното население. Во повеќето околии каде биле населувани колонисти тие не претставувале повеќе од 5 % од вкупниот број на жители.

Доколку ја споредиме српската колонизација меѓу двете светски војни со колонизацијата што ја спроведувала грчката влада на територијата на Егејска Македонија, особено по Лозанскиот договор од 1923 година, ќе забележиме дека влијанието на српската колонизацијата врз етничките процеси во Вардарска Македонија била далеку послаба и без далекусежно дејство врз етничката структура за разлика од Егејска Македонија.

За ваквата состојба постојат неколку причини. Србија од балканските и Првата светска војна излегува како победник, добивајќи големи етнички исклучително нехомогени територии. Просторот што бил опфатен со процесот на колонизација бил доста голем од Војводина преку Косово до Македонија. Сите овие области требало да добијат српски етнички карактер. Но српскиот етнички корпус го немал тој демографски капацитет успешно да го опфати овој простор, а и времето на спроведување на колонизацијата од две децении било релативно кратко за да може да се реализираат до крај сите нејзини предвидени влијанија, како што ги навел еден од најодговорните за колонизацијата во Македонија и Косово, Ѓорѓо Крстиќ: „Од наше гледиште колонизацијата е првокласно државно прашање на југот... таа спроведува национализирање и асимилирање на тамошните наши краишта.“[587]

Колонизацијата била особено силна на просторот на денешно Косово, особено во околиите што граничеле со Албанија, како и во деловите на областа каде што постоеле големи простори на обработлива земја, а српското население претставувало мал дел од вкупното население. Според истражувањата направени во Косовската Област

година. Најмногу колонистички домаќинства биле население во селата: Чанаклија, Нова Гечерлија, Ново Коњарево, Градошорци, Радово, Старо Бадовци и Сарај (Јован Ф. Трифуноски, *Међуратна колонизација Срба у Македонији,* 58). Според државната статистика во Струмичката Околија во меѓувоенот период биле населени 233 домаќинства со 1 149 лица (Богдан Лекић, *Аграрна реформа и колонизација у Југославији,*469–470).

587 Ђорђо Крстић, *Колонизација у Јужној Србији*, Сарајево, 1928, 136.

во периодот меѓу двете светски војни[588], поголемиот дел од српското население во Косово било колонизирано по 1918 година. Во триесеттите години на XX век околу една третина од српските семејства во пространата област на Косовската Котлина (просторот од Качаник до Митровица), припаѓала на колонистите населени по Првата светска војна[589].

Доколку сега ја направиме споредбата со Грција може да се забележи дека таа ги немала овие потешкотии. Напротив, Грција располагала со 1 500 000 бегалци од Мала Азија што требало да се распоредат по целата нејзина територија, особено во Македонија[590]. Оваа споредба можеби најдобро ќе ја отслика причината за делумниот неуспех на српската колонизација. Доколку го споредиме бројот на колонизираните семејства се забележува дека главната цел на властите била со населување на српски и црногорски колонисти да успеат да ги „пацифизираат“ немирните области со мнозинско албанско население во Косово[591]. Најголем дел од населените во т.н. Јужни Области всушност биле колонизирани во областите на Косово и Метохија. До 1940 година на тие простори биле населени безмалку 14 000 семејства[592], доколку сите тие биле населени во Македонија, колони-

588 Атанасије Урошевић, Горња Морава и Изморник, *Насеља и порекло становништва*, књига 28, Београд 1935; Истиот: Косово, антропогеографска проучавања, Београд, 1965.

589 Во периодот 1931 – 1935, кога колонизацијата сѐ уште била во тек, од вкупно 4 059 српски семејства на просторот на Косовското Поле (без градовите), 1 437 биле колонистички и најголем дел од нив биле по потекло од Црна Гора, Босна и Хрватска (Атанасије Урошевић, *Етнички процеси на Косову током турске владавине*, Београд, 1987, 19–20). Властите успеале до 1940 година во Лапската Област да колонизираат 1 183 семејства, што претставувало околу 30 % од населението на областа; целото српско население потекнувало од колонисти, бидејќи староседелското српско население се иселило од областа по српско-турското разграничување во 1878 година (Атанасије Урошевић, *Етнички процеси,* 28–29; Косовка Ристић, *Мало Косово*, Приштина, 1971).

590 Влијанието на грчата колонизација можеби најдобро го објаснил долгогодишниот лерински митрополот Августин кој истакнал: „Ако Грција денес постои како хегемон етнос, таа ѝ го должи тоа на малоазиската катастрофа. Да не дојдеа стотиците илјади бегалци во Грција, денес немаше да постои грчка Македонија. Бегалците ја создадоа националната хомогеност на нашата држава.“ (Анастасија Каракасиду, *Полиња жито ридишта крв, Патиштата кон националноста во грчка Македонија, 1870 – 1990,* Скопје, 2002, 165).

591 За разлика од Косово во Македонија во областите каде албанското население било мнозинско, или претставувало значителен број, како Полог, Дебарската, Кичевската, или Струшката област речиси и да немало колонизација.

592 Богдан Лекић, *Аграрна реформа и колонизација у Југославији 1918 – 1941,* 471.

зацијата би имала далеку поголеми последици по македонскиот етнички простор.

Врз основа на официјалните статистички податоци, но следејќи ги и теренските проценки, може да се заклучи дека во меѓувоениот период во Вардарска Македонија биле население помеѓу 4 000 – 6 000 колонистички домаќинства, односно помеѓу 20 000 – 35 000 жители[593], а вкупниот број на српско население не бил поголем од 65 000 до 70 000.

Масата на население што властите во Кралството ја колонизирале била разводнета на големи територии и затоа не можеле да бидат постигнати планираните и посакуваните национални ефекти од оваа колонизација.

593 Спореди: Јован Ф. Трифуноски, Међуратна колонизација, 14; Богдан Лекић, *Аїрарна реформа и колонизација у Јуїославији 1918 – 1941,* 471–472; Александар Апостолов, *Колонизацијаѿа на Македонија во сѿара Јуїославија*, 208. Според Стојан Киселиновски меѓу 1918 – 1940 година во Вардарска Македонија врз основа на т.н. селска и *админисѿраѿивна колонизација* (чиновници, војска, полиција и сл.) биле населени околу 96 000 лица (Стојан Киселиновски, *Еѿничкиѿе ӣромени во Македонија 1913 – 1995,* Скопје, 2000, 55). Сметаме дека посоченоит број е поголем од реланиот.

# Бројност, структура и миграции на албанското население според пописите од 1921 и 1931 година - „Арнаути по мајчин јазик“

Не навлегувајќи подлабоко во историјата, што и не е тема на овој труд, ќе се задржиме на присуството на албанското население на просторот на територијата на Македонија евидентирано во османските пописни дефтери од XV и XVI век. Со право македонскиот османист Александар Стојановски вели дека е тешко и ризично врз основа на ономастичкиот материјал да се определи етничката припадност на населението, бидејќи едно карактеристично албанско име може да го носи и припадник на некој словенски или друг етнос, како и обратно[594]. Османските пописни дефтери од XV и XVI век го потврдуваат присуството на албанското население, особено во Горна Река, Дебарско и околните места долж денешниот македонско-албански граничен појас[595], како и во

594 Александар Стојановски, *Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век – демографски проучувања*, Скопје, 1981, 83.

595 Драги Ѓоргиев, *Населението во македонско-албанскиот граничен појас (XV и XVI век),* Скопје, 2009, 87–105. Во овој период веројатно постоела и одредена симбиоза меѓу македонското словенско население и албанското население, кое сè уште во класичниот период на османлиското владеење во мнозинство било христијанско. Во османските пописни дефтери од XV и XVI век се споменуваат повеќе примери што ќе ја потврдат оваа констатација. Судејќи според податоците од спомenатите дефтери, еден дел од албанско население било зафатено од процес на словенизација. Дел од личните имиња во Тетовско во XV век се: Радослав син на Гин во село Синичани, Стојко Арбанас во Ѓурѓевиште, Гон зет на Радослав во Горно Палчиште, Велко Арнауд во Жеровјани (*Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер No 4 1467-1468 година,* Скопје, 1971, 293–409; *Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, том, III* Скопје, 1976, 37–142). Навистина ваквите примери се прилично ретки во однос на вкупното

Полог[596], Кичевско[597], Битолско[598] и во други области.

Кога станува збор за албанското население во Македонија во меѓувоениот период во овој труд често се спомենуваат и се цитираат трудовите на повеќемина југословенски историчари и антропогеографи, кои несомнено дале голем придонес во проучувањето на историјата, миграциите и бројноста на албанското население. Но, тие трудови, пред сè антропогеографските, се засноваат на зачуваната тра-

население, но сликовито зборуваат за етничката структура на овие области во првото столетие по османлиското завладување која коренито ќе се промени во наредниот период.

596 Во соседство на Полог, во Призренската Област, во XVI век има приличен број на албанско население (види: Татјана Катић, *Опширни попис призренског санџака из 1571. године*, Историјски институт, Београд, 2010). Мошне податлива е султанската заповед од 1595 година испратена до Дукаѓинскиот бег и кадиите на Тетово и Дебар со која се барало да се казнат *арнаутските тајфи* што пустошеле во Дебарско и Тетовско. Во заповедта се наведувало дека населението од селата Штировица, Стрезимир, Кичиница, Ничпур, Нистрово и Трница со уште некои арнаутски тајфи од тој крај се побунило и десет илјади арнаутски бунтовници пљачкосувале во полошките села: Боговиње, Пирок, Градец, Поточан, Горјане, Раковец, Ѓурѓевиште, Калиште, Пожаране, Прошовце, Зубовце, Врановце, Ново Село, Мала Лешница, Горна Лешница, Чајле, Леуново, Горно Јеловце, Равен, Гостивар, Форино, Теново, Фалиште, Тумчевиште и Вруток. Неколку пати доаѓале со цел да ги пљачкосуваат и Тетово, Скопје и Дебар. (Драги Ѓоргиев, *Населението во македонско-албанскиот граничен појас,* 171). Следејќи го документот се наметнува заклучокот дека е можно пљачкашкиот поход да претходел на населување на албанско население во Полог. (Урош Шешум*, Србија и Стара Србија (1804–1839*), Београд, 2015, 22. Необјавена докторска дисертација, http://phaidrabg.bg.ac.rs/o:12963.).

597 Во Кичево кон средината на XV век постои *Араутско Маало* (*Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер No 4 1467-1468,* 197–199).

598 Во Битолската Нахија во XV век има повеќе села во кои дел од жителите имаат карактеристични имиња за албанското население од тоа време. Како пример ќе го наведеме селото Древеник кое балканските војни ги „дочекува“ со албанско муслиманско население. Во селото се евидентирани дваесетина семејства, а некои од главите на семејствата ги носат следните имиња: Гин син на Мартин, Гон син на Андреја, Марко син на Прогон, Герг син на Арбанаш, Коста Арбанаш, Никола син на Шкодра и др. Во селото Лажец помеѓу мноштвото словенски имиња се среќаваат и следните: Никола Музак, Леко Арнаут, Стојко Прогон, Бард Арнаут, Гин Бард, Никола Арнаут и сл. Во Острец на падините на Баба Планина, за кое Трифуноски наведува дека албанското население во селото започнало да се населува на крајот на XVIII век или на почетокот на XIX век (Јован Ф. Труфуноски, *Битољско-прилепска котлина*, 212), во 1468 година дел од жителите носат карактеристични албански имиња: Гин син на Пано, Леко Арбанаш, Гон син на Коке, Ноне Арбанаш и сл. Слични имиња се бележат и во повеќе други села во Битолската Нахија во 1468 година (*Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, том II,* под редакција на Методија Соколоски, Скопје, 1973, 156, 179, 231).

диција на населението која не секогаш соодветствува со расположливите историски извори. Така на пример Јован Трифуноски потпирајќи се на своите теренски истражувања и на истражувањата на своите претходници наведува дека албанското население во Македонија се населува во периодот 1780 – 1840 година, а претходно албанско население (муслиманско и христијанско) на овие простори немало[599].

Всушност, во мошне значајните антропогеографски истражувања не се земени предвид можностите за изумирање или иселување на одредени албански родови населени пред крајот на XVIII век, како и заборавот на генерациите за времето на доселување на нивните предци, кое ретко надминувало повеќе од неколку генерации[600]. Ќе наведеме еден пример од Полог. Зборувајќи за населувањето на албанското население во полошкото село Јажинце, Ѓорче Петров наведува дека првите албански жители се доселиле во селото пред 150 години (истражувањето е вршено во деведесеттите години на XIX век[601], што значи околу 1740 година). Јован Трифуноски вршејќи антропогеографски испитувања во Јажинце во 1948 година (повеќе од педесет години по Петров), наведува дека предците на најстариот албански род во селото се доселиле пред 160 години, а останатите родови не живееле во селото повеќе од 150 години[602]. Всушност, потпирајќи се на семејната и родовската традиција на жителите и Петров и Трифуноски времето на доселување го датираат околу 150 години пред нивното истражување, време до каде досегнувала традицијата и сеќавањето на жителите за нивните предци.

Покрај наведените недостатоци заради некористење на достапни историски извори, посочените антропогеографски истражувања несомнено укажуваат дека во последните децении на XVIII век и првите три до четири децении на XIX век доселувањето на албанското население во повеќе области во Македонија било прилично масовно. За тоа зборуваат и османските пописни податоци од 1831 година за Тетовската Каза во која е евидентирано 11 756 (58 %) машко муслиманско население, 8 043 (39,6 %) машко христијанско население и 472 машко циганско население[603].

---

599 Jovan F. Trifunoski, *Albansko stanovništvo u Socijalističkoj Republici Makedoniji, antropogeografska i etnografska istraživanja,* Beograd, 1988, 11, 19–29.

600 Урош Шешум, *Србија и Стара Србија (1804 – 1839)*, 332.

601 *Материјали за проучуване на Македония,* 445.

602 Јован Ф. Трифуноски, *Полог*, 291–293.

603 Kemal Karpat, *Ottoman Population 1830 – 1914: Demographic and social characteristics*, 109.

Без разлика на миграционите движења и времето на доселување непосредно пред балканските војни албанското население претставувало значаен дел од вкупниот број на жители, особено во областите од Македонија каде по 1912 година власт ќе воспостави Кралството Србија. Постојат повеќе проценки за бројноста на албанското население, но ќе се задржиме на две[604]. На просторот на географска Македонија според Васил К'нчов на крајот на XIX век живееле 115 701 Арнаути муслимани и 8 510 Арнаути христијани (најголем дел православни). Кон крајот на XIX век во македонските области во кои по балканските војни била воспоставена власта на Кралството Србија според истата проценка живееле „91 730 Аранаути" од кои 87 461 муслимани и 4 269 христијани[605]. Меѓутоа, во проценките на К'нчов има бројни превиди, односно тенденција на намалување на бројот на албанското население од реалниот. Повеќе села на пример во Полог и Скопско населени со албанско население се прикажани со помал број жители[606]. Според Јордан Иванов пред почетокот на балканските војни во македонските области што ќе потпаднат под српска власт живееле околу 128 000 Албанци[607]. За разлика од К'нчов, сметаме дека Иванов го преценил бројот на албанското население, пред сè во Велешката и Прилепската Каза.

Бројот на населението евидентирано како *Арнаути* по мајчин јазик во Вардарска Македонија според пописот од 1921 година изнесува 110 669 жители (13,9 %). Албанското население компактно живеело како и пред балканските војни, главно во западните и северозападните предели. Како и кај другото население во Вардарска Македонија, бројот на албанското население во 1921 година е помал во однос на проценетата состојба пред балканските војни и во однос на пописот што го спроведува Кралството Србија во 1913 година. Намалување на вкупниот број на жители во 1921 во однос на 1913 година се беле-

604 Според Јордан Иванов непосредно пред балканските војни во Тетовската Каза Албанците сочинувале 42,5 %, а во Гостиварската 47,2 % од вкупното население. Во останатите области нивната застапеност се движела под една петина од вкупното население, во Кумановско 17,8 %, Кичевско 19,2 %, Скопско 14 %, Охридско 14,3 % (Йорданъ Ивановъ, *Бълїареѿе въ Македония*, cii – civ).

605 Спореди: Васил Кънчов, *Македония*, 140–283.

606 Види: фусноти 615 и 634.

607 Во наведениот број од 128 000 Албанци се вброени половината од проценетиот број на албанско население во Дебарската Каза, бидејќи голем дел од селата во оваа каза по 1912/1913 година ѝ припаднале на Албанија. Според Јордан Иванов непосредно пред балканските војни во Тетовската Каза Албанците сочинувале 42,5 %, а во Гостиварската 47,2 % од вкупното население. Во останатите области нивната застапеност се движела под една петина од вкупното население, во Кумановско 17,8 %, Кичевско 19,2 %, Скопско 14 %, Охридско 14,3 % (Йорданъ Ивановъ, *Бълїареѿе въ Македония*, София, 1915, cii – civ).

жи во повеќето околии во кои живеел значителен број албанско население[608]. Во Кралството на СХС во 1921 година живееле 439 657 Албанци, иако за веродостојноста на бројот сомнеж искажуваат повеќемина истражувачи, наведувајќи дека вкупниот број на албанско население е поголем од објавениот[609]. Во Вардарска Македонија живееле ¼ од Албанците во Кралството. За разлика од периодот на балканските и Првата светска војна кога се бележи опаѓање на бројот на албанското население, во текот на дваесеттите години доаѓа до зголемување на Албанците на целата територија на Кралството Југославија. Во 1931 година со албански мајчин јазик биле евидентирани 129 640 жители на Вардарска Македонија, односно 13,8 % од вкупното население[610].

Во 1921 година во Долнополошката Околија (Тетовско), албанското население претставувало 52,4 % од вкупното население, додека во Горни Полог (Гостиварско) тие сочинувале 42,3 % од населението[611]. Во Скопската Околија албанското население претставувало 21,4 %, а во Кумановската 18,6 %. Во компактни групи албанското население било застапено и во Кичевско со 32,6 %, Дебарско со 28,4 %,

---

608 На пример во Гостиварската Околија во 1913 година живееле вкупно 33 036 жители, а во 1921 година 28 082. Во соседната Долнополошка Околија бројот на вкупното население во 1913 година изнесувал 71 417 жители, додека во 1921 опаднал на 61 533 (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 141, *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–119).

609 Еден дел од истражувачите изразуваат сомнеж во точноста на официјалните податоци за бројноста пред сè на Албанците, сметајќи дека нивниот број е намален од политички причини. Ivo Banac, *The National Question in Yugoslavia, Origins, History, Politics,* 55; Muhamed Piraku, „Kulturno-prosvetni pokret Albanaca u Jugoslaviji (1919 – 1941)“, *Jugoslovenski istoriski časopis*, 1-4, Beograd, 1978, 356–370; Hairedi Hoxha, „Proces nacionalne afirmacije albanske nacionalnosti u Jugoslaviji: izbrana poglavlja“, *Časopis za kritiko znanosti*, 51, 52, Ljubljana, 1982, 237–239. Mark Krasnići, Orahovac, antropogeografska monografija varošice, *Glasnik muzeja Kosova i Metohije* II, Priština, 1957, 125.

610 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 308–351. Во 1931 година покрај големото мнозинство муслимани, меѓу населението евидентирано со албански мајчин јазик имало 1.514 православни жители, најголем дел во Галичката околија во Горна река, како и во Горнополошката околија. Во Вардарска Македонија живееле 25,8 % од вкупниот број на Албанци во Кралството Југославија.

611 Кај албанското население во Гостиварската Околија се бележат демографски губитоци за време на септемвриските востанички настани од 1913 година. Во селото Речани од 273 куќи српската војска во септември 1913 година запалила 260, во Равен биле запалени триесетина куќи. Од селото Горно Јеловце поголемиот дел од албанското муслиманско население се иселило во Албанија. (Јован Ф. Трифуноски, *Полог,*228, 234, 239.). Во Гостивар по пресуда на воениот суд биле стрелани 59 лица (Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије,* 261).

Струшко со 25,6 %, додека во Преспа Албанците сочинувале 8 % од населението[612].

Една од демографските карактеристики на албанското население во Вардарска Македонија според податоците од пописот одржан во 1921 година е исклучително мало присуство на *Арнаути* по мајчин јазик во градовите. За разлика од турското население од кое речиси половина живее во градовите, застапеноста на Албанците во градовите е далеку помала, само 9 946 жители, односно 9 % од вкупниот број на албанско население во Вардарска Македонија. Според официјалната статистика Дебар во 1921 година бил единствениот град во кој албанското население претставува мнозинство од вкупното население.

Албанското население претставувало мнозинство од населението во двете полошки околии[613]. Во 1921 година во овие околии живееле 44 134 Албанци, односно евидентирани жители како *Арнаути* по мајчин јазик[614]. Во споредба со бројот на албанското население пред балканските војни и во однос на пописот од 1913 година, како што напоменавме, се бележи нивно намалување[615]. Албанското насе-

612 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 88–121.

613 Границите на споменатите околии се речиси истоветни со границите на Тетовската и Гостиварската Каза до 1912 година. Кон Горнополошката Околија припаѓале и четири села од Мавровското Поле.

614 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118.

615 Според извештајот на началникот на Тетовскиот Округ од април 1913 година во тогашните Долнополошка и Гостиварска Околија, без градот Тетово, живееле 53 403 Албанци (*Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914,* 109–111). Според споменатата проценка на Јордан Иванов во 1912 година во Полог (Тетовска и Гостиварска Каза) живееле 43 230 Албанци (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIV). Сепак, проценката на Иванов не е сосема прецизна бидејќи за сметка на албанското го зголемува бројот на турското население. Во своите проценки помал број од реалниот прикажува и Васил К'нчов. Потпирајќи се на несигурни извори К'нчов во многу села како Слатина, Доброште, Камењане, Пирок, Боговиње, Шипковица и др. прикажува прилично помал број на населението од вистинскиот, споредено со пописот на српските власти спроведен во 1913 година. Ќе наведеме неколку карактеристични примери. Во статистиката на К'нчов селото Слатино е евидентирано дека кон крајот на XIX век имало 345 жители од кои 275 Арнаути мухамедани. Но во 1913 година во селото живееле 1 123 жители, а според бугарската статистика од 1916 година во Слатина живееле 868 Албанци и 37 Бугари. Во селото Шипковица според К'нчов живееле 550 жители Арнаути, додека во 1913 година во него се евидентирани 1 016 жители (Васил Кънчов, *Македония,* 210, 213; Мил. Ант. Вујачић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 141; Димитар Г. Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи", 266). Од податоците се гледа дека бројот на албанското население во посочените села е намален бидејќи за дваесетина години населението не можело да се зголеми двојно како во Шипковица или тројно како во Слатина. Албанското население како и пред 1912 годи-

ление во Полог претставувало компактна маса и демографскиот пад спореден со состојбите од пред балканските војни е поумерен во однос на некои области во Вардарска Македонија или Косово.

Како пример ќе ја наведеме Општината Селце на падините на Шар Планина, речиси целосно населена со албанско население[616]. Општината во 1913 година имала 5 153 жители[617], додека во 1921 година бројот на населението се намалил на 4 265 жители, од кои 68 *Срби или Хрвати* и 4 196 *Арнаути* по мајчин јазик[618]. До 1925 година настапило постепено зголемување на бројот населението кога биле евидентирани 4 628 жители[619]. Во 1931 година во споменатата општина имало 5 018 жители и од нив 142 биле православни и 4 902 муслимани[620], односно бројот на жителите речиси го достигнал нивото од 1913 година. Во 1921 година во однос на 1913 година се бележи намалување на населението во општините Долно Палчиште и Сенокос населени речиси исклучиво со албанско население.

Дека намалувањето на албанското население во Полог не е правило покажува зголемувањето на бројот на населението во некои големи села населени исклучиво со албанско население[621]. Сепак, во повеќето села населени претежни со албанско население во периодот

---

на претставувало мнозинство во Полог и по воспоставувањето на српската власт. Статистичките податоци од 1913 година покажуваат дека албанското население живеело во целата Полошка Област. Нивните компактни и големи села се наоѓале на пространите падини на Шар Планина и Буковиќ, како и долж подножјето на Шар Планина и Сува Гора. Во западниот дел на котлината албанското население претставувало една голема хомогена група. Голем дел од селата во кои живеело само албанско население имале околу или над 1 000 жители (Пирок, Добри Дол, Речани, Шипковица, Чегране, Камењане, Боговиње, Градец, Нераште, Желино) или пак живееле заедно со македонско и поретко со турско население, но претставувале мнозинство како во селата: Челопек, Теарце, Дебреше, Џепчиште, Доброште и др. (Мил. Ант. Вујачић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 138–142).

616 Општината ја сочинувале селата: Селце, Шипковица, Лисец, Вешала, Гајре, Лавце, Бродец, Вејце и Бозовце. Освен малото село Лавце кое во 1913 година имало 41 жител, сите други жители биле Албанци (За потеклото на населението во споменатите села види: Јован Ф. Трифуноски, *Полоī,* 350–371) .

617 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 141.

618 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118.

619 *Речник места*, Народна просвета, Београд, 1925, 283.

620 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, Beograd, 1938, 98.

621 Во село Камењане во 1913 година биле еведентирани 1 063 жители, додека во 1925 нивниот број пораснал на 1 252. Во Градец во 1913 живееле 985, додека во 1925 година бројот се зголемил на 1 024 жители, слично како во Мала Речица, каде во 1913 живееле 387, а во 1925 година 408 жители (спореди: Мил. Ант.

на балканските и Првата светска војна доаѓа или до стагнација на населението или пак во повеќе случаи до намалување (како што се Нераште, Желино, Голема Речица, Пирок и др.).

Во однос на етничката припадност, според пописот од 1921 година, Долнополошката Околија е единствена во Вардарска Македонија во која апсолутно мнозинство претставувало албанското население. Како *Арнаути* по мајчин јазик биле евидентирани 32 253 жители (52,4 %)[622]. Иако бројот на албанското население во областа се намалил во однос на периодот пред 1912 година, неговата компактност не била нарушена. Во Полог живееле 39,9 % од вкупниот број на албанско население во Македонија. Албанците главно живееле во селата, бидејќи во градските и административните центри (Тетово и Гостивар) најголемиот дел од муслиманското население е евидентирано со турски мајчин јазик. Во Полог во 1921 година од вкупниот број на жители *Арнаути* по мајчин јазик само 3,25 % биле градско население. Од вкупно 15 119 жители на Тетово, 8 193 (54,2 %) биле муслимани, а 6 900 (45,6 %) биле православни. Од муслиманското население како Турци по мајчин јазик биле попишани 6 432 жители, односно 42,5 %. Со арнаутски мајчин јазик биле евидентирани 1 298 жители, односно 8,6 % од градското население[623].

Во 1921 година во Гостивар живееле 4 830 жители од кои 792 православни, 3 949 муслимани и 89 католици. Во однос на мајчиниот јазик најголемиот дел од населението на Гостивар, 3 743 жители, се евидентирани како Турци, а 138 како *Арнаути*[624]. Најголемиот дел од муслиманското градско население во областа без разлика на потеклото сè уште својот идентитет го поврзувале со Османлиите, при што и во новите општествени реалности во Кралството на СХС се определувало како турско[625]. Во контекст на бројот на албанското насе-

Вујачић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 139–141; *Речник места,* 282–284).

622 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921*, 116–117.

623 *Ibidem*, 117.

624 *Ibidem*, 116.

625 Карактеристични се извештаите на патеписците и истражувачите за Гостивар за последните години од турската власт. Ѓорче Петров во 1896 година пишува: „Гостивар има 850 куќи. Муслиманите се повеќе Арнаути, но има и Турци. Христијаните се Бугари, Власи и Латини (трговци од Скадар) и неколку Евреи касапи. Отпрвин градот бил населен само со Арнаути а христијаните се преселени поскоро. Само три куќи се постари од 120 години, а другите се од сто години наваму.“ (*Материяли за проучуване на Македония*, 426). Според српскиот истражувач Светозар Томиќ во 1905 година кога го посетил Гостивар, во него живееле 3 400 жители, а само 17 куќи биле христијански. За останатото население авторот наведува дека било „арнаутско“, но дека меѓу нив имало и доста Османлии кои веќе на почетокот на XX век „по говорот, носијата и начинот на живот се

ление во градските средини споредено со официјалната статистика, интересна е анализата на еден од проучувачите на Полог во меѓувоениот период Рудолф Петровиќ, кој за бројот и односите помеѓу турското и албанското население во Тетово и Гостивар вели: „Кај доселените Арбанаси, особено во градовите Тетово и Гостивар и нивната блиска околина, настапил процес на турцизирање пред сѐ поради силно вкоренетиот ислам и заедничкиот живот со Турците, па затоа поголем број Арбанаси што живеат во градовите или близу до нив се чувствуваат за Турци. Поради тоа во поново време е тешко да се раздвојат Турците од турцизираните Арбанаси. Ова потешкотоја внесува збрка и во статистиката“[626]. Како примери за наведената „збрка во статистиката“ ќе ги наведеме податоците за бројот на Турците според првиот повоен попис во ФНРЈ од 1948 година. Во градот Тетово се евидентирани 302 Турци, во Гостивар само 53 жители. Во Гостиварската Околија каде во 1931 година се регистрирани 7 705 жители со турски јазик, во 1948 г. во поинакви општествени и политички услови како Турци се евидентирани само 117 жители[627].

Бројот на албанското население во Долнополошката и Горнополошката Околија во меѓупописниот период 1921 – 1931 година бележи значајно зголемување. Во 1931 година во Долнополошката Околија биле евидентирани 37 645 (53 %)[628] Албанци, односно жители со албански јазик, што во однос на 1921 година претставува зголемување за 16,7 %. Слично е и во Горнополошката Околија каде во 1931 година биле евидентирани 14 845 Албанци (45,4 %) од кои 447 биле со православна вероисповед[629]. Во однос на 1921 година албанското население во околијата бележи пораст за 24,9 %. Во 1931 година во Полог, односно во двете споменати околии, живееле 40,6 % од вкупното албанско население во Вардарска Македонија. Бидејќи податоците за мајчиниот јазик на населението по општини се изгубени по-

прави Арнаути“ (Светозар Томић, Скопље, Тетово, Гостивар, Маврово, Галичник, Братство, књ. 29, Нови Сад, 1923, 221). Белградскиот весник *Политика* во 1929 година пишува: „Денес Гостивар има преку шест илјади жители, од кои само една петина Срби, останатите муслимани, прилично малку Турци, а повеќе Арнаути или поарнаутени староседелци. Муслиманите живеат складно со христијаните. При осветувањето на гостиварската црква видов накитени џамии, а митрополитот Варнава го дочекаа и муслимани“. (*Политика,* 24. 11. 1929).

626 Rudolf Petrović*, Polog,* 20.

627 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 440, 450.

628 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 312.

629 *Ibidem*, 318. Во Горнополошката Околија православно население со албански јазик било евидентирано во селата Дуф и Горно Јеловце. Православните жители на споменатите села во мнозинство биле по потекло од Горна Река. (Јован Ф. Трифуноски, *Полог*, 224 – 226, 238 – 239).

средно користејќи ги податоците за вероисповедта се забележува зголемување на муслиманското албанско население во сите општини во Долнополошката и Горнополошката Околија[630]. Зголемувањето на бројот на албанското население во Полог ќе продолжи и во следните години, што се потврдува со резултатите од пописот во 1948 година[631].

Значајно присуство на албанско население на пописот во 1921 година се бележи и во Скопската Околија каде се евидентирани 19 626 жители *Арнаути* по мајчин јазик, односно 21,4 % од вкупниот број жители во околијата. Во Скопската Околија живееле 17,7 % од вкупното албанско население во Вардарска Македонија. Во градот Скопје 862 жители, односно 2,1 % од жителите се евидентирани како *Арнаути* по мајчин јазик. Несомнено и во Скопје дел од албанското население, како и во Тетово, Гостивар, Битола, Струга и Куманово, се декларирало дека нивен мајчин јазик е турскиот[632]. Останатите 18 764 Албанци живееле во околните села. Дури 95,6 % од албанското население во Скопската Околија било селско население. Албанското население како и пред балканските војни претставувало мнозински етнички елемент на запад од Скопје, во Скопски Дервен, како и на југ, во сливот на Маркова Река и Кадина Река.

Во однос на проценката на бројот на Албанците од пред балканските војни во Скопската Околија се забележува зголемување на

630 Спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 година*, 116–119; *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 98, 100.

631 Во тогашната Гостиварска и Тетовска Околија (кои територијално соодветствуваат со меѓувоените административни граници на околиите) биле евидентирани 90 931 Албанци (Шиптари според тогашното официјално ословување) (*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,*440, 450). Карактеристично е дека речиси целото муслиманско население во споменатите околии кое на меѓувоените пописи се декларирало со турски јазик (пред сè во градските центри Тетово и Гостивар) во 1948 година е попишано како албанско. Во 1953 во видоизменети политички услови повторно дел од муслиманското население ќе се декларира за турско.

632 Jovan F. Trifunoski, *Albansko stanovništvo,* 114–115. За бројот на албанското население во Скопската Околија во 1921 и 1931 година спореди: Isamedin Azizi, Agron Salihi, “Lëvizjet demografike të Shqiptarëve në Shkup me rrethinë midis dy luftërave”, Jeta shoqërore e shqitareëve në Shkup dhe rrethinë ndërmjet dy luftërave botërore (konferecë shqencore, 14 – 15 tetor 2015 – Shkup). *Skupi*, 12, Shkup, 2015, 311–316. Нереално висока проценка за бројот на албанското население во Скопската околија прикажува Хамид Кокалари. Како и одредени други истражувачи Кокалари речиси целото муслиманско население во градот го смета за албанско. (Hamit Kokalari, *Shkupi Uskup, konsiderata etnografike, historike, ekonomike*, Shkup, 2015, 18 – 25, 59 – 63). Независно од потеклото најголемиот дел од муслиманското население во градот во меѓувоениот период имало изградено турски национален идентитет. Сметаме дека реален статистички приказ за бројот на албанското население во градот Скопје дава пописот од 1948 година.

бројот на албанското население. Според Јордан Иванов во Скопската Каза во 1912 година живееле 13 240 Албанци, 14 % од населението на казата[633]. Проценката пак на В. К'нчов од 9 032 Албанци кон крајот на XIX век претставува намален број во однос на вистинскиот[634]. Албанското население во 1921 година претставувало мнозинство во тогашните општини, Рашче, Чајлане, Шишево, Градовци и др.

Во однос на податоците од пописот во 1913 година во повеќето села во кои живеело исклучиво албанско население или пак било во мнозинство во 1921 година се забележува умерен пораст на жителите[635]. Во Општината Чајлане во Скопски Дервен во 1913 година се евидентирани 2 146 жители[636], а во 1921 нивниот број се зголемил на 2 283 од кои 2 280 биле *Арнаути* по мајчин јазик[637]. Процесот на зголемување продолжил така што во 1925 во општината живееле 2 446 жители[638]. Во 1931 година во општината се регистирани 2 567 жители со муслиманска вероисповед[639]. Во Општината Шишево, која била населена со мнозинско албанско население, во 1913 година биле еви-

633 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIII.

634 Во Скопско не се запишани повеќе села во кои живеело албанско население (Рашче, Копаница, Семениште, Грачани, Блаце, Чајлане, Арнакија и др.). Во селата Никиштани и Шишево албанските жители кои се проценети помалку од реалниот број се запишани како Турци. Селото Брест на Скопска Црна Гора според проценката на К'нчов имало 240 жители Албанци, но бројот е намален во однос на реалниот, бидејќи во 1913 година според пописот на српските власти во селото живееле 1 014 жители (Васил Кънчов, *Македония,* 205–209). Анализата на податоците од пописот од 1913 година покажува дека во селата во Скопската Околија во кои живеело само албанско население имало околу 16 000 жители (спореди: Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 130–134).

635 Во Скопската Околија во 1913 година имало четириесетина села населени со албанско население. Селото Бара во Општината Брњарци е евидентирано без жители. Споменатото село Бара, кое се наоѓало на гребенот на Скопска Црна Гора, како и Јазирце близу Љуботен и делот од Раштак каде живеело албанско население биле запалени за време на балканските војни а населението било раселено (Jovan F. Trifunoski, "Raseljena sela Skopske kotline," *Zbornik za narodni život i običaje Južnoh Slavena*, knj. 43, Zagreb, 1967, 605 – 627).

636 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 134. Општината Чајлане ја сочинувале селата: Арнакија, Бојане, Буковиќ, Семениште и Чајлане. Сите наведени села биле населени со албанско население.

637 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

638 *Речник места*, 292.

639 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 105.

дентирани 1 969 жители[640], додека во 1921 година броела 1 976[641], што значи дека населението во воените години стагнирало. Стабилизирањето на состојбите во дваесеттите години довело до пораст на бројот на албанското население во општината од 1 655 во 1921 година на околу 1 895 во 1931 година[642]. Слично е и во другите општини во кои живеело албанско население. Во Општината Градовци, која опфаќала повеќе села во сливот на Кадина Река, во 1921 година биле евидентирани 2 723 жители од кои 2 152 биле со муслиманска вероисповед и 2 057 биле евидентирани како *Арнаути* по мајчин јазик[643]. Во 1931 година бројот на населението во општината се зголемил на 3 685, од нив 2 516 со муслиманска вероисповед, од кои пак огромно мнозинство биле Албанци. Слично е и во Општината Говрлево[644] во која во 1921 година биле евидентирани 723 *Арнаути* по мајчин јазик[645], додека нивниот број во 1931 се зголемил на 809[646].

Бројот на евидентирани *Арнаути* по мајчин јазик продолжил да се зголемува во Скопската Околија во текот на третата деценија на XX век. Во 1931 година биле евидентирани 25 132 жители од кои 24 780 со муслиманска вероисповед, 286 со римокатоличка, 58 со православна вероисповед и 8 припаѓале на останатите христијански заедници[647]. Во однос на 1921 година бројот на албанското население во Скопската Околија се зголемил за 5 170 жители. Зголемувањето се должи како на високата стапка на природен прираст така и на доселу-

640 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 134. Општината Шишево ја сочинувале селата: Грчец, Глумово, Крушопек кои биле населени само со албанско население, како и селата Матка и Шишево во кои живеело македонско и албанско население со мнозинство на второво. За потеклото на населението во споменатите села види: Јован Ф. Трифуноски, *Сеоска насеља Скопске котлине*, Скопје 1964, 99–102. Јован Ф. Трифуноски, „Сеоска насеља Скопског поља“, *Насеља и порекло становништва,* књига 35, Београд, 1955, 441–443.

641 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

642 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti*, 105.

643 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 114–115.

644 Во Општината Говрлево мнозинство било македонското население, Албанци живееле во селата Света Петка, Барово, Чифлик и Јаболци. За потеклото на албанското население во споменатите села види: Јован Ф. Трифуноски, *Слив Маркове Реке, антропогеографска проматрања*, Скопје, 1958, 140–146, 152–155,

645 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 114– 115.

646 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 105.

647 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 344.

вањето на албанското население од околните области во Македонија и од областите од Косово[648]. Ќе наведеме неколку примери. Во селото Горно Лисиче во 1927 година се населиле повеќе албански семејства од околината на Урошевац на повик на сопственик на имот (чифлик) во селото, кој на доселените семејства им ја продал својата земја[649]. Во текот на дваесеттите години и во селото Арачиново започнале да се населуваат повеќе албански семејства од околината на Куманово и од Гњилане на Косово[650]. Доселување на албанско население во Скопје имало и од Качаник и неговата околина. Неколку десетина семејства од споменатата област во периодот меѓу двете светски војни се населиле во Скопје[651]. Во Скопје како економски центар на јужните делови на Кралството се доселувало албанско население и од другите делови на Косово, како Вучитрн[652], од околината на Призрен и од други области на Косово[653]. Албанско население во Скопје и скопските села се доселувало и од околината на Куманово и Прешево[654].

Покрај доселување, се бележи и иселување на албанското население од Скопската Околија во меѓувоениот период, се разбира во

648 Во 1965 година во Скопската Околија биле евидентирани 1 156 жители кои се доселиле од косовско-метохиските области пред 1940 година (*Попис на населението во Скопје, 1 ноември 1965.*, Скопје, 1967). Се разбира дека бројот на доселени во меѓувоениот период бил и поголем, бидејќи посочената статистика ја опфатила состојбата 30 – 40 години по доселувањето.

649 Јован Ф. Трифуноски, *Слив Маркове Реке, антропогеографска проматрања*, 101.

650 Првите албански семејства во Арачиново се населиле во 1925 година од Матејче, во 1926 од Никуштак, близу Куманово, како и од селото Горно Кусце крај Гњилане во 1927 година. Доселувањето на албанско население во споменатото село ќе се засили по Втората светска војна (Јован Ф. Трифуноски, „Сеоска насеља Скопског поља – антропогеографска испитивиња“, *Насеља и порекло становништва*, 461).

651 Јован Ф. Трифуноски, *Качаничка клисура, антропогеографска испитивања*, Београд, 1950, 39, 53–95. По балканските војни во областа на Качаник релативно бројно било албанското население кое се иселило во М. Азија, процентуално повеќе отколку од Скопската Област на пример. Само од гратчето Качаник кое во 1913 година имало 1 200 жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 129*)* од 1912 до почетокот на триесеттите години во Турција се иселиле осумдесетина албански домаќинства (Атанасије Урошевић, „Качаник“, *Гласник скопског научног друштва,* кн. IX, Скопље, 1934, 189). Иселувања во Турција имало и од околните села.

652 Атанасије Урошевић, „Вучитрн“, *Гласник скопског научног друштва, књ. XIX*, Скопље, 1938, 223.

653 M. V. Radovanović, “Stanovništvo Prizrenskog podgora”, *Glasnik muzeja Kosova i Metohije*, IX, Priština, 1965, 343.

654 Јован Ф. Трифуноски, *Кумановско-прешевска Црна Гора, Београд,* 1951, 111.

поумерен број што се гледа и од статистичките податоци. Иселувањето на албанското население од областа било поумерено и во однос на другите муслимански заедници, како на пример од иселувањето на Турците и македонските муслимани. Повторно ќе се послужиме со теренските антропогеографски проучувања. Од селата во сливот на Маркова Река од балканските војни до почетокот на Втората светска војна во Турција се иселиле осумдесетина семејства[655]. Иселување меѓу двете светски војни имало и од селата со албанско население во југоисточниот дел на Скопската Околија во сливот на Кадина Река од каде во посочениот период се иселиле дваесетина албански семејства[656]. Големиот природен прираст и позитивните миграциони движења условиле бројот на албанското население да се зголемува и по 1931 година. Во 1948 година во Скопската Околија живееле 35 727 Албанци, односно 20,7 % од вкупното население во околијата[657].

Кумановската Околија според пописот од 1921 година била трета по бројност со албанско население во Вардарска Македонија. На пописот како *Арнаути* по мајчин јазик се изјасниле 9 925 жители, односно 18,6 % од вкупното население во околијата. Албанското население претставувало мнозинство во тогашните општини Думановце, Отља, Режановце и Табановце. Во однос на податоците од пред 1918 година се бележи опаѓање на бројот на албанското население. Еден дел од ова население се иселило од областа за време на балканските војни[658].

Според приближните податоци на бугарските власти во 1916 година во Кумановската Околија живееле 10 970 Албанци[659]. Во Куманово во 1921 година биле евидентирани 641 жител како *Арнаути* по мајчин јазик, што претставувало 4,8 % од населението во градот[660]. Во однос на периодот пред 1918 година официјалните статистички по-

655 Иселеното албанско население во Турција потекнувало од селата Моране, Патишка Река, Црн Врв, Јаболци, Света Петка и др. Иселувањето било најмасовно до 1925 година (Јован Ф. Трифуноски, *Слив Маркове Реке, антропогеографска проматрања*, 66).

656 Јован Ф. Трифуноски, *Поречието на Кадина Река – антропогеографски испитувања,* Скопје, 1952, 42.

657 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 440, 446–447.

658 За време на балканските војни од страна на српската војска биле запалени одредени села со албанско население, Мутилово, Сушево, албанските делови од Алгуња и др. Од овие како и од некои други села, Сопот, Опае, населението се иселило во М. Азија, а дел во Куманово и Скопје (Јован Ф. Трифуноски, *Кумановска област, сеоска насеља и становништво*, Скопје, 1974, 7–26).

659 Стефан Младенов, „Пътешествие из Македония и Поморавия“ *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.*, 177.

660 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 100–101.

датоци покажуваат намалување на албанското население во градот. Бугарските власти процениле дека во 1916 година во градот живееле 1 150 Албанци[661]. Како и пред балканските војни, албанското население компактно живеело во Карадачката Област.

Во 1931 година бројот на албанското население во Кумановската Околија значително се зголемил. На пописот се евидентирани 13 485 *Арнаути* по мајчин јазик, што претставува 20,3 % од вкупното население во околијата[662]. Во Кумановската Околија во 1931 година живеело 10,4 % од вкупниот број на албанско население во Вардарска Македонија[663]. Зголемувањето на албанското население продолжило и во следната деценија. Според податоците на бугарските власти од 1941 година во Кумановската Околија живееле 18 333 Албанци, односно 23,5 % од вкупното население во околијата[664]. На првиот повоен попис во 1948 година во Кумановската Околија живееле 20 039 Албанци (25,1 %)[665]. Следејќи ги пописите од 1921 до 1948 година, односно за 27 години, албанското население во Кумановската Околија двојно се зголемило како резултат на високото ниво на природен прираст и доселувањето[666].

---

661 Стефан Младенов, „Пътешествие из Македония и Поморавия", 177. Димитар Гаџанов во својот извештај до врховната команда на бугарската војска наведува дека во Куманово живееле „околу 5 500 муслимани во мнозинство Албанци кои се турчат и претпочитаат да зборуваат турски" (Димитар Г. Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи", *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993, 252).

662 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 351.

663 Во објавените пописни матријали се бележи зголемување на албанското население во сите општини од Кумановската Околија. Ќе го наведеме примерот на Општината Отља. Во 1921 година во Општината Отља, која опфаќала седум села од Карадачкиот Регион (Матејче, Никуштак, Отља, Виштица, Ропаљце, Стрима и Р'нковце) живееле 3 740 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 37,7 % од вкупниот број на албанско население во околијата. (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 100–101*).* За десет години во општината бројот на муслиманското население (во најголем дел албанско) се зголемил на 4 705 (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 107), односно албанското население во општината се зголемило за околу 25 %.

664 ДАРМ, подрачно одделение Куманово, 3.3.1.36/64.

665 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 443–444. На следниот попис во 1953 година голем дел од Албанците во Кумановската Околија се декларирале за Турци, односно пописните резултати не ја отсликувале реалната етничка структура на околијата.

666 Во Кумановската Околија за меѓувоениот период е карактеристично умерено иселување на албанското население пред сè во Турција, но и негова замена со новодоселени Албанци, кои во најголем дел биле од косовските области.

Значајно присуство на албанско население во 1921 година се бележи и во Кичевската Околија, каде се евидентирани 9 203 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 32,6 % од вкупното население во околијата. Во 1921 година 8,3 % од албанското население во Вардарска Македонија живеело во Кичевската Околија. Оваа околија предничи во однос на останатите административни единици во Вардарска Македонија по застапеност на албанското население во селските средини. Дури 99,6 % од Албанците во околијата живееле надвор од административниот центар. Во градот Кичево во 1921 година само 35 жители се евидентирани како *Арнаути*. Според пописот од 1921 година во градот живееле 4 792 жители од нив 3 547 (74,0 %) биле со муслиманска вероисповед и 1 245 (25,9 %) биле православни[667].

Една од спецификите на Кичево е дека најголем број муслимански жители по мајчин јазик се евидентирани како *Срби или Хрвати*. Всушност во градот најбројно било муслиманското население чии мајчин јазик бил македонскиот. Меѓу градското муслиманско население имало и примеси на албанско и помал број турско население, кое во новата средина релативно брзо се асимилирало во мнозинското муслиманско население прифаќајќи го македонскиот јазик[668]. Албанското население било мнозинско во општините во северниот дел на околијата, Доленци, Мидинци, Осломеј, Премка и Раштани. Споредувајќи ги статистичките податоци од 1921 година со пописот од 1913 забележливо е опаѓање на бројот на албанското население. Најголемото село во околијата и едно од најголемите села во Вардарска Македонија – Зајас, кое било населено со албанско население, во 1913 година имало 2 157 жители[669], во 1916 година бугарските власти во се-

Како карактеристичен пример ќе го наведеме големото село Романовце. Од селото во периодот 1912 – 1940 година во Турција се иселиле четириесетина албански и неколку турски домаќинства. Но нивниот имот го купиле и во селото се доселиле Албанци од околината на Гњилане во Косово, процес кој ќе продолжи и по Втората светска војна (Јован Ф. Трифуноски, *Сеоска насеља Скопске котлине*, 29–31).

667 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

668 Јован Трифуноски, *Наша насеља*, 1971, 22. Според теренските проучувања на Тома Смиљаниќ во Кичево во средината на дваесеттите години на XX век имало 829 муслимански и 227 православни домаќинства. Во рамките на муслиманската заедница 42 домаќинства се наведени како Арбанаси по потекло од Дебар и Зајас, а меѓу муслиманите имало и Турци од Коџаџик (Тома Смиљанић, Кичевија, 390–391).

669 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 18.

лото регистрирале 1 992 жители[670], додека во 1925 година во селото имало 297 домаќинства со 1 847 жители[671].

Намалувањето на бројот на албанското население се должи на настаните од септември 1913 година кога албанското население од Кичевската Околија активно се вклучило во „Албанската буна“, односно во т.н. Охридско востание. Селата Бериково, Ериновци, Гарани, Грешница, Поповјани, Премка, Србица, Шутово, С'лп, Староец, Црвивци, Туин, Трапчин Дол и Зајас биле целосно или делумно запалени од страна на српската војска. Имало и неколку стотини човечки жртви. Најголем број човечки загуби имало во селото Зајас, каде во текот на 1913 година околу 240 жители биле убиени. Во споменатите настани особено настрадало селото С'лп коешто било запалено, а преживеаните жители се раселиле. По овие случувања селото не било обновено[672].

Во текот на третата деценија на XX век доаѓа до стабилизирање и пораст на бројот на албанското население во Кичевската Околија. Пописот од 1931 година покажува дека во Кичевската Околија живееле 10 062 Албанци, односно 31,3 % од вкупното население во околијата[673]. Во 1931 година 7,8 % од албанското население во Вардарска Македонија живеело во Кичевската Околија. За разлика од македонското муслиманско население кое помасовно се иселувало од Кичевската Околија мигрирајќи во Турција[674], иселувањето на албанското население било поумерено поради што се бележи негов пораст помеѓу двата пописи. Зголемување на населението има во сите општини каде што живеело албанско население, Мидинци, Осломеј, Рашта-

670 *Списък на населените места въ Македония, Моравско и Одринско,* 6.

671 *Речник места,* 20.

672 *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија*, 222–223; *Балканските војни, британските конзуларни извештаи од Македонија во последните години на Отоманската Империја,* Скопје, 2013, 237–240, 307–311. Податлива е забелешката на В. К'нчов од почетокот на XX век во која зборувајќи за албанското население во Кичевско, споменувајќи го селото С'лп, наведува дека: „селото го држи во страв и трепет сето околно бугарско население“ (Васил Кънчов, *Македония*, 94). Слична констатација за селото С'лп наведува и Ѓорче Петров неколку години порано: „...големо и силно арнаутско село кое претставува страшилиште за околните села од областа Краста, особено за Цер и Церско. С'лпчани многу се имат обогатено за сметка на околните бугарски села.“ *Материяли за проучуване на Македония*, 473). Всушност, одмаздата заради сторените злодела во минатото е придружна појава на секоја војна.

673 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 323.

674 Jovan F. Trifunoski, „Kičevska oblast“, *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena*, Zagreb, 1975, 357.

ни, Премка и Доленци[675]. Зголемувањето на бројот на албанското население ќе продолжи и во следните години за што сведочат и податоците од првиот попис на населението одржан по Втората светска војна во 1948 година кога во Кичевската Околија се евидентирани 12 402 Албанци (33%)[676].

На пописот во 1921 година е забележано значајно присуство на албанско население и во Струшката Околија. Албанското население како и пред балканските војни живеело компактно, во повеќе села во Струшката Околија. На пописот биле евидентирани 6 449 *Арнаути* по мајчин јазик. Во 1921 година во Струшката Околија живееле 5,8 % од вкупниот број на албанско население во Вардарска Македонија.

Најголемиот дел од албанското население, како и во останатите околии во Вардарска Македонија, живеело во селските средини. Во административниот центар на оваа околија, Струга, во 1921 година биле евидентирани 216 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 3,4 % од вкупниот број на албанско население во околијата[677]. Во однос на пописот од 1913 година, како и во повеќето околии во Вардарска Македонија, се забележува умерено опаѓање на бројот на албанско население. Во Општината Делогожда на пример, целосно населена со албанско население, во 1913 година живееле 2 627 жители[678], додека во 1921 нивниот број умерено опаднал на 2 516, од кои 2 503 се *Арнаути*

675 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 101.

676 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 441–442.

677 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104 – 107. Во Општината Радолишта, која ја сочинувале селата Калиште, Франгово, Заграчани и Радолишта, во 1921 година се евидентирани 1 958 жители од кои по мајчин јазик 147 *Срби или Хрвати*, 1 280 *Арнаути* и 531 Турчин. Во споменатите села најголемиот дел од муслиманското население било албанско, додека во село Калишта еден доста разгранет род бил од турско потекло. Ј. Трифуноски вели: „...Околу средината на XIX век во Калишта се населиле и други родови турски и албански. Заради тоа жителите на Калишта до 1912 и помеѓу двете светски војни зборувале на три јазици: македонски, турски и албански. Но од албанската окупација во 1941 година турскиот јазик започнал да исчезнува (Јован Ф. Трифуноски, *Охридско-струшка област, антропогеографска проучавања*, Београд, 1992, 168). Во 1916 година Анастас Иширков говорејќи за населенеито на градот Струга меѓу другото наведува дека во Струга имало 1 961 муслиман од албанско потекло „но веќе потурчени“ (Анастас Иширков, „Пътуване в Македония и Поморавия“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г. съст. Петър Хр. Петров,* София, 1993, 112).

678 Општината Делогожда ја сочинувале селата: Долно и Горно Татеши, Поум, Корошиште и Делогожда (Мил. Ант. Вујичић ђ, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 84).

по мајчин јазик[679]. Вакво опаѓање на бројот на албанското население се забележува и во Општината Велешта[680].

Во следната деценија со стабилизирање на состојбите дошло до зголемување на бројот на албанското население во Струшката Околија. На пописот во 1931 година биле евидентирани 8 219 Албанци по мајчин јазик (29,3 %)[681]. Во 1931 година 6,3 % од вкупното албанско население во Вардарска Македонија живеело во Струшката Околија. Зголемување на населението бележат сите општини во кои имало албанско население. Во споменатата Општина Делогожда бројот на муслиманското (албанско) население се зголемил на 2 809 жители во 1931 година, односно за 11,6 % во однос на 1921 година[682]. Зголемувањето на албанското население во Струшката Околија се должи како на високата стапка на природен прираст, карактеристична за овој период, така и на релативно малата миграција на албанското население од овој простор[683]. Бројот на албанското население продолжил да рас-

679 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

680 Во Општината Велешта покрај истоимената село се наоѓале и селата Добовјани и Моруништа (Ташмаруништа). Со албанско население биле населени селата Велешта и Добовјани. Во 1913 год. во споменатите две села живееле 1 606 жители, најголем дел Албанци (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 84). Во 1921 година во општината живееле 1 419 муслимани од кои 1 394 „Арнаути“ по мајчин јазик (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105). Во 1925 година во Велешта и Добовјани живееле 1 512 жители (*Речник места,* 30). Во 1931 година бројот на муслиманското (албанското) население во споменатите села се зголемил на 1 867 (*Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 105).

681 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 345.

682 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga II, prisutno stanovništvo po veroispovesti,* 105.

683 Ќе наведеме неколку примери за иселувањето на албанското население од струшките села во периодот меѓу двете светски војни врз основа на необјавените антропогеографски проучувања на Б. Русиќ вршени во втората половина на четириесеттите години. Во споменатото село Делогожда, едно од најголемите села во областа населено со албанско население, во 1948 година во време на теренското истражување на Русиќ живееле 1 180 жители во 195 семејства поделени во 19 родови. Според традицијата на жителите нивните предци се доселиле „пред 150 години“, значи кон крајот на XVIII век. Од ова село две семејства во 1926 година се иселиле во Турција, во Истанбул. Од соседното село Поум, исто населено со албанско население, во дваесеттите години едно семејство се иселило во Турција, додека во 1937 година едно семејство се иселило во Круја, во Албанија. Од Мислодежда, каде според Русиќ предците на жителите се доселиле околу 1830 година од Долни Дебар, во 1920 година две албански семејства се иселиле во Турција, во Истанбул. Од селото Богојци, населено со албанско население, меѓу двете светски војни три семејства се иселиле во Турција. Од селото Тоска пак

те и по 1931 година. Во 1948 година во Струшката Околија живееле 11 380 Албанци (33 %)[684].

За разлика од областите во Вардарска Македонија каде албанското население до балканските војни претставувала компактана мнозинска маса или пак значаен дел од населението и од каде иселувањето било умерено, односно областите по 1912 година не претрпеле некои позначајни демографски и етнички промени, Дебарската Област во овој поглед претставува исклучок. Во 1921 година во Горнодебарската Околија живееле 4 243 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 28,4 % од вкупното население во околијата[685].

Во однос на состојбата пред балканските војни албанското население во околијата бележи значаен пад. Клучна причина за ваквиот демографски пад претставуваат настаните од септември 1913 година, т.н. Албанска буна, односно Охридското востание. По нејзиното задушување од страна на српските власти дошло до значително иселување на албанското население, пред сè кон новоформираната Албанија[686]. Според податоците на српските власти од пописот спроведен во февруари и март 1913 година во Дебар живееле 10 199 жители[687]. По задушувањето на востаничкото движење голема маса на население го напуштила градот Дебар и околните села бегајќи кон Албанија. Релативно мал број од бегалците во следните години се вратиле во Дебар и околните места[688].

По стабилизирањето на состојбите во Дебарската Околија населението повторно било попишано. Според извештајот на началникот на Охридскиот Округ, Јован Ќирковиќ, кој добро ги познавал приликите на овој простор и пред балканските војни, во Дебарската Околија живееле 16 883 жители, од нив во градот Дебар живееле 4 201 од кои 1 552 биле муслимани[689]. Според овие податоци бројот на населе-

во 1937 година едно семејство емигрирало во Албанија, во градот Круја. Од Горно Татеши во 1928 година едно семејство се иселило во Турција, како и од соседното Долно Татеши од каде едно семејство во 1933 година се иселило во Турција, во Истанбул (Архив на МАНУ ф. Бранислав Русиќ, к- 3, АЕ, 88/I 1–142). Поединечни иселувања во Турција или Албанија во дваесеттите и триесеттите години имало и од селата Франгово, Радолишта и Добовјани (Јован Ф. Трифуноски, *Охридско-струшка област,* 167, 171, 204).

684 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 448.

685 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

686 Види фуснота 231.

687 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 81; *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914, 90.*

688 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије (1912 – 1915),* 301–302.

689 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 387. Иселувања во Албанија и М. Азија во 1913 година имало и од околните села.

нието во градот се намалил за околу 6 000 жители. Споменатиот началник Ќирковиќ проценува дека од областите зафатени со воените дејства во септември 1913 година во Албанија се иселиле околу 20 000 жители од кои 8 000 – 9 000 жители на Дебар[690].

Според податоците на бугарските власти од 1916 година градот Дебар имал 8 001 жител[691] од нив 2 688 Албанци и 2 820 Турци. Анастас Иширков во својот извештај до врховната команда на бугарската војска за муслиманското население во Дебар наведува: „И во Дебар како и во останатите делови на западна и северна Македонија многумина од Албанците се декларираат за Турци иако не го знаат турскиот јазик, но многу Албанци ги знаат двата јазика, говорат и турски и албански, а често и бугарски“[692]. По значителната депопулација на околијата, особено на градот Дебар, по 1918 година и во текот на дваесеттите години и покрај поеделните иселувања на дел од албанското население, состојбата се стабилизирала. Во 1925 во Дебар живееле 7 278 жители во 1 767 домаќинства[693]. Во 1931 година во Дебарската Околија биле евидентирани 4 181 Албанец[694], што претставувало 25,6 % од вкупниот брај на населението на Дебарската Околија. Иако има минимално намалување на бројот на албанското население во однос на 1921 година, сепак во однос на демографските загуби во периодот по 1913 година во дваесеттите години доаѓа до стабилизирање на бројот на Албанците. Во наредниот период се бележи зголемување на бројот на албанското население.

Случувањата во Дебарско во периодот 1913 – 1918 имале влијание и врз демографските процеси во соседната Река. Според проценките на Јордан Иванов непосредно пред балканските војни во Реканската Каза (која во основа ја опфаќала територијата на подоцнежната Галичка Околија) живееле 7 100 Албанци, односно 28,4 % од вкупно-

---

Како пример ќе го земеме релативни малото село Кривци кое во пролетта 1913 година имало 157 жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 81). Од селото по востанието од септември 1913 година во Албанија, главно во Тирана, но и во Цариград се иселиле 13 семејства (Бранислав Русић, „Поље Дебарско“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* книга 7, Скопје, 1954, 161).

690 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914,* 387.

691 *Списък на населените места въ Македония, Моравско и Одринско,* Државна печатница, София, 1917, 53.

692 Анастас Иширков, „Пътуване в Македония и Поморавия“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.*, 112.

693 *Речник места*, 16.

694 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 345.

то население[695]. Реканската Област по воспоставувањето на српската власт, како и во текот на меѓувоениот период, административно припаѓала на Галичката Околија. Во 1921 година во околијата живееле 2 525 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 21,9 % од вкупното население во околијата[696]. Албанците во Галичката Околија главно биле сконцентрирани во Горна Река[697]. Во однос на пописот од пролетта 1913 година како и кај останатото население и кај албанското се забележува значаен демографски пад. За време на востаничките акции во септември 1913 година и во следните години целосно биле уништени селата Штировица, Стрезимир, Трница, Д'бово и Реч.[698] Во споменатите села во кои живеело исклучиво албанско население пролетта 1913 година од страна на српските власти биле евидентирани 1 447 жители[699]. Во следната деценија доаѓа до понатамошно намалување на бројот на албанското население во Галичката Околија. Во 1931 година во околијата биле евидентирани 1 902 Албанци по мајчин јазик, од кои 1 131 муслимани и 771 православни[700].

Значајно присуство на албанско население во 1921 година е евидентирано и во Битолската, Прилепската, Поречката и Крушевската Околија. Во овие области биле евидентирани 10 300 *Арнаути* по мајчин јазик. Во однос на бројноста на албанското население до

695 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, CIV. Васил К'нчов пак наведува дека во Реканската Каза, поточно во Горна Река живееле 6 959 „Арнаути" од кои 3 738 муслимани и 3 221 христијани (Васил Кънчов, *Македония,* 263–264).

696 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117. Во Галичката Околија вкупно живееле 11 510 жители.

697 Горнореканската Област како планинска и пасивна област постојано давала голем број на иселеници кои се населувале во блиските области како Полог, но често пати и во подалечните области како Скопската или Велешката Област. Албанофонско население од Горна Река, пред сè во XVIII век се населило во селата на гребенот на Сува Гора (Гургурница, Седларево и Корито), во Скопско, во селата Патишка Река, Јаболци, Света Петка, Чифлик, Грчец, Крушопек, Нерези, Црн, Врв, како и во велешките села Горно и Долно Јаболчиште. Иселеници имало и во други области. Горна Река уште во XV и XVI век била населена со албанофонско население кај кое кон крајот на XVI век веќе започнал процесот на исламизација (види: *Турски документи за историјата на македонскиот народ, опширен пописен дефтер за Охридскиот санџак од 1583 година,* том VIII, книга 1, Скопје, 2000, 611–659; Драги Ѓоргиев, *Населението во македонско-албанскиот граничен појас (XV и XVI век),*38–39, 87–104).

698 Naim Halimi, "Shqiptarë ë Maqedonisë në luftërat ballkanike (1912 – 1913)", *Studimi albanologjike,* 7, Shkup, 2013, 69 – 79.

699 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 137.

700 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 314.

1912 година се забележува значајно намалување. Според проценките на Јордан Иванов во 1912 година во посочените околии живееле 22 800 Албанци[701]. Од Пелагонија како периферна област на териториите каде што живеело албанско население, миграцијата по 1912 година била поголема во однос на другите делови на Македонија како Полог, Скопско, Кумановско. Дел од албанското население од овие области се повлекло заедно со османската војска. Речиси и да нема село од каде не се иселиле по неколку родови.

Споредувајќи ги податоците од 1913 и 1921 година се забележува прилично намалување на бројот на населението во селата и општините во кои живеело албанско население. Дел од селата настрадале уште за време на балканските војни и тоа најповеќе селата со албанско население во Ѓаватскиот Премин[702]. До 1912 година седиште на демирхисарската нахија било селото Прибилци. Кон крајот на XIX век во селото живееле 450 Албанци[703]. За време на балканските војни селото било запалено[704]. На пописот во 1913 година во селото имало 21 жител[705].

Значајни иселувања имало и по 1913 година. Ќе го наведеме примерот на Општината Алданци во Крушевската Околија. Општината ја сочинувале селата Алданци и Врбоец и во пролетта 1913 година биле евидентирани 919 жители[706] во околу 90 „арбанашки домаќинства“[707]. Како последица на иселувањето во 1921 година во

701 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, CIV. Според проценките на В. К'нчов (во границите на посочените околии) кон крајот на XIX век живееле 13 045 „Арнаути“ (Васил Кънчов *Македония,* 236–241, 244–247).

702 Во 1912 година во селото Кажани имало 123 албански домаќинства. Српската војска и дел од локалното население го запалиле селото. Слично било и во селото Лера од каде селаните се иселиле во Битола. По 1918 година во селото се вратиле околку 40 домаќинства, 14 семејства се иселиле во Турција. Иселувања имало и од соседните села Рамна и Доленци (Архив на МАНУ, ф. Бранислав Русиќ, к-4, АЕ, 94/Iб, 97; Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина,* 240–251). Во споменатите села според проценките на В. К'нчов кон крајот на XIX век живееле 1 370 „Арнаути“ (Васил Кънчов, *Македония,* 239). Во 1921 во Општината Ѓавато, во која припаѓале споменатите села, се евидентирани 252 „Арнаути“ по мајчин јазик и 112 Турци (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–89*)*.

703 Васил Кънчов, *Македония,* 239.

704 *Балканските војни, британските конзуларни извештаи од Македонија во последните години на Отоманската Империја, 258–259.*

705 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 20.

706 *Ibidem,* 19.

707 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина, антропогеографска проучавања,* 303, 309.

општината живееле 524 жители, од кои 520 *Арнаути* по мајчин јазик[708]. Значителното намалување на жителите е последица на нивното масовно иселување во Турција. Албанското население од селото Врбоец целосно се иселило во периодот 1913 – 1926 година, додека од селото Алданци од балканските војни до крајот на триесеттите години се иселиле петнаесетина домаќинства[709].

Во 1931 во споменатите области, односно Битолската, Прилепската, Крушевската и Поречката Околија живееле 9 138 Албанци[710]. Намалувањето на бројот на албанското население се должи на процесот на иселување, кој продолжил и по одржувањето на пописот од 1921 година. Ќе наведеме повеќе карактеристични примери од каде се иселувало албанското население во текот на дваесеттите години. Во селото Лажец во 1912 година имало околу 60 албански и 30 македонски домаќинства. Од албанските домаќинства меѓу двете војни околу 30 главно побогати се иселиле во Турција и помал дел во Битола. Од селото Кишава меѓу двете светски војни во Турција, во градовите Одрин и Измир се иселиле околу 50 домаќинства. Во текот на дваесеттите години од селото Породин целосно се иселило албанското население, пред сè во Турција. На нивно место се населувало македонско население, најмногу од околината на Лерин, Костур, од околните села, а имало и доселеници од околината на Корча. Слични биле состојбите и во Прилепско. Албанското население во текот на дваесттите години целосно се иселило од селото Браилово, додека од селата Црнилиште и Десово во текот на дваесеттите години се иселиле околу 50 домаќинства во Турција[711].

Во 1948 година во споменатите околии како Албанци (официјално Шиптари) се декларирале 12 343 жители[712]. Зголемениот број на албанско население во однос на 1931 година се должи на високиот природен прираст и на речиси запреното иселување во текот на триесеттите и четириесеттите години. Од средината на педесеттите години повторно ќе дојде до миграција на албанското население од

708 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–89.

709 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина,* 303, 309.

710 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 345.

711 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина,* 194–196, 375, 385, 389. Албанците се иселувале и од Крушевскиот Округ. Освен од споменатите Алдинци и Врбоец и од селото Норово во дваесеттите и триесеттите години 13 домаќинства се иселиле во Турција и Албанија, од село Белушино 7 домаќинства во истиот период се иселиле во Турција (*Ibidem*, 292, 299, 304, 309).

712 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 437–445. Дел од македонските муслимани во селото Лажани во 1948 година се евидентирани како Албанци (*ibidem*, 445).

Пелагонија во Турција, што ќе има влијани и врз националното определување на повоените пописи.

Според податоците од пописот во 1921 година во Велешката Околија живееле 1 943 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 4,5 % од вкупното население во околијата[713]. Албанско население живеело во Велешката Каза и до 1912 година, иако бројот од 5 110 Албанци[714] колку што проценува Јордан Иванов за периодот непосредно пред балканските војни сметаме дека е преценет. До 1912 година во тогашната Велешка Каза албанско население живеело во селата Горно и Долно Јаболчиште, Согле, Бузалково (Еленоводица), Оморани, Бањица, Лавчани и Карабуниште[715]. Во селата во околијата во кои живеело само албанско население Горно и Долно Јаболчиште, Согле, Бузалково (Еленоводица) и Лавчани во 1913 година имало 1 569 жители[716]. По балканските војни, особено во дваесеттите години најчесто во периодот 1913 – 1928 година дел од албанското население од Велешката Околија се иселувало главно во Турција[717].

Како последица на оваа миграција на дел од албанското неселение неговиот број на пописот во 1931 година се намалил на 1 644 жители, односно 3,9 % од вкупното население во околијата[718]. До почетокот на Втората светска војна иселувањето се намалило, така што на пописот од 1948 година во Велешката Околија живееле 2 142 Албанци[719].

Пописите од 1921 и 1931 година евидентираат *Арнаути* по мајчин јазик и во Преспанската Околија. Пред почетокот на Балканските војни во тогашната Ресенска Каза живееле 2 025 Албанци, однос-

713 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 112–113.

714 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, ciii.

715 Во Оморани до 1912 година живееле 25 албански домаќинства, потеклото им било од Прилепско. Во Согле 1912 година имало 70 домаќинства (Jovan F. Trifunoski, „Oblast Babune i Topolke“, *Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena*, Zagreb, 1977 , 174–175, 220, 225).

716 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 127–129.

717 Албанското население целосно се иселило од селата Лавчани, Карабуниште и Оморани, додека од останатиле села се иселувале пооделни семејства. Од селото Согле по Првата светска војна во Турција се иселиле 12 домаќинства, од село Бањица во периодот 1926 – 1928 поголем дел од албанските домаќинства се иселиле во Турција, во истиот период во Турција се иселил и дел од албанските домаќинства од Долно и Горно Јаболчиште (Миленко С. Филиповић, „Северна велешка села“, *Насеља и порекло становништва,* књига 28, Београд, 1935, 546, 547; Jovan F. Trifunoski, „Oblast Babune i Topolke“, 22, 225, 262, 287–289).

718 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 349.

719 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 440.

но 7,5 % од вкупното население во казата[720]. Во 1921 година во Преспанската Околија живееле 1 446 *Арнаути* по мајчин јазик, односно 7,7 % од вкупното население во околијата. Албанското население било евидентирано во општините Наколец, Јанковец, Подмочани и во гратчето Ресен[721]. Во 1931 година се бележи зголемување на бројот на албанското население во Преспанската Околија за 27 % во однос на претходниот попис. Официјалната статистика евидентирала 1 841 Албанец по мајчин јазик, односно 8,5 % од вкупното население[722]. За разлика од соседните околии (Битолска, Крушевска), од Преспа во меѓувоениот период нема масовно иселување на албанско население во Турција поради што доаѓа до зголемување на нивниот број[723]. Бројот на албанското население продолжил да се зголемува и во следниот период за што зборуваат и статистичките податоци од пописот во 1948 година кога во Ресенската Околија живееле 2 462 Албанци (10,6 %)[724]. Во другите околии во Вардарска Македонија присуството на албанско население на пописите во 1921 и 1931 година е минимално.

Бројот на албанското население во Вардарска Македонија продолжил да расте со едно стабилно ниво во триесеттите и четириесеттите години на XX век. На првиот повоен попис од 1948 година во Македонија биле попишани 197 648 Албанци (официјално Шиптари), односно 17,1 % во вкупното население во НР Македонија од 1 152 986 жители[725]. Веќе на следниот попис во 1953 година во изменети политички околности ќе дојде до намалување на бројот на албанското население заради тоа што еден дел ќе се декларираат за Турци.

Следејќи ги пописните резултати од 1921 и 1931 година и споредувајќи ги со повеќе податоци од претходнот период, како и со пописните резултати од првиот повоен попис од 1948 година, може да

720 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, CIV. Ресенската Каза ја опфаќала областа Преспа. На крајот на XIX век во деловите од Преспа кои по 1912 година ќе станат составен дел од Кралството Србија живееле 1 506 „Арнаути." Позначајно присуство на албанско население е забележано во селата: Буково, Горна и Долна Бела Црква, Козјак, Грнчари, Асамати, Крани, Арвати, Наколец, како и во Ресен (Васил Кънчов, *Македония*, 240–242).

721 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, 90–91.

722 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 340.

723 Спореди: Архив на МАНУ, ф. Бранислав Русиќ, к-2, а.е 86.

724 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine*, 446.

725 Во 1948 година еден дел од градските муслимани, пред сè во Западна Македонија, кои на пописите во 1921 и 1931 година се декларирале како Турци по мајчин јазик, во изменети политички услови на првиот повоен попис се изјасниле за Албанци.

заклучиме дека и покрај одредени превиди и методолошки недостатоци меѓувоените југословенски пописи даваат прилично објективна слика за бројот и структурата на албанското население во Вардарска Македонија.

**Број на население со „арнаутски“ мајчин јазик на пописите 1921 и 1931 година:**

| Околија | Вкупно | 1921 | % | Вкупно | 1931 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битолска | 55 420 | 5 420 | 9,77 | 65 164 | 5 108 | 7,83 |
| Кичевска | 28 228 | 9 203 | 32,53 | 32 101 | 10 064 | 31,3 5 |
| Крушевска | 20 618 | 1 292 | 6,26 | 23 570 | 1 335 | 5,66 |
| Мариовска | 11 942 | 31 | 0,25 | 15 891 | 119 | 0,74 |
| Преспанска | 18 751 | 1 446 | 7,71 | 21 631 | 1 841 | 8,51 |
| Прилепска | 45 773 | 1 817 | 3,96 | 54 480 | 1 114 | 2,04 |
| Кочанска | 25 711 | 3 | / | 31 784 | 34 | 0,10 |
| Малешевска | 12 135 | 1 | / | 15 394 | 8 | / |
| Овчеполска | 18 179 | 28 | 0,15 | 21 938 | 68 | 0,30 |
| Радовишка | 16 440 | 4 | / | 19 461 | 40 | 0,20 |
| Царевоселска | 14 019 | / | / | 15 727 | 15 | / |
| Штипска | 17 863 | 35 | 0,19 | 19 892 | 44 | 0,22 |
| Жеглиговска | 53 244 | 9 925 | 18,64 | 66 501 | 13 485 | 20,27 |
| Кратовска | 19 755 | 14 | / | 20 300 | / | / |
| Кривопаланечка | 26 235 | / | / | 29 210 | 10 | / |
| Горнодебарска | 14 949 | 4 243 | 28,38 | 16 296 | 4 181 | 25,65 |
| Охридска | 29 118 | 756 | 2,59 | 33 066 | 847 | 2,56 |
| Струшка | 25 144 | 6 449 | 25,64 | 28 055 | 8 219 | 29,29 |
| Велешка | 43 329 | 1 943 | 4,58 | 42 236 | 1 644 | 3,88 |
| Скопска | 91 824 | 19 626 | 21,37 | 128 052 | 25 132 | 19,62 |
| Долнополошка | 61 533 | 32 253 | 52,41 | 70 983 | 37 645 | 53,03 |
| Галичка | 11 510 | 2 525 | 21,93 | 12 051 | 1 902 | 15,78 |
| Горнополошка | 28 082 | 11 881 | 42,30 | 32 666 | 14 845 | 45,44 |
| Поречка | 16 054 | 1 740 | 10,83 | 18 740 | 1 581 | 8,43 |
| Дојранска | 8 667 | / | / | 11 713 | 43 | 0,36 |
| Гевгелиска | 11 314 | 20 | 0,17 | 15 943 | 45 | 0,28 |
| Кавадаречка | 25 151 | 8 | / | 23 919 | 92 | 0,38 |
| Неготинска | 14 828 | 6 | / | 12 876 | 127 | 0,98 |
| Струмичка | 32 475 | / | / | 38 996 | 57 | 0,14 |
| | 798 291 | 110 669 | 13,86 | 938 625 | 129 640 | 13,81 |

Извор: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, Сарајево, 1932; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession nach den unveröffentlichten Angaben der Zählung von 1931*, Wien, 1943.

# Турците во Вардарска Македонија според податоците од пописите во 1921 и 1931 година (бројност и миграции)

Благодарејќи на повеќевековното владеење со Балканот, Турците успеале да се населат во речиси сите негови делови. Колонизацијата на турското население од Анадолија во поголем дел од балканските земји во периодот пред масовната исламизација од крајот на XVI и XVII имала важна улога за стабилизирање на освоените земји[726]. Колонизацијата била најмасовна во XV и XVI век на почетокот насочена главно кон градовите. Турското население во градовите бргу се зголемувало, благодарејќи и на локалните исламизирани жители, кои по една или две генерации најчесто се претопувале во колонизираното јадро на турско население коешто било населувано веднаш по освојувањето.

Областите од Македонија кои станале составен дел на Кралството на СХС до балканските војни биле населени со бројно турско население. Тоа е т.н. вардарска група на турско население која во еден долг појас се протегала од Дојран и Гевгелија речиси до Скопје, опфаќајќи го Повардарието, Струмичката и Радовишката Област, долината на Брегалница, Овче Поле, како и делови од Велешко и Скопско[727]. Бројот на турското и воопшто на муслиманското населе-

726 Марија Тодорова, *Замислувајќи го Балканот*, Скопје, 256. Во некои од градските и административни центри, како на пример Скопје, Штип, Тетово, Кичево, Струмица и др. во XVI век Турците претставувале значително мнозинство (Александар Стојановски, *Градовите во Македонија од крајот на XV до XVII век – демографски проучувања*, 70 –72).

727 Васил Кънчов, *Македония*, 60–62. Според проценките на бугарскиот етнограф Јордан Иванов во Штипската и Радовишката Каза (Околија) Турците до пред балканските војни претставувале мнозинство со над 50 % од вкупното население, како и во деловите од Дојранската Каза кои по балканските војни влегле

ние во македонските области значително се зголемил по војните од 1876/1878 година кога по загубата на териториите османската држава организирано населува бројно турско и муслиманско население (мухаџири) од Србија, Бугарија и Босна[728]. Всушност, мухаџирите требало да бидат чувари на редот и бранители на опстанокот на царството[729].

Турското и останатото муслиманско население, голем дел турцизирано, до балканските војни било мнозинство во повеќе градови и административни центри во областите на Македонија кои влегле во составот на Кралството Србија[730]. Во градовите под поимот тур-

---

во составот на Србија, додека во Струмичката и Кочанската Каза, Турците сочинувале околу 40 % од вкупното население (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*, cii – civ). Во одредени области на географската територија на Македонија, односно во делови од Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот Вилает турското население претставувало прилично компактен и значаен дел од населението, на пример на просторот меѓу устијата на реките Места и Струма, каде во определени делови претставувале мнозинство, како во Саришабанската Околија, каде претставувале над 90 % од вкупното население, или т.н. Саригѓолска група на југ од Островското Езеро до средниот тек на реката Бистрица, каде се наоѓале околу 130 претежно чисти турски села. На овој простор тие претставувале мнозинство со над 50 % во Кожанската и Каљарската Околија (Каза).

728 Бројот на населените мухаџири во Македонија од 1876/1878 до балканските војни во зависност од изворот се движи од 15 000 па сè до 200 000 (Марија Пандеска, *Присилни миграции во Македонија 1875– 1881,* Скопје, 1993, 116). Колонизирањето на мухаџирите на територијата на Македонија и на другите делови на турските балкански владенија (Косово, делови од Тракија) биле прв организиран и осмислен потег на османлиската држава да создаде поволна етничка и верска слика во деловите од Балканот каде што позициите ѝ биле сериозно разнишани по настаните од 1876/1878 година. За организираноста, но и проблемите што се јавувале притоа сведочи и делувањето на посебните институции што работеле на т.н. мухаџирско прашање. Постоеле и посебни комитети, кои започнувале на ниво на кази, па сè до централно ниво во Цариград, кои се грижеле за сместување и трајно населување на мухаџирите. Овие комисии започнале да водат преговори и со голем број чифлик-сајбии со цел државата да им ги откупи нивните имоти на кои би можела трајно да ги насели муслиманските иселеници. Ова прашање станало особено актуелно по 1908 година кога голем број бегалци од Босна и Херцеговина преминале на територијата на тогашните Косовски и Солунски Вилаети (Глигор Тодоровски, „Прилог кон прашањето за состојбата на муслиманските иселеници (мухаџири) во Македонија по Младотурската револуција (според необјавени документи)“, *Гласник на ИНИ*, XXVI/2–3, Скопје, 1982, 139).

729 Александар Апостолов, „Колонизацијата на мухаџирите во Македонија и растројство на чифличките односи од крајот на XIX век до 1912 година“, 112–124.

730 Според проценките на В. К’нчов турското население кон крајот на XIX век било апсолутно или релативно мнозинство во Скопје, Тетово, Гостивар, Кратово, Крива Паланка, Пехчево, Радовиш, Битола и др. (Васил Кънчов, *Македония,* 205–259).

ско население се подразбира едно етничко шаренило од повеќе заедници што заради муслиманската религија релативно бргу се претопувале во турскиот народ, прифаќајки го турскиот јазик, култура и обичаи[731]. Ваквите односи на брза асимилација на муслиманските заедници во рамките на турскиот народ ќе влијаат и на резултатите од пописите во меѓувоена Југославија кога прилично голем број муслимани, особено во градовите во Вардарска Македонија и Косово и Метохија се изјаснувале за Турци, односно со турски мајчин јазик (според тогашната пописна методологија), што пак од друга страна влијаело одредени кругови и тогаш и подоцна да искажуваат сомнеж за официјалните пописни податоци.

Во 1921 година во Кралството на СХС живееле 150 332 Турци од кои, сосема разбирливо, во областите коишто по балканските војни влегле во границите на Кралството Србија (Македонија и Косово) живееле 148 019 Турци, односно 98,5 % од вкупниот број на турско население евидентирано во Кралството[732]. На просторот на Вардарска Македонија живееле 118 758 (14,9 %), Турци додека во околиите во Косово и Метохија биле евидентирани 27 915[733]. Десет години подоцна, во 1931 година нивниот број во Кралството се намалил на 132 924 жители од кои во Вардарска Македонија се евидентирани 105 407 (11,2%)[734]. Пописните податоци од 1921 и 1931 година покажуваат дека Турците биле петто по бројност малцинство во Кралството.

Во однос на бројноста на Турците во Вардарска Македонија во периодот од пред балканските војни воочливо е значително намалување. Според проценките на бугарскиот етнограф Јордан Иванов непосредно пред балканските војни во областите од Македонија каде по Букурешкиот договор (вклучувајќи ја и Струмичката Област)[735]

731 Ј. Иванов напоменува дека:„битолските, охридските, струшките, скопските и гостиварските турски жители се состојат главно од Албанци“ (Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* LXII – LXIII). Одредени истражувачи, пак одат во крајност и целото муслиманско население во делови од Македонија и Косово го евидентираат за албанско. Албанскиот историчар Кристаќ Прифти во мошне значајното и обемно дело „*Popullsia e Kosovës 1831 – 1912*“ речиси без исклучок муслиманското население во Приштинскиот и Призренскиот Санџак, како и во најголемиот дел од Скопскиот Санџак во Косовскиот Вилает го одредува како албанско (види: Kristaq Prifti, *Popullsia e Kosovës 1831 – 1912*, 1-1061).

732 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 3, 87.

733 Види: Bogoljub Kočović, *Etnički i demografski razvoj u Jugoslaviji od 1921. do 1991. godine,* sveska I, 22–25.

734 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 10.

735 Струмичката Област влегува во границите на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците во согласност со одредбите на Нејскиот мировен договор од ноември 1919 година.

била воспоставена власта на Кралството Србија живееле околу 195 000 Турци[736]. Главната причина за ваквото значително намалување на бројот на турското население во Вардарска Македонија во периодот 1912 – 1921 година за преку 70 000 жители е прилично силниот процес на иселување, кој со различен интензитет бил карактеристичен и за другите муслимански заедници.

**Број на населението на пописите од 1921 и 1931 година со турски мајчин јазик:**

| Околија | 1921 г. | | | 1931 г. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Турци | % | Вкупно | Турци | % |
| Битолска | 55 420 | 7 095 | 12,80 | 65 164 | 5 862 | 8,99 |
| Кичевска | 28 228 | 265 | 0,93 | 32 101 | 490 | 1,52 |
| Крушевска | 20 618 | 21 | 0,10 | 23 570 | 42 | 0,17 |
| Мариовска | 11 942 | 2 707 | 22,66 | 15 891 | 2 715 | 17,08 |
| Преспанска | 18 751 | 2 446 | 13,04 | 21 631 | 2 679 | 12,38 |
| Прилепска | 45 773 | 5 473 | 11,95 | 54 480 | 5 766 | 10,58 |
| Кочанска | 25 711 | 6 739 | 26,21 | 31 784 | 5 376 | 16,91 |
| Малешевска | 12 135 | 116 | 0,95 | 15 394 | 211 | 1,37 |
| Овчеполска | 18 179 | 6 270 | 34,49 | 21 938 | 4 894 | 22,30 |
| Радовишка | 16 440 | 7 056 | 42,91 | 19 461 | 7 602 | 39,06 |
| Царевоселска | 14 019 | 2 501 | 17,84 | 15 727 | 1 817 | 11,55 |
| Штипска | 17 863 | 6 329 | 35,43 | 19 892 | 5 864 | 29,47 |
| Жеглиговска | 53 244 | 4 765 | 8,94 | 66 501 | 3 164 | 4,75 |
| Кратовска | 19 755 | 773 | 3,91 | 20 300 | 207 | 1,01 |
| Кривопаланечка | 36 668 | 475 | 1,29 | 40 532 | 249 | 0,61 |
| Горнодебарска | 14 949 | 2 020 | 13,51 | 16 296 | 1 980 | 12,15 |
| Охридска | 29 118 | 3 707 | 12,73 | 33 066 | 3 540 | 10,70 |
| Струшка | 25 144 | 1 779 | 7,05 | 28 055 | 1 223 | 4,35 |
| Велешка | 43 329 | 9 398 | 21,68 | 42 236 | 5 207 | 12,31 |
| Скопска | 91 824 | 16 938 | 18,44 | 128 052 | 16 263 | 12,70 |
| Долнополошка | 61 533 | 6 915 | 11,23 | 70 983 | 7 937 | 11,18 |
| Галичка | 11 510 | 15 | 0,13 | 12 051 | 3 | 0,02 |
| Горнополошка | 28 082 | 7 177 | 25,55 | 32 666 | 7 705 | 23,58 |
| Поречка | 16 054 | 440 | 2,74 | 18 740 | 47 | 0,25 |
| Дојранска | 8 667 | 4 367 | 50,38 | 11 713 | 5 152 | 43,98 |
| Гевгелиска | 11 314 | 293 | 2,58 | 15 943 | 189 | 1,18 |
| Кавадаречка | 25 151 | 2 915 | 11,58 | 23 919 | 593 | 2,47 |
| Неготинска | 14 828 | 4 127 | 27,83 | 12 876 | 2 268 | 17,61 |
| Струмичка | 32 475 | 5 636 | 17,35 | 38 996 | 6 380 | 16,36 |
| | 798 291 | 118 758 | 14,87 | 938 625 | 105 407 | 11,22 |

Извор: *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године*, Сарајево, 1932; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession nach den unveröffentlichten Angaben der Zählung von 1931*, Wien, 1943.

736 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIII.

Ќе наведеме неколку примери од источните области на Вардарска Македонија каде до балканските војни Турците претставувале значителен дел од вкупното население, а во некои кази (околии) и мнозинство. Пописните податоци од 1921 година го покажуваат размерот на иселување на Турците од посочените области.

Во 1921 година турското население претставувало мнозинство единствено во Дојранската Околија каде од вкупно 8 667 жители со турски мајчин јазик се евидентирани 4 367 жители (50,4 %)[737]. Во Радовишката Околија, која се совпаѓала со границите на некогашната Радовишка Каза, според проценките на Ј. Иванов во 1912 година живеле 12 560 Турци (57 %)[738], додека во 1921 година нивниот број се намалил на 7 056[739], односно бројот на Турците во Радовишко за неполна деценија, несметајќи го природниот прираст, се намалил за 43 %. Слично било и во Кочанската Околија. Во 1912 година во Кочанската Каза живееле 14 620 Турци (41 %), а во 1921 година биле евидентирани 6 739[740] (26,2 %). Бројот на Турците во Кочанско се намалил за 54 %. Само од селата во Кочанската Околија за време на балканските војни се иселиле најмалку 400 домаќинства[741]. Иселување-

737 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 118.

738 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIII. Според К. Прифти Турците во Радовишката Каза во првата деценија на XX претставувале 57,5 % од вкупното население (Kristaq Prifti*, Popullsia e Kosovës 1831 – 1912*, 914–915).

739 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, 95–96.*

740 *Ibidem, 92–93.*

741 Од Кочанската Околија во 1912 година турското население целосно се иселило од селата Долни Подлог, Грдовци и Оризари. Од селото Оризари заедно со турската војска се повлекло и турското население, околу деведесет домаќинства. Од Истибања во 1912 година од вкупно двесте турски домаќинства во М. Азија се иселиле 170. Од селото Теранци во 1912 година од вкупно 180 турски домаќинства во М. Азија се иселиле околу 30. Најголемиот дел од турското население од селото се иселило во дваесеттите години. Од селото Долни Подлог заедно со турската војска се иселиле сите 80 турски домаќинства, само 8 домаќинства се вратиле и се населиле во Кочани и Облешево. Од селото Грдовци сите турски жители (околу 30 домаќинства) за време на балканските војни се иселиле во М. Азија, а нивните куќи биле запалени (Јован. Ф Трифуноски, *Кочанска котлина, сеоска насеља и становништво*, Скопје, 1970, 49, 79, 100–107, 128, 145). Слични податоци за Кочанската Околија даваат и бугарските власти кои од октомври 1915 до септември 1918 год. воспоставиле своја власт во овие области. Според официјалните податоци на Министерството за внатрешни работи на Бугарија во 1917 година во Кочанската Околија живееле 23 386 жители (*Списък на населените места въ Македония, Моравско и Одринско*, 1917, 102) од кои 6 200 Турци (Димитар Г. Гаджанов, "Мюсюлманското население в новоосвободените земи"*, Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993*, 243,* 279–281). Според Стефан Димитров, началник во главната дирекција за статистика на Бугарија од Кочанската Околија во перидот 1912 – 1916

то продолжило и во текот на дваесеттите години. Податоците од пописот спроведен во 1931 година покажуваат дека во Кочанската Околија живееле 5 376 Турци[742], што претставувало 16,1 % од вкупното население во околијата. Бројот на турското население во однос на 1921 година е намален за 1 363 жители[743]. Во текот на триесеттите години како и во поголемиот дел од Вардарска Македонија и во Кочанската Околија иселувањето на турското население се намалило, што ќе доведе до стабилизација и постапно зголемување на бројот на Турците. Во 1948 година во Кочанската Околија живееле 6 053 Турци. Но веќе кон средината на педесеттите години ќе започне нивно масовно иселување од Кочанската Околија.

Слични процеси се одвивале и во Струмичката Област. Според проценките на Ј. Иванов во Струмичката Каза во 1912 година живееле 14 200 Турци, односно 40 % од вкупното население[744]. За време на балканските војни во Струмичката Околија биле запалени повеќе села во кои живеело турско население: Хамзали, Гечерлија, Чанаклија, Нова Маала, Еднокуќево, Секирник, Свидовица, Сушица и Борисово[745]. Податоците на бугарските власти од 1916 година покажуваат дека во Струмичката Околија имало 4 409 Турци, односно само 30 % од турското население од пред балканските војни. Целосно биле иселени селата Гечерлија, Чанаклија и Нова Маала, додека во по-

година се иселиле повеќе од половина од турското население (Стефан Димитров, „Северозападна Македония (Народностопанска анкета – 1916)“, 82).

742 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 324.

743 Во 1924 година од големото село Трсино се иселиле околу 100 турски домаќинства, додека од соседното село Пекљани во 1924/1925 година се иселиле околу 30 домаќинства, половина од населението. Од селото Бања од 1919 до 1924 година се иселило целото турско население, околу 40 домаќинства, меѓу нив имало и неколку семејства мухаџири од Босна кои османската власт ги населила во селото во 1908 година. Од селото Истибања во 1935 година се иселиле околу 10 домаќинства, најголемиот дел од Турците од селото се повлекле уште во 1912 година. Од големото село Блатец во 1926 година околу 35 домаќинства се иселиле во Турција, од селото Зрновци дел од Турците се иселиле во периодот 1922 – 1928 година, додека од Мородвис во истиот период се иселиле околу 75 домаќинства, како и од Видобиште од каде се иселиле околу 50 домаќинства. Од големото село Теранци од 1923 до 1928 година се иселиле околу 120 домаќинства. Од селото Облешево во 1925 година се иселило сето турско население, околу 45 домаќинства (Јован Ф. Трифуноски, *Кочанска котлина,* 82–147).

744 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CII. Според К’нчов кон крајот на XIX век во Струмичката Каза живееле 40 882 жители од кои 14 930 Турци (Васил Кънчов, *Македония,* 160–161).

745 *Поранешните балкански војни (1912 – 1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија,* 361. Во споменатите села кон крајот на XIX живееле 5 150 Турци (спореди: Васил Кънчов, *Македония,* 159–161).

веќето други села останале само по неколку десетици турски жители. Во селото Свидовица кон крајот на XIX век живееле 1 350 Турци, додека во 1916 година останале 178[746]. За време на балканските војни особено настрадало турското население во градот Струмица[747].

Како резултат на настаните во балканските и Првата светска војна и иселувањето на турското население во Струмичката Околија во 1921 година биле евидентирани 5 636 жители со турски мајчин јазик, односно 17,5 % од вкупното население[748]. Во дваесеттите години по стабилизирањето на состојбите, иселувањето се намалило, така што во 1931 година се бележи и зголемување на бројот на Турците во Струмичката Околија кога на пописот 6 380 жители се определиле за Турци по мајчин јазик[749]. Зголемувањето на бројот на турското население во Струмичката Околија ќе продолжи и во следните години, така што на пописот во 1948 година како Турци во околијата се декларирале 7 834 жители[750].

Истоветен процес се одвивал и во Овче Поле, област во која до 1912 година бројноста на турското население била значителна[751]. Просторот на кој во 1912 – 1913 година од српските власти била формирана Светиниколската – Овчеполската Околија до балканските војни бил дел од нахијата Бериќетли[752] во рамките на Штипската Каза. Според податоците на српските власти изведени од пописот спроведен во февруари – март 1913 година, во Овчеполската Околија

746 Димитар Г. Гаджанов, "Мюсюлманското население в новоосвободените земи", 244.

747 Во Карнегиевата комисија проценувале дека есента 1912 година во Струмица во која била воспоставена мешана српско-бугарска контрола биле убиени повеќе стотини Турци (*Поранешните балкански војни (1912 – 1913), извештај на Карнегиевата балканска комисија,* 105–106). Најголемиот дел од струмичките Турци по балканските војни се иселиле во Мала Азија. Во 1921 година во градот имало 116 муслимански домаќинства (А. Андријевић, *Струмица, земља и народ*, 33).

748 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 122–123. Турците не биле мнозинство во ниту една општина од Струмичката Околија.

749 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession* 346.

750 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 447–448.

751 Во Овче Поле турско население било населено уште во првите бранови на колонизација што ги спроведувала Османската Империја. За тоа говорат и дел од топонимите во областа. Бројот на Турците, како и во други области на Македонија, се зголемил по 1878 година кога биле населени голем број мухаџири од Србија и Бугарија.

752 *Салнаме на Вилаетот Косово, превод од османско-турски јазик,* Скопје, 2012, 202–203.

живееле 15 275 жители во 2 606 куќи од кои: „1 270 куќи или 47,8 % биле бугарски, а 1 336 куќи или 51,3 % биле турски"[753].

Како и во повеќето области во Македонија, по балканските војни турското население се иселувало во значителен број и од Овче Поле, што пак ќе доведе до промена на етничката и верската структура на областа. Чифлик-сајбиите ја продавале својата земја и мигрирале во Мала Азија. Нив ги следел и дел од останатото турско население во областа, процес што ќе влијае на значително намалување на бројот на турското население. При повлекувањето на турската воена и административна власт се повлеко и целото турско население од селата Мустафино, Ерџелија, како и дел од Турците од другите села[754]. Како резултат на иселувањето во 1921 се бележи намалување на бројот на турското население, кога во Овчеполската Околија биле евидентирани 6 270 (34,5 %) Турци[755].

Иселувањето на Турците продолжило и во текот на дваесеттите години, а особено во периодот 1923 – 1928 година кога голем број турски семејства се иселиле. Податоците од пописот одржан во 1931 година покажуваат дека во Овчеполската Околија живееле 4 894 Турци[756], односно 22,3 % од вкупното население. Во однос на 1921 година, не сметајќи го природниот пораст, бројот на турското население се намалил за 1 376 жители. Речиси и да нема населено место во околијата од кое не се иселиле по неколку десетина домаќинства[757]. Во

---

753 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије*, 118. Окружниот началник Љ. Грковиќ во извештајот од јануари 1914 година наведува дека „во Свети Николе живеле 1 892 жители, пола Срби, пола муслимани" (*Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 271).

754 Од селото Мустафино заедно со турската војска во 1912 година се повлекло целото турско население, околу 60 домаќинства, исто како и од селото Ерџелија од каде се иселиле сите осумдесетина турски домаќинства. Од селото Мало Црнилиште во 1912 година во М. Азија се иселиле сите 12 турски домаќинства (Jovan F. Trifunoski, „Ovčepoljska kotlina", *Zbornik za narodni život i običaje, knjiga 42*, Zagreb, 1964, 643, 705, 731, 752, 755). Од селото Бекирлија, кое според административната поделба од 1913 година ѝ припаѓало на Општината Џумајлија, по повлекувањето на османската војска се иселиле 18 од вкупно 38 семејства (Ј. Трифуноски, В. Нетков, „Села и население во долниот слив на Брегалница", *Зборник на штипскиот народен музеј, III,* 1962 – 1963, Штип, 1964, 40–52).

755 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 92–93.

756 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 335

757 Во текот на дваесеттите години се иселиле Турците од овчеполските села Пеширово, Амазабегово, Мало Црнилиште, како и поголем дел од турското население во Горобинци, Свети Николе и др. села. Во селото Амзабегово во 1923 година живеле околу 70 домаќинства. Во периодот 1923 – 1928 година сите се иселиле во Турција. Слично било и во селото Пеширово, каде во 1925 кога Турците започнале да се иселуваат селото броело 34 домаќинства. Од селото Горно

административниот центар на околијата гратчето Свети Николе во 1921 година биле евидентирани 690 Турци[758], додека во 1931 година заради иселувањето нивниот број опаднал на 17 домаќинства со 87 жители[759]. Иселувањето во триесеттите години било намалено така што бројот на турското население започнал да се зголемува. Во 1948 година во Светиниколската Околија живееле 5 798 Турци[760].

Сличен процес се одвива и во Кривопаланечката Околија. Според проценките на Ј. Иванов пред почетокот на балканските војни во тогашната Кривопаланечка Каза живееле 2 700 Турци[761]. Карактеристично за оваа област е дека Турците живееле само во административниот центар на казата К. Паланка каде кон крајот XIX век имало 2 500 турски жители, односно 57,6 % од жителите на гратчето[762]. Српската управа веднаш по воспоставувањето на власта во Кривопаланечката Област спровела попис. Податоците до Врховната команда ги испратил мајорот П. Бајаловиќ, според кого во градот живееле 2 694 Турци во околу 700 куќи. Во селата немало муслиманско население[763]. Пописните податоци покажуваат дека во 1921 година во К. Паланка останале да живеат 675 Турци, односно со турски мајчин јазик[764]. Намалувањето на бројот на турското население продолжило и во дваесеттите години. Во 1931 година во Кривопаланечката Околија

---

Црнилиште од 1924 до 1928 година се иселиле околу 30 домаќинства. Од големото село Горобинци во периодот 1924 – 1927 се иселиле околу 70 домаќинства или околу 1/3 од жителите. Иселувања во дваесеттите години имало и од селата Ќослари, Дорфулија, Аџибегово и Аџиматово (Jovan F. Trifunoski, „Ovčepoljska kotlina“, 643, 670, 699, 701, 703, 708, 722, 758, 762).

758 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 92–93.

759 Манојло Р. Чучковић, „Варошица Свети Николе на Овчем Пољу“, *Гласник скопског научног друштва,* књ. XV – XVI, Скопље, 1936, 281. Најголем дел од Турците во Овчеполската Околија во 1921 година живееле во Општината Џумајлија, каде биле евидентирани 3 860 Турци по мајчин јазик (61,5 %), [*Дефинитивни резултати пописа становништва*, 92–93]. Во 1913 година во општината имало 4 236 жители, речиси сите биле Турци (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 32).

760 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 448. До масовно иселување на Турците од Овче Поле ќе дојде во педесеттите години.

761 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIII.

762 Спореди: Васил Кънчов, *Македония*, 224.

763 Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије*, 131. Податоците на српските власти за бројот на турското население во К. Паланка речиси соодветствува со проценката на Иванов за 1912 година.

764 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 102–103.

живееле 249 Турци[765]. Намалувањето на бројот на турското население ќе продолжи и во следните години.

Значително намалување на турското население има и во Кратовската Околија. Во 1912 година во Кратовската Каза според проценките живееле 3 850 Турци, односно 16,3 % од населението[766]. Пописот од 1921 година покажува дека во Кратовската Околија живееле 773 Турци (3,9 %) од кои 474 во гратчето Кратово[767]. Како и во соседната Кривопаланечката Околија иселувањето продолжило и во дваесеттите години, така што на пописот во 1931 година во Кратовската Околија биле евидентирани 207 Турци[768].

Особено големо намалување на вкупниот број на населението, вклучително и на Турците, се бележи во областите коишто за време на Првата светска војна се наоѓале на фронтовата линија. Ќе го наведеме примерот на Гевгелиската Околија. Дел од Гевгелиската Каза со одредбите на Букурешкиот договор влегол во границите на Кралството Србија. На овој простор според процените на В. К'нчов на крајот на XIX век живееле 19 024 жители од кои 5 115 (26,9 %) биле Турци[769]. Пописот спроведен од српските власти во 1913 година покажува дека во Гевгелиската Околија живееле 19 404 жители[770]. Воените операции во периодот 1915 – 1918 година и иселувањето придонеле во 1921 година во Гевгелиската Околија да бидат евидентирани само 293 Турци[771]. Како пример за намалување на бројот на турското население во Гевгелиската Околија ќе го наведеме селото Горничет во кое според проценките кон крајот на XIX век живееле 1 100 Турци[772]. Како последица на иселувањето за време на балканските војни и потоа на пописот во 1921 година во Општината Моин, во чиј состав било и селото Горничет, не е евидентиран ниту едн Турчин[773]. На местото на иселените Турци во 1923 година властите започнале да населува-

765 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 326.

766 Йордан Иванов, *Бългapете въ Македония,* CIII.

767 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 100–101.

768 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 325.

769 Во вкупниот број на населението се пресметани жителите од населените места кои во 1913 година влегле во составот на Кралството Србија (спореди: Васил Кънчов, *Македония*, 152–153).

770 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 148–149).

771 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 121.

772 Васил Кънчов, *Македония*, 152.

773 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 121.

ат српско население од Херцеговина и Црна Гора. Во 1925 година во споменатото село имало 17 семејства со 71 жител[774].

До намалување на турското население дошло и во другите околии, иако во западните области на Вардарска Македонија пописот од 1921 година населението со турски мајчин јазик главно го евидентира во градовите. Во Охридската Околија дури 99 % од турското население живее во градот Охрид, слично како и во Долнополошката Околија каде во Тетово се евидентирани 93 % од турското население во околијата. Во Битолската Околија градското турско население претставува 85 %, во Скопската 82,5 %, во Струшката 58,2 %, во Горнополошката 52 % од вкупниот број на жители во околиите[775].

Поголеми групи на турско население надвор градските и административните центри во западните области на Вардарска Македонија се бележат во Жупа[776], во Пелагонија околу Кременица и Канатларци[777] и во Горни Полог[778]. Областа Дебарска Жупа била дел од Дебарската Околија во која во 1921 година биле евидентирани 2 020 жители со турски мајчин јазик во општините Горна Жупа и Селце. Во градот Дебар живееле само 16 Турци[779]. Бројот на Турците во Дебарската Каза во 1912 година Ј. Иванов го проценува на 4 500[780]. Во однос на податоците од пописот од 1913 година се забележува голем пад во бројот на турското население. Ќе го наведеме примерот со Општината Горна Жупа во која во 1913 година имало 3 085 жители[781], додека во 1921 година бројот на населението се намалил на 1 352 жители од кои 1 257 биле Турци[782].

Намалувањето на населението е последица на масовното иселување од оваа мала област. Според проучувањата на Б. Русиќ помеѓу

774 *Речник места*, 18.

775 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 88–123.

776 За бројот, структурата и миграциите на турското и останатото население во дебарска Жупа види: Бранислав Русић, *Жупа Дебарска*, Скопље, 1957.

777 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина, антропогеографска проучавања*, , 69–72.

778 За турското население во Полог види: Rudolf Petrović, *Polog,* 9–35, Јован Ф. Трифуноски, *Полог* 80–84.

779 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

780 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIV.

781 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 81. Општината Горна Жупа ја сочинувале селата: Коџаџик, Новак, Брештани, Праленик и Осолница. Во споменатите села кон крајот на XIX век живеело исклучиво турско население со вкупно 2 600 жители (Васил Кънчов, *Македония,* 261).

782 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 104–105.

балканските војни и 1940 година од Жупа се иселиле околу 320 турски домаќинства[783]. Намалувањето на бројот на турското население продолжило и во дваaесеттите години така што во 1931 година во Дебарската Околија на пописот биле евидентирани 1 980 Турци по мајчин јазик[784]. Ќе го наведеме примерот на најголемото село во Жупа, Коџаџик од кое иселувањето било особено масовно. Селото кон крајот на XIX век имало 1 250 турски жители[785]. Во 1913 бројот на населението изнесувал 1 461 жител[786], а во 1916 година бројот се намалил на 1 420[787]. Но по завршувањето на Првата светска војна од селото како и од цела Жупа започнало масовно иселување кон М. Азија така што во 1925 година селото имало 178 домаќинства и 725 жители[788]. Според споменатите теренски истражувања на Б. Русиќ од балканските војни па до крајот на триесеттите години од Коџаџик во Турција се иселиле 119 домаќинства. Иселувањата биле најмасовни во текот на дваесеттите години[789].

Слични процеси се одвивале и во делови на Пелагонија. Во 1921 година во Битолската и Мариовската Околија живееле 9 802 Турци. Освен во градот Битола, каде биле евидентирани 6 025 Турци по мајчин јазик, најголема концентрација на турско население имало на границата со Грција околу Кременица (Кенали), каде живееле околу 2 600 Турци[790]. Во 1913 година само во селата Кременица, Меџитлија и Гермијан, во кои живеело исклучиво турско население, имале околу 3 380 жители[791]. По 1912 година, како и во периодот меѓу двете светски војни, од споменатите и околните села дошло до значително иселување во Турција. Само од селото Кременица за време на балканските војни, а особено во периодот 1924 – 1930 година во Турција се иселиле околу 100 домаќинства[792]. Иселувањата придонеле во

783 Бранислав Русиħ, *Жуџа Дебарска,* 36.

784 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 317.

785 Васил Кънчов, *Македония,* 261.

786 Мил. Ант. Вујичиħ, *Речник месџа у ослобођеној облации Сџаре Србије,* 81.

787 *Сџисък на населениџе месџа въ Македония, Моравско и Одринско,* 53.

788 *Речник месџа*, 16.

789 Бранислав Русиħ, *Жуџа Дебарска,* 73–78.

790 *Дефиниџивни резулџаџи џописа сџановништва 1921 године,* 88–91.

791 Мил. Ант. Вујовиħ, *Речник месџа у Ослобођеној облации Сџаре Србије,* 16, 21.

792 Селото Кременица (Кенали) кон крајот на XIX век имало 2 200 турски жители (Васил Кънчов, *Македония,* 261). Во селото до 1912 година имало пет џамии. Во селото во 1913 година живееле 2 403 жители Турци (Мил. Ант. Вујичиħ, *Речник месџа у ослобођеној облации Сџаре Србије,* 21), додека нивниот број во

Мариовската Околија, каде административно припаѓале споменатите села, и покрај високиот природен прираст во периодот 1921 – 1931 да има стагнација на бројот на турското население. Во 1921 година во Мариовската Околија со турски мајчин јазик биле евидентирани 2 707[793], а во 1931 година 2 715 жители[794]. Иселувањата продолжиле и во текот на триесеттите години. Од селото Будаково, кое исто така административно ѝ припаѓало на Мариовската Околија, во 1934 година во Турција, во Истанбул и Одрин, се иселиле 25 турски домаќинства[795]. Како и во други области во Вардарска Македонија и во Битолската Околија е забележливо дека на пописот во 1921 година дел од жителите што се евидентирани со турски мајчин јазик им припаѓале на други муслимански заедници иако не се сомневаме во нивниот турски идентитет[796]. Во 1931 година во Битолската Околија живееле 5 862 (9 %) Турци[797], што претставува намалување за 17 % во однос на 1921 година. Во следната деценија иселувањето ќе се намали и ќе дојде до стабилизирање на бројот на турското население во Битолската и Мариовската околија. Во 1948 година во Битолската Околија, која

1925 година се намалил на 1 540 жители (*Речник места*, 23). Турско население до балканските војни живеело и во селото Живојно околу 50 домаќинства. Турците се иселиле од селото во периодот од балканскиет војни до 1925 година, најмногу во Турција. Во истиот период од Гермијан се иселиле околу 90, а од Меџитлија 20 домаќинства (Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина, антропогеографска проучавања*, 100, 197–199). Најголем дел од Турците во споменатите села ќе се исели во Турција по Втората светска војна во текот на педесеттите години.

793 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 90–91.

794 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 331.

795 Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина, антропогеографска проучавања*, 155.

796 Вакви примери има во речиси сите општини на Битолската Околија. Во Општината Барешани биле евидентирани 252 жители со турски мајчин јазик, иако во општината немало ниту едно село со турско население, туку во селата Злокуќани и Породин живеело албанско население. Сличен е примерот и во Општината Ѓавато, како и во Ивањевци каде се евидентирани 620 жители со турски јазик, но во општината единствени муслимански села биле Древеник каде живеело албанско и Трновци со македонско муслиманско (торбешко) население (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 90–91). За потеклото на населението во споменатите села види: Васил Кънчов, *Македония,* 236–239; Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина, антропогеографска проучавања,* 193, 213, 319, 324.

797 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 308.

ја опфаќала и територијата на предвоената Мариовска Околија, 8 690 жители се декларирале за Турци[798].

Меѓувоените пописи во Југославија бележат намалување на бројот на турското население и во Повардарието. Како пример ќе ја наведеме Велешката Околија[799]. Во 1921 година во Велешката Околија биле евидентирани 9 398 Турци, односно 21,7 % од вкупното население во околијата[800]. Процесот на иселување на Турците од Велешката Област започнал со балканските војни. Најголемо турско село до балканските војни во Велешката Каза било селото Иванковци во кое кон крајот на XIX век, според проценките на В. К'нчов, живееле 1 100 жители[801]. Непосредно пред балканските војни во селото имало околу 300 турски домаќинства. За време на балканските војни започнува нивното иселување и во 1931 година останале 154 турски домаќинства. Најмасовно било иселувањето во 1928/1929 година кога од Иванковци во Турција се иселиле 46 турски семејства. Турците се иселувале од соседните села Мамутчево, Сујаклари и Чалошево. Според проценките на М. Филиповиќ од споменатите села во периодот од балканските војни до почетокот на триесеттите години во Турција се иселиле околу 200 домаќинства, половина од бројот на Турците што живеел во овие села пред балканските војни[802]. Иселувањето има свое влијание и врз пописните резултати. Во 1931 година во Велешката Околија живееле 5 207 Турци (17,3%)[803].

Во следните години се бележи минимално зголемување на бројот на Турците во Велешката Околија, каде во 1948 година живее-

---

798 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 437–438. На пописот во 1948 година најголемиот дел од македонските муслимани во село Трновци се декларирале за Турци.

799 По воспоставувањето на српската власт дотогашната Велешка Каза во непроменети граници прераснала во Велешка Околија, која бил дел од Скопскиот Округ. Според пописот спроведен од српската управа во 1913 година во Велешката Околија живееле 50 036 жители, што претставува намалување во однос на демографските прилики пред почетокот на балканските војни (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 127–129. Поголеми села населени со турско население биле Иванковци, Горно Оризари, Мамутчево, и др.).

800 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 112–113. Во официјалната пописна публикација македонското муслиманско население од селото Мелница е евидентирано со турски мајчин јазик. Ваков превид не е направен со соседното Горно Врановци.

801 Васил Кънчов, *Македония,* 157.

802 Миленко Филиповић, „Северна велешка села", *Насеља и порекло становништва*, књига 28, 519, 532.

803 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 349.

ле 5 887 Турци[804]. Во педесеттите години најголемиот дел од турското население се иселил од Велешката Околија, што ќе доведе до нови промени во етничката структура на областа.

Компактна маса на население со турски јазик пописите во 1921 и 1931 година евидентираат и во Горнополошката Околија. Во 1921 година во околијата имало 7 177 жители со турски мајчин јазик, а десет години подоцна нивниот број се зголемил на 7 705[805]. Во однос на пописот од 1913 година, кога во Горнополошката Околија се евидентирани 7 813 Турци[806], во 1921 година се забележува умерено намалување на нивниот број.

Турското население во Горнополошката Околија освен во градот Гостивар, каде како што напоменавме живееле половина од евидентираните жители со турски мајчин јазик, ги населувало и општините: Галате, Долна Бањица и Долно Јеловце, односно селата, Врапчиште, Долна и Горна Бањица, Дебреше, Здуње, Мало Турчане и Вруток[807]. Во споменатите горнополошки села според проценките на В. К'нчов кон крајот на XIX век живееле 2 980 Турци[808].

Истражувањата за потеклото на турското население во споменатите села укажуваат на една прилично хетерогена заедница, која освен од Турци била составена главно од население со албанско потекло, кое прифаќајќи го турскиот јазик и идентитет релативно брзо се претопило во турското население. Според теренските проучувања на Ј. Трифуноски од крајот на четириесеттите години од вкупно 757 турски домаќинства во Горни Полог со албанско потекло биле 371, со турско 365, со македонско 13 и со неутврдено потекло 8 домаќинства[809]. Во најголемото горнополошко село Врапчиште 110 семејства имале турско, а дури 243 семејства албанско потекло[810]. Во 1921 година ова село административно било дел од Општината Галате каде 88 % од муслиманското население е евидентирано со турски мајчин јазик[811]. Меѓутоа во поинакви општествени услови ова население се декларирало сосема спротивно од меѓувоените пописи. Така во споме-

804 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 450.

805 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 318.

806 *Српски извори за историјата на македонскиот народ*, 110.

807 Јован Ф. Трифуноски, „За турското население во Полошките села", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет,* книга, 6, Скопје 1953, 65–74.

808 К'нчов наведува дека Турци живееле во селата Врапчиште, Г. и Д. Бањица, Дебреше и Здуње (Васил Кънчов, *Македония,* 213–214).

809 Јован Ф. Трифуноски, „За турското население во Полошките села", 69.

810 Јован Ф. Трифуноски, *Полог*, 255–258.

811 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године,* 116–117.

натото Врапчиште на пописот во 1948 година сите муслимански жители се декларирале за Албанци[812]. За разлика од повеќето области во Македонија од каде турското население релативно масовно се иселувало, тоа не е случај и со Горнополошката Околија. Од селото Врапчиште во меѓувоениот период се иселиле околу 30 домаќинства во Турција[813].

Административниот центар на Горнополошката Околија, Гостивар, според пописните резултати од 1921 година е единствен град во Вардарска Македонија каде мнозинското населени е турско, односно со турски мајчин јазик. Ова население сочинувало 77,5 % од вкупниот број на жители во градот Гостивар[814]. За разлика од повеќето градови во Македонија во Гостивар не се бележи намалување на населението во периодот 1913 – 1921 година. Според извештајот на началникот на Тетовскиот Округ, М. Доронтиќ, од крајот на април 1913 година во Гостивар живееле 4 383 жители од кои: „276 Срби и 4 107 Турци“[815]. Според статистиката на бугарските власти од 1916 година во градот Гостивар живееле околу 4 000 Албанци „кои се турчат и сакаат да говорат турски“[816].

Слично било и во соседниот полошки град Тетово каде во 1921 година помеѓу муслиманските жители населението со турски јазик претставувало мнозинство. Од вкупно 15 119 жители 8 193 (54,2 %) биле муслимани, а 6 900 (45,6 %), православни. Од муслиманското население како Турци по мајчин јазик биле попишани 6 432 жители, односно 42,5 % од вкупното население во градот[817]. Бројот на населението во градот Тетово во однос на состојбата од 1913 година се намалил за речиси 5 000, односно за 1/4, што претставува просек во однос на намалувањето а населението и во другите градови во Македонија во овој период[818].

812 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 440. Почнувајќи од 1953 год. повторно дел од населението се декларирало за турско (919 Турци и 2 079 Албанци), додека од 1961 година мнозинскиот дел од муслиманското население во Врапчиште се декларирал како Турци.

813 Јован Ф. Трифуноски, *Полоī*, 258.

814 *Дефиниūивни резулūаūи ӣоӣиса сūановнишūва 1921 īодине,* 116–117.

815 *Срӣски извори за исūоријаūа на македонскиоū народ*, 110.

816 Димитар Г. Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоосвободените земи“, 257.

817 *Дефиниūивни резулūаūи ӣоӣиса сūановнишūва 1921 īодине,* 119.

818 Во градот Тетово во 1913 година биле попишани вкупно 20 070 жители во 3 600 домови од кои: „1 800 турски, 1 263 бугарски и 537 српски“ (Милош Јагодић, *Нови крајеви Србије,* 118). Според бугарските податоци од 1916 година во Тетово имало: „околу 1 250 бугарски егзархиски куќи, 150 србомански и околу 3 000 муслимански“ (Анастас Иширков, „Пътуване в Македония и Поморавия“,

Значаен процент на турско население во 1921 година бил евидентиран и во Охрид. Според пописните податоци во Охрид живееле 9 587 жители од кои 5 148 православни, 4 331 муслимани. Меѓу градските муслимани во мнозинство било населението со турски мајчин јазик застепено со 38,3 % од вкупното население на градот[819]. Интересни се согледувањата на антропогеографот Атанасије Урошевиќ, кој вршел теренски испитувања во Охрид, според кого поголемиот дел од муслиманското население во Охрид не било од турско потекло иако на пописите жителите се декларирале со турски мајчин јазик[820]. Во 1931 година во Охридската Околија биле евидентирани 3 540 (10,7 %) жители со турски мајчин јазик од вкупното население во околијата[821].

Слични се процесите и во Скопје. Пред почетокот на балканските војни муслиманското население претставувало мнозинство во градот. Српските власти на почетокот на ноември 1912 година, неполн месец по воспоставувањето на власта, проценуваат дека во градот живееле до 50 000 жители, мнозинство муслимани, од кои „по-

*Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г. съст. Петър Хр. Петров,* София, 1993, 111).

819 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 104. Според извештајот на окружниот полициски началник во градот во 1914 година живееле 10 051 жител од кои 5 203 православни и 4 848 муслимани (Љубен Лапе, „Охридскиот Округ во 1914 година“, 168). Жителите евидентирани како *Арнаути* по мајчин јазик претставувале 6 % од вкупното население во градот.

820 Пишувајќи за турското население во Охрид авторот забележува дека муслиманското население од разни народности што се доселувале во Охрид бргу се претопувале со Турците кои биле носители на исламот и градската култура. Овој процес ги опфатил и доселените Албанци муслимани чии најстари родови во градот живееле од средината на XVIII век, а потекнувале или од блиската околина од територијата на денешна Албанија или од Дебарско. Албански доселеници претопени во локалното турско население имало и од Јужна Албанија за што сведочи нереткото презиме Тоска. Турското влијание, главно преку јазикот, се ширело меѓу ова население најдалеку во третата генерација од доселувањето во градот. Така на пример родот Дервишлер во Охрид се доселил во „Џеледин-беговo време“ од селото Поум, Струшко, каде пак бил доселен од Дебар, а старината им била во Северна Албанија и веќе кон крајот на XIX век го напуштил албанскиот јазик и заради мешањето со другото муслиманско население што говорело турски го прифатил турскиот јазик како домашен, односно требало да поминат 70-тина години за да почнат дома да го зборуват турскиот јазик. Инаку меѓу турското население во Охрид имало и фамилии со курдско и черкеско потекло доселени во XVIII и XIX век (Атанасије Урошевић, *Охрид географска монографија,* Скопје, 1957, 14–16).

821 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 334.

големиот дел староседелци, а помал дел доселени Арнаути“[822]. Од податоците на пописот од пролетта 1913 година во Скопје биле регистрирани 47 384 жители[823]. Според бугарските податоци од 1916 година на просторот на Скопскиот Округ, кој бил во границите што ги воспоставиле српските власти во 1912 година, кои пак биле во границите на Скопската Каза, до 1912 година живееле вкупно 85 305 жители. Околу 50 000 жители од Скопската Околија живееле во селата, додека бројот на населението во градот Скопје бил 35 000[824], што сметаме дека е намален број за неколку илјади во однос на реалната состојба.

Пописот од 1921 година покажува дека Скопје имало 40 666 жители од кои 13 980 Турци (34,4 %)[825], односно и покрај иселувањето на еден дел од турското население, тие претставувале значаен дел од градските жители. До 1912 година меѓу Турците во Скопје, покрај наследници на старите анадолски колонисти и припадници на османската администрација, имало и голем дел муслиманско население (албанско, босански мухаџири и локално исламизирано население). Како и во повеќето градски центри на Балканот за време на османското владење така и во Скопје турското влијание на културен и на јазичен план брзо продирало кај останатото муслиманско население кое за релативно кратко време се турцизирало. Ваквиот процес за Скопје бил карактеристичен и за меѓувоениот период[826].

За разлика од градот каде што Турците претставувале значаен дел од структурата на градското население во Скопската Околија, бројот на турското население во околните сена е релативно мал, како и пред балканските војни. На пописот во 1921 година во селата во Скопската Околија биле евидентирани 2 958 Турци по мајчин ја-

822 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912 – 1914*, 60. В. К’нчов зборувајќи за турското население во Скопје кон крајот на XIX век наведува дека барем 1/3 од Турците во градот се од албанско потекло (Васил Кънчов, *Избрани произведения,* том II, София, 30).

823 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 5, 132–134.

824 Според податоците на бугарските власти од 1916 година во етнички поглед релативно мнозинство од скопското градско население претставувале: „Турците со 13 000 жители, односно 37,1 %. Бугарите биле втори по бројност со 12 000, односно 34,3 %, Албанци 6 000, односно 17,1 % и 4 000 останато, најповеќе Роми и Евреи“ (Димитър Гаджанов, „Мюсюлманското население в новоослободените земи“, *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г.*, 249).

825 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 112–113.

826 Jovan F. Trifunoski, “Savremeni etnički procesi u Skoplju”, *Etnološki pregled*, br. 13, Beograd, 1975, 126–127. Јован Хаџи Василевиќ наведува дека: „Повеќе угледни *турски*, фамилии во Скопје се од арнаутско потекло“. (Јован Хаџи Васиљевић, *Скопље и његова околина историска, етнографска и културно-политичка излагања*, Београд, 1930, 55 – 56).

зик[827]. Реалниот број на турско население е помал од прикажаниот, бидејќи поголем дел од македонските муслимани во селата Пагаруша и Долно Количани се евидентирани со турски јазик[828]. Во останатите села од Скопско во коишто живееле македонски муслимани официјалната статистика го евидентира српско-хрватскиот како мајчин јазик[829]. Значаен дел од турското население во Скопската Околија во 1921 година живеело во Општината Сушица каде што биле евидентирани 1 056 жители Турци по мајчин јазик[830]. Во 1931 година во Скопската Околија биле евидентирани 16 263 жители со турски јазик, што претставува 12,7 % од вкупното население во околијата[831]. Намалувањето на бројот на жителите во однос на 1921 година било минимално. Бројот на турското населени стагнирал и во следната деценија. Во 1948 година во Скопската Околија живееле 16 817 Турци[832]. Во текот на педесеттите години и од Скопската Околија ќе се исели значаен дел од турското население.

Пописот од 1931 година бележи намалување на бројот на турското население и во Тиквеш (Кавадаречката и Неготинската Околија), во Струшката, Охридската, Штипската, Кумановската и Царевоселската Околија. Од споменатите околии најголемо намалување се бележи во Кавадаречката и Неготинската Околија каде покрај Турците масовно се селеле и останатите муслимански заедници. Во Кавадаречката Околија во периодот 1921 – 1931 година бројот на жите-

827 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 114–115.

828 Види: Миљенко С. Филиповић, „Етничке прилике у јужној Србији“, *Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења јужне Србије*, Скопље, 1937, 424.

829 За потеклото на населението во споменатите села види: Јован Ф. Трифуноски, *Слив Маркове Реке, антропогеографска проматрања*, Скопје, 1958, 161–172.

830 *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 116–117. Во Општината Сушица турското население живеело во селата Долно и Средно Коњари. Во споменатите села кон крајот на XIX век живееле 1 060 Турци (Васил Кънчов, *Македония*, 207). Во 1912 година селата биле запалени и жителите три години живееле во Скопје, а потоа дел се вратиле и ги обновиле своите куќи (Јован Ф. Трифуноски, *Сеоска насеља Скопске котлине*, 66–69). Во 1913 година српските власти ги евидентираат Долно и Средно Коњари без жители (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, 134). Во меѓувоениот период значаен дел од жителите се иселиле во Скопје и Турција. Во текот на педесеттите години Турците од селата се иселиле во Турција и при тоа во нив доаѓа до значајни етнички промени. На местото на иселените Турци се населило албанско население и јужнословенско муслиманско население – Бошњаци од Санџак.

831 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 344.

832 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 440, 446–447.

лите со турски мајчин јазик се намалил за 80 %, додека во Неготинската Околија намалувањето било 45 %[833]. До одредено стабилизирање на бројната состојба и умерено зголемување на турското население во 1931 година, дошло и во Прилепската, Преспанската и Дојранската Околија.

Турците во Вардарска Македонија во меѓупописниот период 1921 – 1931 година бележат демографски пад како резултат на нивнито контунуирано иселување. Нивниот број и во следните години продолжил да опаѓа, така што во 1948 година во Македонија на пописот како Турци се декларирале 95 938 жители односно за десет илјади помалку во однос на претходниот. Специфичноста на пописната методологија, изјаснувањето по мајчин јазик, како и политичките прилики во Кралството Југославија биле причина дел од муслиманското население, особено во некои градови во Вардарска Македонија (Гостивар е карактеристичен пример), да се декларира како Турци по мајчин јазик. И покрај посочените слабости, наведените пописи даваат една релативно точна претстава за бројот на турското население и жителите кои имале турски идентитет во Вардарска Македонија, особено во однос на некои повоени пописи (на пример од 1953 година).

833 спореди: *Дефинитивни резултати пописа становништва*, 120–121; *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 322, 332.

# Бројност и структура на помалите заедници

## Влашкото население во Вардарска Македонија на пописите во 1921 и 1931 година – „Романци/Цинцари по мајчин јазик“

Во објавените податоци од пописите во Кралството Југославија во 1921 и 1931 година влашкото население во Вардарска Македонија претставува една статистичка целина со Романците во Војводина (пред сè во Банат) и Власите во источна Србија. Во 1921 година Власите се евидентирани како *Романци/Цинцари* по мајчин јазик. Во објавената статистичка публикација од германските власти за пописот од 1931 година тие се евидентирани како Романци (Rumänen). Во 1921 година во Вардарска Македонија живееле 9 087 (1,13 %)[834]. Десет години подоцна во 1931 година се бележи зголемување на влашкото население, официјално евидентираните *Романци/Цинцари,* кое броело 10 981 жител (1,17 %)[835].

Една од демографските карактеристики на влашкото население во Вардарска Македонија според пописот од 1921 година е високото процентуално учество во градското население, многу повисоко во однос на македонското и особено албанското население. Во градовите и административните центри на околиите живееле 4 557 Власи, односно 50,14 % од вкупното влашко население во Вардарска Македонија. Повисок процент на учество во градското население имале само Евреите.

834 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 88–123.

835 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 308–351.

Власите претставувале значајна компонента во етничкиот мозаик на Македонија. Според проценките непосредно пред балканските војни во географските граници на Македонија живееле околу 77 000 Власи[836]. Тие не претставувале мнозинство во ниту една област, а со тоа се намалувало и нивното политичко влијание. Голем дел од влашкото население, особено она што живеело во градовите, жилаво се борело за запазување на грцизмот. Правилно е гледиштето на Брејлсфорд дека без бројчената помош од грцизираните Власи, Грците би претставувале мал број во статистичките податоци на македонското население. Карактеристичен е примерот на Битола каде таканаречените „Грци" до последниот човек се „Власи"[837]. Нивната историја, јазик и култура биле предмет на научни анализи од повеќе истражувачи, кои најчесто се согласуваат дека Власите претставуваат остатоци од романизираното старобалканско население[838]. Најголемиот дел од влашкото население во Македонија потекнувало од доселениците од Москополе, град во денешна Албанија, како и од неговата блиска околина. Москополе и неколку околни населби во периодот на анархичните состојби во Османлиската Империја кон крајот на XVIII век бил уништени од страна на Али-паша Јанински.

Влашко население на територијата на Македонија по вероисповед било православно, и претставувало влијателен дел од патријаршиското јадро во градовите. Исклучок било мегленското село Н'те во кое живеело влашко население со муслиманска вероисповед, исламизирано во истиот период кога исламот го примило и македонското население во Мегленската Област[839].

Во однос на бројот од пред балканските војни, влашкото население бележи значителен демографски пад. Доколку ги анализира-

836 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* 105. Власите биле населени главно во Битолската Област, во градот и некои околни села, во Мегленско, како и околу Бер, каде влашкото население кон крајот на XIX и почетокот на XX век сè повеќе се претопувало во грчкиот елемент. Власи живееле и на просторот меѓу Лерин и Костур, во знаменитите Клисура и Невеска. Бројни биле и нивните села долж планинскиот венец Пинд. Во Крушево до балканските војни влашкото население претставувало релативно мнозинство. Еден дел од ова население по балканските војни се сели на територијата што била контролирана од грчките војски. Само од Битола и дел од околните влашки села во 1913 година се иселиле околу 1 000 Власи патријаршисти, главно населувајќи се во блискиот Лерин, кој по Букурешкиот мировен договор се наоѓал под грчка власт (*Македонија како природна и економска целина*, Скопје, 1978, 188).

837 Хенри Ноел Брејсфорд, *Македонија, нејзините народи и нејзината иднина,* Скопје, 2003, 244.

838 G. Weigand, *Die Aromunen*, Leipzig, 1895; Хенри Ноел Брејсфорд, *Македонија, нејзините народи и нејзината иднина* 241-259.

839 Васил Кънчов, *Македония,* 152.

ме податоците на В. К'нчов во областите што по Букурешкиот договор биле приспоени кон Србија, вклучувајќи ја и Струмичката Околија, кон крајот на XIX век живееле околу 35 000 Власи. Според проценката на Јордан Иванов бројот на Власите е нешто помал, односно во деловите на Македонија под српска власт во 1912 година живееле околу 25 000 Власи[840]. Во компактна маса влашкото население живеело во Битола и селата Трново, Магарево, Нижеполе, Маловиште и Гопеш[841] во кои кон крајот на XIX век според проценките на В. К'нчов имало 18 150 Власи[842]. Во 1913 во споменатите села имало само 7 112 жители во огромно мнозинство Власи[843]. Според проценките на српската администрација што се темелеле на пописот од февруари/март 1913 година во Битола живееле околу 12 000 Власи „во најголем дел грцизирани"[844]. Според овие податоци Власите претставувале ¼ од вкупното население на Битола, односно ½ од православните. По Букурешкиот договор и по воспоставувањето на српско-грчката граница дел од Власите во Битола и околните села мигрирале во новите територии на Грција, главно во Лерин, Катерини и Солун. Се проценува дека околу 7 000 Власи од градот Битола и споменатите околни села по 1912 година се иселиле во Грција[845].

Бугарските проценки од 1916 година покажуваат нешто помал број на влашко население во градот. Според податоците што ги соопштува Стојан Романски на почетокот на 1916 година во Битола живееле околу 6 000 Власи. Според бугарските податоци Битола претставувала „големо цинцарско гнездо" и како во повеќето македонски градови влашкото население било голем застапник на грцизмот[846].

---

840 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония,* CIII – CIV.

841 Селото Гопеш административно припаѓало на нахијата Горна Преспа, потоа на Ресенската Каза, а од 1913 година на Преспанската Околија.

842 Васил Кънчов, *Македония,* 236–239.

843 Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 16–17, 22.

844 *Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912–1914,* 223.

845 Астериос Ј. Кукудис, *Студии за Власите, Власите, метрополи и дијаспора,* Скопје, 2013, 460–463.

846 Стоян Романски, „Разпространението на Власите между Тимок и Морава и на Цинцарите в Македония", *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г. съст. Петър Хр. Петров,* София, 1993, 224. Според податоците на авторот Романски во Битола до балканските војни живееле околу 8 000 Власи. Авторот наведува дека на почетокот на 1916 година само 116 влашки семејства во Битола биле „националисти" додека останатите биле „гркомани кои се идентификувале како Грци." Грчкото влијание во Битола се гледа и во постојаните заложби на битолскиот патријаршиски митрополит Хризостом, кој и по воспоставувањето на српската власт останал на битолската митрополитска катедра и по завршувањето на балканските војни бил упорен во барањата во Битола пов-

Бугарските податоци за бројот на влашкото население во селата во Битолската Околија се совпаѓаат со српските податоци објавени во 1914 година, односно српскиот попис од 1913 година послужил како извор за состојбата во 1916 година[847].

Српските и бугарските податоци од 1913 и 1916 година споредени со официјалните пописни резултати од 1921 година покажуваат големо намалување на влашкото население во градот Битола и во селата во неговата околина. Во Битолската Околија во 1921 година имало 1 842 жители кои по мајчин јазик се евидентирани како *Романци/Цинцари*, а од нив 1 149 биле евидентирани во градот Битола[848]. Причината за големото намалување на бројот на влашкото население од Битола и околните села се должи на воените години, поточно на балканските и Првата светска војна. Војните влијаеле врз целокупниот живот на влашкото население во областа. Влашките села Трново, Магарево, Нижеполе, Маловиште и Гопеш биле непосредно до фронтовата линија за време на Првата светска војна така што нивното население било интернирано од страна на бугарските власти, а селата уништени во артилериските напади[849]. Дел од влашкото население, како што напоменавме, се иселило во Грција, Романија, Бугарија. Во петте споменати села во кои во 1913 година имало над 7 000 жители и најголем дел од нив биле Власи, во 1921 година биле евидентирани околу 1 100 Власи.

Во 1931 година според податоците од пописот во Битолската Околија живееле 2 722 Власи (27 % од вкупниот број на влашко население во Вардарска Македонија), во официјалното издание евиден-

торно да се отворат грчки училишта, што од новите српски власти било толкувано како желба за ширење на грчката пропаганда (Милош Јагодић, Православна црква у новим крајевима Србије (1912 – 1915), Српске студије, 3, (2012), 112–115).

847 Според податоците на бугарските власти објавени во 1917 година во Нижеполе имало 1 328 жители, Магарево 1 442, Маловиште 1 629 и Трново 1 735 жители (*Списък на населените места въ Македония, Моравско и Одринско,* 3–5). Очигледно дел од податоците се преземени од српската публикација за пописот од 1913 година. Стојан Романски ги користел статистиките на бугарските воени и административни власти така што неговите податоци се попрецизни во однос на селото Гопеш, кое административно припаѓало кон Преспанската Околија. Ова село во 1913 година имало 1 228 жители, додека на почетокот на 1916 година броело 214 домаќинства со 1 070 жители од кои 9 домаќинства потекнувале од блиското село Смилево (Стоян Романски, „Разпространението на Власите между Тимок и Морава и на Цинцарите в Македония“, 224; истиот, „Македонскить ромъни“, *Македонски преглед*, кн. 5–6, София, 1925, 80).

848 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 година,* 89.

849 Астериос Ј. Кукудис, *Власите, метрополи и дијаспора,* 458. Јован Ф. Трифуноски, *Битољско-прилепска котлина*, 68.

тирани како *Романци* по мајчин јазик[850], што претставувало 4,2 % од вкупното население во Битолската Околија. Карактеристично за оваа околија е дека релативно голем број жители, 709, по мајчин јазик се изјасниле како Грци. Несомнено станува збор за влашко население кое до балканските војни било под силно грчко, културно, политичко и црковно влијание, што се чувствувало и децении подоцна.

И покрај големиот демографски пад во однос на почетокот на XX век, Власите и понатаму биле значаен етнички елемент во Крушево[851]. Во 1921 година во Крушево живееле 1 691 *Романци/ Цинцари* по мајчин јазик, што претставувало 44,13 % од вкупното население во гратчето[852]. Бројот на Власите во Крушево продолжил да опаѓа и во дваесеттите години. Официјалните податоци покажуваат дека во Крушевската Околија, односно во градот Крушево во 1931 година живееле 1 532 Власи, односно 40 % од вкупното крушевско население[853].

Во 1921 година во западните области на Вардарска Македонија, Власите биле значаен елемент и во Струшката Околија, каде биле евидентирани 1 285 жители *Романци/Цинцари* по мајчин јазик, односно 5,11 % од населението во околијата[854]. Во Струшката Околија влашкото население било сконцентрирано во селата Горна и Долна Белица и во градот Струга[855]. Во следната деценија бројот на Власите во Струшко умерено се намалува како последица на иселувањето

850 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 308.

851 Во пролетта 1913 година во Крушево имало 7 941 жител (Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије,* 20).

852 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 година,* 90–91. Според проценките на К’нчов на крајот на XIX век во Крушево живееле 9 350 жители од кои 4 000 биле Власи (Васил Кънчов, *Македония*, 240). За различните проценки на бројот на влашкото население во Крушево пред 1912 година види: Никола Минов, *Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860 – 1903),*Скопје, 2013, 50–51.

853 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 327; *Definitivni rezultati popisa stanovništva 31 marta 1931 godine, knjiga I, prisutno stanovništvo broj kuća i domaćinstva,* Beograd, 1937, 101.

854 *Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 година,* 104–107. За влашкото население во струшко види: Јован Ф. Трифуноски, *Охридско-струшка област: антропогеографска проучавања,* 103–104.

855 За Власите во селата Горна и Долна Белица види: Војислав Радовановић, „Горња и Доња Белица у Струшком Дримколу – пример постанка сезонских влашких сточарских насеља и њихова преображања у стална насеља“, *Гласник географског друштва*, 22, Београд, 1936, 21–29.

и асимилацијата. Во 1931 во околијата живееле 1 138 Власи, односно 4 % од вкупното население[856].

За разлика од Власите во посочените области каде што голем процент од нив живеел во градовите или во големи и развиени села што на почетокот на XX век за тогашни услови имале прилично развиен економски и просветен живот, во источните делови на Вардарска Македонија влашкото население дури по балканските и Првата светска војна го напуштило дотогашниот полуномадски живот. Лете со стадата живееле на Герман, Осогово, Плачковица, Огражден, додека зиме семејствата се селеле во Солунско или долж Повардариетo[857]. По 1912 година и по воспоставувањето на новите граници бил речиси оневозможен дотогашниот начин на живот. Масовното иселување на турското население од источните области на Вардарска Македонија овозможило најголемиот дел од ова население да купи дел од земјата на иселениците и трајно да се насели во Овче Поле, Кочанско, околината на Штип и во помал број во други области.

Во 1921 година во Брегалничката Област живееле 1 197 *Романци – Цинцари* по мајчин јазик. Власите од 1912 до средината на триесеттите години се население во повеќе села во Овче Поле[858], Кочанско[859], околината на Штип[860] и во помал број во соседните области. Во Кочанската Околија Власите претставувале 2,5 % од населението и живееле главно во селата, додека во Овчеполската Околија во 1931 година биле евидентирани 638 Власи, односно 2,90 % од вкупното население[861]. Во периодот 1931 – 1935 година околу 80 влашки домаќинства од наведените области се иселиле во Романија[862].

856 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 345.

857 Миленко Филиповић, „Номадски Цинцари на Огражденy", *Гласник географског друштва*, свеска XXIV, Београд, 1938, 62–63.

858 Во периодот од 1912 година до средината на триесеттите години Власи се населиле во овчеполските села Алакинце, Амзабегово, Аџибегово, Врсаково, Ерџелија, Ќослари, Криви Дол, Мустафино и други села (Jovan F. Trifunoski, „Ovčepoljska kotlina", 720–759).

859 Јован Ф. Трифуноски, *Кочанска котлина, сеоска насеља и становништво*, 50–51.

860 Ј. Трифуноски, В. Нетков, „Села и население во долниот слив на Брегалница*", Зборник на штипскиот народен музеј, III,* 1962 – 1963, Штип, 1964, 40–52).

861 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 324, 335.

862 Jovan F. Trifunoski, „Ovčepoljska kotlina", 645; истиот, *Кочанска котлина, сеоска насеља и становништво*, 51.

Поголемо присуство на влашко население на пописот во 1931 година е регистрирано во Гевгелиската Околија каде Власите претставувало 4,2 % од вкупното население. И овде дел од Власите како свој мајчин јазик го истакнале грчкиот. Во округот имало 213 вакви жители. Најголемиот дел од влашкото население живеело во селото Хума. Во Преспанската Околија во 1931 година живееле 651 Влав, односно 3 % од вкупното население, во Штипската 437 Власи, односно 2,3 % од вкупното население, во Неготинската Околија биле евидентирани 380 Власи, додека во Скопје како центар на бановината во 1931 година живееле 852 Власи[863]. Во текот на дваесеттите години повеќе влашки семејства што се занимавале со трговија се доселиле во Скопје и со тоа се зголемил и бројот на влашко население во градот[864].

Бројот на Власите заради иселувањето и асимилацијата во следните години ќе бележи стагнација и пад. Во 1948 година во НР Македонија живееле 9 511 Власи[865].

## Еврејското население во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни

Бројноста и структурата на еврејското население на просторот на Македонија можеме да ја следиме од крајот на XV и почетокот на XVI век[866]. Според пописните податоци од 1921 година на територијата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците живееле 64 746

863 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession,* 313, 332, 340, 344.

864 Во 1921 година во Скопје живееле 543 жители *Романци/Цинцари* по мајчин јазик (*Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 година,* 115).

865 *Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* knjiga IX, 437–450.

866 Предците на најголемиот дел од Евреите во Вардарска Македонија евидентирани за двата југословенски меѓувоени пописи се доселиле во Османската Империја на крајот на XV и почетокот на XVI век од Пиринејскиот Полуостров (помал дел потекнувал од Сицилија). Дел од еврејското население се населило во Солун од каде што постапно мигрирале кон внатрешноста. Во 1568/1569 година во Солун живееле околу 18 000 Евреи. Во 1530 година во Штип биле евидентирани 38 еврејски семејства сите доселени од Солун. Во Битола во 1528 година живееле 43 еврејски семејства, а веќе во 1575 година бројот на еврејски семејства се зголемил на 285. Во 1544 година во Скопје биле евидентирани 32 еврејски семејства. Османските пописни дефтери евидентираат еврејско население и во повеќе други градови во Македонија (Драги Ѓоргиев, „Доселување на шпанските Евреи во Македонија во османлискиот период“, *Евреите во Македонија, исто-*

Евреи. На просторот на Вардарска Македонија во 1921 година живееле 5 047 Евреи или *Израеалци* како што ги евидентирала тогашната државна статистика[867]. По балканските војни целосно се иселиле Евреите од Струмица и Дојран[868].

Во Битола и Штип, во споредба со состојбата пред балканските војни, се бележи значаен пад во бројноста на еврејското население. Во Битола според проценките од 1912 година, како и според пописот од 1913 година, живееле околу 6 000 – 6 500 Евреи, што претставувало околу 12 % од вкупното население во градот[869]. Како што напоменавме, градот во виорот на балканските и Првата светска војна доживеал материјално разорување и голем демографски пад. Евреите во градот ја делеле судбината со христијанското и муслиманското население така што во 1921 година од вкупно 28 420 жители во Битола, 2 640 биле евидентирани како Евреи по вероисповед[870], односно помалку од половина од бројот на еврејско население во градот од пред балканските војни. До намалување на бројот на еврејското население дошло и во градот Штип. Според проценките кон крајот на XIX век во градот живееле помеѓу 500 и 800 Евреи[871]. Во 1921 година во Штип живееле 490 Евреи или речиси 5 % од вкупната градска популација[872].

Исклучок од посочената демографска тенденција на намалување на бројот на еврејското население претставува градот Скопје. Реалтивно далеку од фронтовата линија демографскиот пад на вкупното население не бил така драстичен како во градовите што се наоѓале близу македонскиот фронт. Според османските пописни податоци, како и според проценките, кон крајот на XIX век во градот жи-

---

*рија, традиција, култура, јазик и религија*, Скопје, 2015, 333–338; Владимир Јанев, Евреите во Македонија XV – XVII век, Скопје, 2006, 76–88).

867 *Дефинитивни резултати пописа становноштва 1921 година,* 88–121.

868 Кон крајот на XIX век во Струмица живееле околу 700 Евреи, а во Дојран 160 (Васил Кънчов, *Македония,* 159, 162). Пред почетокот на балканските војни во Дојран имало 50 – 60 еврејски семејства (Борис Д. Янишлиев, *Гр. Дойран* 8; Кирил Хаджидинев, *Дойран,* 31). Процената за бројот на Евреите во Струмица пред почетокот на Балканските војни е околу 1 000 жители (А Андријевић, *Струмица, земља и народ,* 29).

869 Йорданъ Ивановъ, *Българете въ Македония*,CIV; *Српски извори за историјата на македонскиот народ,* 223.

870 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године,* 88.

871 Kemal H. Karpat, *Otoman population 1830-1914,* 140-141; Васил Кънчов*, Македония,* 230.

872 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године*,92.

вееле околу 800 Евреи[873], додека во 1921 година нивниот број се зголемил на 1 868[874].

Во меѓупописниот период 1921 – 1931 година доаѓа до зголемување на бројот на еврејското население во Вардарска Македонија, каде според објавените пописни податоци во 1931 година живееле 6 835 Евреи по мајчин јазик, односно 7 094 по вероисповед[875].

Евреите во 1931 година претставувале 0,75 % од вкупното население на Вардарска Македонија. Најголемиот дел од еврејското население живеел во градот Битола, 3 778, односно 11,5 % од вкупното население на Битола коешто броело 33 000 жители[876]. Зголемување на бројот на еврејското население во однос на 1921 година се бележи и во Скопје и во Штип. Во Скопје во 1931 година живееле 2 635, а во градот Штип 626 Евреи[877]. Карактеристично за еврејското население уште од класичниот османски период е дека речиси без исклучок живеат во градските средини[878].

Бројот на Евреите во Вардарска Македонија продолжил умерено да се зголемува во текот на триесеттите години на XX век, особено во Скопје, за разлика од Битола каде бројот на еврејското население стагнира[879]. Непосредно пред почетокот на Втората светска војна во Вардарска Македонија живееле околу 7 700 Евреи од кои најмногу во Скопје – 3 795, во Битола – 3 351 и во Штип – 551[880]. Познато е дека голем дел од овие Евреи – 7 144 во 1943 година биле интернирани во логорот Треблинка каде што биле погубени.

---

873 Kemal H. Karpat, *Otoman population 1830-1914...*, 140–141; Васил Кънчов, *Македония,* 205.

874 *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године*, 112.

875 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 308–351. Пописните податоци покажуваат дека еден мал дел од еврејското население како мајчин јазик го истакнале српскохрватскиот. Вкупно на просторот на Кралството Југославија во 1931 година живееле 68 405 Евреи.

876 *Ibidem* 308.

877 *Ibidem* 344, 348. Освен во споменатите градови на пописот во 1931 година еврејско население било евидентирано и во Куманово со 7 жители, Велес 6, Струмица 5, Радовиш 1, Прилеп 9, Охрид 3, Берово 1, К. Паланка 4, Кочани 2, Гевгелија 11, Тетово 4, Дојран 1 и Царево Село 1.

878 Од вкупниот број на Евреи во Вардарска Македонија во 1921 година само еден жител не живеел во град, односно административен центар.

879 Според бугарските власти во 1941 година во Битола живееле 3 649 Евреи (*Българското управление във Вардарска Македонија (1941 – 1944)*, 177).

880 Александар Матковски, *Трагедијата на Евреите од Македонија*, Скопје, 1962, 21.

## Ромското население во Македонија на пописот од 1931 година

Во објавените податоци од пописот во 1921 година ромското население по мајчин јазик не е евидентирано така што не може посебно да се анализира. Миленко Филиповиќ проценува дека во 1921 година голем дел од ромското население е евидентирано како турско. Според неговите проценки само во Скопје имало 1 512 муслимански ромски семејства, односно околу 7 560 жители од кои најголемиот број биле евидентирани како „Турци по мајчин јазик“. Според неговите проценки во Велес живееле околу 2 000 ромски жители, а значаен број на ромско население живеело и во другите градови, Куманово, Прилеп, Штип, Битола и др., од кои најголемиот дел биле евидентирани како Турци[881]. Проценките на Филиповиќ соодветствуваат со проценките на истражувачите од претходните децении. Така анализата на податоците на К'нчов покажува дека во деловите од Македонија каде по балканските војни се воспоставува српска власт на крајот од XIX век живееле речиси 20 000 Роми[882].

За разлика од пописот во 1921 година, објавените податоци по мајчин јазик од пописот во 1931 година го евидентираат и населението коешто на пописот се изјаснило дека ромскиот е негов мајчин јазик. Во 29 околии на Вардарска Македонија во 1931 година живееле 9 855 „Цигани“ по мајчин јазик. Огромното мнозинство од ромското население било со муслиманска вероисповед, додека 430 се евидентирани со православна вероисповед. Најголем дел ромското население бил евидентиран во Скопје вкупно 4 204 жители, во Куманово 1 924 и во Прилеп 946 жители[883]. Како и на претходниот попис и во 1931 година еден дел од ромското население е евидентирано со друг неромски мајчин јазик, најчесто турски.

881 Миленко С. Филиповић, „Етничке прилике“, 423–424.

882 Спореди: Васил Кънчов, *Македония,* 151–264.

883 Карактеристична е Гевгелиската Околија каде сите евидентирани „Цигани“ по мајчин јазик се со православна вероисповед. Спореди: *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 308–351.

## Останати заедници

Пописите од 1921 и 1931 година бележат и други народности кои во Вардарска Македонија живееле во прилично мал број, како што биле Грците, Русите, Унгарците, Германците, Украинците и др. Објавените податоци по вероисповед и мајчин јазик од пописот одржан во 1931 година даваат поголема прегледност и прецизност. Во овој контекст ќе ги споменеме Грците, чии број во 1931 година изнесува 1 794 жители. Најголемиот дел од нив – 709 се евидентирани во Битолската Околија[884].

Бидејќи во согласност со методологијата на меѓувоените пописи било евидентирано присутното население[885], во Вардарска Македонија се бележи и присуство на Словенци, Унгарци, Германци и др. Голем дел од овие жители всушност биле лица коишто го отслужување воениот рок или лица од други професии коишто привремено живееле на овие простори. Во 1921 година во Вардарска Македонија биле евидентирани 270 Словенци. На следниот попис нивниот број се зголемил на 1 223. Слично било и кај останатите споменати народности. На пописите било евидентирано и присуство на Руси, кои се доселиле на овие простори како емигранти од Русија по Октомврискиот преврат, при што релативно голем број од нив биле прифатени од Кралството на СХС[886]. Во 1931 година во Кралството живееле 36 333 Руси, а во Вардарска Македонија 1 671 Русин, наспроти 173 во 1921 година. Најголемиот дел од нив живееле во Скопје.

884 Спореди: *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 308.

885 *Definitivni rezultati popisa stanovništva od 31 marta 1931 godine, knjiga I,* v.

886 Мирослав Јовановић, *Досељавање руских избеглица у Краљевину СХС 1919-1924,* Београд 1996.

## Влијанието на пописните резултати врз одредени аспекти на политиката на Кралството Југославија кон малцинствата

Во меѓупописниот период 1921 – 1931 година во Македонија и Косово доаѓа до значајно опаѓање на бројот на турското население, но истовремено доаѓа до зголемување на бројот на албанското население. Зголемувањето на бројот на албанското население во 1931 година за близу 66 000 жители во однос на претходниот попис, со што Албанците станале најбројно малцинство во Кралството, предизвикало загриженост, размислување и дискусии, пред сѐ во безбедносните органи на Кралството, што ќе има влијание и врз политиката на владите на Богољуб Јевтиќ (1886–1960) и Милан Стојадиновиќ (1888–1961).

Како што напоменавме, пописите на населението во Кралството Југославија исто како и во нејзината повоена наследничка, освен статистичко, имале и политичко значење[887]. Податоците за мајчиниот јазик и народноста од пописот одржан во 1931 година не биле објавени до 1941 година заради бавниот процес на обработка или пак од политички причини. Политичкото искуство на балканските држави во XIX и XX век преточено во Лозанскиот договор (1923), потпишан по Грчко-турската војна и задолжителната размена на грчкото и турско население[888], односно на христијанското и муслиманското население, како и Турско-романскиот договор од 1935 и Конвенцијата од

887 Zoran Janjetović, *Deca careva pastorčad kraljeva Nacionalne manjine u Jugoslaviji 1918 – 1941*, 62–63.

888 Види: Norman M. Naimark, *Fires of Hatred. Ethnic Cleasing of Twentieth – Century Europe*, Harvard Unevesity Press, 2001, 42–56.

1936 година за иселување на турското население од Добруџа[889], биле поттик кон средината на триесеттите години во југословенската влада да се анализира состојбата со цел да се подготват планови за потпишување на слична конвенција со Турција[890].

Југословенските власти имале за цел Турско-романскиот договор од 1935 година да го претставаат како основа за разговорите со турските владини претставници[891]. Подготовките од југословенска страна започнале пролетта 1935 година кратко време пред падот на владата на Јевтиќ, а продолжиле по формирањето на владата на Стојадиновиќ. Како резултат на сеопфатните подготовки во септември 1935 година во Белград се одржала т.н. „ Интерминистерска конференција за прашањето на иселување на несловенското население од Јужна Србија“ на која присуствувале претставници од повеќе министерства[892]. На конференцијата Илија Милкиќ, шеф на IV отсек на Политичкото одделение при Министерството за надворешни работи, навел дека: „прашањето за иселување на Турците и останатите муслимани од јужните краеви треба што побрзо да се реши, бидејќи компактни маси на Турци и Арнаути долж арбанската граница претставуваат важен проблем од национален и воен аспект. Бројот на Арнаутите што ги има над половина милион се зголемил од 1931 година за околу 65 000. Бидејќи асимилацијата на несловенските елементи не успеа, а една од причините е што православните во јужните краишта се малубројни (во јужните краеви вкупно има 165 000 православни)[893] и што нашиот елемент не беше доволно подготвен за вршење на асимилацијата, останува само можноста за иселување на несловенските елементи од земјата. Министерството за надворешни рабо-

889 Edvin Pezo, “Komparativna analiza jugoslovensko-turske konvencije iz 1938. i “džentlmenskog sporazuma” iz 1953. Pregovori oko iseljavanje muslimana iz Jugoslavije u Tursku”, *Tokovi istorije*, br. 2, Beograd, 2013, 101.

890 Vladan Jovanović, “Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije o iseljenju `neslovenskog elementa` u Tursku (1935)”, *Prilozi*, Sarajevo, 2006, 105–124.

891 Турција во јуни 1934 година го ратификувала законот за населување, односно колонизација. Законот претставува мошне важен акт за регулирање на имиграцијата во Турција со кој државата ја насочувала својата имиграциона политика и покажувала подготвеност да прими поголем број имигранти од балканските земји. Во овој контекст во јуни 1935 година Турција и Романија постигнале договор за иселување на турското население од Добруџа. Договорот ќе биде потпишан во Букурешт во септември 1936 година (Edvin Pezo, “Komparativna analiza jugoslovensko-turske konvencije iz 1938. i `dženlmenskog sporazuma` iz 1953.“, 101).

892 На спомената конференција присуствувале високи функционери од Министерствата за надворешни работи, за внатрешни работи, за земјоделство, за финансии, за сообраќај, како и претставник од Генералштабот.

893 Дискутантот веројатно мислел на областите во денешно Косово.

ти смета дека особено внимание треба да им се обрати на Арбанасите, бидејќи се компактни и во постојан допир со соседна Арбанија, каде без оглед на политичката неодреденост полека се јавува националната свест“[894].

На ваквиот став се надоврзал советникот во Министерството за надворешни работи Миливоје Миличиќ, кој истакнал дека: „Турците во нашата земја претставуваат мирен елемент отсечен од метрополата и не се подложни на националистичка пропаганда. Кај Арбанасите состојбата е сосема различна, со оглед на фактот дека се густо населени во граничните предели (во некои околии и до 90 % од вкупното население)[895]. Ние сме во пријателски односи со Турција и во рок од неколку месеци можеме да го решиме прашањето со иселување на Турците. Турција го прима сето население со турска култура и на тој начин би можеле да иселиме и еден дел од Арбанасите. Никакви жртви не се преголеми во полза на решавање на ова прашање...“, заклучил советникот Миличиќ[896].

По одржувањето на првата конференција за кратко време членовите повторно се состанале уште два пати, при што биле утврдени детални упатства за работата на државните органи сред несловенското население во „Јужна Србија.“ Во основа се настојувало побрзо да се потпише една конвенција меѓу Југославија и Турција, како и меѓу Југославија и Албанија за иселување на турското и албанското население на начин како што прашањето претходно било регулирано меѓу Југославија и Романија[897].

Во октомври 1935 година претседателот на југословенската влада Милан Стојадиновиќ се обратил до југословенскиот амбасадор во Анкара барајќи да се искористи поволната прилика што произлегла од турската политика за прифаќање на имигранти од балканските земји и „помеѓу Турците да се вметнат и поголем број Албанци“, бидејќи тоа било во национален и воен интерес „несловенското население во јужните краеви да се сведе на што помал број за да се изврши успешно преселувањето на наше население од другите краеви во Јужна Србија. Тоа единствено би можело да се постигне со пообемно ис-

894 Vladan Jovanović, *Slike jedne neuspele integracije*, 112.

895 Српската власт во косовско-метохиските области во 1912 година затекла релативно мал број српско православно население. Ваквата состојба ја потврдуваат и податоците од пописот од 1921 година. На просторот на денешно Косово во 1921 година 21 % од жителите биле со православна вероисповед, односно Срби. Во одредени области како Лаб, Дреница и делови од Метохија православното српско население целосно се иселило во втората половина на XIX век.

896 Vladan Jovanović, “Interministerijalna konferencija Kraljevine Jugoslavije”, 115.

897 Vladan Jovanović, *Slike jedne neuspele integracije*, 117.

елување на несловенските елементи, според одреден план надвор од границите на нашата земја“[898].

И дел од југословенските интелектуалци биле со сличен став. Васа Чубриловиќ (1897–1990) за потребите на југословенската влада составил еден елаборат со наслов *Исељење Арнаута* или *О протеривању Арнаута*[899], кој во форма на предавање го претставил пред членовите на Српскиот културен клуб на 7 март 1937 година[900]. Елаборатот всушност претставува историско-политичка анализа на албанското малцинство во Србија до 1912 година и во меѓувоена Југославија. В. Чубриловиќ сметал дека државата би требало да постигне договори со Албанија и Турција за иселување, пред сѐ на албанското население. Свесен дека договор со Албанија тешко би можел да се постигне Чубриловиќ навел дека: „Турција сака да прими двесте илјади наши иселеници... а за нас е најповолно тоа да бидат Арнаути.“ Чубриловиќ во елаборатот особено го загрижувале статистичките податоци и порастот на албанското население во меѓупописниот период 1921 – 1931 година. И покрај тоа што податоците дотогаш не биле јавно објавени, Чубриловиќ имал прецизни податоци за прирастот на албанското население[901].

Настојувањата на југословенската влада да постигне договор со Турција за иселување на дел од муслиманското население од државата по релативно краткиот прекин во преговорите во 1936/1937 година, веќе кон крајот на 1937 година дошло до обновување на преговорите[902]. Предлогот за формирање на мешовита комисија за иселување потекнал од Ружди Арас (1883–1972), турскиот министер за надворешни работи[903]. Пролетта 1938 година биле одржани повеќе подготвителни состаноци и конечно на 11 јули била потпишана Конвенцијата со која било опфатено муслиманското население „кое збору-

898 Edvin Pezo, “Komparativna analiza“, 104.

899 Околу насловот на рефератот види: Славенко Терзић, *Стара Србија (XIX – XX век) драма једне цивилизације, Рашка, Косово и Метохија, Скопско-тетовска област*, Нови Сад – Београд, 2012, 257; Холм Зундхаузен, Историја Србије од 19. до 21. века, Београд, 2009, 325.

900 Славенко Терзић, *Стара Србија (XIX – XX век) драма једне цивилизације,* 256–259.

901 Чубриловиќ во Елаборатот предлагал низа репресивни мерки што би го поттикнале албанското население на масовно иселување (Холм Зундхаузен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, 326; Славенко Терзић, *Стара Србија*, 261).

902 Edvin Pezo, “Komparativna analiza“, 108.

903 Vladan Jovanović, “Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine – između stihije i državne akcije” *Zbornik Pisati istoriju Jugoslavije: Viđenje srpskog faktora*, Beograd, 2007, 91.

вало турски јазик и имало турска култура“[904]. По два дена белградска „Политика“ во неколку редови ја пренесува веста на турската агенција „Анадолија“ во која се наведува дека „Конвенцијата за иселување на Турците од Југославија била парафирана во Анкара“[905]. Со Конвенцијата се предвидувало иселување на 40 000 семејства од 45 околии од „Јужна Србија“, односно од Вардарска Македонија, Косово, Метохија и Прешевската Околија[906]. Со Конвенцијата биле решени и финансиските прашања и времето на иселување од 1939 до 1944 година. Во вкупниот број на иселеници не влегувале децата под 10 години, што значи бројот на иселени реално би бил поголем од предвидените 200 000[907]. Меѓутоа, почетокот на Втората светска војна го оневозможил ратификувањето и спроведувањето на Конвенцијата.

Доколку го погледнеме географскиот простор предвиден за иселување се забележува дека освен во Македонија, во косовско-метохиските области присуството на турско население е минимално. Податоците од пописот од 1931 година покажуваат дека во пограничната околија Ѓаковица на пример, од вкупно 45 378, само 33 жители се евидентирани со турски јазик, додека во Дреница од вкупно 21 347 жители со турски јазик се евидентирани 16 жители[908]. Слично е и во други околии како: Лаб (Подујево), Неродимље (Урошевац), Исток, Гора, Подгора (Сува Река). Во повеќето околии во косовско-метохиските области присуството на турско, односно население со турски јазик во 1931 година било под 5 %. Позначаен број на население со

904 Архив на Македонската академија за науки и уметности, ф. Лазар Колишевски, к. 43, папка – 2, DSIP, d-r Aleš Babler drugu Lazaru Koliševskom. Zabeleška o sporazumu skopljenom između bivše Jugoslavije i Turske.

905 *Политика* 13.07.1938 (http://digitalna.nb.rs/wb/NBS/novine/politika/1938/). Во информацијата се наведува дека Комисијата за иселување образувана за да ги проучи прашањата за иселување на Турците од Југославија ја завршила работата со позитивен договор за двете пријателски и сојузнички земји. „Делегатите го парафираа текстот на Конвенцијата за иселување на Турците од Југославија и тој ќе биде поднесен на Владите. Конвенцијата ќе биде потпишана по одобрувањето на двете влади, а на сила ќе стапи кога ќе биде ратификувана.“

906 Safet Bandžović, “Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878 – 1941),” *Almanah*, br. 29–30, Podgorica, 2005, 231.

907 Edvin Pezo, “Komparativna analiza“, 110.

908 *Die Gliederung der Bevölkerung des ehemaligen Jugoslawien nach Muttersprache und Konfession*, 388, 390.

турски јазик е евидентирано во градовите како Призрен[909], Приштина, К. Митровица и др.[910].

Знаејќи дека Турците, односно муслиманското население што се декларирало за турско не претставувало значаен демографски и политички фактор, а гледајќи ја географијата на просторот од каде требало да заминат иселениеците, во основа Конвенцијата се однесувала на албанското население. За југословенската страна суштинското значење на Конвенцијата било во иселување на што поголем број албанско население. Против Конвенцијата силна кампања презема-ла албанската влада[911].

Во сосема изменети општествено-политички услови во социјалистичка Југославија во текот на педесеттите години ќе продолжи иселувањето на муслиманските заедници (во најголем дел на Турците, македонското муслиманско население, босанските и санџачките муслимани и на Албанците) во Турција. Меѓутоа, карактерот на оваа миграција бил сосема поинаков од предвиденото иселување со Конвенцијата од 1938 година.

909 Зборувајќи за Призрен, кој бил под бугарска окупација за време на Првата светска војна, во својот извештај упатен до Штабот на бугарската армија од 1916 година проф. Анастас Иширков наведува дека: „Разграничување меѓу Албанци мухамедани и Турци не може да се направи и евидентираните Турци во најголем дел се Албанци по јазик." Наведеното од авторот се однесува на Турците и Албанците во Призрен. Според статистиката на бугарските власти во Приштина на пример воопшто не е евидентирано присуство на турско население (Анастас Иширков, „Пътуване в Македония и Поморавия", *Научна експедиция Македония и Поморавието, 1916 г. съст. Петър Хр. Петров*, София, 1993, 108–109).

910 Слично како и во Вардарска Македонија и во Косово и Метохија дел од албанското и другото муслиманско население припадноста кон муслиманската религија ја врзувале со турскиот народ заради недоволно изградена национална свест, заради традициите кои муслиманско население ги изградило во минатото, пред сè во градските средини, а понекогаш и заради моменталната политичка состојба. Ова последното особено е очигледно на првиот повоен попис во Југославија во 1948 година, кој се разбира се одвива во сосема поинакви политички услови за разлика од пописите меѓу двете светски војни. На овој попис само 1 315 жители на тогашната автономна Косовско-метохиска Област се изјасниле за Турци (*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,* 343–347). Пет години подоцна во видоизменети политички услови, кога започнува еден нов и прилично масовен процес на иселување на турското и муслиманското население од ФНРЈ, повторно доаѓа до големо зголемување на бројот на декларираните Турци.

911 Edvin Pezo, "Komparativna analiza", 110; Vladan Jovanović, "Iseljavanje muslimana iz Vardarske banovine", 92–93.

## Заклучок

Во 1912 година балканските сојузници (Бугарија, Србија, Грција и Црна Гора), по еден релативно краток и успешен воен судир во Првата балканска војна, успеале да го поразат Османското Царство кое било принудено да се повлече од најголемиот дел на Балканот. По меѓусојузничкиот судир и по потпишувањето на Букурешкиот мировен договор, Кралството Србија воспоставило власт во повеќе области во Македонија, кои до балканските војни административно биле дел од Косовскиот, Битолскиот и Солунскиот Вилает. Србија веднаш започнала со интеграција на новите територии преку бројни уредби и други правни прописи. Во текот на 1913 година Кралството Србија спровело попис на населението во областите што станале дел од нејзината државна територија со одредбите на Букурешкиот договор. Во 1913 година во Вардарска Македонија (вклучувајќи ја и проценетата бројност на населението во Струмичката Околија) живееле околу 926 000 жители.

По Првата светска војна Кралството Србија веќе не постои така што во сосема нови општествени и политички околности Вардарска Македонија е составен дел од новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Во ноември 1919 година со одредбите на Нејскиот договор покрај останатите и Струмичката Област била приспоена кон Кралството на СХС со што целосно се вообличиле границите на македонските области во новото Кралство.

Вардарска Македонија во меѓувоениот период не претставува посебна административна или територијална единица. Следејќи ги промените во Кралството на политички и административен план Вардарска Македонија по 1919 година е поделена на дваесет и девет околии кои до 1929 година се дел од неколку управни области, а потоа дел од Вардарската Бановина.

Вардарска Македонија меѓу двете светски војни претставува пример за типично аграрно општество. Над 70 % од жителите егзистирале од земјоделство, стапката на писменост е исклучително ниска, во одредени области само петнаесетина проценти од жителите постари од десет години биле функционално писмени. Наталитетот, а со тоа и природниот прираст кај населението бил на високо ниво. Во повеќето околии во триесеттите години стапката на наталитет била над 40 ‰. Во селата семејните заедници со повеќе од десет членови биле честа појава.

Кралството на СХС/Југославија било држава со исклучително хетерогена верска и национална структура на населението, која се огледа во резултатите од пописите спроведени во 1921 и 1931 година. Објавените податоци од пописите се основен статистички извор за промените во бројната состојба на населението и за проучување на неговата структура во периодот меѓу двете светски војни.

Пописот од 1921 година е првиот сеопфатен попис на територијата на денешна Р Македонија спроведен со употреба на современа статистичка методологија. Вкупниот број на населението во Вардарска Македонија во 1921 година изнесувал 798 291 илајда жители. Бидејќи Вардарска Македонија во овој период нема утврдени политички граници, територијата на која се однесуваат податоците соодветствува со границите на Македонија утврдени во 1945 година.

Доколку ги споредиме податоците за вкупниот број на население во 29 околии во Вардарска Македонија во 1921 година со податоците од пописот во 1913 година (вклучувајќи го и проценетиот број на население во Струмичката Околија во 1912 година) ќе забележиме намалување од околу 127 000 жители. Најголемо намалување на бројот на населението се бележи во околиите што за време на Првата светска војна се на фронтовата линија (Дојранска, Гевгелиска, Битолска и Мариовска). Голем демографски пад во бројот на населението се бележи и во Горнодебарската и Галичката Околија кои биле зафатени со вооружените дејства во септември 1913 година. Во периодот 1913 – 1921 година населението во Вардарска Македонија се намалило за 13,8 %. Податоците од пописот од 1921 година претставуваат значаен извор за споредба на демографските состојби на населението пред балканските и Првата светска војна и последиците што ги оставиле војните врз бројноста и структурата на жителите во Вардарска Македонија. Етничката структура на населението може да се утврди само посредно, односно преку податоците за мајчиниот јазик и вероисповедта така што податоците може да бидат само приближни.

Поразот во балканските војни, а потоа и распадот на Османското Царство довеле до суштински политички и цивилизациски промени во балканските области кои до 1912/1913 година биле под осман-

ска власт. Една од последиците на тие промени била масовната миграција на дел од Турците и другите муслимански заедници во Мала Азија. Статистичките податоци што произлегуваат од пописот од 1921 година ги потврдуваат посочените миграциони движења, кои се огледуваат во значајните промени во верската и етничката структура на населението, споредено со состојбата од пред балканските војни. Најголем број од населението во Вардарска Македонија во 1921 година по вероисповед биле православни, 518 229 (64,9 %), следувале жителите со муслиманска вероисповед, вкупно 270 925 жители (33,9 %) и Евреите со 5 047 жители (0,63 %).

Во 1921 година на територијата на Вардарска Македонија живееле 546 023 жители кои официјално се евидентирани како *Срби или Хрвати* по мајчин јазик, односно 68,4 % од вкупното население, од кои 504 470 православни, 34 460 муслимани, 1 700 католици и унијати и 1 220 останати вероисповеди. Следејќи ги пописните резултати и другите историскодемографски извори и бројната литература од овој период може да заклучиме дека приближно 480 000 (60 %) од вкупното население претставувало македонското православно население и околу 40 000 биле македонски муслимани.

По значајните демографски губитоци во текот на балканските и Првата светска војна од почетокот на дваесеттите години бројот на македонското население бележи постојан пораст. Тоа се должи на подобрените услови за живот, аграрната реформа со која освен колонистите и дел од локалното македонско православно население добило земја. Безбедносните услови биле значајно подобрени што резултирало со сигурност на населението и намалување на иселувањето од дотогаш несигурните и анархични области. Во областите Полог, Дебарско или Кичевско, каде до 1912 година православното македонско население постојано се намалувало заради безвластието и самоволијата на локалните моќници, по Првата светска војна бројот на православните бележел постојан пораст.

Во градовите во кои до 1912 година доминирало муслиманското население започнало полека да се населува православно население. Гостивар на пример во 1913 година имал 276 православни жители, додека за неполни две децении во 1931 бројот на православните во градот се зголемил на 1 380. Сличен процес се одвивал и во Скопје, каде освен доселеници од блиската околина, како административен и економски центар се доселувало и население од другите области на Кралството, со што градот забрзано ја менувало својата физиономија, но и демографскиот, верскиот и етничкиот лик.

Во децениите по Првата светска војна, стабилизирањето на политичките и економските прилики, аграрната реформа и пред сè зголемената сигурност придонеле за постабилен етнички развој на пра-

вославното македонско население. Високиот наталитет и помалото иселување за разлика од муслиманските заедници придонело македонското православни население да бележи постојан демографски раст, независно од политиката на наметнување на српството. Ваков демографски раст кај Македонците статистиката ќе забележи и во текот на педесеттите и шеесеттите години.

Значаен дел од населението на Вардарска Македонија во меѓувоениот период претставувало албанското и турското население, односно жителите официјално евидентирани како Арнаути и Турци по мајчин јазик. Бројот на населението евидентирано како *Арнаути* по мајчин јазик во Вардарска Македонија според пописот од 1921 година изнесува 110 669 жители (13,9 %). Албанското население компактно живеело како и пред балканските војни, главно во западните и северозападните предели. Како и кај останатото население во Вардарска Македонија, бројот на албанското население во 1921 година е помал во однос на проценетата состојба пред балканските војни, како и во однос на пописот што го спровело Кралството Србија во 1913 година. Една од демографските карактеристики на албанското население во Вардарска Македонија според податоците од пописот одржан во 1921 година е исклучително малото присуство на *Арнаути* по мајчин јазик во градовите. За разлика од турското население од кое речиси половина живее во градовите, застапеноста на Албанците во градовите е далеку помала, само 9 946 жители, односно 9 % од вкупниот број на албанско население биле жители на градските и административните центри. Во текот на дваесеттите години бројот на албанското население се намалува или стагнира во областите во кои биле малцинство, односно во периферните делови на територииte што ги населувале, како на пример Пелагонија, Велешко, додека во Полог, Скопско, Кумановско, Струшко нивниот број се зголемува. Во 1931 година во Вардарска Македонија биле евидентирани 129 640 (13,8 %) *Арнаути* по мајчин јазик. Поради помасовното иселување на Турците албанското население во 1931 година било второ по бројност во Вардарска Македонија.

Анализата на податоците од пописите од 1921 и 1931 година покажува дека во Вардарска Македонија дошло до намалување на бројот на турското население од 118 758 во 1921 на 105 407 во 1931 година. Во повеќе околии нивниот број или се намалува или бележи стагнација. Во дваесеттите години се иселувале и градските Турци и дел од турското население од селата, особено побогатиот слој. Еден дел од муслиманите, особено во градовите во Вардарска Македонија, на двата меѓувоени пописи се изјасниле за Турци, односно со турски мајчин јазик (според тогашната пописна методологија), што пак од друга страна влијаело одредени кругови и тогаш и подоцна

да искажуваат сомнеж за официјалните пописни податоци. Причината се наоѓа во фактот што еден дел од муслиманското градско население (албанско, македонско и јужнословенско) на пописите слично како и пред балкански војни заради турското влијание, култура, силно вкоренетиот ислам и заедничкиот живот со Турците, како свој мајчин јазик го определило турскиот. Ова е карактеристично за градовите во северна и западна Македонија, но и за некои градски центри на Косово.

Пописот во 1931 година и во административна и во политичка смисла се одвивал во различни околности во однос на пописот од пред една деценија. До промени дошло во октомври 1929 година кога наместо дотогашните 33 области биле оформени девет бановини. Вардарска Македонија била дел од новоформираната Вардарска Бановина, која била составена од 44 околии (срезови) од кои 29 на територијата на Вардарска Македонија.

Според податоци од пописот во 1931 година на територијата на Вардарска Македонија живееле 938 625 жители. Вкупниот број на населението во Вардарска Македонија за една деценија се зголемил за 140 334 жители, односно секоја година бројот на населението се зголемувал за околу 14 000 жители. Како и на претходниот попис и во 1931 година најголемиот дел од жителите во Вардарска Македонија биле припадници на православната и муслиманската вероисповед. Православни биле 637 667 жители (67,9 %), муслимани 282 813 (30,1 %). За период од една деценија православното население се зголемило за 119 438 жители. Тоа се должело како на споменатиот висок природен прираст така и на колонизацијата, пред сè на српско население, која била масовна во дваесеттите години. Кај муслиманското население во Вардарска Македонија и покрај високата стапка на природен прираст, поради иселувањето во дваесеттите години дошло до релативно мало зголемување во вкупниот број од 12 000 жители и до намалување во процентуалната застапеност за 3,9 % во однос на 1921 година.

Во однос на идентитетот и спецификите на населението во Македонија, кое на пописот во 1931 година е евидентирано како *Срби или Хрвати,* како и во однос на политиката на Кралството Југославија кон македонското национално пршање, за одбележување е коментарот на приредувачот на пописните податоци објавени во Виена во 1943 година во кој се вели: *На Македонците не им се признава дури ни засебен македонски дијалект, тие едноставно се претопуваат во Срби.* Во 1931 година во Вардарска Македонија живееле 667 864 (71,1 %) *Срби или Хрвати* по мајчин јазик, од кои 618 870 (65,9 %) со православна и 40 160 со муслиманска вероисповед. Според одредени проценки (Б. Кочовиќ) во 1931 година во Вардарска Ма-

кедонија живееле околу 570 000 православни Македонци (60 %) и околу 40 000 (4,2 %) македонски муслимани.

На меѓувоените пописи се евидентирани и други етнолингвистички заедници. Во 1921 официјалната статистика евидентирала и 9 026 *Романци/Цинцари* по мајчин јазик, односно Власи, чии број во 1931 година пораснал на 10 970. Како и другите заедници и Власите бележат значителен демографски пад во однос на бројноста пред балканските војни. Во 1921 година во Вардарска Македонија живееле 4 820, а во 1931 година 6 840 Евреи по мајчин јазик. Покрај нив во 1931 година се евидентирани и 9 855 Роми.

Значајна демографска карактеристика во Вардарска Македонија во меѓувоениот период е колонизацијата што била најмасовна токму во меѓупописниот период 1921 – 1931 поради што во одредени области имала и влијание врз демографските прилики и етничката структура. Колонизацијата не бил нов и непознат процес за Македонија и воопшто за европските области на Османлиите. Од втората половина на XIX век во Македонија биле населувани бројни муслимански бегалци – мухаџири, кои најчесто доаѓале од балканските држави што стекнувале независност. Со населувањето на ова муслиманско население османската власт имала за цел да го осигура своето владеење на преостанатите балкански простори, исто како и југословенските власти, но во поинакви историски околности. Врз основа на официјалните статистички податоци, притоа следејќи ги и теренските проценки, може да се заклучи дека во меѓувоениот период во Вардарска Македонија биле население помеѓу 4 000 – 6 000 колонистички домаќинства, односно помеѓу 20 000 – 35 000 жители. Резултатите од пописите имале влијани и врз одредени аспекти на политиката на југословенските влади кон муслиманските малцинства, кои би можеле да имааат влијание врз демографската, верската и етничката структура на населението во Вардарска Македонија. Имено во 1938 година била потпишана Југословенско-турска конвенција за иселување на околу 200 000 муслимански жители (турското и населението со турска култура). Македонските околии биле предвидени за иселување на споменатото население. Но заради почетокот на Втората светска војна не дошло до реализација на споменатата конвенција.

На крајот можеме да заклучиме дека и покрај определени слабости и превиди на официјалната југословенска статистика податоците од пописите спроведени во 1921 и 1931 година можеме да ги прифатиме како мошне релевантен извор за историографски проучувања.

## Summary

In 1912, after a relatively short and successful armed conflict in the First Balkan War, the Balkan allies (Bulgaria, Serbia, Greece and Montenegro) had succeeded in defeating the Ottoman Empire which was forced to draw from the largest part of the Balkans. After the inter-allied conflict and the conclusion of the Treaty of Bucharest, the Kingdom of Serbia had established power in many regions of Macedonia which, until the Balkan wars, were part of theadministrative divisions of Kosovo, Bitola, and Thessaloniki. Relying on numerous statutes andother law regulations, Serbia immediately emerged its integration with the new territories. During 1913, the Kingdom of Serbia introduced a census of the population of the regions which became part of its state territory with the enactment of the Treaty of Bucharest. The same year, approximately 926.000 residents in Vardar Macedonia were estimated (including the estimatednumber of the population in the province of Strumica).

After the WW1, the Kingdom of Serbia no longer existed, so under entirely new social and political circumstances, Vardar Macedonia became an attributed part of the newly established Kingdom of Serbs, Croats, and Slovenes. In November 1919, with the enactment ofthe Treaty of Neuilly-sur-Seine, the region of Strumica, along with the rest of the regions, was integrated into the Kingdom of Serbs, Croats, and Slovenes which completely formed the borders of the Macedonian regions in the new Kingdom. During the war period, Vardar Macedonia wasn't a separate administrative division or an autonomous territorial unit. At the beginning 1920, following the political and administrative changes in the Kingdom, Vardar Macedonia was divided into 29 provinces, which by 1929 were integrated into a few administrative regions and, later, in the Vardar Banovina.

During the period between WW1 and WW2, Vardar Macedonia was an example of a typical agrarian society. Over 70% of the population provided support through agriculture, for the rate of literacy was extremely

low, and only 15% of the population over the age of ten was literate. The level of natality, as well as the population growth, was quite high. In most of the provinces, during the 30s, the birth rate exceeded 40‰. In the villages, there were many families with more than ten family members.

The Kingdom of SCS/Yugoslavia was a state with an exceptionally diverse religious and national structure of the population, as evident in the census of 1921 and 1931. The published census data is the basic statistical source of the changes in the population density and a practical tool for a possible examination of its structure in the period between the two World Wars.

The census of 1921 was the first complete census on the territory of today's Republic of Macedonia which was introduced with a contemporary statistical methodology. The total number of the population of Vardar Macedonia in 1921 reached up to 798.291 residents. Considering the fact that during this period the political borders of Vardar Macedonia were not established, the data of the territory corresponds to the contiguous territory set up in 1945.

If the total number of the population of the 29 provinces of Vardar Macedonia in 1912 is compared to the census data of 1913 (including the estimated number of the population in the province of Strumica in 1912), there is an evident decline of about 129.000 residents. The highest decline of population density was marked in the provinces which were on the front line during WW1 (Bitola, Dojran, Gevgelija, Mariovo). Another severe demographic decline was noted in the provinces od Gorni Debar and Galichnik which were involved in the armed activities in September 1913. as well as in the province of Veles and Dolni Polog and many other provinces. The census data of 1921 is a significant source which enables comparison of the demographic state of the population before the Balkan Wars and the WW1, and an evidence of the consequences of these wars which affected the population density and the structure of the residents of Vardar Macedonia. The ethnic structure of the population can be determined only intermediately, that is, by the mother tongue and the religion, thus the data remains approximate.

The defeat in the Balkan Wars, followed by the fall of the Ottoman Empire, led to fundamental political and civilizational changes in the Balkan regions which were under the Ottoman rule. One of the consequences of those changes was the massive migration of one part of the Turkish population along with the rest of the Muslim communities in Anatolia. The statistical data from the census of 1921 confirm the indicated migration movements which reflect the entirely reformed religious and ethnic structure of the population, compared to the pre-war state of these Balkan regions. In 1921, the majority of the population (518.229, 64.9%) of Vardar

Macedonia was Orthodox, followed by the residents which were declared as Muslims (270.925, 33.9%) and the Judaists (5.047, 0.63%).

In 1921, on the territory of Vardar Macedonia lived 546.023 residents who were officially recorded as Serbs or Croats, according to their mother tongue, that is 68.44% of the entire population, of which 504.470 were Orthodox, 34.460 were Muslims, 1.700 Roman Catholics and Uniates and 1.220 were of other religions. Considering the census data and other historical-demographic sources, as well as the many literary works from this period, it can be concluded that approximately 480.000 (60%) of the total population were Macedonian Orthodox and around 40.000 were Macedonian Muslims.

After the significant demographic decline during the Balkan Wars and the WW1, since the beginning of 1920, the Macedonian population was constantly increasing. This was a result of the improved welfare, the agrarian reform which provided land to the population, except to the colonists and a part of the local Macedonian Orthodox population. The safety factor was notably improved and that had fortified the population's security which resulted in declined emigration from the formerly precarious, archaic regions. In the regions of Polog, Debar, and Kichevo, where until 1920 the Macedonian Orthodox population was in a constant decline due to the despotism and tyranny of the local squires, there was a continued population growth of the Orthodox, after WW1.

The towns which were dominated by the Muslim population, until 1912, were gradually inhabited by an Orthodox population. The town of Gostivar, for example, had 276 Orthodox residents in 1913, and for less than two decades, in 1931, the number of the Orthodox in this town was increased to 1.380. A similar case was recorded in Skopje, where besides emigrants from the nearby regions, there were other new settlers from the rest of the Kingdom's regions. This provoked a rapid transformation of city's infrastructure, as well as of its demographic, religious and ethnic identity.

During the decades which followed WW1, the stabilization of the political and economic circumstances, the agrarian reform and, above all, the advanced safety had contributed to a more balanced ethnic development of the Macedonian Orthodox population. In contrast to the Muslim population, the high natality and the decline of the migration resulted in a constant demographic increase of the Macedonian Orthodox population, regardless the imposed Serbian politics. The same demographic increase of the Macedonians is statistically evident during the 50s and the 60s.

A significant part of the population of Vardar Macedonia during the interwar period was the Albanian and the Turkish population, more precisely, the residents who were officially recorded as Arnauts and Turks according to their mother tongue. In the 1921 census, the number of the pop-

